Во **воведниот дел,** докторантката започнува со приказ на историскиот развој на третманот на ингвиналната кила и описот на хируршките техники кои се развивале од најстаро време до денес. Понатаму наведува што претставува ингвиналната кила, во детали ја опишува анатомијата на ингвиналиот канал со неговата содржина, а исто така јасно и разбирливо ја опишува патофизиологијата на настанувањето на ингвиналната кила. Во понатамошниот тек на воведот, докторантката дава повеќе класификации на ингвиналната кила, при тоа што јасно и концизно ја објаснува секоја класификација посебно. Така, тука се спомнати класификациите според Gilbert, Nyhus и Schumpelick. Во понатамошниот тек на воведниот дел, прецизно и разбирливо е опишан начинот на поставување на дијагноза кај пациенти со ингвинална кила, како и основните хируршки техники во решавање на ингвиналната кила – тензиона и детензиона техника. Во овој дел од трудот опишани се исто така и компликациите до кои може да дојде постоперативно кај пациенти оперирани од ингвинална кила. Бидејќи трудот претставува компаративна студија на три вида мрежички, во воведниот дел докторантката јасно, детално и прецизно опишува што се тоа мрежички, типови на мрежички и општи карактеристики на мрежичките кои се користат во секојдневниот хируршки третман на ингвиналната кила. Опишани се општите стандарди кои секоја мрежичка мора

да ги исполнува, како и општите карактеристики во смисла на перманентност на мрежичката, добра интеграција на мрежичката во околното ткиво, низок степен на реакција на околното ткиво на туѓо тело, резистентност на мрежичката на инфекција и добра интеграција на мрежичката во околното ткиво. Објаснета е, исто така, и важноста на самиот материјал од кој е направена мрежичката, структурата на конецот од кој е направена таа и начинот на креирање на самата мрежичка. Дополнително, со цел поголема прецизност, опишани се и поделбите на мрежичките според порзитетот на мрежичката, според структурата на конецот од кој е направена мрежичката и според тежината на мрежичката.

**Мотивот** за изработка на оваа студија е да се прикаже која од трите мрежички кои се користени за изработка на оваа студија дава најдобри резултати кај пациентите оперирани од ингвинална кила, според параметрите кои се следат во оваа студија. Сите пациенти кои учествуваат во оваа студија се оперирани во општа анестезија по методата на Lichtenstein.

**Целите** на оваа дисертација се јасно и прецизно дефинирани како општа цел и специфични цели.

- Општа цел е компарација на резултатите добиени од пероперативниот и постоперативниот период кај пациенти оперирани од ингвинална кила, а кај кои е вградена една од трите анализирани мрежички.
- Специфични цели:
  - да се утврди дали постои асоцираност на типот на вградена мрежичкасо времетраење на интервенцијата;
  - да се утврди дали постои асоцираност на типот на вградена мрежичка со постоперативните параметри:
    - интензитет на постоперативна болка
    - време на постоперативна мобилизација,
    - појава на постоперативна инфекција на раната,
    - денови на постоперативна хоспитализација,
    - хронична болка,
    - чувство на туѓо тело и
    - појава на рецидив по еден месец, три месеци, шест месеци и една година од операцијата;

- да се види дали постои разлика во постоперативните параметри кај трите типа на мрежички со полот, возраста, професијата и индексот на телесна маса.

Во делот **Материјал и методи** се опфатени сите потребни параметри за изведување на оваа научноистражувачка работа. Студијата е изработена во ГОБ „8 Септември" – Скопје за временски период од 30 месеци. Обработени се вкупно 255 пациенти кои се поделени во три групи од по 85 пациенти, а кај секоја група е пласирана една од трите мрежички кои се предмет на ова истражување. Опишани се инклузионите и ексклузионите критериуми за влез во студијата, како и ограничувањето (bias) на истражувањето. Во понатамошниот тек на материјали и методи докторантката темелно и исцрпно ја опишува поединечно секоја од трите користени мрежички, со сите технички карактеристики за секоја мержичка поединечно. При описот на секоја мрежичка е приложена слика од изгледот на мрежичката пред оперативниот зафат и пероперативно, односно како таа изгледа пред да се пласира кај пациентот и како изгледа по пласирањето во оперативното поле. Исто така, даден е детален опис на оперативната техника која е користена при пласирање на мрежичките кај пациентите, а исто така се опишани параметрите што се следат кај пациентите, начинот на следење на параметрите, како и временската рамка во која се следат одредените параметри. Параметрите се следни: пол на пациентот, возраст на пациентот, професија на пациентот, индекс на телесна маса, пероперативно време, интензитет на постоперативна болка, време на постоперативна мобилизација, појава на постоперативна инфекција на рана, денови на постоперативна хоспитализација, присуство на хронична болка, чувство на туѓо тело, појава на ран рецидив по еден месец од операцијата, по три месеци, 6 месеци и година.

**Статистичката** анализа на добиените податоци е извршена во статистичкиот програм SPSSb за Windows 17,0.

- дескриптивна статистика е користена за опишување на карактеристиките на пациентите со пресметување на просек (SD) или медијана (ранг) во зависност од дистрибуцијата на податоците. Категориските варијабли се прикажани со апсолутни и релативни броеви;
- разликите меѓу категориските варијабли се тестирани со Pearson-овиот $\chi 2$ – тест и Fisher exact test;

- разликите меѓу квантитативните варијабли се тестирани со Student – t test и One-way ANOVA при правилна дистрибуција и со Mann Whitney U Test и Kruskal WallisANOVA при неправилна дистрибуција на податоците;
- анализа на односите помеѓу нумеричките статистички серии е направена со Pearson-овиот и Spearman – ов коефициент на корелација;
- за сигнификантни се сметани сите оние резултати каде што вредноста на p< 0,05.

**Резултатите** од статистичката анализа на 255 испитаници се детално и прегледно прикажани во едно поглавије, дополнително објаснети со табели и графикони. Пациентите кои учествувале во оваа студија биле поделени на три групи од по 85 испитаници. Компаративната анализа покажала дека половата структура на пациентите од сите три групи ја сочинувале доминантно машки пациенти (95,06%, 96,3%, 96,3% консеквентно).Работниот статус на пациентите сигнификантно се разликувал меѓу групата со полипропиленската монофиламентна лесна мрежичка и групата со самофиксирачката монофиламентна мрежичка (p=0,007). Кај вработените пациенти почесто била имплантирана мрежичка од типот Progrip (59,26% vs 34,57%), додека кај пензионерите почесто била вградена лесна мрежичка (45,68% вс 29,63%). Тестираната разлика во дистрибуцијата на возрасните групи, во зависност од типот на имплантирана мрежичка била статистички несигнифиакнтна (p>0,05). Пациентите од трите групи имале несигнификантно различна просечна возраст (p=0,18). Просечната вредност на BMI во групата пациенти со имплантирана полипропиленска монофилентна лесна мрежичка била незначајно пониска во однос на останатите два типа мрежички (75,09±9,2, 77,48±9,7, 77,22±9,1 следствено). Статистичата анализа како сигнификантна ја потврдила разликата во просечното времетраење на интервенцијата меѓу трите групи (p<0,0001). Posthoc анализата покажала дека времетраењето на интервенцијата на вградување насамофисксирачка монофиламентна мрежичка било значајно пократко во однос на вградувањето на другите две мрежички, како и на вградување на полипропиленска монофилентна лесна мрежичка во однос на полипропиленска монофилентна тешка мрежичка. Јачината на постоперативната болка анализирана во три категории, како слаба, умерена и силна, била сигнификантно различна меѓу пациентите од трите групи (p=0,007, p<0,0001, p<0,0001). Статистички се потврдило дека пациентите со имплантирана Progrip-мрежичка имле значајно послаба постоперативна болка

компарирано со пациентите со лесна мрежичка и со тешка мрежичка. И пациентите со имплантирана лесна мрежичка имале значајно послаба постоперативна болка споредено со пациентите со тешка мрежичка. Во групата пациенти со вградена Progrip-мрежичка регистрирана била сигнификантно пократка просечна постоперативна мобилизација во однос на групата со вградена лесна мрежичка (5,42±2,0 вс 11,19±6,9), и во однос на групата со вградена тешка мрежичка (5,42±2,0 вс 14,56±6,5). Сигнификантно пократка постоперативна мобилизација регистрирана била и во групата со лесна мрежичка споредено со групата со тешка мрежичка (11,19±6,9 вс 14,56±6,5). Статистичката анализа како несигнификантни ги потврдила разликите во појавата на постоперативни рани компликации меѓу трите типа на мрежички. Типот на имплантирана мрежичка имал сигнификантно влијание на должината на постоперативна хоспитализација ($p<0,0001$). Постоперативната хоспитализација просечно траела4,09±1,3 дена во групата со вградена лесна мрежичка, 3,95±1,1 дена во групата со тешка мрежичка, и најкратко во групата со Progrip-мрежичка (2,78±1,2 дена). Статистички разликите во добиените анамнестички податоци за хронична болка како сигнификантни биле потврдени само меѓу групата со лесна и Progrip-мрежичка ($p=0,008$). Перцепцијата за туѓо тело кај пациентите била несигнификантно различна меѓу двата типа на полипропиленска монофилентна мрежичка ($p=0,86$), а сигнификантно различна меѓу самофиксирачката мрежичка во однос на двата типа полипропиленска мрежичка ($p=0,018$, $p=0,028$). Рецидив на болеста, односно повторна појава на ингвинална кила во период 12 месеци по интервенцијата бил регистриран кај 3 пациенти, од кои 2 со вградена полипропиленска монофилентна лесна мрежичка и 1 пациент со вградена полипропиленска монофилентна тешка мрежичка.

Во **дискусијата** кандидатката детално и критички ги анализира и ги коментира добиените вредности за сите корелирани параметри од оваа студија, и нив ги компарира со резултатите од користената литература. Така, половата застапеност во ова испитување, како и во светската литература доминантно е од машки пол. Тестираната разлика во дистрибуција на возрасни групи во зависност од типот на имплантираната мрежичка била статистички несигнификантна($p>0,05$). Статистички незначајна била разликата и во просечната телесна тежина меѓу пациентите кај кои биле имплантирани трите

вида на мрежички (p=0,21).Анализата на резултатите, како високо значајна, ја потврдила разликата во просечното времетраење на интервенцијата меѓу трите групи (p<0,0001). Post hoc анализата покажала значајно пократко време при интервенција на вградување на самофиксирачка монофиламентна мрежичка во однос на другите два типа на мрежички.Анализата на јачината на постоперативната болка со градација на слаба, умерена и силна болка, била значително различна помеѓу пациентите од трите испитувани групи (p=0,007, p<0,0001, p<0,0001). Просечниот скор на постоперативна болка по ВАС скалата бил највисок во групата на пациенти кај кои била имплантирана тешка мрежичка (4,78±0,6). Просечниот скор на постоперативна болка бил понизок во групата со вградена лесна мрежичка (4,48±0,8), а најнизок скор на постоперативна болка бил во групата на пациенти кај кои е имплантирана самофиксирачка мрежичка (3,13±0,8).Горе опишаните резултати за јачината на постоперативната болка кои се добиени во овој труд се совпаѓаат со податоците кои се реферираат во литературата во однос на појавата и јачината на постоперативната болка.Интензитетот на постоперативната болка, исто така, незначајно корелирал со телесната маса на пациентите во трите групи.

Резултатите презентирани во оваа студија покажале дека постоперативната мобилизација значајно зависи од типот на вградената мрежичка (p<0,0001). Најдобар резултат покажала групата на пациенти кај кои е имплантирана самофиксирачка мрежичка и тоа во однос на лесна мрежичка добиени биле (5,42±2,0 vs 11,19±6,9), а во однос на тешка мрежичка (5,42±2 vs 14,56±6,5).

Должината на постоперативната мобилизација и возраста на пациентите значајно меѓусебно корелирала (p<0,0001). Овој резултат сугерирал на заклучок дека со зголемувањето на возраста на пациентите, значајно се продолжувало времето на постоперативна мобилизација. Анализата на статистиката покажала незначајни разлики во појавата на постоперативни рани компликации меѓу трите типа на мрежички. Исто така не била потврдена значајна статистичка разлика меѓу возрасните групи на пациенти, а во зависност од регистрирањето на рани компликации на оперативната рана кај сите три типа на мрежички. Овие резултати, исто така, се совпаѓаат со светската литература.

Видот на имплантираната мрежичка имал значајно влијание врз должината на постоперативната хоспитализација (p<0,0001). Резултатите покажале најкратка постоперативна хоспитализација кај пациенти со вградена самофиксирачка мрежичка во однос на другите две мрежички. Чувството на туѓо тело било

значајно помало кај пациентите со самофиксирачка мрежичка во однос на другите два типа на мрежички (p=0,018, p=0,028).Овие резултати кандидатката ги компарирала со достапната меѓународна литература, со кои соодветствуваат. Значајна статистичка разлика се потврдила помеѓу пациентите од машки пол од сите три групи во однос на појава на постоперативна хронична болка. (p=0,031). Најмал процент на пациенти со хронична болка имало кај самофиксирачката мрежичка (3,85%) во однос на другите две мрежички.Рецидив на болеста во период на 12 месеци по интервенцијата не бил регистриран кај пациентите со имплантирана самофиксирачка мрежичка за разлика од другите два типа на мрежички.

**Заклучоците** на дисертацијата се аналитички одраз на добиените резултати. Од компарацијата на резултатите добиени во оваа студија, може да се извлече заклучокот за супериорноста на Progrip-самофиксирачката монофиламентна мрежичка во однос на лесната полипропиленска монофиламентна мрежичка и тешката полипропиленска монофиламентна мрежичка за следниве параметри: пократко време-траење на интервенцијата на вградување, најнизок просечен скор по ВАС-скалата, пократка просечна постоперативна мобилизација, пократка постоперативна хоспитализација, најнизок процент на чувство на туѓо тело, најнизок процент на појава на хронична болка и без појава на рецидив на болеста во период од 12 месеци по интервенцијата.

**Литературата** содржи 132 библиографски референци подредени според редоследот на цитирање. Цитирани се респектирани автори од ова поле, трудови од релевантни списанија кои ја обработуваат оваа проблематика. Сите автори се целисходно цитирани во текстот што укажува на темелниот пристап на кандидатката кон ова истражување.

Кандидатката пред одбрана на докторскиот труд ги објавила како прв автор трудовите:

**1 CLINICAL STUDY OF USAGE OF POLYPROPILENE COMPOSITE MESH AT PATIENTS WITH VENTRAL HERNIA OPERATED BY OPEN APROACH**

**Medicus 2016, Vol. 21 (3): 320 -325**

**2 CLINICAL STUDY OF USAGE OF MONOFILAMENT POLIP[ROPILENE SELF FIXATING MESH – PROGRIP AT PATIENT WITH INGUINAL HERNIA OPERATED BY LICHTENSTEIN METOD**

**PHYSIOACTA 2016 VOL 10-NO2: 43-51**

## ЗАКЛУЧОК

Докторската дисертација „КОМПАРАТИВНА СТУДИЈА ЗА АПЛИЦИРАЊЕ НА ПОЛИПРОПИЛЕНСКА МОНОФИЛАМЕНТНА ЛЕСНА МРЕЖИЧКА, ПОЛИПРОПИЛЕНСКА МОНОФИЛАМЕНТНА ЛЕСНА МРЕЖИЧКА И МОНОФИЛАМЕНТНА САМОФИКСИРАЧКА МРЕЖИЧКА КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ИНГВИНАЛНА КИЛА ОПЕРИРАНИ ПО МЕТОДАТА НА LICHSTENSTEIN", изработена од д-р Гордана Божиновска Беака претставува самостојна научна студија и ги задоволува принципите за научноистражувачка работа. Поставените цели во целост се реализирани, а добиените резултати се адекватно презентирани и обработени давајќи научно-практичен придонес. Рецензентската комисија смета дека оваа студија ги исполнува стручните и научните критериуми за докторска дисертација и има актуелен и значаен придонес во областа на абдоминалната хирургија.

Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да ја продолжи процедурата за нејзина одбрана.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**ПРОФ. Д-Р НИКОЛА ЈАНКУЛОВСКИ, с.р.**
**ПРОФ. Д-Р БИЛЈАНА ТАУШАНОВА, с.р.**
**ПРОФ. Д-Р ВЛАДО ЈАНЕВСКИ, с.р.**
**ПРОФ. Д-Р ЃОРЃЕ ЦОКИЌ, с.р.**
**ПРОФ. Д-Р МИЛКА ЗДРАВКОВСКА, с.р.**

# ПРЕГЛЕД
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ/ИНСТИТУТ

### 1. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Софија Пејкова | "Молекуларно-генетски маркери за прогресијата на метастатскиот малиген меланом на кожата" | Molecular and genetic factors in the progression of metastatic skin melanoma | Проф. д-р Ѓорѓе Џокиќ | 29.12.2016 0905 - 5918/21 |
| 2. | Александра Гавриловска-Брзанов | "Карбоксихемоглобин и метхемоглобин како предиктори за постоперативни респираторни компликации" | Carboxyhemoglobin and methemoglobin as predictors for postoperative pulmonary complications | Проф. д-р Маја Сланинка-Мицеска | 29.12.2016 0905 - 5918/22 |
| 3. | Илија Кировски | "Содиум додецил сулфат полиакриламид гел електрофореза во евалуација на уринарни инфекции и вродени малформации на бубрезите и уринарните патишта во детска возраст" | Role of sodium dodecyl sulfate polyacrylamide gel electrophoresis in the evaluation of urinary tract infections in children | Проф. д-р Велибор Тасиќ | 29.12.2016 0905 - 5918/23 |
| 4. | Наталија Ангелкова | "Прогностичка важност на 6 минутен тест на одење кај педијатриски пациенти со прогресивна мускулна дистрофија Duchenne и цистична фиброза" | Prognostic significance of 6 minutes walking test in pediatric patients with Duchenne muscular dystrophy and cystic fibrosis | Проф. д-р Мирјана Кочова | 29.12.2016 0905 - 5918/24 |
| 5. | Игор Кузмановски | "Мезијална темпорална епилепсија: клинички фенотипови и прогностички фактори" | Mesial temporal epilepsy: clinic phenotypes and prognostic factors | Проф. д-р Лидија Тодоровска | 29.12.2016 0905 - 5918/25 |
| 6. | Александра Пановска-Петрушева | "Евалуација на промените во електролитниот, ацидо-базниот и коагулациониот статус при трансуретрална ресекција на простата" | Evaluation of the electrolyte, acid-base and coagulation status in transuretheral resection of the prostate | Проф. д-р Владимир Георгиев | 29.12.2016 0905 - 5918/26 |

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МАТЕМАТИКА, ПО ПРЕДМЕТИТЕ МАТЕМАТИКА 1 И МАТЕМАТИКА 2, НА СТУДИСКАТА ГРУПА ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА, НА АЛБАНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК И МАТЕМАТИКА, ЗА СТУДИСКАТА ГРУПА ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ, НА АЛБАНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК, НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно–научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, во состав на Универзитетот „С в. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 1.12.2016 година, донесе Одлука бр.02-1319/2 од 5.12.2016 година за формирање Рецензентска комисија за изготвување реферат за избор на наставник во насловно звање од наставно-научната област математика, по предметите: математика 1 и математика 2, за студиската група одделенска настава, на албански наставен јазик и предметот математика, за студиската група предучилишно воспитание, на албански наставен јазик, во состав: проф.д-р Татјана Атанасова-Пачемска (претседател), проф. д-р Билјана Јолевска-Тунеска (член) и проф.д-р Самет Кера (член).

На конкурсот објавен во весниците „Дневник“ и „Љајм“ од 2.11.2016 година, со исправка од 3.11.2016 година, за избор на наставникво насловно звање од областа математика, по предметите: математика 1 и математика 2, за студиската група одделенска настава, на албански наставен јазик и математика, за студиската група предучилишно воспитание, на албански наставен јазик, се пријави д-р Агим Рушити, надворешен соработник на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

По разгледувањето на поднесената документација во предвидениот рок со конкурсот, Рецензентската комисија има чест, до Наставно–научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, да го поднесе следниот

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Основни биографски податоци

Д-р Агим Рушити е роден на 11.6.1964 година во Куманово, каде што го завршил основното и средното образование со континуиран одличен успех. Студиите по математика, наставна насока, на Природно–математичкиот факултетпри Универзитетот во Приштина, Косово, ги завршил во 1989 година. Магистерските студии по математика на Природно–математичкиот факултет при Државниот универзитет во Тетово ги завршил на 25 јуни 2009 година. Во септември 2009 година пријавил докторска дисертација со наслов *Методички модели за развој на математички компетенции* на Институтот за педагогија на Филозофскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а ја одбранил на 27.6.2011 година, со што се стекнал со научниот степен доктор на педагошки науки**.** Истовремено, работел и на докторската дисертација под наслов *Математичкото моделирање во функција на анализа на математичките компетенции* од областа математика, пријавена на Факултетот за информатика при Универзитетот во Нови Пазар, Република Србија, која ја одбранил на 6.3.2016 година, со што се стекнал со научниот степен: доктор на математички науки. Од страна на Наставно–научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Одлука

бр.02-240/11 од 27.4.2011 година, бил избран во звањето насловен доцент од областа методика, по предметите: методика на наставата по математика, за студиската група одделенска настава на албански наставен јазик и методика на воспитно–образовната работа по математика, за студиската група предучилишно воспитание на албански наставен јазик.

**2. Професионален развој**

Агим Рушити е истакнат стручњак од својата област, кој во досегашната работа и професионалниот развој покажал широк спектар од активности во повеќе институции. Својот ангажман го почнал како професор по математика во Гимназијата „Зенел Хајдини“ во Гњилане, Косово, во 1988 година, за по три години истата дејност да ја врши во Гимназијата „Гоце Делчев“ во Куманово, каде што, во периодот од 1 септември 2001 година до 31 август 2002 година, бил и помошник–директор на Гимназијата. Од 2002 година работел во Бирото за развој на образованието, орган во состав на Министерствотот за образование и наука, во Секторот за професионална подршка на воспитно–образовни кадри, прво во својство на советник за следење и професионална подршка на кадарот во воспитно–образовните институции за предшколска, одделенска и предметна настава, а потоа и како самостоен републички советник по предметот математика, за следење и професионална поддршка на кадарот во воспитно–образовните институции, за предучилишна, одделенска и предметна настава. Во текот на овие години се стекнал со големо стручно–педагошко искуство и усовршување, кое потоа се рефлектира при директно учество во креирање на наставни планови и програми по наставниот предмет математика во БРО, изведување на семинари и обуки за стручно–педагошко усовршување на наставници, учество во реализација и десиминација на проекти од областа на образованието и учество во креирање на стратегиски развојни образовни документи. Во октомври 2003 година бил ангажиран и како советник на министерот за образование и наука, а од 2006 година е во редовен работен однос во Министерството за образование и наука. Во овој период, координира многу значајни работни задачи и учествува на низа активности поврзани со основно, средно и високо образование, на позиција на раководител на Сектор за основно образование, раководител на Сектор за подршка на министерот за образование и наука, за потоа да се позиционира конечно како раководител на Сектор за високо образование. Од позиција на раководно лице во Министерството за образование и наука, учествува во низа работни групи и експертски тела за подготвување на стратешки документи, закони, подзаконски акти и планови, креирање на образовни политики, изготвување на експертски стручни анализи поврзани со дејноста високо образование и слично. Повеќе од една деценија е еден од најодговорните лица во Министерството за образование и наука по однос на конципирање и остварување на стратешките владини образовни приоритети и развојни програми. Учествува на многубројни владини и невладини тела, управни одбори, комисии, работни групи, каде што има дадено исклучителен придонес по однос на прашања, иницијативи и активности поврзани со развојот на образованието во Република Македонија и пошироко.

Истовремено, бил ангажиран на Државниот универзитет во Тетово од неговото основање, првично како асистент, а потоа и како доцент по предметите: математичка анализа 1 и 2, линеарна алгебра 1 и 2, аналитична геометрија, обични диференцијални равенки, парцијални диференцијални равенки, методика 1 и 2, алгебра, математика за бизнис 1 и 2, линеарно програмирање, веројатност.

На Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, бил ангажиран, на прв циклус студии, како професор по предметите математика 1 и 2 и методика на наставата по математика

1, 2, 3 и 4, во групата одделенска настава на албански наставен јазик и во групата предучилишно воспитание на албански наставен јазик. На втор циклус студии, бил ангажиран како професор по предметот методско моделирање на наставата.

Д-р Агим Рушити е во постојан подем во усовршувањето на својата наставно-научна и педагошка дејност. Продолжува со стекнување на драгоцени искуства во работата со студентите и на Универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје, како надворешен соработник – наставник по предметите од областа Математика.

### 3. Научно истражувачка дејност

Научниот интерес и академки афинитет на д-р Агим Рушити е насочен, пред сè, кон областа на математичкото моделирање, заснован на концептуализација на деловните проблеми и нивно апстрахирање во квалитативна и квантитативна форма, обработена на уникатен теоретски и применет начин. Во оваа насока, залагањата на д-р Рушити се насочени и кон создавање на нови стратегии, методи и форми на изведба на наставата од наставниот предмет математика, заснована на примена на математички и педагошки модели, со цел тие да претставуваат составен дел на современиот наставен курикулум, со паралелна технолошка поддршка на наставата во математичкото програмско подрачје. Во овој повод, за истакнување е и широкиот опус и творечки потенцијал, изразен во бројни трудови и значајни прилози во домашната и странската реномирана периодика, од кои ќе издвоиме дел од нив:

Трудови објавени во научно/стручно списание:

1. *Математички модели за развој на компетенциите* (автор), Просветно дело, година 64, бр.4, Скопје;
2. *Abetares (së për)bashkë(t) të gjithë t'i gëzohemi* (автор), Revista "Studime albanologjike", ITShKSh, Volumi 11, fq.149-155, Скопје, 2015.

Трудови објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор:

1. *Mathematical models for development of mathematical competencies* (автор), Вестник Тамбовского университета, бр.6, том 17, ст. 2-12, Тамбов, Русија, 2012;
2. *Mathematical models for the development of mathematical competencies* (автор), Teacher International journal of Education University „St.Kliment Ohridski", vol.4, Bitola, 2012;
3. *The role of the teachers in support of maths talents* (коавтор), Teacher International journal of Education, Bitola University „St.Kliment Ohridski", vol.5, pages 178-182, Bitola, 2013;
4. *Complementary interaction between mathematics and music* (коавтор), International Journal of Recent Research in Art and Sciences, MITU, 2015;
5. *Sistematic approach in marketing and marketing information system* (коавтор) International Journal of Recent Research in Art and Sciences, MITU, 2015;
6. *Mathematical models, modeling in order to improve mathematical competencies* (коавтор), Teacher International journal of Education University ,,St.Kliment Ohridski", vol.12, pages1633-Bitola, 2016.

Трудови објавени во референтно научно/стручно списание со импакт-фактор:

1. *Wijsman $\lambda$ –statistical convergence of interval numbers* (коавтор), Boletim da Sociedade Paranaense de Matematica Journal Impact: 0.60*, v.35 2, pages 9-18, Brazil, 2016;

2. *Interpretation of Planar Ternary Ring in Desargues Plane Like Usual Ring* (коавтор), International Journal of Mathematics And its Applications, Impakt Factor for the yaer 2015: 0,564, Volume 4, Issue 3–A, pages 81–91, 2016.

Трудови објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор:

1. *Applying effective promotional marketing techniques in the process of creating a competitive advantages for companies* (коавтор), International Scientific Journal HORIZONS, University ,,St.Kliment Ohridski, Year X, Volume 14, pages 23 – 37, September 2014, Bitola;

2. *Several aspects of measuring performance of University study cycles using DEA* (коавтор), International Conference on Internation Technology and Development of Education – ITRO, pages 8-13, June, 2015, Zrenjanin, R.Serbia;

3. *DEA model for innovative research teams in the Republic of Macedonia* (коавтор), Uluslararası Türk Dünyası Sosyal Bilimler Kongresi, 22 – 23 Ağustos 2016 Gostivar / Makedonya, Türk Dünyası Araştırmaları Vakfı, BİLDİRİLER KİTABI, pages 826-832, Istambul/2016.

Покрај објавените стручни и научни трудови, д-р Агим Рушити е автор, коавтор и соработник на неколку стручни публикации:

1. Прирачник за универзитетски професори и студенти: *Подготовка на упатства за остварување на практичната настава за студентите од Педагошките факултети*, коавтор, OSCE-Mission to Skopje, 2013.

Д-р Агим Рушити е автор на првиот математички речник на математички термини на албански јазик, кој до сега има три изданија:

1. *“Математички терминолошки речник“*, КМИ Паскал, Тетово, 2008;
2. *“Математички терминолошки речник“,* Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово, Тетово, 2012;
3. *“Математички терминолошки речник“,*ИК И. Сефери, Куманово, 2013.

## 4. Учество на стручни и научни собири

Со свои излагања, предлози и сугестии, д-р Агим Рушити има остварено активно учество на повеќе значајни собири, одржани во земјата и странство, меѓу кои ги издвоуjаме следниве (реализирани по 2012 година):

1. Konferenca shkencore *“Shkollat e para shqipe në trojet shqiptare*”, LASh, 6.3.2012, Shkup, Maqedoni;

2. *Regional Roundtable on the Challenges and Prospects of Higher Education Finance,* MES, 2.5.2012, Skopje, Macedonia;

3. регионална конференција *Вистински импакт за подобро образование,* Конференција на Мајкрософт во образованието и јавниот сектор на Мајкрософт ЦИЕ, МОН, 4.12.2013, Скопје, Македонија;

4. *конференција „Образование на возрасните и пазарот на трудот“,* Денови на доживотно учење во Македонија, 13.12.2013, Скопје, Македонија;

5. XIX национална олимпијада по математика, Plus, КМИ Паскал, 23-25 Мај 2014, Поградец, Р.Албанија;

6. *Quality af Assessment, Qualification and Evaluation in Higher Education*; South east European University, 20.6.2014; Tetovo, Macedonia;

7. IX меѓународна научна годишна средба *„Наука, важен фактор за одржлив социо-економски развој“,* Институт „Alb–Shkenca“, 28-29 Август 2014, Приштина, Косово;

8. 1st International Student Congress 2014: *“Global business, emerging markets and international economic relations: Old concersns or fresh hopes?”*, International Balkan University, 25-26 Semptember 2014, Skopje, Macedonia;

9. Regionalni seminar *“Removing obstacles to recognition of qualifications”, Ministry of Science, Education and Sports of the Republic of Croatia, Education Reform Initiative of South Eastern Europe (ERI SEE),* Regional Cooperation Council, 22-23.9.2014, Zagreb, Hrvatska;

10. “*SMEs Development and Innovation: Building Competitive future of South – Eastern Europe”,* УКЛО, 3-4.10.2014, Ohrid;

11. *Конференција за Македонската рамка на квалификации во Република Македонија*, Британски совет, МОН, Европска тренинг фондација, 18.3.2015, Скопје;

12. *The Regional Conference on Higher Education and Scientific Research,* Ministry of Education Science & Tehnology of Kosovo, 4 Maj 2015, Prishtina, Kosova;

13. XX Математичка олимпијада на национално ниво, Plus, КМИ Паскал, 22-24 мај 2015, Тетово;

14. Меѓународен Конгрес за Економија и Бизнис – ICEB’15, на тема: „ *New Economic Trends and Business Opportunities",* International Vision University, 10–14 Јуне 2015;

15. *Регионален форум ECDL 2015: Подобрување на дигиталните вештини во државните институции и образованието*, 11.9.2015, Скопје, Македонија;

16. *Split Ministerial Conference on Establichment of Western Balkans Research and Innovation Centre (WISE),* 17-18 Semtember 2015, Split, Croatie;

17. 2st International Student Congress 2015: *“Spirit of Entrepreneurship – Driving Wheel of the Present – Day Society”,* International Balkan University, 1-2.October.2015, Skopje, Macedonia;

18. *“Good practice examples and possibilities for cooperation in the field of adult education between Kosovo and Macedonia”,* Bilateral expert exchange between Kosovo and Macedonia, 2-3.12.2015, Pristina, Kosovo;

19. *New Technologies in Education 2016,* 26–27 February,2016, Belgrade, Serbia;

20. *Konferenca Ndërkombëtare “Kultura dhe arsimi*, Ministria e Kulturës, Rinisë dhe Sportit, Republika e Kosovës, 14 – 15 prill 2016, Prishtinë, Kosovë;

21. *Mathematics for Industry Networks, ”Што можат математичарите да направат за Вас“,* COST-акција TD1409, 21.4.2016, Штип, Македонија;

22. Прва интернационална конференција *Транспортот во денешното општество*, Технички факултет – Битола, Универзитет „Св. Климент Охридски“-Битола, 19-21.5.2016, Битола, Македонија;

23. XXI математичка олимпијада на национално ниво, Plus, КМИ Паскал, 20-22 Мај 2016,Валона, Албанија;

24. *Applied Internet and Information Technologies 2016”*, ФИКТ, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ од Битола, 3-4 јуни 2016 година, Битола;

25. меѓународна конференција *„Mathematics & Applied”,*СИМ и Универзитет „Гоце Делчев“-Штип, 21-24.8.2016, Охрид, Македонија;

26. International Conference *“Education across Borders” Education and Research across Time and Space (1100 th Death Anniversary of St.Clement of Ohrid),* 6-7 October, 2016 at Faculty of Education in Bitola;

27. XII ECPD International Conference *„Future of the world between globalization and regionalization“*, 28–29 Octomber 2016, Belgrade, Serbie;

28. Conference *„Referencing Kosovo Quakifications Framework to the European Quakifications Framework“*, 7 Novembar 2016, Prishtine, Kosovo;

29. $2^{nd}$ National Conference on the Financial Management of public Higher Education Institutions of Kosova: *„The way towards the financial independence of the public higher education onstitutions in Kosova“*, Novembar 9-10, 2016, Prishtina, Kosovo.

**5. Проектни ангажмани**

Во својата стручна и професионална кариера, д-р Агим Рушити се ангажирал во многу проектни тимови, во својство на реализатор, модератор, евалуатор и координатор. Станува збор за проекти чија цел е креирање на образовни политики во Република Македонија, на сите степени на образованието, како и во делот на науката и истражувањето. Истовремено, член е на повеќе експертски комисии и групи за креирање на нови концепции и стратегии за развој на образованието, од кои ќе ги издвоиме (од 2012 година - ):

1. учесник на национален проект: *Форум за меѓуетнички интеграција во образованието на наставничките факултети во Република Македонија*, УСАИД, Скопје, 2013;
2. учесник на национален проект: *Техничка помош за подготовка на сеопфатна Стратегија за образование за 2016 – 2020 година*, МОН, ЕУ, 2016;
3. учесник на меѓународен проект: Skills Development and Innovation Support (SDIS) Project, Notification of Implementation Support Visit, Skopje, Macedonia, 2016;
4. член на Комисија за евалуација на меѓународните проекти од Темпус-програми;
5. член на Управен одбор за следење на проектот: *„Подршка на модеризација на системот за пост-средно образование“* МК 13 IPA SO 01 15 TWL.

**6. Други дејности**

Како член на експертски и стручни комисии, на управни одбори и слично, учествувал (ги наведуваме само по 2012 и навамо):

1. Учество во работата на Комисии за државни натпревари:
   - *17 Математичка олимпијада на национално ниво*, Плус, КМИ Паскал, Валона, Албанија, 25-27 мај 2012;
   - *18 Математичка олимпијада на национално ниво*, Плус, КМИ Паскал, Поградец, Албанија, 24-26 мај 2013;
   - *19 Математичка олимпијада на национално ниво*, Плус, КМИ Паскал, Скопје, Македонија, 23-25 мај 2014;
   - *20 Математичка олимпијада на национално ниво*, Плус, КМИ Паскал, Тетово, Македонија, 22-24 мај 2015;
   - *21 Математичка олимпијада на национално ниво*, Плус, КМИ Паскал, Валона, Албанија, 20-22 мај 2016.
2. Член на експертска група за изготвување на: *THE REPUBLIC OF MACEDONIA COMPREHENSIVE EDUCATION STRATEGY FOR 2016-2020 and Action Plan* (Сеопфатната стратегија за образование 2015-2020 и Акцискиот план за столбот високо образование);
3. Член на работна група за изготвување на: Законот за високото образование, Законот за средното образование, Законот за основното образование, Законот за Академија за наставници, Законот за наставници во основните и средните училишта, Законот за високообразовните установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование.
4. Член на Управниот одбор на Центарот за стручно образование и обука.
5. Член на Управниот одбор на Македонската асоцијација на надарените и талентираните (МАНТ) – Битола (2014-...);
6. Потпреседател на Управниот одбор на Центарот за образование на возрасните.

Д-р Агим Рушити е основач на Друштвото на математичари и физичари „Галактика“ со седиште во Куманово и член на Клубот на математичарите и информатичарите „Паскал“ од Тетово, преку кои учествувал во организирање на математички натпревари и олимпијади, од општинско до национално ниво, за учениците од основното и средното образование. Дал голем придонес во обласста на математиката и како член на редакцискиот одбор на списанијата за математика „Плус“, „Нумерус“ и „Сигма“.

За својата работа, д-р Рушити е добитник на бројни награди и признанија:

- државна награда „Св. Климент Охридски“ (2008), како највисоко општествено признание за долгогодишни остварувања во областа образование и воспитание од интерес за Република Македонија;
- Ноемвриска награда на Град Куманово (2005), за истакнати достигнувања од областа на образованието;
- награда: *„Mirënjohje intelektuale“* (2012), за придонес во текот на годините во зголемување на знаења по математика, КМИ Паскал, Валона, Албанија;
- награда: *„Златна мравка за највлијателните Албанци од Македонија“* (2013), за истакнати достигнување на годината во областа: научни публикации, книжевност и публицистика, Скопје.
- награда: *Истакнат наставник* (2014), ЗАН “Наим Фрешари“, за научни постигнувања од струкова организација.

Од прегледот на досегашните професионални активности и стручен ангажман на д-р Рушити, може да се согледа дека станува збор за кандидат со нагласен интелектуален потенцијал, кој е посветен на примарната стручна и професионална вокација - математиката, како и на сопственото усовршување и академски развој. Неговите потенцијали несомнено се потврдуваат и преку објавените трудови кои се од исклучителна важност и научна вредност.

Оценка од самоевалуација

Кандидатот д-р Агим Рушити, во периодот 2012/2013 до 2015/2016 година, доби позитивни оценки (од 9,47 до 10,0) од анонимни спроведени анкети на студентите на Педагоѓкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје.

**Заклучок и предлог:**

Врз основа на извештајот, како членови на Рецензентската комисија, кои непосредно ја имаат следено наставната, научната и стручно-апликативната дејност на д-р Агим Рушити, неа позитивно ја оценуваме и заклучуваме дека д-р Агим Рушити се развива во врвен наставно–научен работник. Сметаме дека се исполнети сите законски и други критериуми д-р Агим Рушити да биде избран во звањето **насловен вонреден професор**.

Со задоволство му препорачуваме на Наставно–научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Агим Рушити да биде избран во звањето **насловен вонреден професор** од областа математика, по предметите: математика 1 и математика 2, за студиската група одделенска настава, на албански наставен јазик и предметот математика, за студиската група предучилишно воспитание, на албански наставен јазик.

Рецензентска комисија

1. Д-р Татјана Атанасова - Пачемска, с.р. редовен професор на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип – претседател

2. Д-р Билјана Јолевска -Тунеска, с.р. редовен професор на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - член

3. Д-р Самет Кера, с.р. вонреден професор на Факултетот за технички науки при Универзитет „Мајка Тереза“ во Скопје – член

**АНЕКС**

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

***Кандидат*: д-р АГИМ РЕШАТ РУШИТИ**

***Институција*: ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“**

**при УНИВЕРЗИТЕТ „Св.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ во СКОПЈЕ**

***Научно подрачје:* ПРИРОДНО – МАТЕМАТИЧКИ НАУКИ**

***Научно поле:* МАТЕМАТИКА**

***Наставно – научна област:* МАТЕМАТИКА**

**(по предметите: математика 1 и математика 2, за студиската група одделенска настава, на албански наставен јазик и предметот математика, за студиската група предучилишно воспитание, на албански наставен јазик)**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Р.број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **ОДРЖУВАЊЕ НА НАСТАВА (ПРЕДАВАЊЕ) НА ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ** | |
| 1 | Математичка анализа 2 (3+3) (ДУТ – ПМФ) | 1,8 |
| 2 | Линеарна алгебра 1 (3+3) (ДУТ – ПМФ) | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | Аналитичка геометрија (3+3) (ДУТ – ПМФ) | 1,8 |
| 4 | Обични диференцијални едначини (2+2) (ДУТ – ПМФ) | 1,2 |
| 5 | Парцијални диференцијални једначини (2+2) (ДУТ – ПМФ) | 1,2 |
| 6 | Методика 1 (2+4) (ДУТ – ПМФ) | 1,2 |
| 7 | Матодика 2 (2+4) (ДУТ – ПМФ) | 1,2 |
| 8 | Алгебра (3+3) (ДУТ – ПМФ) | 1,8 |
| 9 | Математика 1 за бизнис (2+3) (ДУТ –ФБА) | 1,2 |
| 10 | Математика 2 за бизнис (2+3) (ДУТ – ФБА) | 1,2 |
| 11 | Математичка анализа 1 (3+3) (ДУТ- ПМФ) | 1,8 |
| 12 | Анализа математика 2 (3+3) (ДУТ – ПМФ) | 1,8 |
| 13 | Линеарно програмирање (2+2) (ДУТ – ПМФ) | 1,2 |
| 14 | Веројатност (пробабилитет) (2+2) (ДУТ – ПМФ) | 1,2 |
| 15 | Линеарна алгебра 2 (2+2) (ДУТ – ПМФ) | 1,2 |
| 16 | Математика 1(2+3) (ФИН–Универзитет „М. Тереза“ Скопје) | 1,2 |
| 17 | Математика 1 (2+2) (ФАГ, Универзитет „М. Тереза“– Скопје) | 1,2 |
| 18 | Методика на наставата по математика 1 - група Одделенска настава на албански наставен јазик (2+1) (ПФ, УКИМ, Скопје) | 1,2 |
| 19 | Методика на наставата по математика 2 - група Одделенска настава на албански наставен јазик (2+1) (ПФ, УКИМ, Скопје) | 1,2 |
| 20 | Методика на наставата по математика 3 - група Одделенска настава на албански наставен јазик (2+2) (ПФ, УКИМ, Скопје) | 1,2 |
| 21 | Методика на наставата по математика 4 - група Одделенска настава на албански наставен јазик (2+2) (ПФ, УКИМ, Скопје) | 1,2 |
| | **ОДРЖУВАЊЕ НА НАСТАВА (ВЕЖБИ) НА ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ** | |
| 1 | Методика на наставата по математика 1 - група Одделенска настава на албански наставен јазик (2+1) (ПФ, УКИМ, Скопје) | 0,45 |
| 2 | Методика на наставата по математика 2 - група Одделенска настава на албански наставен јазик (2+1) (ПФ, УКИМ, Скопје) | 0,45 |
| 3 | Методика на наставата по математика 3 - група Одделенска настава на албански наставен јазик (2+2) (ПФ, УКИМ, Скопје) | 0,9 |

| | | |
|---|---|---|
| 4 | Методика на наставата по математика 4 - група Одделенска настава на албански наставен јазик (2+2) (ПФ, УКИМ, Скопје) | 0,9 |
| 5 | Методика на воспитно-образовната работа по математика 1 - група Предучилишно воспитание на албански наставен јазик (2+2) (ПФ, УКИМ, Скопје) | 0,9 |
| 6 | Методика на воспитно-образовната работа по математика 2 - група Предучилишно воспитание на албански наставен јазик (2+2) (ПФ, УКИМ, Скопје) | 0,9 |
| 7 | Методика на воспитно-образовната работа по математика 3 - група Предучилишно воспитание на албански наставен јазик (3+2) (ПФ, УКИМ, Скопје) | 0,9 |
| | **ОДРЖУВАЊЕ НА НАСТАВА (ПРЕДАВАЊЕ) НА ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ** | |
| 1 | Методско моделирање на наставата (3+2) (ПФ, УКИМ, Скопје) | 1,8 |
| | **НАСТАВНО– ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | |
| 1 | Раководител на Летна математичка школа на Списанието за популаризација на математика и информатика „Плус", КМИ Паскал, Тетово | 1,5 |
| 2 | Ментор на дипломска работа | 0,2 |
| 3 | Консултации со студенти од прв циклус студии | 0,96 |
| 4 | Консултации со студенти од втор циклус студии | 0,008 |
| 5 | Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа | 0,1 |
| 6 | Член на комисија за оцена и одбрана на магистерски труд | 0,3 |
| | **ВКУПНО** | **39,988** |

**НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Р.бр** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Ментор на магистерска тема: *Откривање и работа со надарени и талентирани ученици по математика во одделенска настава* (И.Ајдини), ПФ „Св. Климент Охридски" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, 2015/16 | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 2 | Учесник на национален научен проект: *Форум за меѓуетнички интеграција во образованието на наставничките факултети во Република Македонија*, УСАИД, Скопје, 2013 | 3 |
| 3 | Учесник на национален научен проект: *Техничка помош за подготовка на сеопфатна Стратегија за образование за 2016–2020 година*, МОН, ЕУ, 2016 | 3 |
| 4 | Учесник на меѓународен проект: *Skills Development and Innovation Support (SDIS) Project*, Notification of Implementation Support Visit, Skopje, Macedonia, 2016 | 5 |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/ стручно списание: *Teoria e Gardnerit mbi inteligjencat e shumëfishta*, Revista për kulturë, art dhe shkencë "Jehona e Re", 3-4, fq. 163-176, Shkup<br>ISSN 1857-6354 | 4 |
| 6 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/ стручно списание: *Математички модели за развој на компетенциите*, Просветно дело, година 64, бр.4, Скопје | 4 |
| 7 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/ стручно списание: *Abetares (së për)bashkë(t) të gjithë t'i gëzohemi,* Revista "Studime albanologjike", ITShKSh Volumi 11, fq.149-155, Shkup, 2015<br>ISSN 1857-6958 | 4 |
| 8 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор: *Mathematical models for development of mathematical competencies,* Вестник Тамбовского университета, бр.6, том 17, ст. 2-12), Тамбов, Русија, 2012<br>ISSN 1810-0198 | 6 |
| 9 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор: *Mathematical models for the development of mathematical competencies*, Teacher International journal of Education University ,,St. Kliment Ohridski", vol.4, Bitola, 2012<br>ISSN 1857- 8888 | 6 |
| 10 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор: *The role of the teachers in support of maths talents*, Teacher International | 5,4 |

| | | |
|---|---|---|
| | journal of Education, Bitola University ,,St. Kliment Ohridski", vol.5, pages 178-182, Bitola, 2013<br><br>ISSN 1857- 8888 | |
| 11 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор: *Complementary interaction between mathematics and music,* International Journal of Recent Research in Art and Sciences, MITU, 2015<br><br>ISSN: 1857-8128 | 3,6 |
| 12 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор: *Sistematic approach in marketing and marketing information system*, International Journal of Recent Research in Art and Sciences, MITU, 2015<br><br>ISSN: 1857-8128 | 5,4 |
| 13 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор: *Wijsman $\lambda$ –statistical convergence of interval numbers,* Boletin da Sociedade Paranaense de Matematica Journal Impact: 0.60*, v.35 2, pages 9-18, Brazil, 2016<br><br>ISSN 0037-8712 | 4,8+и.ф.<br><br>(импакт фактор) |
| 14 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор: *Interpretation of Planar Ternary Ring in Desargues Plane Like Usual Ring,* International Journal of Mathematics And its Applications, Impakt Factor for the yaer 2015: 0,564, Volume 4, Issue 3–A, pages 81–91, 2016<br><br>ISSN: 2347-1557 | 3,6+и.ф.<br><br>(импакт фактор) |
| 15 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор: *Mathematical models, modeling in order to improve mathematical competencies*, Teacher International journal of Education University ,,St. Kliment Ohridski",vol.12, pages1633-Bitola, 2016<br><br>ISSN 1857- 8888 | 6 |
| 16 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор: *Applying effective promotional marketing techniques in the process of creating a competitive advantages for companies*, International Scientific Journal HORIZONS, University ,,St. Kliment Ohridski, Year X, Volume 14, pages 23 – 37, September 2014, Bitola | 5,4 |

| | | |
|---|---|---|
| | ISSN 1857 – 856X | |
| 17 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор: *Several aspects of measuring performance of University study cycles using DEA*, International Conference on Internation Technology and Development of Education – ITRO, pages 8-13, June, 2015, Zrenjanin, R. Serbia<br><br>ISBN 978-86-7672-258-7 | 3 |
| 18 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор: *DEA model for innovative research teams in the Republic of Macedonia*, Uluslararası Türk Dünyası Sosyal Bilimler Kongresi, 22 – 23 Ağustos 2016 Gostivar / Makedonya, Türk Dünyası Araştırmaları Vakfı, BİLDİRİLER KİTABI, pages 826-832, Istambul/2016<br><br>E-ISBN 978-975-498-238-1 | 3 |
| 19 | Секциско предавање на научен/стручен собир: *Конференција за Македонската рамка на квалификации во Република Македонија*, Британски совет, Министерство за образование и наука, Европска тренинг фондација, 18.3.2015, Скопје, Македонија | 1 |
| 20 | Секциско предавање на научен/стручен собир: *Регионален форум ECDL 2015: Подобрување на дигиталните вештини во државните институции и образованието*, 11.9.2015, Скопје, Македонија | 1 |
| 21 | Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество: *The Regional Conference on Higher Education and Scientific Research,* Ministry of Education Science & Tehnology of Kosovo, 4 Maj 2015, Prishtina, Kosova | 2 |
| 22 | Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество: IX Меѓународна научна годишна средба *„Наука, важен фактор за одржлив социо-економски развој“,* Институт „Alb–Shkenca“, 28-29 Август 2014, Приштина, Косово | 2 |
| 23 | Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество: Regionalni seminar *“Removing obstacles to recognition of qualifications”, Ministry of Science, Education and Sports of the Republic of Croatia, Education Reform Initiative of South Eastern Europe (ERI SEE)*, Regional Cooperation Council, 22-23.9.2014, Zagreb, Hrvatska | 2 |
| 24 | Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество: *Konferenca Ndërkombëtare “Kultura dhe arsimi*, Ministria e | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | Kulturës, Rinisë dhe Sportit, Republika e Kosovës, 14 – 15 prill 2016, Prishtinë, Kosovë | |
| 25 | Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество: *Mathematics for Industry Networks, ”Што можат математичарите да направат за Вас“,* COST акција TD1409, 21.4.2016, Штип, Македонија | 2 |
| 26 | Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество: *Applied Internet and Information Technologies 2016”*, ФИКТ, Универзитетот „Св.Климент Охридски“ од Битола, 3-4 јуни 2016 година, Битола) | 2 |
| 27 | Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество: *Internacional Conference „Education and research across time and space“,* „St.Kliment Ohridski“ University in Bitola, October 6-7, 2016, Bitola | 2 |
| 28 | Учество на научен/ стручен собир со реферат: *Regional Roundtable on the Challenges and Prospects of Higher Education Finance,* MES, 2. 5. 2012, Skopje, Macedonia | 1 |
| 29 | Учество на научен/ стручен собир со реферат: Konferenca shkencore *“Shkollat e para shqipe në trojet shqiptare*”, LASh, 6.03.2012, Shkup, Maqedoni | 1 |
| 30 | Учество на научен/ стручен собир со реферат: Регионална конференција *Вистински импакт за подобро образование,* Конференција на Мајкрософт во образованието и јавниот сектор на Мајкрософт ЦИЕ, МОН, 4.12.2013, Скопје, Македонија | 1 |
| 31 | Учество на научен/ стручен собир со реферат: *конференција „Образование на возрасните и пазарот на трудот“,* Денови на доживотно учење во Македонија, 13.12.2013, Скопје, Македонија | 1 |
| 32 | Учество на научен/стручен собир со реферат: *Kontributi intelektual dhe arsimor i personalitetit i cili i dha impuls shkencës shqiptare*, XIX национална олимпијада по математика, Plus, КМИ Паскал, 23-25 Мај 2014, Поградец, Р.Албанија | 1 |
| 33 | Учество на научен/ стручен собир со реферат: *Rëndësi e tekstit shkollor dhe roli i saj në ngritjen e diturive të nxënësve*, ДАН “Наим Фрашери“, Скопје, 3-5 март 2015 | 1 |
| 34 | Учество на научен/стручен собир со реферат: *Modelet matematike në funksion të mësimit bashkëkohor*, XX Математичка олимпијада на национално ниво, Plus, КМИ Паскал, 22-24 Мај 2015, Тетово | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 35 | Учество на научен/ стручен собир со реферат: *Split Ministerial Conference on Establichment of Western Balkans Research and Innovation Centre (WISE),* 17-18 Semtember 2015, Split, Croatia | 1 |
| 36 | Учество на научен/ стручен собир со реферат: *"Good practice examples and possibilities for cooperation in the field of adult education between Kosovo and Macedonia"*, Bilateral expert exchange between Kosovo and Macedonia, 02-03.12.2015, Pristina, Kosovo | 1 |
| 37 | Учество на научен/ стручен собир со реферат: *New Technologies in Education 2016,* 26–27 February, 2016, Belgrade, Serbia | 1 |
| 38 | Учество на научен/стручен собир со реферат: *Hapësirat shumëdimen-sionale, hapësira me shumë enigma*, XXI Математичка Олимпијада на национално ниво, Plus, КМИ Паскал, 20-22 Мај 2016, Валона, Албанија | 1 |
| 39 | Учество на научен/ стручен собир со реферат: 2nd National Conference on the Financial Management of public Higher Education Institutions of Kosova: *„The way towards the financial independence of the public higher education onstitutions in Kosova"*, Novembar 9-10, 2016, Prishtina, Kosovo | 1 |
| 40 | Учество на научен/ стручен собир со реферат: Conference *„Referencing Kosovo Quakifications Framework to the European Quakifications Framework"*, 7 Novembar 2016, Prishtine, Kosovo | 1 |
| 41 | Одржано предавање на покана на универзитет: Regional Hogher Education Conference: *Quality af Assessment, Qualification and Evaluation in Higher Education*; South east European University, 20.06.2014; Tetovo, Macedonia | 1 |
| 42 | Одржано предавање на покана на универзитет: 1st International Student Congress 2014: *"Global business, emerging markets and international economic relations: Old concersns or fresh hopes?"*, International Balkan University, 25-26 Semptember 2014, Skopje, Macedonia | 1 |
| 43 | Одржано предавање на покана на универзитет: International conference "*SMEs Development and Innovation: Building Competitive future of South – Eastern Europe",* Ekonomski fakultet – Prilep, 3-4.10.2014, Ohrid | 1 |
| 44 | Одржано предавање на покана на универзитет: 2st International Student Congress 2015: *"Spirit of Entrepreneurship – Driving Wheel of the Present – Day Society",* International Balkan University, 01-02.October, 2015, Skopje, Macedonia | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 45 | Одржано предавање на покана на универзитет: Меѓународен Конгрес за Економија и Бизнис – ICEB’15, на тема: „ New Economic Trends and Business Opportunities", International Vision University, 10–14 Јуни 2015 | 1 |
| 46 | Одржано предавање на покана на универзитет: Прва Интернационална Конференција *„Транспортот во денешното општество“*, Технички факултет – Битола, Универзитет „Св. Климент Охридски“- Битола, 19-21. 5.2016, Битола, Македонија | 1 |
| 47 | Одржано предавање на покана на универзитет: Меѓународна Конференција *„Mathematics & Applied”,* СИМ и Универзитет „Гоце Делчев“-Штип, 21-24.8.2016, Охрид, Македонија | 1 |
| 48 | Одржано предавање на покана на универзитет: International Conference *“Education across Borders” Education and Research across Time and Space (1100 th Death Anniversary of St. Clement of Ohrid)* (6-7 October, 2016 at Faculty of Education in Bitola) | 1 |
| 49 | Одржано предавање на покана на универзитет: XII ECPD International Conference *„Future of the world between globalization and regionalization“*, 28–29 Octomber 2016, Belgrade, Serbie | 1 |
| | **ВКУПНО** | **114,2** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Книга од стручна област (автор): *Првите наставни содржини по елементарна геометрија - Кристо Дако*, ЧАБЕЈ, Тетово, 2008 | 8 |
| 2 | Речник (автор): *Математички терминолошки речник*, ЈИЕ универзитет, Тетово, 2012 | 6 |
| 3 | Речник (автор): *Математички терминолошки речник*, SG “Idriz Seferi”, Kumanovo, 2013 | 6 |
| 4 | Експертски активности (евалуација, стручна ревизија, супервизија): Евалуација на меѓународните проекти од Темпус-програмата | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 5 | Експертски активности (евалуација, стручна ревизија, супервизија): *Моделирање на финансиски пазари со користење на стохастичко сметање,* од областите математика и применета математика и математичко моделирање" (апликација за билатерален проект помеѓу Република Македонија и Република Словенија за периодот 2017–2018 година) | 1 |
| 6 | Учество во работата на Комисии за државни натпревари: *17-та Математичка олимпијада на национално ниво*, Плус, КМИ Паскал, Валона, Албанија, 25-27 Мај 2012 | 1 |
| 7 | Учество во работата на Комисии за државни натпревари: *18-та Математичка олимпијада на национално ниво*, Плус, КМИ Паскал, Поградец, Албанија, 24-26 Мај 2013 | 1 |
| 8 | Учество во работата на Комисии за државни натпревари: *19-та Математичка олимпијада на национално ниво*, Плус, КМИ Паскал, Скопје, Македонија, 23-25 Мај 2014 | 1 |
| 9 | Учество во работата на Комисии за државни натпревари: *20-та Математичка олимпијада на национално ниво*, Плус, КМИ Паскал, Тетово, Македонија, 22-24 Мај 2015 | 1 |
| 10 | Учество во работата на Комисии за државни натпревари: *21-та Математичка олимпијада на национално ниво*, Плус, КМИ Паскал, Валона, Албанија, 20-22 Мај 2016 | 1 |
| | **ВКУПНО** | **27** |

**Дејност од поширок интерес**

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Државни награди за научни постигнувања (самостоен): *Републичка награда "Св. Климент Охридски"*, Скопје | 5 |
| 2 | Награда за научни достигнувања од струкова организација (самостоен): *Ноемвриска награда на Град Куманово*, Куманово | 3 |
| 3 | Награда за научни постигнувања од струкова организација (самостоен): награда *„Mirënjohje intelektuale"* за придонес во текот на годините во зголемување на знаења по математика, КМИ Паскал, 2012, Валона, Албанија | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 4 | Награда за научни постигнувања од струкова организација (самостоен): *Златна мравка за највлијателните Албанци од Македонија* – достигнување на годината во областа: научни публикации, книжевност и публицистика, 5 март 2013, Скопје | 3 |
| 5 | Награда за научни постигнувања од струкова организација (самостоен): награда "Истакнат наставник", ЗАН "Наим Фрешари", 2014 | 3 |
| 6 | Декан: Факултет за информатика, Колеџ Визион – Урешевац, Косово (2015/2016) | 6 |
| 7 | Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.): член на експертска група за изготвување на: *THE REPUBLIC OF MACEDONIA COMPREHENSIVE EDUCATION STRATEGY FOR 2016-2020 and Action Plan* (Сеопфатната стратегија за образование 2015-2020 и Акцискиот план за столбот високо образование) | 2 |
| 8 | Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.): член на Работна група за изготвување на Законот за високото образование. | 2 |
| 9 | Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.): член на Работна група за изготвување на Законот за средното образование. | 2 |
| 10 | Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.): член на Работна група за изготвување на Законот за основното образование. | 2 |
| 11 | Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.): член на Работна група за изготвување на Законот за Академија за наставници | 1 |
| 12 | Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.): член на Работна група за изготвување на Законот за наставници во основните и средните училишта | 1 |
| 13 | Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.): член на Работна група за изготвување на Законот за високообразовните установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование | 1 |
| 14 | Учество на комисии и тела на државни и други органи: член на Управниот одбор на Центарот за стручно образование и обука | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 15 | Учество на комисии и тела на државни и други органи: член на Управниот одбор на Македонската асоцијација на надарените и талентираните (МАНТ) – Битола (2014-...) | 1 |
| 16 | Учество на комисии и тела на државни и други органи: потпреседател на Управниот одбор на Центарот за образование на возрасните | 1 |
| 17 | Учество на комисии и тела на државни и други органи: член на Управен одбор за следење на проектот: *Поддршка на модеризација на системот за пост-средно образование,* МК 13 IPA SO 01 15 TWL | 1 |
| | **ВКУПНО** | **38** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 39,988 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 114,2 |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 27 |
| ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС | 38 |
| **ВКУПНО** | **219,188** |

Рецензентска комисија

**Д-р Татјана Атанасова-Пачемска**, с.р редовен професор на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, од областите *м*атематика и методика - **претседател**

**Д-р Билјана Јолевска-Тунеска**, с.р редовен професор на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, од областа математика - **член**

**Д-р Самет Кера**, с.р вонреден професор на Факултетот за технички науки при Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, од областа математика - **член**

# ПРЕГЛЕД

## НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛОМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО СКОПЈЕ

| Ред. Бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на тема | | Име и презиме на менторот | Датум и бр.на Одлука од ННС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | На македонски јазик | На англиски јазик | | |
| 1 | Ибадет Исмаили | *“Образованието како фактор за хуманизација на општествените односи”* | “Education as humanisation factor of social relations “, од студентот | проф. д-р Емиљ Сулејмани | 02-37/13 од 31.01.2017 |
| 2 | Албина Кајоли. | *“Наставните програми по предметот албански јазик за IV и V одделение и присуството на нивоата на Блумовата таксиномија во нив”,* | “The educational programs in the subject Albanian language for 4 and 5 th grande and participation of Blum’s Taxonomy “, | проф. д-р Теута Шабани | 02-37/14 од 31.01.2017 |
| 3 | Ивана Толовска | Играта во функција на математичките поими | “Games in the funkcion of forming mathematical notions “, | проф. д-р Весна Макашевска | 02-37/12 од 31.01.2017 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |

**РЕЦЕНЗИЈА**
**ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРАВНИТЕ АСПЕКТИ НА ИСЛАМСКОТО БЕСКАМАТНО БАНКАРСТВО VS КОНВЕНЦИОНАЛНОТО БАНКАРСТВО“ ОД М-Р БАШКИМ НУРЕДИНИ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ**

Наставно-научниот совет на Правниот факултет факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на седницата одржана на 25.11.2016 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Башким Нуредини со наслов „Правните аспекти на исламското бескаматно банкарство VS конвенционалното банкарство“, во состав: д-р Тито Беличанец, редовен професор (ментор), д-р Весна Пендовска, редовен професор, д-р Гелев Димитар, редовен професор, д-р Александра Максимовска, редовен професор и д-р Биљана Петревска, доцент.

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Анализа на трудот**

Докторската дисертација на кандидатот м-р Башким Нуредини, со наслов „Правните аспекти на исламското бескаматно банкарство VS конвенционалното банкарство“, содржи 510 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 983 фусноти, 250 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Предмет на истражување на овој труд е споредбена анализа на правните аспекти на двата актуелни банкарски система, конвенционалниот систем кој функционира врз каматоносна основа и моделот на исламското банкарство што се карактеризира со своите инхерентни специфичности кои се засноваат на апсолутната преформулација на банкарското работење засновано во целосното ослободување од каматниот интерес, како општ нуклеус на исламскиот финансиски систем, како и врз принципот на поделбата на добивката и загубата.

Насловот нз трудот е актуелен и јасен и заедно со поднасловите, поблиску ја објаснуваат целата содржина на трудот, а воедно укажуваат и на опсегот на истражувњето.

Трудот е структуриран во девет глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Во овој дел од трудот, кандидатот укажува на основните мотиви за да пристапи кон изработката на докторската дисертација, а тоа се последната економско-финансиска криза, како и последните тенденции во разобличувањето на моралните и на етичките вредности во деловното работење во светски рамки. Исто така, кандидатот истакнува дека мотивот за пишување на оваа докторска дисертација е да даде скромен придонес во една област, која многу малку, или само површно е третирана кај нас и во нашето блиско опкружување. При тоа се укажува дека деловното работење без морални критериуми и економијата без етички принципи не можат да обезбедат постојани, значајни и стабилни резултати. Недостатокот на деловна етика доведува до нарушување на нормалниот тек на бизнисот, како во средината во којашто се врши деловниот потфат, така и во поширокото опкружување но исто така е ограничувачки фактор и во глобалните светски текови. Кандидатот укажува дека отсуството на моралните вредности во кој било сегмент на деловното работење, придонесува директно или индиректно кон зголемување на трошоците, загуба на профитот, а со тоа се намалува и конкурентната способност на државата, што ги поткопува нејзините економски индикатори.

Постоењето на бизнис-етиката е многу важен фактор кој треба да биде присутен во сите сегменти на општеството. Античкиот збор *криза* придонесе на кризата да се гледа како на пресвртница која  донесува обнова или дополнителни тешкотии. Понатаму, кандидатот укажува на тоа дека последиците од последната светска финансиска криза оставија длабоки лузни не само врз големите инвестициски банки и компании, туку и врз националните економии во целина. Ваквиот развој на настаните ги доведе под знак прашање и економските институции со илјадогодишна традиција, со што во овој период во научната јавност се отвори прашањето за издржливоста на капиталистичкиот економски систем.

Во анализата на причините кои доведоа до настанокот на економската криза се гледа тенденцијата во прикривање на она што претставува суштина на кризата, а тоа, всушност, е криза на моралот. Во западниот свет сè повеќе преовладува настојувањето за воведување на моралните и етички принципи како вредности во конвенционалната економија и банкарство. Како резултат на ваквата состојба, со право се наметна прашањето, може ли исламскиот концепт на финансирање да биде делотворен во превенција на економските кризи?

**Првата глава** од докторската дисертација е посветена на парите и е насловена **Општо за парите**. Во неа, накусо се анализирани појавата и развојот на парите, теориите за парите, односот на државата и парите, правното дефинирање на парите, функциите и улогата на парите во современите услови.

Канадидатот укажува дека парите се симбол на успехот и на неуспехот, фактор на мотивација, тие се моќ на генералите во војна, мотив на криминалците, т.е. двигател на светот. Луѓето се тесно поврзани со парите. Парите не делуваат само на моралот и на идеалот, без нив не може да се замисли економијата. Парите се крвоток на економскиот систем, бидејќи тие се двигател на стоките и на услугите. Парите се ни помалку ни повеќе од тоа за што секогаш сме размислувале, она без што не можеме ниту да купуваме ниту да продаваме, а уште помалку да ги задоволуваме нашите потреби. Парите се посебен вид на стока и вршат улога на општ еквивалент што со својата употребна вредност служи за изразување на вредноста на сите останати стоки, засновано врз начелото на еднаквост. Парите, како економска категорија, покрај тоа што влијаат врз усогласеноста на економските текови во општеството, влијаат и врз моралот и мислите на луѓето. Важноста на економската активност на луѓето лежи во задоволувањето на своите потреби,

како и на потребите на своите семејства. Историскиот развој на парите е поврзан повеќе или помалку со локалните или со светските текови. Парите се јавуваат во периодот на преминот од првобитната заедница кон робовладетелското општество. Во првобитната заедница постоела само размена. Парите настанале во одреден период на развојот на општеството со цел да се олесни размената. Во историскиот развој на човековата историја, најразлични производи служеле како општо разменско средство, односно како пари. Пред настанувањето на парите во денешениот облик и форма, нивната функција во старите древни времиња ја има стоката, кожата, школките, житото и др. Потврда за тоа е и стариот латински назив за парите - *pecunia* (pecus - стока).

Во оваа глава се прави кус приказ и на теориите за парите и теориите за вредноста на парите, преку претставување на парите како културна појава, која произлегува од значењето што му се дава на еден предмет од страна на човекот. Ова значи дека парите се појавиле спонтано на одреден степен од развојот на општеството и тие се одраз на културата во тоа општество. Ова значи дека парите ќе останат да бидат културна појава сѐ додека општеството го задржи нивното значење.

Односот на државата и парите, како и правното дефинирање на парите, зазема посебно значење во овој дел од трудот. Односот на државата со парите е заемен. Во прашање се формално-правни одредби донесени од страна на државната власт, кои се однесуваат на парите, како и регулација на паричните текови. Оваа глава завршува со презентирање на функциите на парите.

Во **втората глава** под наслов **Банки и банкарство**, кандидатот најнапред го дефинира поимот банка и банкарство. Лингвистиката и етимологијата укажуваат на тоа дека зборот банка (италијански banco, француски banque, германски и англиски bank), кој се користи повеќе од 2000 години од своето постоење, во суштина означува клупа или пулт за промена на парите, со тоа што ова е потврда дека менувачките работи се меѓу првите работи карактеристични за банките. Поимното дефинирање на банкарството во својата суштина го опфаќа изучувањето на банкарскиот систем и на банкарската практика, како и изучувањето на општите прашања поврзани со кредитниот систем и со кредитната практика. Теоретската анализа на банкарството првенствено се однесува на истражувањето на улогата, значењето и однесувањето на банките како важни институции на финансискиот и на севкупниот економски систем.

Науката за банкарството дава објаснување на содржината и на структурата на банкарскиот систем и на банкарското работење. Таа, исто така, ги објаснува принципите и начинот на извршување на банкарските трансакции и операции, кои имаат влијание врз финансиските потреби на комитентите на банките, како и на целокупната репродукција.

Не е можно да се прикаже јасна претстава за работењето на денешните банки, без да се укаже на нивниот историски развој. Почетоците на банките и на банкарството се поврзани со античкото време, и тоа со појавата на размената во областите кои изобилувале со природни богатства, Грција, Рим, Блискиот Исток. Ако се направи еден пресек на историскиот рзвој на банките, тогаш може да се забележат фазите на развојот на банките низ историјата. Првата фаза почнува од 7 век пр.н.е., втората фаза е карактеристична за почетокот на 14 век, третата фаза започнува во почетокот на 18 век, додека четвртата фаза од развојот на банките започнува од 19 век. Појавата на банките е поврзана со појавата на кованите пари. Првите ковани пари се изработени пред 2700 години во Лидија, од мешавина на злато и сребро, која се нарекува електрум. Тогаш се појавуваат рудиментираните форми на банкарското работење, како што се менувачките работи, трансферот на пари и заложните работи. Оваа глава од трудот продолжува со претставување на Банката на Медичи која беше најпозната банка во времето на ренесансата во Италија и една од водечките финансиски институции во Европа во тоа време, а воедно се смета и за прва мултинационална банка во современата смисла на зборот. Оваа банка примила депозити до износ кој бил неколкупати поголем од вложениот капитал и одобрила заеми. Првенствено била вклучена во трансферот на средства поврзан со меѓународната трговија во тоа време. Таа била

главната банка на папската курија, а имала филијали низ цела Италија, како и во Лондон, Лион, Бриж, Женева и Авињон. Основана е во Рим во 1393 година, а потоа била префрлена во Фиренца (1397 г.).

Трудот продолжува со претставување на развојот на банакрството во развиените земји, како што се Велика Британија, Англија, Шкотска, Ирска, Франција, Германија, Швајцарија и други земји.

**Третата глава** од трудот кандидатот му ја посветува на структурата на банкарството, преку претставување на структурата на банакарството која се разликува од една во друга земја. Честопати банкарската структура на една земја зависи од правното уредување на банкарскиот сектор, како и од степенот на интеграција на земјата во меѓународните банкарски текови.

Банките во современите банкарски системи се групираат според местото што им е дадено во стопанскиот систем. Правилното категоризирање на банките не е ни малку лесна работа кога се работи за држави каде што бројот на банки достигнува стотици илјади.

Класичната поделба што е присутна подолг временски период, банките ги групира во две групи: централни (емисиони) банки и деловни банки. Во поново време, во банкарскиот систем свое место и улога наоѓаат и различни облици на други финансиски организации (осигурителни друштва, пензиски фондови, инвестициони фондови, и др.).

Постојат повеќе критериуми според кои може да се изврши класификацијата на банките, како на пример: сопственост, рочност на одобрените кредити, принцип на територијалноста на која што се простира работењето на банката, прибирањето парични средства за деловните потреби итн. Меѓутоа, новите односи во деловното работење коишто се јавуваат помеѓу банките и нивните комитенти во современиот свет укажуваат на фактот дека банките честопати вршат и такви работи кои според својот вид и поблиската специјалност не спаѓаат во делокругот на нивното редовно работење.

Современите банки претставуваат универзални, повеќенаменски финансиски институции, бидејќи нивните активности не се ограничени на традиционалните банкарски работи (прибирање на депозити и одобрување на кредити), туку тие нудат и бројни небанкарски услуги. Во денешни услови, банките се присутни на пазарот на капитал, каде што посредуваат во издавањето на хартии од вредност и во трговијата со хартии од вредност.

Во современи услови, банкарските институции ги извршуваат следниве функции: депозитна, кредитна, платно-прометна, финансиска и советодавна и надворешно-трговска. Современите банкарски работи претставуваат предмет на анлиза на **четвртата глава** од дисертацијата. Посебно место во оваа глава му е посветено на кредитот, поимното дефинирање на кредитот, субјектите, видовите на кредит. Освен кредитот како основен банкарски производ, во овој дел од дисертацијата се анализирани и другите современи банкарски производи, како што се: форфетинг, факторинг, лизинг.

Во **петтата глава**, кандидатот ја истражува трансформацијата на банкарскиот систем и дава преглед на меѓународното банкарство. Имено, во последните децении се случија сериозни промени во економскиот, технолошкиот и општествениот развој, кои се одразија врз банкарското работење. Измените што се случуваат денес во областа на банкарството имаат огромно значење. Банките стануваат мултифункционални или тие, на некој начин, стануваат вистински стоковни куќи на модерното време. Во банкарството на современиот свет сретнуваме банкарски и финансиски институции кои според нивните активности и нивната распространетост во нивните активности ги преминуваат националните граници и влегуваат во областа на меѓународното банкарство. Некои сметаат дека фунционира т.н. планетарно банкарство со инженеринг и реинженеринг. Интернационалното, односно меѓународното банкарство, или како што некои го нарекуваат планетарно банкарство, почнало да се развива во деведесеттите години на 20 век. Се

карактеризира со тоа што е софистицирано, процесорно и глобализирано банкарство. Понатаму, кандидатот ги елаборира современите трендови во банкарството, како што се: дергулацијата, внесувањето на технолошките иновации во банкарското работење, конкуренцијата меѓу банкарските институции како и процесот на секјуритизација. Посебно место во овој дел од трудот е посветен на секјуритизацијата. Секјуритизацијата претставува револуционерен производ на барањата на потрошувачите на пазарот на капитал. Основата на секјуритизацијата е содржана во трансформирањето на дел од банкарските кредити во хартии од вредност, најчесто во обврзници. Во изнаоѓање на нови извори на средства за финансирање на активностите, банките го користат и инструментот на секјуритизација.

**Шестата глава** од докторската дисертација е вовед на централната тема на истражувањето на дисертацијата и е насловена **Исламско банкарство**. Во овој дел од трудот, кандидатот продлабачено и соодветно го истражува исламскиот економски систем, појавата и развојот на исламското банкарство, ги претставува основните столбови на исламот како религија, сознавањето на Алах џ.ш, местото и улогата на Божјиот пратеник Мухамед а.с., Боженствената трансцеденција во Исламот. Со оглед на поставените истражувачки цели, во овој дел од трудот кандидатот се осврнува на односот и влијанието на религијата во економијата преку претставување на односот на капитализмот, социјализмот и исламската економија, одноот помеѓу хомо економикус и хомо исламикус, како и допирните точки и разликите помеѓу исламското VS конвенционалното банкарство. Исламската економска филозофија е изведена од исламската филозофија на животот, кои, меѓу другото, го сочинуваат: исламскиот концепт за човекот, упатство за чинење добро и забрана за чинење зло, односот кон сопственоста и кон богатството, кон мотивацијата, економската нееднаквост и праведната распределба. Исламската економија е стара колку што е стар и исламот. Нејзината основна цел е остварување на материјалното и на духовното унапредување и успех на овој и на идниот свет. Моделот на исламското банкарство претставува деловен модел што е продукт на исламската економија, чија експанзија доаѓа до израз во периодот по Втората светска војна, особено по 70-тите години на минатиот век.

Во **седмата глава** од трудот, предмет на анализа е односот на исламот кон лихвата, лихварството, односно кон каматата, кој претставува еден од фундаменталните принципи што ги разликува исламските финансии и банкарство од традиционалните финансии, односно од традиционалното банкарство. При тоа, во средиштето на истражувањето на кандидатот е улогата на каматата низ историјата, христијанскиот поглед кон каматата, погледите на претставниците на различните економоски школи кон каматата, како и исламскиот поглед кон каматата и причините за нејзината забрана. Со право укажува кандидатот дека каматата како етичка, општествена и економска категорија се третирала и пред нашата ера, во античко време, како и денес. Каматата во својот историски развој го следи кредитот, односно заемот. Тоа значи дека појавата на заемот доведува до појава на камата иако е познат заем и без камата. Во античките законодавства, каматата била забранувана како неморална категорија. Исламскиот пристап кон каматата е во иста линија со пристапот што го имале античките филозофи и класичните економисти, па и Кејнз, како истакнат претставник на модерната економија. Лингвистички, во арапскиот јазик зборот „er-riba“ потекнува од зборот „reba“, што во превод значи зголемување (додавање), додека во шеријатско-правната терминологија значи камата. Буквалното значење на камата или *al-riba* е преземено од арапскиот јазик и значи вишок или зголемување (риба-вишок или зголемување).

Историскиот развој на исламскиот финансиски систем и генезата на модерното исламско банкарство, кандидатот ги има проучено и соодветно елаборирано во **осмата глава** од дисертацијата, под наслов **Развој на исламското банкарство**. Гледано низ историска ретроспектива, принципите кои денес се користат како основа за развој на исламските финансиски производи се стари колку што е стар и исламот како религија. Почетокот на институционално функционирање на исламското банкарство и финансии се поврзува со

основањето на *Mit Ghamr Local Savings Bank*, основана од страна на Ахмед Ел-Неџџар (Ahmad El Najjar) во 1963 година во Египет. Во ова глава од трудот, кандидатот со право го елаборира и корпоративното управување на исламските финаниски институции преку претставување на коропоративната структура на исламките банки. Даден е соодветен приказ и на регулаторната рамка на исламските финаниски институции.

**Деветтата глава** од докторската дисертација е посветена на исламските финансиски инструменти. Во овој дел од трудот, кандидатот темелно и соодветно ги разработува основните карактеристики на сите исламски финансиски инструменти, нивната заснованост врз шеријатското право, практичната примена и ризиците. При тоа, во средиштето на истражувањето се мудареба, потоа мушарека, мурабаха, иџара, селем, истисна. На крајот се анализираат сукук структурите како најзначаен исламски финансиски инструмент кој во последниот период бележи извонредни резултати на финансискиот пазар.

Во заклучните согледувања кандидатот ги анализира предизвиците со кои се соочуваат исламските финансии. Кандидатот нагласува дека, денес, без сомнение, на исламското банкарство му е потребна униформност и стандардизација, како и повеќе регулаторни, надзорни и транспарентни процедури кои ќе ја подобрат неговата позиција во рамките на глобалниот финансиски пазар. Некои од предизвиците кои бараат брзо решение се недостатокот на ефикасна правна рамка, стандарди и процедури, недостатокот на квалификувана работна сила, недостатокот на ефикасна поддршка од државата. Исто така, укажуа и на потребата исламската финансиска индустрија да ја развие својата транспарентност, со цел да ја подобри својата веродостојност преку стандардизација и хармонизација на стандардите во практика и да ја зајакне својата позиција на светската финансиска сцена.

**Оцена на трудот**

Докторската дисертација на кандидатот м-р Башким Нуредини, со наслов „Правните аспекти на исламското бескаматно банкарство VS конвенционалното банкарство“, претставува самостојно и извонредно корисно истражување на особено современа и актуелна тема од областа на банкарството со што кандидатот дава научен придонес во областа на банкарското право, преку која се пополнува една научна празнина во облста на банкарството.

Сложеноста на предметот на истражувањето, како и фактот дека исламското банкарство многу малку или само површно е третирано од страна на домашната стручна и научна јавност, научниот придонес на кандидатот претставува дополнителен предизвик, но содржи бројни предизвици во поставувањето на целите и методолошкиот пристап.

Материјата во трудот е презентирана избалансирано, според логичен редослед, тргнувајќи од општото, преку посебното, до поединечното.

Материјата и ставовите на кандидатот се презентирани на едноставен и јасен начин. Со право, во првиот дел од трудот, во фокусот на анализата кандидатот ги става парите, нивниот развој низ историјата, преку изнесувањето на различните ставови на светските мислители по однос на парите, презентирањето на теориите за парите, односот на државата и парите, правното дефинирање на парите, како и функциите што парите ги вршат во современите услови, што му овозможи на кандидатот успешно да ја изврши компаративната анализа меѓу конвецниналното банкарство и исламското банкарство.

Анализата и приказот на конвенционалниот банкарски систем, вклучувајќи го, пред сè, неговиот историски развој, местото и улогата на банките во современото стопанство, поделбата и видовите на банкарски работи, местото и улогата на кредитот како најзначаен инструмент во банакрското работење вклучувајќи ги и современите трендови во банкарското работење во услови на глобализација на светската економија, му овозможија на кандидатот во последниот дел од

трудот компаративно да ги истражи фундаменталните принципи врз кои е изграден и функционира исламскиот финансиски систем.

При тоа, во средиштетето на споредбената научна анализа се правните аспекти на двата актуелни банкарски система, конвенционалниот систем кој функционира врз каматоносна основа и моделот на исламското банкарство што се карактеризира со своите инхерентни специфичности кои се засноваат на апсолутната преформулација на банкарското работење засновано во целосното ослободување од каматниот интерес, како општ нуклеус на исламскиот финансиски систем, како и врз принципот на поделбата на добивката и загубата. Со тоа, кандидатот соодветно ги истражи сличностите и разликите што постојат помеѓу конвенционалното и исламското банкарство.

Кандидатот целосно и успешно одговорил на поставените истражувачки задачи, и соодветно се справува со тематските и методолошките предизвици, јасно дефинирајќи ги целите на истражувањето, основната хипотетичка и теоретска рамка и методите на истражувањето приспособени на целите и сообразени со појдовните хипотези.

Комисијата констатира дека кандидатот успешно го истражил и го прикажал теоретското и практичното истражување на конвенционалното и исламското банкарство преку истражување и на нивната изворна филозофска доктрина, при што исламската економска филозофија ја изведува од исламската филозофија на животот, како што се исламскиот концепт за човекот, упатство за чинење добро и забрана за чинење зло, односот кон сопственоста и кон богатството, кон мотивацијата, економската нееднаквост и праведната распределба. Тоа му овозможува да ги потенцира и нејзините цели, како што се остварување на материјалното и на духовното унапредување и успех на овој и на идниот свет. Токму приказот на различниот поглед кон светот на исламската економија од конвенционалната економија, кои се засновани на сосема поразлични извори на сознавање, му овозможија на кандидатот да укаже на темелните вредности на исламот со посебен акцент на моралните и духовни и етички вредности, кои се дистинкционална разлика наспроти тоа што денес го препознаваме како западен економски концепт.

Кандидатот со право укажува дека современата исламската економија истовремено настојува од конвенционалната економија даго прифати сето она што е добро, а да го отфрли сето она што се смета за штетно. Основен филтер за оценување и за вреднување на прифатливите вредности претставува шеријатот.

Исламот дојде со јасни упатства, наредби и забрани за човештвото. Овие наредби и забрани имаат за цел воспоставување на ред, правда и благосостојба помеѓу луѓето. Целите на социо-економската правда и еднаквата распределба на доходите и на богатството се интегрални делови на моралната филозофија на исламот. Меѓу главните забрани во исламот, односно во исламското банкарство е забраната на камата.

Тоа му овозможи на кандидатот да укаже на различниот однос на исламот кон лихвата, лихварството, односно кон каматата, како еден од основните фундаментални принципи што ги разликува исламските финансии и банкарство од традиционалните финансии, односно од традиционалното банкарство. Истовремено како основни постулати врз кои е изграден моделот на исламското банкарство, кој претставува деловен модел што е продукт на исламската економија, чија експанзија доаѓа до израз во периодот по Втората светска војна, особено по 70-тите години на минатиот век.

Во дисертацијата соодветно се прикажува разликата меѓу конвенционалното финансиско банкарство, кое се извршува преку финансиските инструменти кои се засновани на камата, и исламското банкарство, во кое се развиени финансиски инструменти кои се ослободени од сите забранети елементи во шеријатот. Во конвенционалното банкарство, банките со помош на каматата и на различните инструменти за обезбедување на поврат на кредитот максимално се

заштитуваат од ризикот на пласираните средства. Со тоа, тие целокупниот ризик на кредитот го пренесуваат кон корисникот на кредитот, со што стануваат доволно незаинтересирани за успешноста на неговиот деловен потфат. Во исламското банкарство, ризикот се дели помеѓу банката и корисникот на капиталот. Следствено на вака поставениот принцип на работење, банката непосредно е заинтересирана за успехот на клиентот и активно ќе учествува во управувањето на фирмата. Со таквиот пласман на средства таа може да оствари поголема добивка во работата, отколку приходите кои би ги остварила врз основа на каматата.

Кандидатот укажува и на погрешните ставови и предрасуди кои го следат исламското банкарство, кое нема намера да биде, ниту пак е, козметичко прикривање за каматата, ниту пак претендира да биде формален и терминолошки параван со кои би се одобрила каматата, но под друго име.

Но, со право укажува кандидатот дека исламските банки не се добротворни организации, напротив, исламското банкарство е комерцијално и исламските банки не би имале никаква смисла ако не би оствариле профит. Од друга страна, непостоењето на каматата не подразбира забрана за инвестициски вложувања или позајмување со цел да се оствари добивка. Прикажани се и алтернативни финансиски производи за поголемиот дел производи кои ги нудат исламските банки во однос на оние што ги нудат конвенционалните банки.

На крај, кандидатот успешно отстранува бројни дилеми и догми поврзани со исламското банкарство, преку претставување на сличностите и разликите што постојат помеѓу исламското и конвенционалното банкарство, предизвиците со кои се соочува исламското банкарство, како и преку согледувањетоа на можноста за основање на банка која ќе работи согласно со исламските принципи и во Република Македонија.

Во подготовка на дисертацијата, кандидатот користел бројна и соодветна стручна литература од соодветните области и други извори, кои се коректно цитирани како теоретска поддршка на неговите аргументирани стојалишта, изложени на јасен и приемчив начин и стил што одговара на лингвистичките и логичките правила кои се користат во областа на деловното и банкарското право.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Башким Нуредини, со наслов „Правните аспекти на исламското бескаматно банкарство VS конвенционалното банкарство“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува сите услови и стандарди за подготовка на докторски труд и несомнено претставува значаен научен придонес во областа на банкарското и деловното право и ќе претставува солидна основа за запознавање на научната и стручната јавност, како и за натамошни истражувања во оваа сфера на сите кои натаму ќе се занимаваат со банкарството.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет„Јустинијан Први“ во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Башким Нуредини со наслов „Правните аспекти на исламското бескаматно банкарство VS конвенционалното банкарство“.

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

1. Д-р Тито Беличенец (ментор), редовен професор, с.р.
2. Д-р Весна Пендовска, редовен професор, с.р.
3. Д-р Гелев Димитар, редовен професор, с.р. 4. Д-р Александра Максимовска, редовен професор, с.р.
5. Д-р Биљана Петревска, доцент, с.р.

ПРЕГЛЕД

на прифатени теми за изработка на докторски дисертации на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје
Наставно-научен совет – 21.12.2016

| Кандидат | Тема на македонски јазик | Тема на англиски јазик | Комисија | Датум | Одлука број |
|---|---|---|---|---|---|
| м-р Моника Ковачевска | Правна рамка на издавачкиот договор и на слободното користење на авторските дела во традиционалното и дигиталното издаваштво – компаративни согледувања | The Legal Framework of the Publishing Contract and the Free Use of Copyright Works in Traditional and Digital Publishing - Comparative Observations | 1. проф. д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска (ментор) 2. проф. д-р Владо Бучковски 3. проф. д-р Ненад Гавриловиќ | 21.12.2016 | 02-1412/100 |
| м-р Душан Босиљанов | Социјалното претприемништво како инструмент за поголема вклученост на социјално загрозените групи во | Social entrepreneurship as an instrument for greater inclusion of socially marginalized groups in the | 1. проф. д-р Тодор Каламатиев (ментор), 2. проф. д-р Горан Коевски | 21.12.2016 | 02-1412/99 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Европската унија и Република Македонија | European Union and the Republic of Macedonia | (ко-ментор), и 3. доц. д-р Александар Ристовски | | |

**П Р Е Г Л Е Д**

**на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје Н.Н.С од 21-12-2016**

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** | **Датум** | **Одлука број** |
|---|---|---|---|---|
| Јордан Апостолски | Историска правда – судењето на воените злострорници по Втората светска војна (Historical Justice – Trials of War Criminals after the World War II) | доц.д-р Иванка Додовска | 21.12.2016 | 02-1412 / 81 |
| Александар Богоевски | Судска заштита на правата на странките, на учесниците и на третите лица во постапката за извршување (Judicial Protectionof the Rights of the Parties, Participants and Third Persons in Enforcement Proceedings) | проф.д-р Татјана Зороска Камиловска | 21.12.2016 | 02-1412 /82 |
| Благој Бањански | Поимот ствари и извршување на стварите (Things and its Sale in Enforcement Proceedings) | проф.д-р Родна Живковска | 21.12.2016 | 02-1412 /83 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Татјана Баевска Вучковиќ | Вакцината како вид на ствар и нејзиниот правен режим во македонското и споредбеното право (Vaccine as a Thing and its legal Regime in Macedonian and Comparative Law) | проф.д-р Родна Живковска | 21.12.2016 | 02-1412 /84 |
| Татјана Васиќ Бозаџиева | Правен режим на трансплантацијата во македонското и споредбеното право (Legal Regime of Transplantation in Macedonian and Comparative Law) | проф. д-р Родна Живковска | 21.12.2016 | 02-1412 /85 |
| Оливер Китаноски | Вршење на правото на сопственост на земјоделско земјиште (Realizing Ownership on Agricultural Land) | проф. д-р Родна Живковска | 21.12.2016 | 02-1412 /86 |
| Верица Тргачевска | Мобинг – облици и карактеристики (Mobing - types and characteristics) | проф.д-р Тодор Каламатиев | 21.12.2016 | 02-1412 /87 |
| Иван Чешларов | Принципот на транспарентност во буџетската постапка: студија на случај Општина Центар – Скопје (The Principle of Transparency in the Bugetary Process. A Case Study of « Opstina Centar ») | проф.д-р Александра Максимовска | 21.12.2016 | 02-1412 /88 |
| Ангела Тилева | Фискален пакт – мерки за дисциплинирање на земјите членки (Fiscal compact – An Instrument for Discipline of the Member States) | проф.д-р Весна Пендовска | 21.12.2016 | 02-1412 /89 |
| Сандра Илиевска | Финансиска политика и регулатива на задоцнетите плаќања во Република Македонија (Financial polity and Regulation on the Late payments in the Republic of Macedonia) | проф.д-р Александра Максимовска | 21.12.2016 | 02-1412 /90 |
| Гала Насева | Copyright protection of street art: Does enforcement of copyright protection of street art serve as an incentive for street artists? | проф.д-р Ненад Гавриловиќ | 21.12.2016 | 02-1412 /91 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | (Заштита на авторските права кај уличната уметност: Дали спроведувањето на заштитата на авторските права на уличната уметност служи како поттик за уличните уметници?) | | | |
| Ангела Лазаревска | Улогата на комуникациската стратегија во развојот на партиципативната демократија во Европската унија (The role of the communication strategy in the development of participatory democracy in the EU) | проф.д-р Каролина Ристова - Астеруд | 21.12.2016 | 02-1412 /92 |
| Габриела Трајкова | Лекарска грешка – казненоправни аспекти (Medical Malpractice - Criminal Law Aspects) | предлага проф.д-р Никола Тупанчески | 21.12.2016 | 02-1412 /93 |
| Јехона Рамадани | Злоупотреба на пензиското и инвалидското осигурување – казненоправни аспекти (Abuse of Pension and Disability Insurance - Criminal Law Aspects) | предлага проф.д-р Никола Тупанчески | 21.12.2016 | 02-1412 /94 |

**П Р Е Г Л Е Д**

**на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје Н.Н.С од**

**27-01-2017**

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** | **Датум** | **Одлука број** |
|---|---|---|---|---|
| Кристијан Стефановски | Можностите за подобрување на корпоративните перформанси преку алтернативно решавање на споровите (The possibilities for enhancing corporate performance through alternative dispute resolution) | проф. д-р Александар Климовски | 27.01.2017 | 02-73 / 49 |
| Горица Стефанова | Компаративна анализа на условите за основање банка во земјите на Југоисточна Европа (Comparative analysis on the conditions for establishing a bank in South-Eastern Europa) | проф. д-р Александар Стојков | 27.01.2017 | 02-73 / 50 |
| Александар Богоевски | Модели на вршење на родителското право по разводот на брак во македонското и споредбеното право (Models of Exercising Parental Rights after the Marriage Dissolution in the Macedonian Law and Comparatively) | проф.д-р Дејан Мицковиќ | 27.01.2017 | 02-73 / 51 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Маја Митревска | Формата на нотарскиот тестамент и нејзините специфичности (Specifics of the Form of the Notarial Will) | доц.д-р Елена Игновска | 27.01.2017 | 02-73 / 52 |
| Иван Московски | Договорниот имотен режим на брачните другари (Contractual Marital Regime of the Spouses) | доц. д-р Ангел Ристов | 27.01.2017 | 02-73 / 53 |
| Ивана Ристевска | Имотните односи на брачните партнери во Република Македонија (Property Relations of the Marital Partners in Republic of Macedonia) | доц. д-р Ангел Ристов | 27.01.2017 | 02-73 / 54 |
| Силвија Стојковска | Брачниот договор: реална потреба или озаконување на материјализмот (Marital Agreement: Real Need or Legalisation of the Materialism) | доц. д-р Ангел Ристов | 27.01.2017 | 02-73 / 55 |
| Мартин Иванов | Подрачје на примена на Виенската конвенција на договорите за меѓународна продажба на стоки од 1980 година (Scope of Application of the 1980 Vienna Convention on Contracts for the International Sale of Goods) | проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска | 27.01.2017 | 02-73 / 56 |
| Жаклина Стаменкова | Администрацијата како стручна служба на владата (Administration in Service to the Government) | проф. д-р Борче Давитковски | 27.01.2017 | 02-73 / 57 |
| Стефана Мишевска | Правни аспекти за разрешување на проблематични пласмани во банкарскиот сектор на Република Македонија (Legal Aspects of the Resolution of Risky Loans in the Macedonian Banking Sector) | проф.д-р Александар Стојков | 27.01.2017 | 02-73 / 58 |
| Виолета Јанева | Правни ризици во банките во Република Македонија (Legal Risks in the Macedonian Banks) | проф.д-р Александар Стојков | 27.01.2017 | 02-73 / 59 |
| Андреја Стојановски | Цели и задачи на централните банки – случајот на Република Македонија (The Central Bank’s Tasks and Objectives – the Case of the Republic of Macedonia) | доц. д-р Јован Зафироски | 27.01.2017 | 02-73 / 60 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Елизабета Кулеванова | Спроведување на супервизија над осигурителните друштва во Република Македонија, со посебен осврт на надлежности и овластувања на Агенцијата за супервизија на осигурувањето (Supervision of Insurance Companies – Powers and Legal Competencies of Insurance Supervision Agency) | проф. д-р Ванчо Узунов | 27.01.2017 | 02-73 / 61 |
| Тони Петрески | Финансирање на пензискиот систем во Република Македонија и неговата улога како фактор за раст и развој на економијата (Financing of a System of Pension Insurance in the Republic of Macedonia and Pension System as a Factor of Economic Development) | проф. д-р Ванчо Узунов | 27.01.2017 | 02-73 / 62 |
| Марина Иваноска | Банкарската ликвидност – фактор за успешно функционирање на банките во банкарскиот систем (Bank Liquidity – Condition for Successful Functioning in the Banking System) | проф. д-р Ванчо Узунов | 27.01.2017 | 02-73 / 63 |
| Фросина Колевска | Планот и постапката за реорганизација на трговското друштво во стечај (Insolvency Plan and Reorganization Proceedings for Commercial Companies) | проф. д-р Димитар Гелев | 27.01.2017 | 02-73 / 64 |
| Елена Утковска Пејковска | Правно уредување на медицинската документација (Legal Regulation of Medical Documentation) | проф. д-р Димитар Гелев | 27.01.2017 | 02-73 / 65 |
| Тодор Паноски | Форми на преструктуирање на трговските друштва (Types of Restructuring of Commercial Companies) | доц.д-р Биљана Петревска | 27.01.2017 | 02-73 / 66 |
| Росица Секуловска | Имотно осигурување – економско-правни аспекти и застапеност во Република Македонија (General Insurance – Economic and Legal Aspects and Significance in the Republic of Macedonia) | доц.д-р Биљана Петревска | 27.01.2017 | 02-73 / 67 |
| Сашко Баџуков | Доделување на договор за консултантски услуги при | доц.д-р Биљана Петревска | 27.01.2017 | 02-73 / 68 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | децентрализирано управување со средствата од инструментот за претпристапна помош (Public Procurement for Consultancy Agreements in Decentralized Management of Public Funds from Instrument for Pre-Accession Assistance) | | | |
| Ристе Георгиевски | Изложеност на банката на ризици (Risk Exposure of Banks) | доц.д-р Биљана Петревска | 27.01.2017 | 02-73 / 69 |
| Горан Лазаров | Работните услови на вработените во Република Македонија (Working Conditions of Workers in the Republic of Macedonia) | проф. д-р Димитар Гелев | 27.01.2017 | 02-73 / 70 |
| Верица Спасеноски | Правно уредување на професионалната одговорност на лекарите (Medical Negligence – Legal Regulation) | проф. д-р Димитар Гелев | 27.01.2017 | 02-73 / 71 |
| Арбен Гудачи | Животно осигурување со посебен осврт на договорите за осигурување (Life insurance and life insurance contracts) | доц.д-р Биљана Петревска | 27.01.2017 | 02-73 / 72 |
| Катарина Јовановска | Причини и услови за отварање на стечајна постапка (Conditions and Causes for Commencement of Insolvency Proceedings) | проф. д-р Димитар Гелев | 27.01.2017 | 02-73 / 73 |
| Александра Костеска | Менаџирање на ризикот во постапките на присоединување, спојување и поделба на трговските друштва (Risks Management in Mergers and Division Proceedings) | проф. д-р Димитар Гелев | 27.01.2017 | 02-73 / 74 |
| Катерина Богданоска | Права и обврски на инвестициониот управител (Rights and Obligations of Investment Managers) | проф. д-р Димитар Гелев | 27.01.2017 | 02-73 / 75 |
| Димитриј Димитров | Балканската политика за време на Студената војна (Историја, геополитика, балкански влади во периодот 1945-1989 година) (Balkan Politics during the period of the Cold War (History, Geopolitics and the | доц.д-р Иванка Додовска | 27.01.2017 | 02-73 / 76 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | governments in the Balkans during the period of 1945-1989) | | | |
| Ана Каширска | Надомест на штета при повреда на арбитражна спогодба во меѓународна трговска арбитража според Виенската конвенција на Обединетите Нации за договорите за меѓународна продажба на стока од 1980 година (Compensation of Damages for Breach of an Arbitration Agreement in International Commercial Arbitration under the 1980 United Nations Convention on Contracts for the International Sale of Good) | проф. д-р Тони Дескоски | 27.01.2017 | 02-73 / 77 |
| Марија Николовска | Посебна меѓународна надлежност во меѓународното приватно право на Европската Унија во граѓанските и трговските работи (Special Jurisdiction in Civil and Commercial Matters in the European Private International Law) | проф. д-р Тони Дескоски | 27.01.2017 | 02-73 / 78 |
| Даниел Станоески | „Правни предизвици на криминализацијата на миграцијата во Европа (Legal Challenges of the Criminalisation of Migration in Europe) | проф. д-р Сашо Георгиевски | 27.01.2017 | 02-73 / 79 |
| Наташа Петковска | Суспендирање на меѓународните договори во контекст на Европската Конвенција за човекови права – актуелниот случај со Турција (Suspension of International Agreements in the context of the European Convention of Human Rights – the case of Turkey) | проф. д-р Сашо Георгиевски | 27.01.2017 | 02-73 / 80 |
| Антонија Јовановска | Одбранбени мерки при непријателско преземање на акционерско друштво (Defenses Against Hostile Takeovers of Joint Stock Companies)“ | проф. д-р Горан Коевски | 27.01.2017 | 02-73 / 81 |
| Жаклина Дамческа | Правото за трговските друштва во Република Грција и правото на Европската Унија (Company Law in the Republic of Greece and European Union Law) | проф. д-р Димитар Гелев | 27.01.2017 | 02-73 / 3 |

РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ: ОПШТЕСТВЕНА ГЕОГРАФИЈА (ЕКОНОМСКА) И ДРУГИ СПЕЦИФИЧНИ ПОДРАЧЈА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ од 24-25 12. 2016 и „Коха“ на 24. 12. 2016 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област општествена географија (економска) (предмети: индустриска географија, социоекономска географија на Република Македонија, географија на енергетика) и други специфични подрачја (миграции на населението, историска демографија и бањски туризам) и врз.2017 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Ристо Мијалов, редовен професор на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, д-р Благоја Маркоски, редовен професор на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје и д-р Мирјанка Маџевиќ, редовен професор на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го донесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област општествена географија (економска) (предмети: индустриска географија, социоекономска географија на Република Македонија, географија на енергетика) и други специфични подрачја (миграции на населението, историска демографија и бањски туризам), во предвидениот рок се пријави д-р Билјана Стојан Апостоловска Тошевска, вонреден професор на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

### 5. Биографски податоци и образование

Кандидатката вонр. проф. д-р Билјана Апостоловска Тошевска е родена на 10.7. 1971 год., во Скопје. Средно образование завршила во СУ „Зеф Љуш Марку“ во Скопје. Со високо образование се стекнала на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Дипломирала во 1994 година, со просечен успех 9,54, поради што истата година била избрана за најдобар студент на Природно-математичкиот факултет во Скопје во учебната 1993/1994 година.

Во учебната 1993/1994 се запишала на магистерски студии на Институтот за географија при ПМФ, на насоката просторно планирање. Студиите ги завршила во 2001 година, со просечен успех 9,4, со одбраната на магистерскиот труд на тема: „Состојби и перспективи на агроиндустријата во Пелагонија“.

Докторска дисертација пријавила на 7.5.2003 година, која и била одобрена за изработка на седницата на Наставно-научниот совет на ПМФ на 30.9.2003 година. Рецензијата за оцена на докторската дисертација е објавена во Билтен бр. 905 од 16. 10. 2006 година. Дисертацијата на

тема: „Влијанието на локационите фактори врз развојот на индустријата и трансформација на просторот во Средно Повардарие на Република Македонија" ја одбранила во 2006 година на Институтот за географија при Природно-математички факултет во Скопје, пред Комисија во состав: д-р Александар Стојмилов, редовен професор на ПМФ, д-р Томе Андоновски, редовен професор на ПМФ, д-р Мирјанка Маџевиќ, вонреден професор на ПМФ, д-р Аслан Селмани, редовен професор на ПМФ и д-р Благоја Маркоски, редовен професор на ПМФ. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на географски науки.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Во текот на учебната 1995/1996 година работи како професор по географија во Гимназијата „Јосип Броз Тито" во Скопје. Во декември 1996 година е примена како стручен соработник на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Од 1999 до 2002 година работела како помлад асистент на Институтот за географија, а од 2002 до 2007 како асистент. Во 2007 е избрана во звањето доцент на Институтот за географија по социо-економска географија, а во 2012 година е избрана во звањето вонреден професор.

Во моментот е вонреден професор. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на Универзитетот бр. 1030 од 2.5.2012 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 669 од 21.10.1996 год., бр. 741 од 15. 10. 1999 год., бр. 811 од 30. 09. 2002 год., бр. 876 од 01. 02. 2005 год., бр. 325 од 31.08. 2007 год.и бр. 1030 од 2. 05. 2012 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 6. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Институт за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, кандидатот д-р Билјана Апостоловска Тошевска наставната дејност ја остварува преку организирање на предавања, консултации, семинарски работи, писмени и усни испити на првиот, вториот и третиот циклус на насоките на Институтот за географија.

Во периодот од изборот за вонреден професор до сега, на првиот циклус студии ги реализира предавањата по предметите: социоекономска-географија на Република Македонија, индустриска географија, географија на енергетика - на наставната насока; социоекономска-географија на Република Македонија, миграции на населението и историска демографија - на насоката демографија; бањски туризам - на насоката туризам и индустриска географија - на насоката ГИС.

За сите предмети кандидатката има подготвено прегледни презентации за предавање, печатени материјали, соодветни скрипти и учебници по два предмета.

На вториот циклус студии на насоката демографија одржува предавања по предметите: демографски методи и модели, динамика на населението, додека на наставната насока ја реализира наставата по предметот: методологија на научноистражувачка работа во индустриската географија.

На третиот циклус студии на наставната насока одржува предавања по индустриска географија, како изборен предмет.

Од изборот во звањето вонреден професор до сега била ментор на 16 дипломски работи од областа на економската географија (индустриска географија и географија на енергетика) и демографијата (миграции на населението). Кандидатката била член во комисија за оцена и одбрана на 27 дипломски и 6 магистерски работи.

Коавтор е на учебникот „Социо-економски географија на Република Македонија (второ дополнето издание)". Има подготвено интерни скрипти од предавања и пакет материјали за сите предмети кои ги предава на Институтот за географија.

Во изминатиот период преку CEEPUS - програмата за размена на наставници и студенти престојувала на Географскиот факултет во Задар, каде што одржала и соодветни предавања од областа на социоекономската географија на Република Македонија и миграциските движења на населението, пред студентите на прв циклус студии по географија.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Билјана Апостоловска Тошевска, во периодот од последниот избор за вонреден професор, има објавено 17 научни трудови од областа на општествената (економска) географија и други специфични подрачја, и тоа: 9 труда со оригинални научни резултати во меѓународни научни списанија, 2 труда во зборник на трудови од научен собир, 6 труда во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор. Во истиот меѓупериод учествувала како член во еден научен проект при Институтот за географија.

Кандидатката учествувала на повеќе конференции со сопствени усни и постерски презентации во земјата и во странство. Меѓу нив, од посебно значење би ги споменале присуството на IGU Regional Conference, Krakow, Poland-2014 и 32nd International Geographical Congress Cologne, Germany -2012.

Во Анексот 2 се наведени листите на трудови со оригинални научни/стручни резултати објавени во зборници и списанија, со меѓународни и домашни уредувачки одбори, како и останатите активности од областа на научноистражувачката дејност.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Билјана Апостоловска Тошевска е активно вклучена во стручно-апликативната работа на Природно-математичкиот факултет. Учествува во промотивни активности на Факултетот, како и во изготвување на студиски програми од прв циклус студии на наставната насока, како и прв и втор циклус на насоката демографија при Институтот за географија.

До јануари 2017 година е повеќегодишен координатор на CEEPUS-програмата за размена на наставници и студенти успешно координирајќи ги посетите на странки професори и студенти на Институтот за географија и овозможувајќи студенти и професори од Институтот да престојуваат во некои од европските универзитети, членови на GEOREGNET-мрежата при CEEPUS.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на стручни комисии при ПМФ, и тоа во Комисијата за самоевалуација (2015 година) и Комисијата за наука (2016 година).

Кандидатката е член на уредувачкиот одбор на две меѓународни научно стручни списанија: Географски разгледи и Acta Geobalcanika, а учествувала и во организациониот одбор на два меѓународни научни собира.

Од страна на Природно-математичкиот факултет е избрана за член на Универзитетскиот сенат за периодот 2016-2020 година.

Д-р Билјана Апостоловска Тошевска покажува истакната активност во работењето на Македонскотото географско друштво, каде што до 2015 година (поточно од 2007 до 2015 година) ја вршеше функцијата секретар, а од 2015 година е избрана на негов претседател. Во рамките на Македонското географско друштво, активностите ги насочува кон организирање на семинари за професорите по географија, работилници и целосна организација на регионалните и државните натпревари по географија за учениците од основните и средните училишта. Истовремено, преку споведените активност во МГД, таа остварува промотивни заложби за популаризација на географијата, Институтот за географија и Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Во Анексот 2 се наведени активностите од областа на стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес во периодот од изборот во звањето вонреден професор до денес.

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

Кандидатката д-р Билјана Апостоловска Тошевска, во периодот од 2013/2014, 2014/2015 и 2015/2016 година, доби позитивни оцени (од 9,81 до 9,59) од анонимно спроведената анкета на студентите на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Билјана Апостоловска Тошевска.

Во изминатиот петгодишен период од изборот во звањето вонреден професор до денес, таа се истакнува како вреден, исполнителен наставник, со посветеност кон наставната, научноистражувачката и апликативната дејност. Има воспоставено стручен и професионален однос со студентите и колегите. Континуирано работи на своето научно усовршување, со нагласена мотивираност за следење на најновите сознанија и актуелните проблеми од областа на општествена географија (економска) и други специфични подрачја.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Билјана Апостоловска Тошевска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор во научната област општествена географија (економска) и други специфични подрачја.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, д-р Билјана Апостоловска Тошевска да биде избран во звањето **редовен професор** во научната област општествена географија (економска) (предмети: индустриска географија, социоекономска географија на Република Македонија, географија на енергетика) и други специфични подрачја (миграции на населението, историска демографија и бањски туризам).

.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. **Проф. д-р Ристо Мијалов, с.р.**

2. **Проф. д-р Благоја Маркоски, с.р.**

3. **Проф. д-р Мирјанка Мацевиќ, с.р.**

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Билјана Стојан Апостоловска Тошевска**

**Институција: Природно-математички факултет – Скопје, Институт за географија**

**Научна област: географија**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Реден број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|

| 1. | **Одржување настава – прв циклус студии** | ***66*** |
|---|---|---|
| | **2012/2013 година (зимски семестар)** (15*15*0,04 = 9)<br>Социоекономска географија на Р Македонија 4+2<br>Индустриска географија 4+2<br>Историска демографија 4+2<br>Биолошки структури 3+2<br>**2012/2013 година (летен семестар)** (11*15*0,04 =6,6)<br>Географија на енергетика 2+1<br>Миграции на населението 3+2<br>Социоекономски структури на населението 4+2<br>Демографско стареење 2+2<br>**2013/2014 (зимски семестар)** (14*15*0,04 = 8,4)<br>Социоекономска географија на Р Македонија 4+2<br>Индустриска географија 4+2<br>Историска демографија 4+2<br>Бањски туризам 2+2<br>**2013/2014 (летен семестар)** (11*15*0,04=6,6)<br>Географија на енергетика 2+1<br>Миграции на населението 3+2<br>Социоекономски структури на населението 4+2<br>Демографско стареење 2+2<br>**2014/2015 (зимски семестар)** (14*15*0,04=8,4)<br>Социоекономска географија на Р Македонија 4+2<br>Индустриска географија 4+2<br>Историска демографија 4+2<br>Бањски туризам 2+2<br>**2014/2015 (летен семестар)** (9*15*0,04=5,4)<br>Географија на енергетика 2+1<br>Миграции на населението 3+2<br>Социоекономска географија на Р Македонија 4+2 (за демографи)<br>**2015/2016 (зимски семестар)** (14*15*0,04=8,4)<br>Социоекономска географија на Р Македонија 4+2 | |

| | | |
|---|---|---|
| | Индустриска географија 4+2<br><br>Историска демографија 4+2<br><br>Бањски туризам 2+2<br><br>**2015/2016 (летен семестар)** (9*15*0,04=5,4)<br><br>Географија на енергетика 2+1<br><br>Миграции на населението 3+2<br><br>Социоекономска географија на Р Македонија 4+2 (за демографи)<br><br>**2016/2017 (зимски семестар)** (13*15*0,04=7,8)<br><br>Социоекономска географија на Р Македонија 4+2<br><br>Индустриска географија 4+2<br><br>Историска демографија 3+2<br><br>Бањски туризам 2+2 | |
| | **Одржување настава – втор циклус студии - демографија** | ***6*** |
| | Демографски методи и модели 4+2+2<br><br>Динамика на населението 4+1+2 ( 8*15*0.05) | |
| | **Одржување настава – втор циклус студии – наставна насока** | ***3,75*** |
| | Методологија на научно-истражувачка работа во индустриска географија 5+2<br><br>(5*15*0.05) | *3,75* |
| | **Одржување настава – трет циклус студии – наставна насока** | ***3.6*** |
| | Индустриска географија (предмет од поширока област на истражување – група А) 4+0<br><br>(4*15*0,06) | *3.6* |
| **2.** | **Подготовка на нов предмет - предавања** | ***1*** |
| | Бањски туризам | |
| **3.** | **Консултации со студенти** | ***1,076*** |
| | **2012/2013 година (зимски семестар)** (66*0,002=0,13) | |

| | | |
|---|---|---|
| | **2012/2013 година (летен семестар)** (45*0,002=0,09)<br>**2013/2014 (зимски семестар)** (86*0,002=0,172)<br>**2013/2014 (летен семестар)** (48*0,002=0,096)<br>**2014/2015 (зимски семестар)** (83*0,002=0,166)<br>**2014/2015 (летен семестар)** (42*0,002=0,084)<br>**2015/2016 (зимски семестар)** (65*0,002=0,13)<br>**2015/2016 (летен семестар)** (49*0,002=0,098)<br>**2016/2017 (зимски семестар)** (55*0,002=0,11) | |
| **4.** | **Ментор на дипломска работа**<br>2012 година 1 дипломска работа<br>2013 година 4 дипломски работи<br>2014 година 5 дипломски работи<br>2015 година 3 дипломски работи<br>2016 година 3 дипломски работи (16*0,2) | ***3,2*** |
| **5.** | **Член на комисија или одбрана на магистратура** ( 6*0,3) | ***1,8*** |
| **6.** | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа**<br>2012 година 3 дипломски работи<br>2013 година 7 дипломски работи<br>2014 година 11 дипломски работи<br>2015 година 4 дипломски работи<br>2016 година 2 дипломски работи (27*0,1) | ***2,7*** |
| **7.** | **Изменето и дополнето издание на учебник**<br>Стојмилов А., Апостоловска Тошевска Б. (2015): Социо-економска географија на Република Македонија (второ дополнето издание), ПМФ, Скопје | ***3*** |
| **8.** | **Пакет материјали од одреден предмет**<br>Бањски туризам<br>Биолошки структури | ***2*** |
| | **ВКУПНО** | **94.13** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Реден број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание** | ***25.2*** |
| | **Apostolovska Toshevska B**., Markoski B., Dimitrovska O., Milevski I., Gorin S. (2012): Characteristics of the Unemployment in the Republic of Macedonia, Human Geographes –International Journal of the Studies and research in Human Geography vol. 2, issue 1, Romania, 59-65. | ***2,4*** |
| | **Apostolovska Toshevska B.,** Madzevik M. (2012): Demographic components of the Pelagonia region as benchmarks in the formation of the labor contingent, DEMOGRAPHY – international journal for demographic and other social studies, vol. IX 2012, 289-300. | ***3,6*** |
| | Dimitrovska O. Markoski B., **Apostolovska Toshevska B**., Milevski I., Gorin S. (2012): Surface water pollution of major rivers in the Republic of Macedonia, Procedia Environmental Sciences 12 (2012), Elservier, 32-40. | ***2.4*** |
| | Markoski B., **Apostolovska Toshevska B**., Dimitrovska O., Milevski I., Gorin S. (2012): Characteristics of the urban settlements network in the Republic of Macedonia, Forum geographic, geographical studies and environment protection research, vol. XI, issue 2 (12 2012), 155-160. | ***2,4*** |
| | Madzevic M., **Apostolovska Toshevska B.,** Iliev D. (2013): A process of demographic and economic polarization in the Republic of Macedonia, International Scientific Journal Geographica Pannonica vol. 17, Issue 2 (June 2013), University of Novi Sad, Faculty of Sciences, Department of Geography, Tourism and Hotel Management, 46-53. | ***3,2*** |
| | Madjevikj M., **Apostolovska Toshevska B.**, Ljakoska M. (2014): The age structure of the population in the eastern region of the Republic of Macedonia in aspect of spatial planning. Demography, Vol.XI 2014, International journal for demographic and other social studies, Belgrade, Serbia, pp. 45-51. | ***3,2*** |
| | Iliev D., Taleska M., **Apostolovska Toshevska B**., Kitevski G. (2015): Definition, systematization and tourist potentials of the touristic space units at tourist region Strumica Radovish, Geographical Reviews num. 48, Macedonian Geographycal Society, 53-62. | ***2.4*** |
| | Madjevikj M., **Apostolovska Toshevska B**., Gorin S., Ljakoska M. (2016): The regional differentiation of the demographic movements in the Republic of Macedonia. Environmental & Socio-economic Studies, Vol. 4, No 3/2016, Poland, pp. 10-20. | ***2,4*** |
| | Madjevikj M., **Apostolovska Toshevska B**., Ljakoska M. (2016): Regional differences in the population natural increase in the Republic of Macedonia, Journal of the Geographical Institute "Jovan Cvijic", SASA, Vol 66, No 3 (2016), Serbia, pp. 417-431. | ***3,2*** |
| 2. | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир** | ***3,8*** |
| | **Апостоловска Тошевска Б.** (2016): Можности за локација и развој на индустријата во општина Ѓорче Петров и нејзино значење, Научна трибина ,,Сто години населба Ѓорче Петров", 15.9. 2016 година, Ѓорче Петров, Скопје, стр. 49-61. | ***2*** |
| | Madzevic M., **Apostolovska Toshevska B**. (2016): Usage of the Mountain Areas in the Republic of Macedonia, Sustainable development in Mountain regions South-eastern Europe, Second edition, Springer, pp.75-84. | ***1,8*** |

| | | |
|---|---|---|
| **3.** | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** | ***14,4*** |
| | **Apostolovska Toshevska B.,** Madzevik M. (2013): Problems with the demographic ageing in the hilly, hilly – mountains and mountainous village settlements in the Northeast region, Proceedings from International scientific symposium on the subject „Hilly mountain areas -problems and perspectives“, 12-15 09. 2013, Ohrid, tome 1, Macedonian Geographical Society, 313-324.<br><br>**Apostolovska Toshevska B.,** Iliev D**.** (2013): Infrastructure as a factor of economic-geographical and functional development of hilly, hilly-mountainous and mountainous village settlements in the catchment area of Babuna and Topolka, Proceedings from International scientific symposium on the subject „Hilly mountain areas -problems and perspectives“, 12-15 09. 2013, Ohrid, tome 1, Macedonian Geographical Society, 275-283.<br><br>Madzevic M, **Apostolovska Toshevska B.** (2014): Changes in the national structure of the Republic of Macedonia, History and Geography, meetings and permeations, Thematic Collection and Papers, Geographical Institute Jovan Cvijic SASA, The Institute for recent history of Serbia, The Institute of Slavic Studies RAS, Collections of works vol. 11, Belgrade, 343-357.<br><br>Ljakoska M.**,** Todorova A., Madjevikj M., **Apostolovska Toshevska B.** (2015): Opportunities for the development of wine and SPA tourism in the southeast systematic region in the Republic of Macedonia. Proceedings of the IVth International Scientific Conference, Climate Change, Economic Development, Environment and People (CCEDEP), Regional Development of Central and European Countries, Vol. 2, 07-09.10.2014, Plovdiv, Bulgarija, pp. 369-392.<br><br>Маркоски Б., Димитровска О**., Апостоловска Тошевска Б**., Младеновска Ј. (2015): Картографско-географска регионализација на Република Македонија од аспект на животната средина, Зборник на трудови од Петтиот конгрес на географите од Република Македонија, Скопје, 26-29. 9, 2015 pp. 179-193.<br><br>**Apostolovska Toshevska B**., Ljakoska M. (2016): Internal migratory movements and the (no) opportunities for sustainable development in the Republic of Macedonia. Proceedings of the second international scientific conference Geobalcanica 2016, 10-12.06.2016, Skopje, Republic of Macedonia, pp. 331-338. | ***2,7***<br><br>***2,7***<br><br>***2,7***<br><br>***1,8***<br><br>***1,8***<br><br>***2,7*** |
| **4.** | **Одржано предавање по покана на универзитет**<br><br>Предавање на Географскиот факултет во Задар, мај 2016 година | ***1*** |
| **5.** | **Учество на научен/стручен собир со реферат** | ***7,5*** |
| | **усна презентација** | |
| | **Apostolovska Toshevska B.,** Madzevik M. (2013): Problems with the demographic ageing in the hilly, hilly – mountains and mountainous village settlements in the Northeast region, Proceedings from International scientific symposium on the subject „Hilly mountain areas -problems and perspectives“, 12-15 09. 2013, Ohrid, tome 1, Macedonian Geographical Society, 313-324.<br><br>**Apostolovska Toshevska B.,** Iliev D**.** (2013): Infrastructure as a factor of economic-geographical and functional development of hilly, hilly-mountainous and mountainous village settlements in the catchment area of Babuna and Topolka, Proceedings from International scientific symposium on the subject „Hilly mountain areas -problems and perspectives“, 12-15 09. 2013, Ohrid, tome 1, Macedonian Geographical Society, 275-283. | ***1***<br><br>***1*** |

| | | |
|---|---|---|
| | Ljakoska M., Todorova A., Madjevikj M., **Apostolovska Toshevska B.** (2015): Opportunities for the development of wine and SPA tourism in the southeast systematic region in the Republic of Macedonia. Proceedings of the IVth International Scientific Conference, Climate Change, Economic Development, Environment and People (CCEDEP), Regional Development of Central and European Countries, Vol. 2, 07-09.10.2014, Plovdiv, Bulgarija, pp. 369-392.<br><br>**Apostolovska Toshevska B**., Ljakoska M. (2016): Internal migratory movements and the (no) opportunities for sustainable development in the Republic of Macedonia. Proceedings of the second international scientific conference Geobalcanica 2016, 10-12.06.2016, Skopje, Republic of Macedonia, pp. 331-338.<br><br>**Apostolovska Toshevska B**., Madjevikj M., Ljakoska M. (2016): Demogeografski pregled migracionih kretanja u Republici Makedoniji. Naučni skup, "Demografski izazovi na prostoru bivše Jugoslavije", Beograd, Srbija, 15.04.2016.<br><br>**Апостоловска Тошевска Б.** (2016): Можности за локација и развој на индустријата во општина Ѓорче Петров и нејзино значење, Научна трибина ,,Сто години населба Ѓорче Петров", 15.9. 2016 година. | *1*<br><br>*1*<br><br>*1*<br><br>*1* |
| | **постер** | |
| | Madjevikj M., **Apostolovska Toshevska B**., Iliev D. (2012): A process of demographic and Economic polarization in the Republic of Macedonia, 32nd International Geographical Congress Cologne 2012, Germany, 26-30 August, 2012 | *0,5* |
| | Madjevikj M., **Apostolovska Toshevska B**., Gorin S., Ljakoska M. (2014): The regional differentiation of the demographic movements in the Republic of Macedonia. International Geographical Union, 2014 Regional Conference, 18-24.08.2014, Krakow, Poland | *0,5* |
| | Madjevikj M., **Apostolovska Toshevska B**., Ljakoska M. (2015): Some features of the population natural growth in the Republic of Macedonia. Fifth international conference of Balkans demography, "The population of the Balkans at the dawn of the 21 century", 21-24.10.2015, Ohrid, Republic of Macedonia. | *0,5* |
| **6.** | **Апстракти објавени во зборник на конференција** | *4* |
| | **Меѓународна** | |
| | Dymitrow, Mirek; Brauer, René; Holmertz, Gun; **Apostolovska-Toševska, Biljana;** Holmberg, Fredrik & Johansson, Lars (2014). Transcending the rural-urban meme: Hammarkullen – a landscape caught in-between. In: Stenseke, M., Dymitrow, M., Saltzman, K. et al., eds. *Unraveling the logics of landscape*, Gothenburg: University of Gothenburg.<br><br>Madjevikj M., **Apostolovska Toshevska B**., Gorin S., Ljakoska M. (2014): The regional differentiation of the demographic movements in the Republic of Macedonia. International Geographical Union, 2014 Regional Conference, Krakow, Poland, 18-24.08.2014.<br><br>Madjevikj M., **Apostolovska Toshevska B**., Ljakoska M. (2015): Some features of the population natural growth in the Republic of Macedonia. Fifth international conference of Balkans demography, "The population of the Balkans at the dawn of the 21 century", Ohrid, Republic of Macedonia, 21-24.10.2015.<br><br>**Apostolovska Toshevska B**., Madjevikj M., Ljakoska M. (2016): Demogeografski pregled migracionih kretanja u Republici Makedoniji. Naučni skup, "Demografski izazovi na prostoru bivše Jugoslavije", Beograd, Srbija, 15.04.2016. | *1*<br><br>*1*<br><br>*1*<br><br>*1* |

| | | |
|---|---|---|
| | **ВКУПНО** | ***55.9*** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | **Учество во работата на комисии за државни натпревари по географија**<br>2013, 2015, 2016 година | 1 |
| **2.** | **Учество во промотивни активности на факултетот/институтот** | 3 |
| | Манифестација, "Ноември – месец на науката" – Скопје, ноември, 2016,<br>Настап на медиуми<br>Координатор на CEEPUS - програмата 2011 -<br>Секретарски активности на МГД до 2015 година<br>Претседател на МГД 2015 -<br>Предавање на „Dani geografije",Задар, мај 2016 | |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| **1.** | **Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание**<br>Географски разгледи<br>Acta Geobalcanika | ***2*** |
| **2.** | **Член на организационен одбор на меѓународен научен/стручен собир**<br>Меѓународен научен собир „Ридско-планински подрачја – проблеми и перспективи", Охрид, 12-15. 9. 2013<br>Петти конгрес на географите од Република Македонија, 26-27. 9. 2015, Скопје | ***2*** |
| **3.** | **Член на Универзитетскиот сенат**<br>2016- | ***2*** |
| **4.** | **Член на факултетска комисија**<br>Комисија за наука, 2016<br>Комисија за самоевалуација, 2015 | *1* |

| | | |
|---|---|---|
| | **ВКУПНО** | **11** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 94,13 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 55,9 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 11 |
| **ВКУПНО** | **161,03** |

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. **Проф. д-р Ристо Мијалов, с.р.**
2. **Проф. д-р Благоја Маркоски, с.р.**
3. **Проф. д-р Мирјанка Мацевиќ, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ **ЕФЕКТИ НА НИКОТИНОТ ОД РАЗЛИЧНИ ОРИЕНТАЛСКИ СОРТИ НА ТУТУН ВРЗ ПРОДУКЦИЈАТА НА ПРОСТАГЛАНДИН $E_2$ КАЈ БЕЛ ЛАБОРАТОРИСКИ СТАОРЕЦ**, ОД М-Р АНА ЦВЕТАНОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет бр. 02-241/6 донесена на седницата одржана на од 24.XI.2016 год., определени сме за членови на Рецензентската комисија за оцена на докторската дисертација под наслов ЕФЕКТИ НА НИКОТИНОТ ОД РАЗЛИЧНИ ОРИЕНТАЛСКИ СОРТИ НА ТУТУН ВРЗ ПРОДУКЦИЈАТА НА ПРОСТАГЛАНДИН $E_2$ КАЈ БЕЛ ЛАБОРАТОРИСКИ СТАОРЕЦ, поднесена од м-р Ана Цветановска. По прегледувањето на поднесениот труд, чест ни е на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет да му го поднесеме следниов

## **И З В Е Ш Т А Ј**

Докторската дисертација под наслов Ефекти на никотинот од различни ориенталски сорти на тутун врз продукција на простагландин $E_2$ кај бел лабораториски стаорец е напишан на 145 страници и содржи 52 слики и 21 табела. Докторската дисертација се состои од следниве поглавја: ВОВЕД (50 страници), ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊА (2 страници), МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊА (8 страници), РЕЗУЛТАТИ (49 страници), ДИСКУСИЈА (20 страници), ЗАКЛУЧОЦИ (5 страници), ЛИТЕРАТУРА (11).

Во поглавјето ВОВЕД, даден е осврт на една од актуелните индустриски култури во Република Македонија која изобилува со голема разновидност во поглед на растителните видови и земјоделските култури, тутунот (*Nicotiana tabacum* L.), чиј што квалитет е од големо значење за еднородноста и константноста на биолошко-морфолошките и технолошко-индустриските особини.

Даден е краток опис на најзначајните карактеристики на примарните биомолекули со посебен акцент на јаглехидратната компонента и протеинската структура како значајни метаболити кои го диктираат квалитетот и

ароматичните својства на тутунската суровина. Покрај примарните метаболити кои се вклучени во фундаменталните процеси за одржување на растот, правилниот развој и функционирање на растението, тутунот продуцира и секундарни биомолекули кои играат важна улога во преживување при стресни ситуации или при конкуренција за ресурси во животната средина. Особена важност од групата на секундарни биомолекули е посветена на никотинот, доминантниот пиридински алкалоид, кој е одговорен за зависноста на пушачите и за кој се поврзуваат низа негативни последици по човековото здравје. Од друга страна, интоксикацијата со никотин иницира бројни проблеми од аспект на интензивирање на синтезата на простагландините и нивниот инфламаторен-проинфламаторен одговор во организмот на белиот лабораториски стаорец.

Материјал за анализа претставува тутунска суровина од три типа на тутун: тип прилеп (ПП 66), тип јака (Јк-125/3) и тип басма (Басма 82). Примероците се колекционирани од два последователни вегетативни периода (реколти, 2011 и 2012), во рамките на три инсерции - долна, средна и горна. Колекционираниот материјал дава добра основа за анализирање на квалитативните и кавантитативните карактеристики на тутунот значајни за тутутнопроизводството и добивање на квалитетна тутунска суровина која има висока апликативност во фармацевтската и медицинската практика.

Во потпоглавјето „Примарни биомолекули“, посебно внимание се става на јаглехидратите кои го дефинираат квалитетот на тутунот, при што поголема застапеност во однос на протеините е резултат за квалитетна сорта на тутун. Аналогно на хидролошките услови, содржината на шеќерната компонента има различни вредности не само компарирано во двете реколти, туку и кај различните типови во рамките на нивните појаси. Ефектот на редуцирачките јаглехидрати е одраз на ароматичноста на тутунот, но и негативните ефекти на овие компоненти при пушењето. Растворливите јаглехидрати условуваат акумулација на органски киселини, кои придонесуваат за неутрализација на иритантниот вкус на тутунот при пушењето. Адекватно на јаглехидратната компонента, содржината на азотните материи и протеинската компонента е застапена со пониски вредности бидејќи станува збор за сорти на тутун кои се исклучително квалитетни. Повисоките вредности за протеините во листовите од тутун се сметаат за негативен знак, бидејќи при согорувањето даваат продукти со мошне непријатна миризба и лош вкус, особено ако се застапени во поголеми количини од оптималните, што негативно се одразуваат врз квалитетот на тутунот. Ова нивно својство донекаде се неутрализира со јаглехидратите. Затоа и нивниот однос се зема како важен показател при проценувањето на квалитетот на тутунот.

Во потпоглавјето „Секундарни биомолекули“ се наведуваат карактерните белези на етерните масла, конкретот, вкупната киселост, ензимската и неензимската активност, структурата и функцијата на полифенолните соединенија застапени кај тутунот, како и алкалоидниот состав претставен преку алкалоидот никотин.

Антиоксидантната активност е проследена со анализирање на активноста на повеќе параметри кои се показатели на антиоксидативниот одговор на тутунот (каталазата, вкупните феноли, DPPH, CUPRAC). Направена е анализа и на структурата на полифенолната компонента со користење на современи хроматографски техники, се со цел потврдување на инхибиторниот ефект на овие компоненти врз мутагенезата и карциогенезата кај луѓето. Особено внимание е посветено на изомерите на хлорогенската киселина, како и рутинот

кој има позитивно влијание како антиинфламаторна, вазоактивна, антитуморна и антипротозојска компонента.

Паралелно, испитан е и алкалоидниот состав, со посебен акцент на никотинот. Имајќи го предвид неговото токсично дејство врз скоро сите системи во анималниот свет и човечкиот организам, спроведен е експеримент на континуирано десетдневна интоксикација кај белиот лабораториски стаорец со паралелно следење на продукцијата на простагландин Е2 во крвната плазма.

Испитуваните параметри ги потврдуваат нивните хемиски, биолошки и фармаколошки особини, како и нивната важност во детерминирањето на квалитетот на испитуваните сорти тутун кои се предмет на наведените истражувања.

Во поглавјето ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊАТА, дефинирани се подетално целите и задачите на истражувањето, кои се селектирани во неколку групи, и тоа: од аспект на биохемиско-технолошките анализи, аналитички методи и методи за квантифицирање на продуцираниот простагландин Е2 (PGE2) при десетдневна интоксикација со никотин кај белиот лабораториски стаорец. Во биохемиско-технолошките анализи се наведени неколку цели кои се поврзани со структурните одлики на тутунот, сортната специфичност во рамките на две реколти, условите на култивирање, како и продукцијата на примарните и секундарните метаболити. Во аналитичките методи се наведени методот на високопритисочна течна хроматографија за идентификација и квантификација на некои полифенолни компоненти, како и имунолошкиот метод (*ELISA-тест*) за испитување на концентрацијата на простагландинот Е2 во плазмата кај белиот лабораториски стаорец.

Во поглавјето МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊАТА се опишани детално сите техники и методи кои се користат во истражувањето. Следени се сите промени од колекционирање на материјалот од трите сорти во текот на двете реколти, па се до добивање на крајните резултати. Разработени се хроматографски методи за идентификација и квантификација на полифенолниот профил во лисната маса на тутунот, како и третманот со никотин кај белиот лабораториски стаорец кој е опишан во чекори, почнувајќи од инјектирањето на никотинот, па се до анализа на продукцијата на PGE2 во крвната плазма кај сите испитувани групи животни.

Во следното и најобемно поглавје, РЕЗУЛТАТИ, се дава осврт и детален преглед на сето она што е сработено и анализирано. Имено, во првиот дел кој е поврзан со методите во рамките на растителниот дел се наведени сите резултати кои се одделно дефинирани. Резултатите се во рамките на испитуваните примарни биомолекули, пред се јаглехидратната и протеинската структура чиј соднос е од клучно значење за квалитетот на тутунот. Резултатите се детално претставени по сорти со користење на сликовити и табеларни прикази, со што е забележителна разликата во испитуваните параметри како по сорта, така и по реколта. Аналогно на примарниот, наведени се резултати и обележја на секундарниот профил на тутунот, и тоа проследен преку ензимскиот и неензимскиот одговор на организмот во тек на целиот вегетативниот период на тутунот. Резултатите од анималниот дел се претставени преку квантифицирање на продуцираниот простагландин Е2 во крвната плазма по интоксицирање со никотин во тек на неколкудневен третман. Добиените резултати говорат за зависноста на времетраењето на интоксикацијата и продукцијата на наведениот простагландин што упатува на постоење разлики како по однос на сортата, така и по времетраењето на третманот. Резултатите се статистички обработени со

користење на Oneway ANOVA - анализа на варијанса, а сигнификантните промени се забележани со вредностите $p<0,05$. Корелацијата е определена со Pearson-овиот коефициент (r) на линеарна регресија ($y=a+bx$). Резултатите се прикажани како аритметичка средна вредност со стандардна грешка на стандардната девијација (±SE).

Во поглавјето ДИСКУСИЈА, наведените резултати се обемно и сеопфатно дискутирани компарирајќи ги со понови и современи литературни податоци кои се во прилог на оваа дисертација. Дискутирани се сите испитувани параметри кај сите сорти како и нивната зависност од надворешните агроеколошки услови кои го диктираат квалитетот на тутунот. Преку наведеното поглавје се упатува на општата констатација за култивирање на висококвалитетни сорти на тутун на регионот на Република Македонија со многу богат хемиски состав, благодарение на присуството на компоненти со висок антиоксидативен потенцијал, со кој тутунот би нашол своја примена како во фармацевтската и медицинската практика, така и во делот на бионутриционизмот.

Во следното поглавје, ЗАКЛУЧОЦИ, накратко се резимираат најбитните резултати добиени во текот на испитуваниот период, поредени според методологијата на работа.

Во последното поглавје, ЛИТЕРАТУРА, наведени се поголем број на референци кои се оригинална научна литература, а многу мал дел од неа е преземена од други (најчесто секундарни) извори.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на направената анализа за изработената докторска дисертација под наслов ЕФЕКТИ НА НИКОТИНОТ ОД РАЗЛИЧНИ ОРИЕНТАЛСКИ СОРТИ НА ТУТУН ВРЗ ПРОДУКЦИЈАТА НА ПРОСТАГЛАНДИН $E_2$ КАЈ БЕЛ ЛАБОРАТОРИСКИ СТАОРЕЦ, изработена од Ана Цветановска, магистер по фармација, може да се констатира дека кандидатката успешно применила современа методологија на работа за квантифицирање на некои клучни параметри кои се во прилог на висококвалитетна тутунска суровина од сорти култивирани во нашата земја.

Кандидатката располага со висок истражувачки потенцијал кој е проследен преку воведување методи за идентифицирање и квантифицирање на компоненти кои го диктираат квалитетот на тутунот. Имено, присуството на примарните и секундарните метаболити и нивниот висок антиоксидативен потенцијал, кој може да биде од ензимска и неензимска природа, ја потврдуваат тежината на оваа дисертација. Примената на хроматографските методи и испитувањето на полифениолниот профил во испитуваните сорти на тутун ја зголемуваат вредноста на оваа култура како од медицински аспект, така и од аспект на бионутриционизмот.

Особено внимание кандидатката посветува на апликативниот дел, десетдневна континуирана интоксикација со никотин од испитуваните сорти на тутун и следење на продукцијата на простагландин E2 во крвната плазма кај белиот лабораториски стаорец. Од наведените заклучоци, кои се научно издржани и имаат посебен научен и практичен придонес, се добива јасна слика за квалитетот на испитуваните сорти тутун и неговата се поголема апликативност во фармацијата и медицината.

Членови на Рецензентската комисија:

1. Проф. д-р Ицко Ѓоргоски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, с.р.

2. Проф. д-р Митко Младенов, вонреден професор на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, с.р.

3. Проф. д-р Зехра Хајрулаи-Муслиу, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, с.р.

4. Проф. д-р Соња Гаџовска-Симиќ, вонреден професор на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, с.р.

5. Проф. д-р Марија Србиноска, редовен професор на Научниот институт за тутун во Прилеп, при Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола, с.р.

## РЕЦЕНЗИЈА

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА "НОВИ ИНФЛАМАТОРНИ БИОМАРКЕРИ ВО СЕРУМ КАЈ ДЕЦА СО БРОНХИЈАЛНА АСТМА И ИНФЛАМАЦИЈА АСОЦИРАНА СО ТУБЕРКУЛОЗА" ОД М-Р ВИОЛЕТА МИРЧЕВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 22.12.2016 година, не предложи за РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА за оцена на изработената докторска дисертација поднесена од кандидатката Виолета Мирчевска, магистер по биолошки науки, вработена во Институтот за белодробни заболувања кај децата во Скопје, под наслов: "**Нови инфламаторни биомаркери во серум кај деца со бронхијална астма и инфламација асоцирана со туберкулоза**". Комисијата во состав: д-р Митко Младенов, вонреден професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, д-р Ицко Ѓоргоски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, д-р Јорданка Димовска, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје во пензија, д-р

Никола Хаџи-Петрушев, доцент на Природно-математичкиот факултет во Скопје и д-р Рамадан Сопи, доцент на Медицинскиот факултет во Приштина, го разгледа доставениот материјал и го поднесува следниов

***И З В Е Ш Т А Ј***

По разгледувањето на поднесениот материјал, Комисијата констатира дека изработениот труд ги содржи сите составни елементи на една докторска дисертација.

Во **ВОВЕДОТ**, кандидатката објаснува дека сите воспалителни процеси имаат заедничка особина, а тоа е индукцијата на одредени медијатори. Тие сочинуваат голема група на молекули кои ја формираат основата на комплексните мрежи на сигнализација при хомеостатска и патолошка состојба кај сите организми. Цитокините вклучуваат категорија на протеини означени како: лимфокини, монокини, интерлеукини, фактори на раст и неуропептиди. Цитокините како медијатори играат клучна улога во развојот на синдромот на системскиот воспалителен одговор (SIRS) и мултипната инсуфициенција на виталните органи. Ослободувањето на ваквите медијатори зависи првенствено од интензитетот на болеста, траумата или шокот, како и од активацијата на различните каскади на медијатори во текот на патофизиолошките процеси. Кандидидатката, исто така, дава осврт и за улогата на бактериските ендотоксини во иницирањето на ваквите каскади. Притоа наведува дека првите наоди за ефектите на ендотоксините ги забележал уште пред еден век Wiliam Coley, кој ја забележал хеморагичната некроза на туморите кај пациенти со сарком кои боледувале од стрептококни инфекции. Понатаму, било најдено дека еден серумски фактор добиен од животни третирани со *Bacillus Calmette Guerin* и со ендотоксин, предизвикува *in vivo* некроза на трансплантираните тумори. При тоа биле спроведувани интензивни студии на овој тумор-некрозен фактор (TNF) со надеж дека може да претставува средство со кое ќе се избегнат токсичните ефекти на липополисахаридот, а ќе се задржат корисните (туморолитички) ефекти.

Во 1985 година, Beutler и сор. покажале дека терминалните аминокиселински секвенци на глувчешкиот кахексин се хомологни со оние на човечкиот TNF-α. Исто така, било забележано дека кахексинот и TNF-α поседуваат исти спектар на биолошки активности и дека се имунолошки исти, што сугерирало дека всушност се работи за еден ист молекул.

Полипептидниот хормон кахексин (TNF-α) е примарен медијатор во патогенезата на инфекциите, повредите и воспалението, како и во ткивната хомеостаза. Зависно од неговата концентрација, траењето на изложеноста на клетките и присуството на други медијатори, TNF-α може да има корисно и штетно дејство врз домаќинот. Така, акутното отпуштање на кахексинот (TNF-α) предизвикува септичен шок и оштетување на ткивата.

Неговата постојана продукција доведува до кахексија, а на овие последици синергистички влијаат и други медијатори како: интерлеукин 1 (IL-1) и интерферон γ (IFN-γ). Во мали количини забележани се корисни ефекти, како подобрување на одбраната од разни патогени како и контрола над ткивното ремоделирање.

Хуманиот кахексин (TNF-α) се ослободува како прохормон од 233 аминокиселини и потоа преоѓа во зрел протеин од 157 аминокиселини, со ослободување на остаток од 76 - аминокиселински пептид. Притоа, 28% од аминокиселинската секвенца на зрелиот кахексин е идентична кај еден друг цитокин - лимфотоксин (TNF-β) со кој има и слични ефекти, па можно е двата молекула да се натпреваруваат за ист рецептор, додека со (IL-1) структурно се различни и не се натпреваруваат за ист рецептор.

TNF-α се синтетизира во различни фагоцитни и нефагоцитни клетки вклучувајќи ги макрофагите, моноцитите, лимфоцитите, "natural killer" клетките, астроцитите, микроглија клетките во мозокот и купферовите клетки од црниот дроб.

Различни воспалителни процеси придонесуваат во зголемувањето на TNF-α, како. на пример, бактерискиот ендотоксин-липополисахарид (LPS) кој доведува до засилување на транскрипцијата и транслацијата на прекурсорот на (TNF-α) и за неколку минути се експресираат големи количини зрел полипептид. Ваквиот полипептид со тежина од 17 kD, се состои од мултимери од по 2-3 субединици и содржи неколку потенцијални гликолизирачки места.

Освен активниот (TNF-α) кој се јавува во циркулацијата при ендотоксемија, постои и форма на (TNF-α) која останува врзана за клетката како трансмембранска форма. Овој 26 kD трансмембрански молекул е прекурсор на 17 kD-ската секреторна компонента, но можно е и самиот да се јавува како паракрин медијатор, поради што денес многу се работи на TNF-α како мета за фармакотераписки интервенции. Имено се смета дека специфичната неутрализација на (TNF-α) и на сличните цитокини може да понудат нови терапевтски можности за третман и следење на широк спектар на болести.

**ЦЕЛТА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО** е добро дефинирана со добро поставени целни задачи што може да се групираат во пет дела; **Прво,** утврдено е дали доаѓа до промени во концентрацијата на TNF-α во серумот кај деца со бронхијална астма и туберкулоза, пред и по стандардната терапија, како и нивна споредба кај контролните здрави деца. **Второ**, кандидатката поставила за цел да проучи дали доаѓа до промени во крвната слика и леукоцитарната формула кај деца со бронхијална астма и туберкулоза, пред и по стандардната терапија, како и нивна споредба кај контролните здрави деца. **Трето**, утврдено е дали доаѓа до промени во концентрацијата на C-рекативниот протеин во серумот кај деца со бронхијална астма и туберкулоза, пред и по стандардната терапија како и нивна споредба кај контролните здрави деца. **Четврто**, кандидатката проучила дали доаѓа до промени во концентрациите на IgE, IgA, IgG и IgM кај деца со бронхијална астма и туберкулоза, пред и по стандардна терапија, како и нивна споредба кај

контролните здрави деца. **Петто**, исто така, утврдено е дали постојат разлики во бактериолошкиот профил кај деца со бронхијална астма и туберкулоза, пред и по стандардната терапија, како и нивна споредба кај контролните здрави деца.

Во поглавјето **МАТЕРИЈАЛ И МЕТОДИ**, опишани се експерименталните услови и методите кои се користени за следење на предвидените параметри. Комисијата е на мислење дека се користени современи методи за реализација на предвидените испитувања.

Во експериментот се користени серуми од контролна група на здрави деца и групи на деца-пациенти заболени од бронхијална астма и туберкулоза, пред и по терапија. Примероците за анализа се земани и анализирани во лабораториите на Институтот за белодробни заболувања кај децата во Скопје. Тумор-некрозниот фактор-α е одредуван со Ензим имунолошка метода (EIA) на микротитрациски плочи кои се обложени со моноклонални TNF-α антитела. Притоа, концентрацијата на TNF-α во серумските примероци е одредувана со апаратот "SLT 340/ATTC ES 300". Сите други параметри (CRP, крвна слика, леукоцитарна формула, IgE, IgA, IgG и IgM) се определувани по веќе добро востановени и автоматизирани методи во клиничката практика. Профилот на присутните бактерии кај заболените во споредба со задравите контролни деца е одредуван и споредуван во микробиолошка лабораторија по веќе добро востановени и стандардизирани клинички бактериолошки тестови.

Според дијагнозите, испитуваните серуми се поделени во три групи. Со исклучок на првата контролна група (здрави деца), секоја од групите на нетретирани заболени деца и третирани заболени деца е поделена на две подргрупи во зависност од типот на заболувањето. Распределбата по групи е дадена во Табела 1 во ракописот.

Во поглавјата **РЕЗУЛТАТИ и ДИСКУСИЈА**, кандидатката наведува дека во апсолутно мнозинство се децата со манифестна астматска болест и туберкулоза кои имаат поволна еволуција на заболувањето во однос на оние кај кои симптомите на астма и симптомите на туберкулоза продолжуваат и кај кои е верифициран неповолен еволутивен тек на болеста. Кај испитуваната астматска популација, докажана е присутна доминантност на алергените од: dermato pteronisimus, dermato farinae, полените од мешаните треви рани и доцни, како и полените од мешани дрва (рани и доцни) и мешавина од мувли. Еволуцијата на астматската болест е во тесна корелација со тежината на клиничката слика на заболувањето во детството. Полесните форми на болеста се предвидувачки фактор за поволна еволуција и обратно, потешките клинички форми на бронхијална астма се особеност за неповолен еволутивен тек на астмата. Сумарно, кандидатката заклучува дека напорите треба да се насочат кон преземање на терапевтски мерки за намалување на степенот на клиничка тежина на заболувањето.

Кај пациентите со туберкулоза е присутно зголемено ниво на повеќе биомаркери карактеристични за неа. Со навремено дијагностицирање, следење и користење на антитуберкулозната терапија се намалува бројот на пациенти со активна туберкулоза. Притоа, раното поставување на дијагнозата и навременото отпочнување со антиинфламаторна и антитуберкулозна терапија овозможува ублажена еволуција на туберкулозата. Како заклучок се наметнува потребата од реафирмирање на донесувањето брза и рана дијагноза на туберкулозата и

превземање на адекватен третман со што ќе се избегне развој на структурни промени на бронхијалниот ѕид односно ќе се спречи или намали процесот на ремоделирање на бронхиите. Истакнато е дека еволуцијата на астмата и туберкулозата во детската возраст е во тесна врска со редовната примена на антиинфламаторна и антитуберкулозната терапија. Произлегува фактот дека колку е подобра соработката со лекарот и е присутна поголема доследност во придржување на поставениот план за водење на болеста, дотолку повеќе ќе се насочи развојот кон полесни клинички форми и поповолна еволуција на астматската болест и туберкулозата во детството. Нивоата на TNF-алфа во серум тесно кореспондираат со тежината на астма -егзацербациите, клиничката форма на астмата и на индиректен начин влијаат и упатуваат на еволуцијата на детската астма. Од друга страна, концентрацијата на TNF-алфа во серум кај пациентите со туберкулоза корелира со тежината на болеста. Може да се заклучи дека одредувањето на нивоата на TNF-алфа во серум во моменти на астма егзацербации и туберкулоза се важен индикатор, како за тежината на слика на клиничката форма, така и за еволутивниот тек на болеста во детството. Понатаму, одредувањето на специфичните ИгЕ е од големо значење, бидејќи обезбедува информација за тоа дали започнал процесот на сензибилизација; го рефлектира степенот на алергенската сензибилизација; го потврдува присуството на одреден алерген кој го иницирал процесот и во отсуство на клинички ентитет може да го предвиди покасниот развој на алергиска болест. Специфичниот ИгЕ претставува важен биомаркер на клиничката експресија на атопијата кај астматските пациенти. Висината на концентрацијата на серумскиот вкупен ИгЕ корелира со тежината на клиничката форма и со еволутивниот тек на болеста. Оттука произлегува заклучокот дека вкупниот ИгЕ претставува важен биомаркер на клиничката експресија на атопијата кај астматските пациенти.

Еозинофилијата во бронхијалниот секрет кореспондира со алергиската состојба. Составот на бронхијалниот секрет е во корелација со степенот и интензитетот на астма егзецербациите, како и со нивоата на TNF-алфа во серумот, и воедно ја отсликува тежината на клиничката форма на детската астма. Висината на вредноста на серумскиот C-реактивен протеин корелира како со тежината на клиничката форма, така и со еволутивниот тек на болеста. Од тука произлегува заклучокот дека C-реактивниот протеин претставува важен биомаркер на клиничката компликација кај астматските пациенти и пациентите со туберкулоза. Концентрацијата на серумскиот прокалцитонин корелира со тежината на клиничката форма и со еволутивниот тек на болеста. Притоа добиените резултати покажуваат дека прокалцитонинот претставува важен биомаркер на клиничката компликација кај астматските пациенти со пневмонија.

Сумирајќи ги сите овие заклучоци се наметнува фактот дека доколку сакаме да ја намалиме тежината на астматската болест и да го подобриме квалитетот на живот на астматскиот пациент и следствено на тоа да диктираме поповолен еволутивен тек на болеста во детството, потребно е отстранување на алергените

од внатрешната опкружувачка средина и доследно спроведување на примарна и секундарна превенција за атописките заболувања во детството. И кај болните со туберкулоза, за да се спречи оваа болест, потребно е навремено дијагностицирање и следење на истата. Мерките подразбираат рано дијагностицирање на астматската болест и туберкулоза, детекција на високо ризичните атописки деца и децата со латентна туберкулоза и туберкулин контактори и нивно следење за подолг временски период и точна проценка на тежината на клиничката форма на заболувањето. Оттука, произлегува дека биомаркерите со своите солидни аналитички карактеристики имаат мошне големо значење за дијагностиката кај овие пациенти како и за прогнозата на текот на болеста. Со нивно редовно следење кај заболените, како и со евентуално превземање на одредени терапевтски мерки (доследна антиинфламаторна и антитуберкулозна терапија) за намалување на нивната концентрација, може многу да се придонесе за подобрување на здравствената состојба кај овие пациенти, т.е. разрешување на астма егзацербациите и туберкулозата.

На крај, доследното спроведување на сите веќе наведени елементи ќе биде целосно ефектуирано и реализирано придржувајќи се и применувајќи го македонскиот национален консензус за дијагноза и лекување на астматската болест како и следењето на Светската здравствена организација во борбата за запирање на туберкулозата.

Во поглавјето **ЛИТЕРАТУРА**, кандидатката наведува 287 референци кои се однесуваат само на оваа проблематика, а се од понов датум. Овој податок уште еднаш ја потврдува актуелноста на проблемот и потребата од понатамошни истражувања од наведената област.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на доставениот материјал од кандидатката, литературниот преглед, образложението и оформувањето на предвидените цели и задачи и очекуваните резултати, Комисијата едногласно заклучи дека изработената докторска дисертација под наслов **Нови инфламаторни биомаркери во серум кај деца со бронхијална астма и инфламација асоцирана со туберкулоза** поднесена од м-р Виолета Мирчевска, претставува самостоен оригинален научно - истражувачки труд.

Во литературниот преглед се изнесени релевантни податоци за темата која е обработена и се дава солидно образложение на поставените цели.

Задачите што се предвидени се добро дефинирани, експерименталните услови и групи во планираните истражувања се прецизно дадени, а параметрите се правилно одбрани и соодветни на поставените цели и задачи, што е основен предуслов за добивање на квалитетни научно - истражувачки резултати.

За релевантноста на добиените резултати зборуваат еден веќе објавен труд во списанието „Македонски медицински преглед“, како и еден поднесен за публицирање во Босниа медица.

Комисијата им предлага на Стручниот колегиум на Институтот за биологија и на Наставно-научниот совет на ПМФ, да ја прифатат изработената докторска дисертација под наслов **Нови инфламаторни биомаркери во серум кај деца со бронхијална астма и инфламација асоцирана со туберкулоза** и на кандидатката да и се овозможи нејзина јавна одбрана.

**Рецензентска комисија**

**Д-р Митко Младенов, вонреден професор**

Природно-математички факултет - Скопје, с.р.

**Д-р Ицко Ѓоргоски, редовен професор**

Природно-математички факултет - Скопје, с.р.

**Д-р Јорданка Димовска, редовен професор (во пензија)**

Природно-математички факултет - Скопје, с.р.

**Д-р Никола Хаџи-Петрушев, доцент**

Природно-математички факултет - Скопје, с.р.

**Д-р Рамадан Сопи, доцент,**

Медицински факултет - Приштина, с.р.

# ПРЕГЛЕД
# НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА

## 1. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Башак Кучукчакан Николовска | Определување на присуство на охратоксин-А во животински ткива: Аналитичка проценка на три различни методи за екстракција на охратоксин-А од животински ткива и проценка на контаминација со охратоксин-А во неколку животински ткива од различни региони во Република Македонија | Determination of Ocratoxin-A Occurrence in Animal Tissues: Analytical Evaluation of Three Different Extraction Methods of Ocratoxin-A from Animal Tissues and Survey of Ochratoxin-A Contamination in Several Animal Tissues from Different Regions of Republic of Macedonia | Проф. д-р Зехра Хајрулаи - Муслиу | Бр. 0202-145/3 од 30.01.2017 година |

# РЕФЕРАТ

ЗА ПОВТОРЕН ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНОТО ЗВАЊЕ РЕДОВЕН ПРОФЕСОР

ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕЛЕКТРИЧНИ МАШИНИ, ТРАНСФОРМАТОРИ И АПАРАТИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, на својата седница одржана на 25.I 2017 година, со Одлука број 02-119/5, нѐ одреди за членови на Рецензентската комисија за избор на еден наставник во наставно-научната област електрични машини, трансформатори и апарати. По прегледот и врз основа на приложената документација, Рецензентската комисија го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област 20302 – електрични машини, трансформатори и апарати, објавен во дневните весници „Нова Македонија" и „Коха" од 24.XII 2016 година, се пријави кандидатот д-р Влатко Стоилков, редовен професор на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје.

**1. Биографски податоци и образование**

Кандидатот д-р Влатко Стоилков е роден во Кочани на 17.2.1962 год. Основно и средно образование (специјализирана математичка паралелка во гимназијата "Георги Димитров") завршил во Скопје со континуирано одличен успех. Притоа со успех се натпреварувал на низа градски и републички натпревари од математичко-техничките дисциплини. На Електротехничкиот факултет во Скопје (денешен Факултет за електротехника и информациски технологии) се запишал во 1981 година, го завршил во редовен рок - јуни, 1986 година меѓу првите од студиската генерација.

Во 1989 година се запишал на постдипломски студии во областа електрични машини и уреди при Електротехничкиот факултет. Сите предвидени испити ги положил со одличен успех. Постдипломските студии ги заокружува со одбрана на магистерскиот труд под наслов: „Придонес кон анализата на електромагнетните карактеристики на нисконапонските расклопни апарати со тридимензионална пресметка на магнетното поле", изработен во текот на 1992/93 год. и усно одбранет на 24.11.1993 год.

Во април 1999 година до Електротехничкиот факултет во Скопје пријавил тема за изработка на докторска дисертација. Со Одлука на Наставно-научниот совет број 07-858/5 од 19.5.1999 год. е прифатен извештајот за подобност на темата за изработка на докторска дисертација и е оценета оспособеноста за научна работа.

Докторската дисертација под наслов „Придонес кон динамичката анализа и оптимално проектирање на нисконапонските линиски склопници", под менторство на проф. д-р Милан Чундев, ја одбранил на 12.7.2001 год., а со Одлука бр. 02-1729/24 од 12.7.2001 год. е прифатен Записникот од Комисијата за одбрана на докторската дисертација и е даден предлог до ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за промовирање во академски степен-доктор на технички науки.

**2. Работно искуство**

По дипломирањето се вработил во Рудници и железарница „Скопје" од Скопје во ООЗТ "Ладна валавница", каде што во периодот јули 1986 – септември 1988 година работел на електроодржување на современи валалнички станови со висок степен на автоматизирана регулација и управување, производ на АСЕА - Шведска.

На 30.9.1988 година, кандидатот е избран за помлад асистент на Електротехничкиот факултет во Скопје по група предмети од областа електрични машини, трансформатори и апарати, а веднаш потоа, на 1.10.1988 год., засновал и

редовен работен однос. Во јуни 1994 год., од Наставно-научниот совет на Електротехничкиот факултет во Скопје е избран во звањето асистент, на кое работно место бил до изборот во звањето доцент.

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Електротехничкиот факултет во Скопје бр. 02-378/10 од 26.2.2003 е избран во звањето доцент по предмети од наставно-научната област електрични машини, трансформатори и апарати.

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје бр. 02-2850/6 од 26.9.2007 бил избран во звањето вонреден професор по предмети од наставно-научната област електрични машини, трансформатори и апарати (Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 925 од 31.8.2007 год.).

Со предлог-одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје бр. 02-1403/4 од 30.5.2012 билпредложен за избор во звањето редовен професор, а со одлука бр. 02-528/18 од 14.6.2012 година бил избран за редовен професор во наставно-научната област електрични машини, трансформатори и апарати (Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 1030 од 2.5.2012 год.), на кое работно место е и во моментот на пријавување по јавниот конкурс.

Во периодот од неговото вработување на Електротехничкиот факултет, денешен Факултет за електротехника и информациски технологии, се вклучил во целосната дејност на поранешниот Завод, а подоцна Институт за електрични машини, трансформатори и апарати во доменот на наставната, научноистражувачката и апликативната дејност.

Во мандатниот период 2008-2012 ја вршел изборната функција продекан за финансии и соработка со стопанството на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Во 2013 година е назначен за раководител на Инспекциското тело при Факултетот за електротехника и информациски технологии.

Во мандатниот период септ. 2012 - септ. 2016 ја вршел изборната функција проректор за настава на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

### 3. Наставно-образовна дејност

Од доменот на наставната дејност, како помлад асистент, асистент, доцент, вонреден и редовен професор бил ангажиран во изведувањето вежби и предавања по повеќе наставни дисциплини покриени од Институтот за ЕМТА во рамките на додипломските и постдипломските студии пред воведувањето на ЕКТС, како и првиот, вториот и третиот циклус студии по воведувањето на ЕКТС.

По изборот во звањето редовен професор бил ангажиран во изведувањето на наставата по следниве предмети на прв циклус студии според ЕКТС: нисконапонски апарати (VII сем., студиска програма ЕЕУ), ветрогенератори (VIII сем., СП ЕЕУ), електромеханичко претворање на енергијата (IVсем., ЕАОИЕ), основи на обновливи извори на енергија (V сем., ЕАОИЕ), ветрогенератори и ветрогенераторски системи (VIII сем., ЕАОИЕ) и испитување на електрични машини и трансформатори (VIII сем. ЕЕУи VIII сем., ЕАОИЕ).

Во рамките на вториот циклус студии, согласно со ЕКТС, бил ангажиран во подготовката и одржувањето настава за акредитирани студиски програми од 2008 (електрични машини и автоматизација – ЕМА и обновливи извори на енергија - ОИЕ) и 2013 година (нови студиски програми: електрични машини и автоматизација – ЕМА-2013 и обновливи извори на енергија – ОИЕ-2013), по следните предмети: дигитална

расклопна техника (ЕМА-2008), основи на ветрогенераторски системи (студиска програма ОИЕ-2008), електрични машини во ветрогенераторски системи (студиска програма ЕМА-2008 и 2013), иноваторство и трансфер на технологии (60%, изборен предмет за X-тисеместар), ветрогенераторски системи и технологии (ОИЕ-2013), дигитална расклопна техника и заштита на електрични машини и трансформатори (ЕМА-2013), електрични машини во системи за обновливи извори на енергија (ЕМА-2013).

Во рамките на третиот циклус - докторски студии, согласно со ЕКТС бил ангажиран во подготовката и одржувањето настава за студиската програма електротехника и информациски технологии при ФЕИТ во 2011 и 2015 година за предметите: динамика и моделирање на ветрогенераторски системи и оптимизациски методиво расклопна техника.

Во периодот од назначувањето во звањето редовен професор бил ангажиран како ментор при изработката на 12 дипломски работи, а во рамките на магистерските студии како ментор на пет кандидати од студиските програми: електрични машини и автоматизација (ЕМА) и обновливи извори на енергија (ОИЕ).

Кандидатот за својата досегашна работа на Факултетот за електротехника и информациски технологии е позитивно оценуван во процесот на самоевалуација.

## 4. Научноистражувачка и стручна дејност со преглед на трудови

Во својата професионална кариера, кандидатот својата научноистражувачка и стручна дејност ја реализира во областите електрични машини, трансформатори и апарати, со акцент на нивната примена во обновливите извори на енергија, како и нивното значење и улога за подобрување на енергетската ефикасност.

Од прегледот на трудови и описот со преглед на активности прикажани во анексот, може да се воочи дека од аспект на електричните машини, трансформатори и апарати, во рамките на научноистражувачки тим при ИЕМТА, предмет на интерес на кандидатот се проучување на работните карактеристики на електричните машини и нисконапонските расклопни апарати при стационарни и динамички режими на работа, како и нивното оптимално проектирање и усовршување со помош на современи математички методи и нивна компјутерска поддршка. Анализите се вршат врз енергетски концепт, преку тридимензионална пресметка на генерираното електромагнетно поле во нив. За верификација на научноистражувачкиот труд постојат солидни основи и интерес во стопанските организации од Република Македонија чиј делокруг на работа претставуваат нисконапонските расклопни апарати. Во рамките на оваа дејност, како автор, односно коавтор на научни трудови има учествувано на низа домашни и меѓународни симпозиуми и конференции. Исто така, кандидатот земал активно учество и во неколку научноистражувачки и развојни проекти поддржани од Министерството за наука на Република Македонија, а реализирани од научноистражувачки тим при ФЕИТ и ИЕМТА.

Со воведувањето на предметите од областа на искористувањето на обновливите извори на енергија, особено со искористувањето на енергијата на ветрот, како и со учеството во меѓународни проекти кои го третираат искористувањето на обновливите извори на енергија, кандидатот навлегува во проблематиката на примена и регулација на електричните машини во современите технологии на добивање електрична енергија од обновливите извори на енергија, со акцент на искористувањето на енергијата на ветрот, сонцето и хидроенергијата. Современите светски трендови од аспект на искористувањето на овие извори, како и обезбедувањето здрава животна средина сé повеќе се актуализираат и во Република Македонија. Со наведените наставни и истражувачки активности многу се придонесува кон развојот на свеста и приближувањето кон современите сфаќања за улогата и значењето на примената на обновливите извори на енергија.

## 5. Домашни и меѓународни здруженија и останати активности

Кандидатот е активен член на повеќе домашни и меѓународни професионални здруженија:

- член на Македонското здружение за големи електроенергетски системи - МАКО-СИГРЕ, и член на меѓународната асоцијација СИГРЕ-Париз;

- претседател на Студискиот комитет А1 – Вртливи електрични машини во рамките на МАКО-СИГРЕ од 2015 и тековно;

- член и еден од основачите на Македонското здружение за енергетска електроника, погони и управување - МАК ЗЕЕПУ во 2009 година и негов генерален секретар во мандатниот период 2009-2013 год.;

- претседател на Сојузот на пронаоѓачи и автори на технички унапредувања на Македонија – СПАТУМ во периодот 2012-2016 и организатор на низа манифестации од областа на иноваторството и трансферот на технологии, меѓу кои и изложбите МАКИНОВА 2012, 2013, 2014 и 2015 во рамките на саемската манифестација од областа на техниката и градежништвото – ТЕХНОМА;

- долгогодишен член на меѓународното професионално здружение IEEE – The Institute of Electrical and Electronics Engineers со статус Senior Member - SM.Во периодот 2005-2006, во рамките на Комитетот на Регионот 8 на ИЕЕЕ кој ги опфаќа земјите од Европа, Африка и Блискиот Исток бил именуван за ВЦФ координатор (IEEE Voluntary Contribution Fund Coordinator), а за извонредните резултати добива високо признание од ИЕЕЕ-Пискатавеј САД. Во периодот 2007-2008, во рамките на ИЕЕЕ Р8 комитетот, бил назначен како координатор за развој на нови секции. Во периодот 2011-2012 билчлен на Комитетот на ИЕЕЕ Р8 во својство на координатор за ВЦФ (IEEE Voluntary Contribution Fund Coordinator);

- активно е вклучен во работата на Македонската секција на ИЕЕЕ, и долгогодишен индивидуален член на ИЕЕЕ со статус СМ (Senior Member).Во периодот 2001-2002 бил потпреседател, а во периодот 2003-2004 бил избран на функцијата претседател на Македонската секција на ИЕЕЕ.

Во периодот од вработувањето до денес, со посебен акцент на периодот 2008-2012, преку вршењето на изборната функција продекан за финансии и соработка со стопанството, кандидатот бил иницијатор и учесник во многубројни активности во рамките на ФЕИТ и дал значителен придонес во успешното одвивање на наставните, научноистражувачките и апликативно-стручните активности на Факултетот.

По назначувањето на изборната функција проректор за настава на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во периодот 2012-2016, кандидатот дава особен придонес во развојот и афирмацијата на Универзитетот преку учеството и водењето на ресорот настава, бил претседател на Комисијата за настава и Комисијата за издавачка дејност, координатор за процесот на самоевалуација на Универзитетот, координатор на активностите поврзани со надворешната евалуација на Универзитетот од страна на комисија од ЕУА, како и во раководењето со Школата за докторски студии, односно третиот циклус студии на Универзитетот.

Д-р Влатко Стоилков е носител на овластувања А за проектирање, надзор и ревизија на проектна документација од областа електротехника, издадена од Комората на овластени архитекти и овластени инженери на РМ (КОАОИ на РМ), член на второстепена комисија за жалби при Комората, член на Одделението за електротехника при Комората и делегат во Собранието на КОАОИ.

Исто така, кандидатот е носител на лиценца за вештачење од областа на електротехниката издадена од Министерството за правда на Р Македонија од 1.6.2016 год.

Д-р Влатко Стоилков активно се служи со англискиот, српскиот, хрватскиот и бугарскиот, а пасивно со рускиот, германскиот и полскиот јазик.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Следејќи ја наставно-образовната, научноистражувачката и стручната дејност на кандидатот, како, и ценејќи ги покажаните резултати, може да се заклучи дека д-р Влатко Стоилков во периодот од изборот во наставно-научното звање редовен професор остварил богата активност во сите три дејности и постигнал значајни резултати.

Во својата досегашна работа, кандидатот д-р Влатко Стоилков успешно и квалитетно ги извршува наставно-педагошките задачи по повеќе предмети, и секогаш е коректен кон студентите при што настојува максимално да ги пренесе сопствените знаења и искуства. Исто така, тој е автор или коавтор на повеќе научни и стручни трудови од областа на електричните машини, трансформатори и апарати и нивната употреба за производство, пренос и искористување на електричната енергија со конвенционални и неконвенционални – обновливи извори на енергија, објавени во списанија, зборници на симпозиуми и советувања во земјата и во странство. Со своите широки професионални и активности на изборни функции, д-р Влатко Стоилков настојува секогаш да биде во тек со достигнувањата во научноистражувачките области од потесен интерес, но и да дава личен придонес во развојот на Факултетот и Универзитетот во целина.

Врз основа на претходно изнесеното, како и врз основа на податоците дадени во прилог кон овој извештај, Рецензентската комисија констатира дека д-р Влатко Стоилков во целост ги исполнува условите за избор во звањето во кое конкурира, пропишани со Законот за високото образование и Правилникот за критериумите за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на УКИМ во Скопје. Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје да донесе предлог-одлука за повторен избор на д-р Влатко Стоилков во наставно-научното звање редовен професор по предметите од областа електрични машини, трансформатори и апарати, како и да ја проследи до Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" на усвојување.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Милан Чундев, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Владимир Димчев,член, с.р.
3. Проф. д-р Крсте Најденкоски, член, с.р.

**АНЕКС**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: ВЛАТКО ИЛИЈА СТОИЛКОВ**
(име, татково име и презиме)

**Институција: Факултет за електротехника и информациски технологии - Скопје**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: електрични машини, трансформатори и апарати**

**КУМУЛАТИВЕН ПРЕГЛЕД:**

| | |
|---|---|
| **НО (НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ)** | **97,086** |
| **НИ (НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ)** | **70,259** |
| **СА (СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ)** | **79,200** |
| **ВКУПНО** | **246,545** |

**1. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| | **Назив на активноста** | Поени |
|---|---|---|
| **1** | **Одржување на настава (прв циклус студии)** | **25,2** |
| | Нисконапонски апарати (3 ч.), зимски 2012/13 | 1,8 |
| | Испитување на електрични машини и трансформатори, (3 ч.), летен 2012/13 | 1,8 |
| | Ветрогенератори, (3 ч.), летен 2012/13 | 1,8 |
| | Нисконапонски апарати (3 ч.), зимски 2013/14 | 1,8 |
| | Испитување на електрични машини и трансформатори, (3 ч.), летен 2013/14 | 1,8 |
| | Ветрогенератори, (3 ч.), летен 2013/14 | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | Основи на обновливи извори на енергија (3 ч.), зимски 2013/14 | 1,8 |
| | Електромеханичко претворање на енергијата (3 ч.), летен 2013/14 | 1,8 |
| | Основи на обновливи извори на енергија (3 ч.), зимски 2014/15 | 1,8 |
| | Електромеханичко претворање на енергијата (3 ч.), летен 2014/15 | 1,8 |
| | Основи на обновливи извори на енергија (3 ч.), зимски 2015/16 | 1,8 |
| | Електромеханичко претворање на енергијата (3 ч.), летен 2015/16 | 1,8 |
| | Ветрогенераторски системи и технологии (3 ч.), летен 2015/16 | 1,8 |
| | Основи на обновливи извори на енергија (3 ч.), зимски 2016/17 | 1,8 |
| **2** | **Одржување на вежби (прв циклус студии)** | **13,5** |
| | Нисконапонски апарати (2 ч.), зимски 2012/13 | 0,9 |
| | Испитување на електрични машини и трансформатори, (3 ч.), летен 2012/13 | 1,35 |
| | Ветрогенератори, (2 ч.), летен 2012/13 | 0,9 |
| | Нисконапонски апарати (2 ч.), зимски 2013/14 | 0,9 |
| | Испитување на електрични машини и трансформатори, (3 ч.), летен 2013/14 | 1,35 |
| | Ветрогенератори, (2 ч.), летен 2013/14 | 0,9 |
| | Основи на обновливи извори на енергија (2 ч.), зимски 2013/14 | 0,9 |
| | Електромеханичко претворање на енергијата (2 ч.), летен 2013/14 | 0,9 |
| | Основи на обновливи извори на енергија (2 ч.), зимски 2014/15 | 0,9 |
| | Електромеханичко претворање на енергијата (2 ч.), летен 2014/15 | 0,9 |
| | Основи на обновливи извори на енергија (2 ч.), зимски 2015/16 | 0,9 |
| | Електромеханичко претворање на енергијата (2 ч.), летен 2015/16 | 0,9 |
| | Ветрогенераторски системи и технологии (2 ч.), летен 2015/16 | 0,9 |
| | Основи на обновливи извори на енергија (2 ч.), зимски 2016/17 | 0,9 |
| **3** | **Подготовка на нов предмет (прв циклус студии)** | **4,500** |
| | Електромеханичко претворање на енергијата, предавања | 1,000 |
| | Електромеханичко претворање на енергијата, вежби | 0,500 |
| | Ветрогенераторски системи и технологии, предавања | 1,000 |
| | Ветрогенераторски системи и технологии, вежби | 0,500 |
| | Основи на обновливи извори на енергија, предавања | 1,000 |
| | Основи на обновливи извори на енергија, вежби | 0,500 |
| **4** | **Одржување на консултации (прв циклус студии)** | **0,814** |
| | Зимски 2012/13 (13 студ,) и летен 2012/13 (18) | 0,062 |
| | Зимски 2013/14 (12 студ,) и летен 2013/14 (67) | 0,158 |
| | Зимски 2014/15 (72 студ,) и летен 2015/16 (65) | 0,274 |
| | Зимски 2015/16 (63 студ,) и летен 2015/16 (80) | 0,286 |
| | Зимски 2016/17 (65 студенти) | 0,034 |
| **5** | **Одржување на настава (втор циклус студии)** | **26,100** |
| | Дигитална расклопна техника, 3 ч., зимски 2012/13 | 2,25 |
| | Основи на ветрогенераторски системи и технологии, 3 ч., зимски 2012/13 | 2,25 |
| | Електрични машини во ветрогенераторски системи (3 ч., летен 2012/13 | 2,25 |
| | Дигитална расклопна техника и заштита на ЕМТ, 3 ч., 2013/14 | 2,25 |
| | Дигитална расклопна техника и заштита на ЕМТ, 3 ч., 2014/15 | 2,25 |
| | Дигитална расклопна техника и заштита на ЕМТ, 3 ч., 2015/16 | 2,25 |
| | Дигитална расклопна техника и заштита на ЕМТ, 3 ч., 2016/17 | 2,25 |
| | Електрични машини во системи за ОИЕ, 3 ч. 2016/17 | 2,25 |
| | Електрични машини во системи за ОИЕ, 3 ч. 2016/17 | 2,25 |
| | Електрични машини во системи за ОИЕ, 3 ч. 2016/17 | 2,25 |
| | Електрични машини во системи за ОИЕ, 3 ч. 2016/17 | 2,25 |

| | | |
|---|---|---|
| | Основи на обновливи извори на енергија, 3 ч. (60%), зимски 2013/14 | 1,35 |
| | Основи на обновливи извори на енергија 3 ч. (60%), зимски 2014/15 | 1,35 |
| | Основи на обновливи извори на енергија 3 ч.(60%), зимски 2015/16 | 1,35 |
| | Основи на обновливи извори на енергија 3 ч. (60%), зимски 2016/17 | 1,35 |
| | Иноваторство и трансфер на технологии 3 ч. (60%), 3 ч., летен 2013/14 | 1,35 |
| | Иноваторство и трансфер на технологии 3 ч. (60%) 3 ч., летен 2014/15 | 1,35 |
| | Иноваторство и трансфер на технологии 3 ч. (60%) 3 ч., летен 2015/16 | 1,35 |
| **6** | **Одржување на консултации (прв циклус студии)** | **0,272** |
| | Консултации 2012/2013 (15 студенти) | 0,030 |
| | Консултации 2013/14 (18 студенти) | 0,036 |
| | Консултации 2014/15 (42 студенти) | 0,084 |
| | Консултации 2015/16 (40 студенти) | 0,080 |
| | Зимски 2016/17 (21 студ,) | 0,042 |
| **7** | **Подготовка на нов предмет (втор циклус студии)** | **4,200** |
| | Дигитална расклопна техника и заштита на ЕМТ | 1 |
| | Електрични машини во системи за обновливи извори на енергија | 1 |
| | Ветрогенераторски системи и технологии | 1 |
| | Основи на обновливи извори на енергија (60%) | 0,6 |
| | Иноваторство и трансфер на технологии (60%) | 0,6 |
| **8** | **Настава во летни школи и работилници** | **11,000** |
| | Обука на енергетски контролори - заеднички проект на Факултетот за електортехника и информациски технологии, Машински факултет, Архитектонски факултет и Градежен факултет за потребите на Агенцијата за енергетика на Р Македонија - настава во 4 циклуси | 4 |
| | Настава во реализација на проектот HORIZON2020 - Meeting Professional Energy Skills, настава од обласста „Објекти со енергија блузу до нула - 3 циклуси | 3 |
| | Обука на обучувачи од средното образование - Енергетски ефикасни објекти - за потребите на Центарот за стручно образование и обука - 2 циклуси, Струга и Кавадарци, 2014 год. | 2 |
| | Работилница за искористување на обновливи извори на енергија - за потребите на Центарот за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој - ЦЕППРОСАРД - (Битола, 2015, Кочани, 2015) (2x1) | 2 |
| **9** | **Ментор на дипломска работа (12)** | **2,4** |
| **10** | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (34)** | **3,4** |
| **11** | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски труд (14)** | **4,2** |
| **12** | **Член на комисија за оцена или одбрана на докторска дисертација (м-р Благоја Арапиноски, м-р Михаил Дигаловски, м-р Ивица Ѓорѓиев) (3x0,5)** | **1,5** |
| | **ВКУПНО** | ***97,086*** |

## 2. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| | **Назив на активноста** | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Ментор на магистерска работа (5)** | **15** |
| | Магистерски труд - Маја Целеска, 2014 | 3 |
| | Магистерски труд - Горанчо Паунов, 2013 | 3 |
| | Магистерски труд - Дејанчо Трајанов, 2015 | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | Магистерски труд - Гоце Џамбазовски, 2014 | 3 |
| | Магистерски труд - Никола Гиовски, 2014 | 3 |
| **2** | **Учесник во меѓународен научен проект** | **10** |
| | The EU TAIB Transition Assistance and Institution Building Project: „Implementation of the legislation on mutual recognition of professional qualifications" 2015 - тековно | 5 |
| | HORIZON2020 Project: Meeting Professional Energy Skills, Near-zero-Energy Buildings, 2015-2016, раководител: проф. д-р Властимир Гламочанин | 5 |
| **3** | **Раководител на национален научен проект** | **6** |
| | В. Стоилков и др.: „Развој на методологии за избор на ветрогенераторски системи и примена во комплексни терени во Република Македонија", научно-истражувачки проект финансиран од Факултетот за електротехника и информациски технологии, Скопје, 2012 | 6 |
| **4** | **Учесник во национален научен проект** | **3** |
| | В. Димчев, В. Стоилков, Крсте Најденкоски, Живко Коколански, Маја Целеска: „Основање на база на податоци за потенцијалот на ветерната енергија во Македонија" - Проект реализиран во соработка и со поддршка на Агенцијата за енергетика на Р. Македонија | 3 |
| **5** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание и зборници со меѓународен уредувачки одбор (фактори 1,0; 0,8; 0,6 x 6 б.)** | **25,7** |
| | V. Dimcev, K. Najdenkoski, V. Stoilkov and Z. Kokolanski: "Wind Energy Assesment in Republic of Macedonia",, Journal of Energy and Power Engineering. ISSN 1934-8975, Vol. 5, Number 4, April 2011, pp 324-330 | 3,6 |
| | M. Celeska, K. Najdenkoski, V. Stoilkov, A, Buchkovska, Z. Kokolanski and V. Dimcev: "Estimation of Weibull Parameters from Wind Measurement Data by Comparison of Statistical Methods", Proceedings of EUROCON 2015, Salamanca, Spain, Sept. 2015 | 3,6 |
| | K, Demerdziev, Z. Kokolanski, V. Dimcev, M. Celeska, K. Najdenkoski and V. Stoilkov: "Wind Parameters Analysis on Five Locations ina Macedonia - Second Measurement Campaign", Journal of Electrical Engineering and Information Technologies, FEEIT - Skopje, 2016 | 3,6 |
| | M. Celeska, K. Najdenkoski, V. Stoilkov, V. Dimcev and Z. Kokolanski: "Statistical techniques for analysis of wind speed data seasonal variations and correlations between measurement stations" Journal: Advances in Electrical and Computer Engineering (Romania), 2017, IF 0,459 | 4,059 |
| | V. Stoilkov, D. Dimitrov, M. Stankovski and H. Spaseska: "Development of Multifunctional Platform for Education, Research and Promotion of Renewable Energy Sources", Renewable Energy and Power Quality Journal, No.10, ISSN 2172-038X, Spain, April 2012, pp835-837 | 3,6 |
| | D. Dimitrov, V. Stoilkov, and A. Iliev: Solar Energy Laboratory: Summary of Ten Years Continuous Experiences, Renewable Energy and Power Quality Journal, No.10, ISSN 2172-038X, Spain, April 2012, pp 324-326 | 3,6 |
| | S.Vitanova, V. Stoilkov and V, Dimcev: Comparing SCIG and DFIG for Wind Generating Conditions in Macedonia, Renewable Energy and Power Quality Journal, No.9, ISSN 2172-038X, Spain, pp 538-540, May 2011 | 3,6 |

| | | |
|---|---|---|
| 6 | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор (фактори 1,0; 0,9; 0,8; 0,6 x 3 б.)** | **7,8** |
| | V. Stoilkov and S. Parizoski: Exploring the Biogas Potential of Diary Farms for Energy Conversion Applications, The 7th Conference on Sustainable Development of Energy, Water and Environment Systems – SDEWES Conference - Ohrid 2012 | 2,7 |
| | S. Parizoski and V. Stoilkov: Design and Optimization of a Hybid Wind-Photovoltaic Stand Alone System for Tunnel Lighting, The 7th Conference on Sustainable Development of Energy, Water and Environment Systems – SDEWES Conference - Ohrid 2012 | 2,7 |
| 7 | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир (фактори 1,0; 0,8; 0,6 x 2 б.)** | **6,4** |
| | М. Целеска, В. Димчев, К. Најденкоски, В. Стоилков, "Проценка на Ваибуловите параметри на ветрот со статистички методи за распределба на густината на енергијата" 9. Советување на МАКО СИГРЕ 27–29 септември 2015, Охрид. | 1,6 |
| | М. Целеска, В. Стоилков, К. Најденкоски, В. Димчев, "Споредба и избор на ветрогенератори за модел на ветерно поле со познати локациски услови", 9. Советување на МАКО СИГРЕ,, 27–29 септември 2015, Охрид. | 1,6 |
| | Влатко Стоилков, Коста Папастеревски: „Избор на ветрогенераторски системи наменети за локации со сложена конфигурација" 8. Советување на МАКО-СИГРЕ, октомври 2013 | 1,6 |
| | Влатко Стоилков, Владимир Димчев, Крсте Најденкоски: Трендови во развојот на ветрогенераторите и перспективи на нивната примена во Македонија, 7. Конференција МАКО-СИГРЕ, октомври 2011 | 1,6 |
| | **ВКУПНО** | ***70,259*** |

### 3. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Р.бр. | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Основен школски или средношколски учебник** | **6,00** |
| | М, Цветковска, В. Стоилков, Д. Димитровски, А. Тромбева Гаврилоска, М. Лазаревска: Енергетска ефикасност на објекти, април 2015 год., ISBN 978-608-65506-7-7, наставен предмет: Енергетска ефикасност на објекти во средните технички училишта во Р. Македонија | 6 |
| 2 | **Координатор во подготовката на елаборат за нова студиска програма** | **1,00** |
| | Студиска програма „Обновливи извори на енергија", втор циклус, ФЕИТ, 2013 | 1 |
| 3 | **Студија** | **1,00** |
| | Автор на студијата: Анализа на можно производство на електрична енергија на локацијата хотел „Парк" - Охрид, за потребите на Ремис - Охрид, 2013 | 1 |
| 4 | **Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, проценка на капитал, систематизација, методологија** | **31,00** |
| | Влатко Стоилков, Крсте Најденкоски: Испитен елаборат за состојбата на изолациониот систем на високонапонски синхрон мотор со моќност 5000 HP, 6 kV во Рудник Бучим, ноември 2016 год. | 1 |
| | Влатко Стоилков: Надзорен извештај за изведба на фотоволтаична лабораторија во ДСУГС „Михајло Пупин", Скопје, 2016 год. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Влатко Стоилков - ВЕВЕ Груп АД - договор за извршување интелектуални работи - експертски и аналитички услуги за проект „Изготвување Правилник за техничка инспекција“, Скопје, 31.01.2014 год. | 1 |
| | Влатко Стоилков - ВЕВЕ Груп АД - договор за извршување интелектуални работи - експертски и аналитички услуги за проект „Надомест на штета на дистрибуирани производители“, Скопје, 01.09.2013 год. | 1 |
| | К.Најденкоски, В.Стоилков, Љ.Карајановски, “Испитен елаборат периодични испитувања на четири 110/10,5 kV блок трансформатори во ХЕЦ Тиквеш“ АД ЕЛЕМ - Подружница ХЕЦ Тиквеш, 2016 | 1 |
| | К.Најденкоски, В.Стоилков, Љ.Карајановски, “Испитен елаборат периодични испитувања на енергетските трансформатори Т2 во ТС Север 110/6 kV и Т3, Т4 и Т5 во ТС Југ 110/35/6 kV во Подружница Енергетика“ АД ЕЛЕМ - Подружница Енергетика, 2016 | 1 |
| | К.Најденкоски, В.Стоилков, М.Целеска, “Испитен елаборат извршени мерења на енергетските трансформатори во ХЕЦ Шпиље“ АД ЕЛЕМ - Подружница ХЕС Црн Дрим, 2016 | 1 |
| | К.Најденкоски, В.Стоилков, Љ.Карајановски, “Испитен елаборат за состојбата на изолациониот систем на енергетските трансформатори во ХЕЦ Козјак“ АД ЕЛЕМ - Подружница ХЕС Треска, 2016 | 1 |
| | К.Најденкоски, В.Стоилков, Љ.Карајановски, “Испитни резултати за извршените мерења на енергетскиот трансформатор 12Т за агрегат број 2 во термоелектрана РЕК Битола“ АД ЕЛЕМ - Подружница РЕК Битола, 2016 | 1 |
| | Влатко Стоилков, Крсте Најденкоски: Елаборат за процена и експертиза за настаната штета на трифазен трансформатор Т1, 6500 kVA, во “Југохром Фероалојс ДООЕЛ – Јегуновце“, за потребите на ВИНЕР осигурување АД Скопје, Скопје, 2015 год. | 1 |
| | Влатко Стоилков, Крсте Најденкоски: Елаборат за процена и експертиза за настаната штета на трифазен трансформатор Т4, 16000 kVA, во “Југохром Фероалојс ДООЕЛ – Јегуновце“, за потребите на ВИНЕР осигурување АД Скопје, Скопје, 2015 год. | 1 |
| | Влатко Стоилков, Крсте Најденкоски: Елаборат за процена и експертиза за настаната штета на трифазен трансформатор Т8, 24000 kVA, во “Југохром Фероалојс ДООЕЛ – Јегуновце“, за потребите на ВИНЕР осигурување АД Скопје, Скопје, 2015 год. | 1 |
| | Влатко Стоилков, Крсте Најденкоски: Елаборат за процена и експертиза за настаната штета на трифазен трансформатор 630 kVA во “Југохром Фероалојс ДООЕЛ – Јегуновце“, за потребите на ВИНЕР осигурување АД Скопје, Скопје, 2015 год. | 1 |
| | В. Стоилков, М. Целеска: Елаборат за измерено ниво на бучава за трансформатор: Т 1000, за потребите на АД Раде Кончар - Сервис, јули 2014. | 1 |
| | В. Стоилков, М. Целеска: Елаборат за измерено ниво на бучава за трансформатор: Т 630, за потребите на АД Раде Кончар - Сервис, јули 2014. | 1 |
| | В. Стоилков, М. Целеска: Елаборат за измерено ниво на бучава за трансформатор: Т 400, за потребите на АД Раде Кончар - Сервис, јули 2014. | 1 |
| | В. Стоилков, М. Целеска: Елаборат за измерено ниво на бучава за трансформатор: Т 250, за потребите на АД Раде Кончар - Сервис, јули 2014. | 1 |
| | В. Стоилков, М. Целеска: Елаборат за измерено ниво на бучава за трансформатор: Т 160, за потребите на АД Раде Кончар - Сервис, јули 2014. | 1 |
| | В. Стоилков, М. Целеска: Елаборат за измерено ниво на бучава за трансформатор: Т 100, за потребите на АД Раде Кончар - Сервис, јули 2014. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | В. Стоилков, М. Целеска: Елаборат за измерено ниво на бучава за трансформатор: Т 50, за потребите на АД Раде Кончар - Сервис, јули 2014. | 1 |
| | К.Најденкоски, Г.Рафајловски, В.Стоилков, М.Дигаловски, М.Целевска, "Испитен елаборат за извршените мерења на енергетските трансформатори во ХЕЦ Шпиље" АД ЕЛЕМ - Подружница ХЕС Црн Дрим, 2014. | 1 |
| | К.Најденкоски, В.Стоилков, "Испитен елаборат за профилактички испитувања на регулациониот трансформатор во ХЕЦ Глобочица" АД ЕЛЕМ - Подружница ХЕС Црн Дрим, 2013. | 1 |
| | К.Најденкоски, В.Стоилков, М.Дигаловски, "Елаборат за профилактички испитувања на трансформаторите во ХЕЦ Глобочица" АД ЕЛЕМ - Подружница ХЕС Црн Дрим, 2012. | 1 |
| | К.Најденкоски, В. Стоилков, М.Дигаловски, "Испитен елаборат за регулационен трансформатор во ХЕЦ Шпиље" АД ЕЛЕМ - Подружница ХЕС Црн Дрим, 2012. | 1 |
| | К.Најденкоски, В. Стоилков, М.Дигаловски, "Испитен елаборат за профилактички испитувања на енергетскиот трансформатор во Рудник Суводол", АД ЕЛЕМ - Подружница РЕК Битола, 2012. | 1 |
| | В. Стоилков и др. „Обука на енергетски контролори" - прв циклус - Учество во обуката за енергетски контролори за потребите на Агенцијата за енергетика на Р. Македонија, носител: УКИМ-Машински факултет Скопје, 2013 год. | 1 |
| | В. Стоилков и др. „Обука на енергетски контролори" - втор циклус - Учество во обуката за енергетски контролори за потребите на Агенцијата за енергетика на Р. Македонија, носител: УКИМ-Машински факултет Скопје, 2013 год. | 1 |
| | В. Стоилков и др. „Обука на енергетски контролори" - трет циклус - Учество во обуката за енергетски контролори за потребите на Агенцијата за енергетика на Р. Македонија, носител: УКИМ-Машински факултет Скопје, 2013 год. | 1 |
| | В. Стоилков и др. „Обука на енергетски контролори" - четврти циклус - Учество во обуката за енергетски контролори за потребите на Агенцијата за енергетика на Р. Македонија, носител: УКИМ-Машински факултет Скопје, 2013 год. | 1 |
| | В. Стоилков и др. „База на прашања и практични примери за спроведување на испит за енергетски контролори" - Учество во составувањето прашања за реализирање испит за потребите на Министерството за економија на Р. Македонија, носител: УКИМ-Машински факултет Скопје, 2014 год. | 1 |
| | С. Мирчевски, В. Стоилков: Ревизија на техничка документација по изработен проект за реконструкција на лифтови за потребите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, 2014 | 1 |
| **5** | **Учество во промотивни активности на факултетот/институтот (x 0,5)** | **3,00** |
| | Одбележување на 65-годишен јубилеј на УКИМ | 0,5 |
| | Промоција на ФЕИТ и УКИМ кај стопански субјекти и јавни институции (АД ЕЛЕМ, ЕВН Македонија, АД МЕПСО, Регулаторна комисија на РМ, Агенција за енергетика на РМ, Стопанска комора на РМ, Град Скопје и др.) | 2,5 |
| **6** | **Превод - дел од книга** | **1,00** |
| | A. E. Fitzgerald, C. Kingsley Jr, S.D. Umans: Electric Machinery, Sixth edition, Mc Graw Hill, 2006 | 1 |
| **7** | **Автор/коавтор на стручен прирачмик** | **1,00** |

| | | |
|---|---|---|
| | В. Стоилков: Прирачник: Искористување на енергијата на ветрот во земјоделството, Прирачник изработен за потребите на Центарот за промоцикја на одржливи земјоделски практики и рурален развој - ЦЕПРОСАРД Скопје | 1 |
| | | |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| **8** | **Проректор за настава на УКИМ** | **7,00** |
| **9** | **Раководител на внатрешна организациска единица – в.д. директор на Центар за трансфер на технологија** | **3,00** |
| **10** | **Раководител на внатрешна организациска единица - раководител на Инспекциско тело при ФЕИТ** | **3,00** |
| **11** | **Член на универзитетска комисија** | **4,00** |
| | Претседател на Комисија за настава при УКИМ | 1 |
| | Претседател на Комисија за издавачка дејност при УКИМ | 1 |
| | Координатор во Комисија за самоевалуација на УКИМ | 1 |
| | Координатор во Комисија за надворешна евалуација на УКИМ од ЕУА | 1 |
| **12** | **Раководител на Школа за докторски студии при УКИМ** | **2,00** |
| **13** | **Координатор на студиска програма „Обновливи ивори на енергија“** | **1,00** |
| **14** | **Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.)** | **2,00** |
| | Член на Комисија за изработка на концепт за Законот за високото образование на РМ, 2015 год. | 2 |
| **15** | **Изготвување и пријавување на научен/ образовен национален проект** | **1,50** |
| | Носител (1) | 1 |
| | Соработник (1) | 0,5 |
| **16** | **Изготвување и пријавување на научен/ образовен меѓународен проект** | **1,00** |
| | Соработник (1) | 1 |
| **17** | **Член на факултетски комисии** (8 x 0,5) | **4,00** |
| **18** | **Член на комисија за избор во звање** | **1,20** |
| | - д-р Крсте Најденкоски, редовен професор | 0,2 |
| | - д-р Влатко Чингоски, редовен професор, Унив. „Гоце Делчев“ – Штип | 0,2 |
| | - д-р Горан Чогеља, насловен доцент, Унив. „Гоце Делчев“ - Штип | 0,2 |
| | - д-р Михаил Дигаловски, доцент | 0,2 |
| | - м-р Маја Целеска, помлад асистент | 0,2 |
| | - м-р Маја Целеска, демонстратор | 0,2 |
| **19** | **Студиски престој во странство** | **2,50** |
| | до три месеци (5x0,5) | 2,5 |
| **20** | **Учество во комисии и тела во државни и други органи** | **10,00** |
| | Изготвување Стандард за квалификација на образовен профил Електротехничар - енергетичар од електротехничка струка, за потребите на Центарот за стручно образование и обука, Договор од 24.11.2015 год. | 2 |
| | Влатко Стоилков - ВЕВЕ Груп АД договор за извршување интелектуални работи - експертски и аналитички услуги за проектот „Ревизија, измени и дополнување на Законот за техничка инспекција на РМ“, Скопје, 1.3.2013 год. | 2 |
| | Член на Работна група за следење на процесот на набавка, изработка, инсталација, монтажа, испитување и пуштање во работа на опремата и инсталациите предвидени во основните проекти од сценско-технолошките системи за потребите на објектот „Театар Цинот - Велес“, за потребите на Министерство за култура на РМ, 2011 - тековно | 1 |
| | Член на  второстепена комисија за жалби при КОАОИ на РМ | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Член на Работна група за Ревизија на основен проект, фаза електротехника, за ХЕЦ Бошков мост, договорен однос со АД Градежен институт Македонија, 2014 - тековно | 1 |
| | Член на Работна група за Ревизија на основен проект, фаза електротехника, за АД Македонски железници, делница Крива Паланка - Граница со Р Бугарија, во соработка со УКИМ-Градежен факултет - Скопје, 2015 - тековно | 1 |
| | Член на Работна група за Ревизија на основен проект, фаза електротехника, за АД Македонски железници, делница Бељаковце - Крива Паланка, во соработка со УКИМ-Градежен факултет - Скопје, 2016 - тековно | 1 |
| | Член на Работна група за следење на процесот на набавка, изработка, инсталација, монтажа, испитување и пуштање во работа на опремата и инсталациите предвидени во основните проекти за шестоседна жичница на Попова Шапка, за потребите на АД ЕЛЕМ, во соработка со Машински факултет - Скопје и Градежен факултет - Скопје, 2014 - тековно | 1 |
| | **ВКУПНО** | ***79,20*** |

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Милан Чундев, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Владимир Димчев,член, с.р.
3. Проф. д-р Крсте Најденкоски, член, с.р.

Р Е Ф Е Р А Т

# ЗА ПОВТОРЕН ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНОТО ЗВАЊЕ РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕЛЕКТРИЧНИ МАШИНИ, ТРАНСФОРМАТОРИ И АПАРАТИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, на својата седница одржана на 25.I 2017 год. (Одлука бр. 02-119/7), не избра за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научната област 20302-*електрични машини, трансформатори и апарати*, а во врска со распишаниот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања, објавен во дневните весници „Нова Македонија" и „Коха" од 24.XII 2016 год.

На објавениот конкурс се пријави кандидатот проф. д-р Горан Рафајловски, за повторен избор во звањето редовен професор. Врз основа на поднесените документи, приложените трудови и познавањето на кандидатот, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1.Биографски податоци

Кандидатот проф. д-р Горан Рафајловски е роден на 2.V 1963 во Скопје, Македонија. Основно училиште („Ј.Х.Песталоци") и гимназија („Орце Николов") завршил во родниот град. На Електротехничкиот факултет во Скопје се запишал во 1982, а дипломирал на насоката индустриска електроенергетика и автоматизација на 12.V 1987 година. Во текот на студиите двапати бил наградуван како еден од најдобрите студенти во неговата генерација. На постдипломски студии на Електротехничкиот факултет во Загреб се запишал во 1988 година, а магистрирал на насоката за електростројарство и регулациска техника на 24.VI 1991. Магистерскиот труд со наслов "Синтеза система за позиционирање са микрорачуналом и истосмјерним мотором", под менторство на проф. д-р Н. Пашалиќ, го одбранил со едногласна одлука пред тричлена комисија. Докторската дисертација со наслов "Моделирање и истражување на системи за векторско управување на асинхрони мотори" ја одбранил успешно на 19.IV 1996 пред петчлена комисија во состав: проф. д-р Тодор Јакимов, доц. д-р Емил Рац (ментор), проф. м-р Дионис Манов, проф. д-р Георги Димировски и доц. д-р Слободан Мирчевски. Во периодот од 1987 до 1988 работел во "Раде Кончар - Апаратна техника"-Скопје, на развој на уредите за заварување и е еден од конструкторите на уредот BCTU 130 (апарат за рачно електролачно заварување со тиристорска регулација). Од 1.X 1988 работи на Електротехничкиот факултет во Скопје (во Заводот за електрични машини трансформатори и апарати), како асистент на група предмети. Од 1998 до 2001 ја вршел должноста генерален директор на Електростопанство на Македонија. Од 2001 до 2005 година е акредитиран за амбасадор на РМ во СРГ-Берлин. Меѓу другите дипломатско-економско политички дејности, како амбасадор дава значаен придонес и кон унапредувањето на соработката и потпишување на договори меѓу ректорите на

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Friedrich Alexander универзитетот во Erlangen-Nünberg; остварување на одржлива повеќегодишна научна соработка помеѓу Хемискиот факултет на Универзитетот во Лајпциг и Природно- математичкиот факултет при Универзитетот во Скопје; унапредување на соработката со ДААД и интензивирање на стипендиските програми за млади истражувачи и соработка во склоп на Хумболд-програмата. Од 2006 до 2011 година, д-р Горан Рафајловски е член на Надзорнот одбор на ЕВН Македонија.

Кандидатот д-р Горан Рафајловски е член на Светското здружение на инженери (IEEE-IAS), Алумни вип-клуб на DAAD (Deutsche Akademische Austauschdienst), претседател на ИО на меѓународната фондација „Борис Трајковски“, член на Енергетскиот комитет за енергетика при Европската комисија (Energy Committee member of European Commission DG RTD- Unit K1-Energy). Активно ги владее и се служи со германскиот и англискиот јазик.

## 2. Научна и стручно-апликативна дејност

По изборот за редовен професор, кандидатот проф. д-р Горан Рафајловски продолжува активно да соработува во областа на науката и во стручно-апликативната дејност не само со институции од државата, туку и со реномирани институции и универзитети од странство во својство на член на уредувачкиот одбор на меѓународното научно-стручно списание („International Journal on Information technologies and Security“, Technical University Sofia, Bulgaria)

Активно учествува во подготовка на меѓународен развоен проект финансирани од Европската унија - програмата „Хоризонт 2020“, со работен наслов „Истражување и тестирање на прототип на ветрогенератор изработен со нова високо интегрирана технологија“ или „Research & Test of scale prototype on efficient large scale floatable roll-over technology megawatt class wind electrical generator – FLOATROLL“, HORIZON 2020 FET open program FETOPEN-01-2016-2017.

Во периодот по изборот за редовен професор, кандидатот д-р Горан Рафајловски држи предавања по покана на референтен странски универзитет, и тоа на Универзитетот во Берлин (SRH Hochschule Berlin) и Техничкиот универзитет во Софија (College of Energy and Electronics). Исто така е активен во држење настава и учество во летни школи и работилници како во странство: во рамките на Центарот за мировни истражувања и безбедносна политика (Workshop on the influence of energy policy on the security of South eastern Europe, Sofia Centar for Peace Research and Security Policy Foundation); така и во во земјата: Летен симпозиум за електроника и процесирање на сигнали - ЛЕОС 2012, во организација на ФЕИТ - Скопје и македонска секција на IEEE; Стручен симпозиум за подобрување на енергетската ефикасност во електромоторните погони во системот за дистрибуција на електрична енергија, во организација на Министерството за економија на РМ и ЕВН-Македонија; како и на работилницата „Енергетска безбедност во западен Балкан – политики и предизвици“, Скопје 2014, во организација на Фондацијата „Конрад Аденауер“ и Центарот за истражување аналитика – Скопје.

## 3. Научни и стручни трудови на кандидатот

Во текот на досегашната работа, кандидатот д-р Горан Рафајловски покажал забележителна научноистражувачка активност во земјава и во странство. Најголем дел од објавените трудови се од областа на моделирањето и анализата на електричните машини и енергетските преобразувачи, примената на нови системи за регулација, енергетската ефикасност поврзана со квалитетот на електричната енергија и обновливите извори на енергија. При досегашните избори и реизбори за помлад асистент и асистент рецензирани се 10 негови труда заклучно со Билтенот на Универзитетот бр 636 од 1.IV 1995 година. До неговиот избор за доцент, Билтен бр. 713 од 15.7.1998, рецензирани се вкупно 21 негов труд. До изборот за вонреден професор (Билтен на Универзитетот бр. 921 од 1.VI 2007 година), рецензирани се вкупно 22 негови труда. До изборот за редовен професор (Билтен на Универзитетот бр. 1031 од 15.V 2012 година) рецензирани се вкупно 24 негови труда. Од изборот во звањето редовен професор до денес, проф. д-р Горан Рафајловски ги објавил следниве (вкупно 27) научни и стручни трудови и стручни студии и проекти:

### *3.1 Објавени научни и стручни трудови по изборот во звањето редовен професор*

[78] Лиљана Богоевска-Мирчевски, Јове Ѓорѓијовски, Горан Рафајловски: Фреквентно регулирани погони како замена на досегашните класични методи за пуштање во работа на моторите, VII советување Мако Сигре 2011, Охрид, 2-4 окт.2011, стр. А1040Р 1/5.

Во трудот е даден ревијален преглед на повеќе системи за управување со асинхрони мотори. Истакната е предноста на фреквентно регулираните погони како замена на досегашните класични методи за пуштање во работа на асинхроните мотори во погоните на РЕК-Битола. Овој начин на регулација е применет за регулација на брзината на моторот со кој се задвижува работното тркало на ротациониот багер СРС 1050 во рудникот Суводол на РЕК-Битола.

[79] Љубомир Николоски, Крсте Најденкоски, Горан Рафајловски, Петар Костевски: „Обработка и приказ на измерените податоци за квалитет на електрична енергија, VII советување на Мако Сигре 2011, Охрид, 2-4 окт. 2011, стр. B5-008R 1-7.

Во трудот е прикажан ефикасен начин на обработка и приказ на измерените параметри за квалитетот на електричната енергија. Даден е приказ на стандардот EN 50160 и анализа на параметрите кои го дефинираат степенот на квалитететот на електричната енергија како: тотална хармонична дисторзија (THD), виши хармоници, фликер, несиметрија на напоните. Прикажана е постапка на мерење на показателите за квалитетот на електричната енергија, нивна статистичка обработка како и соодветен приказ разбирлив за поширок круг на корисници.

[80] G. Rafajlovski, K. Najdenkoski, M. Digalovski: Variable speed drives for energy efficiency improvements, Летен симпозиум за електроника и процесирање на сигнали - ЛЕОС 2012.

Овој труд ги анализира аспектите на енергетската ефикасност и можностите за штедење на енергијата во индустриските апликации на електромоторните погони со променлива брзина. Елаборирани се не само техничките можности на заштеда на елелектричната енергија со примена на модерни векторски регулирани погони, туку и економските потенцијали што се добиваат преку примената на ваков вид погони во индустриските апликации. Дискутирани и анализирани се актуелните состојби и скаларните системи со напонско управување, U/f регулација и погоните со асинхрони мотори напојувани со широчинско импулсно модулирани инвертори на напон и предностите на векторската регулација на асинхроните мотори.

[81] Mirchevski Slobodan, Arsov ljupco, Iljazi Iljaz, Rafajlovski Goran**:** The influence of reactive power on energy efficiency in household application, WSEAS/NAUN Inter. Conference, Kos Island, Greece, July 14-17,2012.

Во трудот се прикажани мерки за подобрување на енергетската ефикасност кај апаратите за домашна употреба. Посебно внимание е дадено на големите потрошувачи како климатизери и машини за перење. Покрај потрошувачката на активна енергија направена е и анализа на потрошувачката на реактивна енергија.

[82] Goran Rafajlovski: Space Vector Modulation Technique for Inverter fed Induction Motor, International Journal on Information Technologies and Security, No.2/2012 ISSN 1313-8251.

Направена е анализа и споредба на повеќе техники на широчинско импулсна модулација (ШИМ) за инвертор со втиснат напон. Објаснети се предностите и недостатоците на синусоидеалната, подобрената синусоидеална модулација на напонот, и споредени со еден нов метод на ШИМ базиран на просторниот вектор на напојниот напон. Овој нов метод на векторска модулација нуди значителни предности при примената на регулираните асинхроните мотори во индустриските апликации.

[83] Марко Делчев, Горан Рафајловски: Векторска регулација на СГПМ со зголемена енергетска ефикасност, ЗЕМАК 2012, Струга, окт.2012.

Во трудот е направена математичка анализа и симулација на еден синхрон генератор со перманентни магнети. Со примена на методот на векторска регулација на моментот и брзината со ориентација на полето во произволно избран координатен систем истакната е можноста за подобрување на енергетската ефикасност на системот.

[84] Горан Рафајловски, Крсте Најденкоски: Подобрување на енергетската ефикасност во електромоторните погони во системот за дистрибуција на ел. енергија, ѕимпозиум, Мин. zа економија , ЕВН, септ.2013.

Во трудот се елаборираат можностите за подобрување на енергетската ефикасност во трансформаторите и електромоторните погони во системот за дистрибуција на електрична енергија. Се предлагаат методи за намалување на загубите на магнетизирање, како и загубите во бакар на елктричното коло.

[85] M. Digalovski, K. Najdenkoski, G. Rafajlovski: "Prediction of Core Losses of Three-Phase Distribution Transformer", Journal of Energy and Power Engineering, Vol. 7, Number 12, Decembar 2013,ISSN 1934-8975, CA 91770, USA.

Во трудот е даден динамички модел на трифазен трансформатор изработен во програмски пакет ANSOFT/Maxwell, преку кој прецизно се определуваат загубите во празен од, уште во фаза на проектирање.

[86] M. Digalovski, K. Najdenkoski, G. Rafajlovski: "Impact of current high order harmonic to core losses of three-phase distribution transformer", EUROCON 2013, pp.1531-1535, Conference proceedings EUROCON2013 / 2013, Zagreb, Croatia.

Во трудот е прикажана една оригинална постапка за определување на влијанието на вишите хармоници од струјата врз загубите во железо кај дистрибутивен трансформатор. Анализите се прават преку тридимензионален модел на трансформаторот изработен во програмски пакет ANSOFT/Maxwell. Симулацијата го потврдува предложениот математички модел на трансформаторот.

[87] Goran Rafajlovski, Krste Najdenkoski, ljubomir Nikoloski Herbert Heidvogl: POWER QUALITY MONITORING AND SAMPLE SIZE ANALYSIS,BEYOND EN 50160 AND IEC 61000-4-30, CIRED 22$^{nd}$ International Conference on Electricity Distribution, Stockholm, 10-13 June 2013.

Во трудот е прикажан оригинален начин на статистичка обработка и приказ на измерените параметри за квалитетот на електричната енергија базирана на теоријата на Кохран. Даден е приказ на стандардот EN 50160 и анализа на параметрите кои го дефинираат степенот на квалитететот на електричната енергија како: тотална хармонична дисторзија (THD), виши хармоници, фликер, несиметрија на напоните. Прикажана е постапка на мерење на показателите за квалитетот на електричната енергија, нивна статистичка обработка како и соодветен приказ разбирлив за поширок круг на корисници.

[88] К. Најденкоски, Г, Рафајловски и други: Методологија за определување на индекс на состојба на енергетски трансформатори, VIII советување Мако Сигре, Охрид Македонија 2013, А2032Р МК.

Во трудот е дадена статистичка анализа преку која се определува индексот на состојба на енергетските трансформатори во високонапонската мрежа на АД МЕПСО. Предложената методологија дава можност за предиктивно определување на животниот век на трансформаторите.

[89] Г.Рафајловски, К.Најденкоски, М.Дигаловски: Еквивалентни шеми за векторска анализа на асинхрони мотори, VIII советување Мако Сигре, Охрид, Македонија, 2013, A1117 P MK.

Прикажана е споредба на различни еквивалентни шеми за векторска анализа на асинхрони мотори. Истакнати се предностите и недостатоците на Т –еквивалентната шема и Г-еквивалентната шема по однос на индиректните и директните системи за векторска регулација. Поради комплексноста на нелинеарните диференцијални равенки кои го опишуваат динамичкиот модел на асинхрониот мотор потребно е да се има предвид и видот на применетата техника на векторска регулација на моментот и/или брзината на АМ.

[90] Goran Rafajlovski, K. Najdenkoski, M. Digalovski, Lj. Nikoloski, H. Hedvogl: Power quality monitoring and sample size analysis using Cohran's theory and EN 50160 standard, VIII советување на Мако Сигре 2013, Охрид, окт. 2013

Во трудот е направена анализа и оцена на квалитетот на електричната енергија на дистрибутивната мрежа во Р.Македонија. За прифаќање и проценка на измерените величини е користен мониторинг-системот OMNI – QUANT, кој заедно со софтверскиот пакет DAMON гарантира висока класа на точност на измерените параметри и доверлива обработка на податоците. Оцената на квалитетот на електричната енергија во дистрибутивната мрежа е направена на база на меѓународните стандарди и препораки EN 50160 и IEC 61000-4-30.

[91] Goran Rafajlovski, Krste Najdenkoski, Mihail Digalovski: Advanced vector control techniques for energy efficiency requirements, Proceedings of the international conference InfoTech-2014, Varna Bulgaria, 17-18 September 2014.

Прикажана е споредба на различни модели на векторско управување на асинхроните мотори. Анализирани се елементите на управување, нивните карактеристики, како и предностите, но и некои недостатоци на индиректните и директните системи за векторска регулација. Поради комплексноста на нелинеарните диференцијални равенки кои го опишуваат динамичкиот модел на асинхрониот мотор, сè повеќе се употребуваат нелинеарни регулациони концепти за директна регулација на моментот на АМ.

[92] Goran Rafajlovski, Krste Najdenkoski, Mihail Digalovski: Energy Efficiency Improvements and Variable Speed Drives, International Simposium Energetika, ZEMAK 2014, Struga, Oktober 2014

Во трудот се дискутирани повеќе векторски системи за управување на асинхроните мотори од аспект на нивна структура, дизајн и примена. Даден е преглед на актуелните состојби но и проценки за идниот развој и примена на векторски регулираните погони. Истакнати се предностите на новите концепти за регулација (директна-предиктивна регулација на моментот без помош на сензори) и објаснет е

трендот на идниот развој, особено во областа на адаптивните системи за регулација базирани на fuzzy-логика и невронските мрежи.

[93] Goran Rafajlovski, Krste Najdenkoski, Mihail Digalovski: Voltage Quality Issues and EN 50160 standard (Case study of the distribution grid in Macedonia), Proceedings of the international conference InfoTech-2014, Varna Bulgaria, 17-18 September 2014.

Со резултатите од испитувањата, базирани на измерените вредности за фликер, промени на напонот, тотална хармонична дисторзија и несиметријата постигнати се две цели: прво, дадена е јасна слика и точна оцена на квалитетот на електричната енергија на дистрибутивната мрежа, и второ, идентифицирани се слабите точки и предложени се постапки за намалување на повратните влијанија врз мрежата.

[94] Goran Rafajlovski, Mihail Digalovski: PWM Inverter dead time impact on vector control system, International Journal on Information Technologies and Security, No.4/2015, ISSN 1313-8251.

Во трудот е прикажан еден динамички модел на напонски инвертор во функција на директна регулација на моментот на асинхрон мотор. Разработен е еден модел за компензација на мртвото време на вградените IGBT-транзистори во прекинувачки режим на работа. Извршена е симулација на предложениот модел и неговата структура и е потврдена неговата ефикасност во подобрување на обликот на излезниот напон од аспект на вишите хармоници.

[95] Mihail Digalovski, Goran Rafajlovski, Krste Najdenkoski: Optimally designed energy efficient transformer using global iterative algorithms, International Journal Elektrotechnica & Elektronica E+E/ Vol.50, No 5-6, 2015, ISSN 0861-47-17

Во трудот е даден еден нов метод за оптимална пресметка на енергетската ефикасност на трифазен трансформатор со употреба на глобални итеративни алгоритми. Математичкиот модел за оптимизација е потврден преку изработка на прототип-трансформатор и резултатите се верификувани преку експериментални мерења.

[96] S. Mircevski, D. Vidanovski, M. Digalovski, G. Rafajlovski: Total Power Consumption in constant speed electric drive with Induction Motor – Part I, 18-th International Symposium on Power Electronics - Ee2015, Novi Sad, Serbia

Во трудот е даден еден начин на определување на потрошувачката на електрична енергија (активна, реактивна, привидна и на дисторзија) кај погони со асинхрони мотори со константна брзина. Се покажува дека енергетската ефикасност на асинхроните мотори не зависи само од коефициентот на полезно дејство, туку и од факторот на моќност. Со предложената мерна постапка се евидентира дека делот на потрошената електрична енергија заради дисторзија не може да се занемари.

[97] S. Mircevski, D. Vidanovski, M. Digalovski, G. Rafajlovski: Total Power Consumption in Adjustable Speed Drive (ASD) with Induction Motor – Part II, 18-th International Symposium on Power Electronics - Ee2015, Novi Sad, Serbia

Во тудот се елаборира влијанието на вишите хармоници врз енергетската ефикасност на регулирани електромоторни погони со асинхрони мотори. Преку практично испитување се измерени сите видови на електрична енергија и потврден е фактот дека енергетската ефикасност во голема мерка зависи од енергијата на дисторзија.

[98] М.Дигаловски, К.Најденкоски, Г.Рафајловски: "Прецизно определување на загубите во магнетното коло на трансформаторот во фазата на проектирање", IX советување на Мако Сигре 2015, Охрид, 2-4 окт. 2015.

Во трудот е дадена постапка за прецизно определување на загубите во празен од кај енергетските трансформатори. Загубите во магнетното коло се определуваат со помош на соодветен математички и симулационен модел. Во фазата на проектирање се изработува т.н. виртуелен прототип на трансформаторот преку кој се определуваат загубите.

[99] К. Најденкоски, Г.Рафајловски, М. Дигаловски,Р. Робески, М. Буквиќ: "Управување со работата на енергетските трансформатори од аспект на загубите на моќност", IX советување на Мако Сигре 2015, Охрид, 2-4 окт. 2015.

Во трудот се земени предвид повеќе аспекти на работата на 400 kV енергетски трансформатори во преносната мрежа на Република Македонија. Целта е подобрување на енергетската ефикасност. Разгледани се можностите за управување на трансформаторите во однос на паралелна или самостојна работа, земајќи ја предвид нивната оптовареност и стабилноста на високонапонската мрежа. Дадена е економска анализа и предложени мерки за заштеда.

[100] М. Буквиќ К. Најденкоски, Г.Рафајловски, Р. Робески, М. Буквиќ: "Набавка Транспорт и монтажа на 300 kVA енергетски трансформатор", IX советување на Мако Сигре 2015, Охрид, 2-4 окт. 2015.

Во трудот е елаборирана постапка за изработување на техничка спецификација за производство, испитување, транспорт, монтажа и пучтање во работа на нов 400/110 kV трансформатор со автоматска регулација во ТС Скопје 5.

[101] Mihail Digalovski, Goran Rafajlovski, Krste Najdenkoski: Dependence of three-phase distribution transformer core losses from current harmonics, Proceedings of the international conference InfoTech-2015, Varna Bulgaria, 17-18 September 2015.

Во трудот е дадена анализа и пресметка на зависноста на загубите во магнетното коло од вишите хармоници на струјата на магнетизирање. Прикажан е симулационен модел преку кој со генерирање на струи со различен хармониски состав се добиваат

загубите во магнетното коло. Придобивката од оваа постапка е можноста за определување на загубите во магнетното коло на трансформаторот во зависност од квалитетот на струјата и застапеноста на вишите хармоници.

[102] Goran Rafajlovski: Energy Policy of EU the role of western Balkan, Key speaker plenary report, Proceedings of the international conference InfoTech-2015, Varna Bulgaria, 17-18 September 2015.

Во трудот е дадена аналитичка оценка на енергетската политика во Европската унија и улогата на земјите од западниот Балкан во врска со безбедноста со снабдување со електрична енергија и природен гас, согласно со регулативите и препораките за транспаретност и слободен пристап.

[103] Atanas Nastev, Goran Rafajlovski: Energy Policy and security of supply in Republic of Macedonia, ZEMAK 2016.

Во трудот е прикажан преглед на настаните и одлуките во АД МЕПСО врзани со енергетската политика во компанијата.

[104] M. Digalovski, K. Najdenkoski, G. Rafajlovski: “Stator core condition assessment using stator core test for turbogenerator type TGH-120”, 19th International Symposium on Electrical Apparatus and Technologies (SIELA), ISBN 978-1-4673-9521-2, 29.05-01.06.2016, Bourgas, Bulgaria.

Во трудот е елаборирана една постапка на испитување на статорското магнетното коло на турбо генераторот TGH-120 во РЕК Осломеј. Мерната постапка е оригинална и во согласност со VDE стандардите. Загревањето на статорското магнетно коло се прави со помош на импровизирана намотка која се напојува од помошен трансформатор во самата електришна централа. Со споредба на прирастот на температурите и температурните разлики, со вредностите дадени во стандардите, како и со мерење на загубите во магнетното коло се потврдува дали генераторот смее да се пушти во погон или е потребна дополнителна ревизија.

*3.2 Изработени стручни студии и проекти*

[105] Студија за проценка на состојбата на енергетските трансформатори, Проект со МЕПСО АД Скопје, 2012. Учесници: проф.д-р Крсте Најденкоски проф. д-р Горан Рафајловски, проф.д-р Љубомир Николоски, Проф.д-р Влатко Стоилков, Доц. д-р Михаил Дигаловски

[106] Студија за управување со реактивната моќност во дистрибутивната мрежа на ЕВН Македонија, Проект со ЕВН Македонија, Скопје, 2014. Учесници: проф. д-р Горан Рафајловски, раководител, проф. д-р Крсте Најденкоски, вонр.проф. д-р Мирко Тодоровски, доц. д-р Михаил Дигаловски.

[107] Студија за ефикасно управување со работата на енергетските трансформатори со цел заштеда на електрична енергија, АД МЕПСО, Скопје 2014, Учесници: проф.д-р Крсте Најденкоски проф. д-р Горан Рафајловски, асис.д-р Михаил Дигаловски, проф.д-р Љубомир Николоски, проф. д-р Антон Чаушевски.

[108] Мониторинг на параметрите на квалитетот на електричната енергија во карактеристични точки на преносната мрежа на Република Македонија, АД МЕПСО 2016. Учесници: проф. д-р Горан Рафајловски, раководител, доц. д-р Михаил Дигаловски, проф.д-р Крсте Најденкоски

[109] Research & Test of scale prototype on efficient large scale floatable roll-over technology megawatt class wind electrical generator – FLOATROLL, HORIZON 2020 FET open program FETOPEN-01-2016-2017) Project memebers: Prof. Dr. Goran Rafajlovski, Prof. Dr. Krste Najdenkoski, Prof. Dr. Vlatko Stoilkov, Prof. Dr. Goga Cvetkovski, Docent Dr. Mihail Digalovski, M.Sc. Maja Celeska

[110] К.Најденкоски, Г.Рафајловски, М.Дигаловски, М. Целеска: "Елаборат за состојбата на изолациониот систем на синхрон мотор 5012, 5000 HP, 6000 V во "Бучим" Радовиш", 2013 ФЕИТ Скопје

[111] К.Најденкоски, Г. Рафајловски, М.Дигаловски, "Анализа на резултатите од испитувањата на статорското магнетно јадро на турбогенераторот TGH120 во АД ЕЛЕМ Подружница РЕК Осломеј - Кичево", 2013, ФЕИТ Скопје.

## 4. Наставно-образовна дејност

По изборот во звањето редовен професор, д-р Горан Рафајловски бил ангажиран во изведувањето на наставата и вежбите по предметите електроенергетски уреди, електрични мотори, технички стандарди и регулатива, проектирање на системи за обновливи извори на енергија, дигитално управување на електрични машини, примена на микроконтролери, сите на студиите од прв циклус. Наставата на овие предмети е реализирана во согласност со новите студиски програми на болоњскиот процес. За секој од предметите има подготвено интерни материјали за студентите, како од теоретскиот дел на материјата, така и за вежбите по секој од предметите. На магистерските студии од втор циклус, д-р Горан Рафајловски бил вклучен во оформувањето на четири курса во студиските програми: електроенергетика управување и обновливи извори на енергија - ЕАОИЕ, регулатива во енергетика електронски комуникации и сообраќај - РЕЕКС и енергетска ефикасност животна средина и одржлив развој – ЕСОР и електрични машини и автоматизација ЕМА. Предметен наставник е на следниве предмети на втор циклус: векторска регулација на машини за наизменична струја, енергетска политика и безбедност и Квалитет на електрична енергија од ОИЕ. Бил раководител на Лабораторијата за ИЕМТА и тековно е раководител на Институтот за електрични машини трансформатори и апарати. Исто така, проф. д-р Горан Рафајловски е претседател на Одборот за соработка и доверба со јавноста на Факултетот за електротехника и информациски технологии, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

На трет циклус-докторски студии го предава предметот векторска регулација на МНС без помош на сензори. Ги има објавено четири учебници и книги од предметната наставно - образовна област: Горан Ристо Рафајловски: Електрични мотори (динамика и управување), Учебник, УКИМ Скопје 2012, ISBN 978-9989-43-354-2; Goran Rafajlovski, Mihail Digalovski, Induction Motor - Dynamics and Vector Control, Scholar's Press, Saarbrücken, Germany 2015, ISBN 978-3-639-86165-5; Goran Rafajlovski, Mihail Digalovski, DC Motor-Dynamics and Control, Scholar's Press, Saarbrücken, Germany 2015, ISBN 978-3-639-86257-7; Mihail Digalovski, Goran Rafajlovski, Krste Najdenkoski, Design of Energy

Efficiency Power Transformer, Scholar's Press, Saarbrücken, Germany 2015, ISBN 978-3-639-76081-1.

Наставните обврски ги извршува квалитетно. Покажува интерес за научна работа и за напредување во струката. Односот кон студентите му е коректен.

## 5. Заклучок и предлог

Кандидатот професор д-р Горан Рафајловски, во својата досегашна ангажираност како редовен професор на Факултететот за електротехника и информациски технологии, покажал солидни резултати како во наставната дејност, земајќи активно учество во изведувањето на вежбите и предавањата скоро по сите предмети при Институтот за електрични машини, трансформатори и апарати, исто така и во научноистражувачката и стручната област, престојувајќи на научни институции во странство, учествувајќи и објавувајќи повеќе научни трудови во списанија и на симпозиуми во земјата и во странство.

Кандидатот проф. д-р Горан Рафајловски успешно ги следи научните достигнувања во областа на електричните машини, трансформатори и уреди. Изработува позитивно рецензиран универзитетски учебник: „Електрични мотори динамика и управување“ и држи предавања на покана на референтни странски универзитети ( СРХ универзитет во Берлин и Техничкиот универзитет во Софија). Во изминатиот период, по неговиот избор за редовен професор во 2012 година има објавено 4 труда во меѓународни списанија, 10 труда на меѓународни конференции и 13 труда на домашни конференции. Покрај тоа, учествувал во изработка на 7 студии и подготовка на меѓународен научноистражувачки проект значајни за индустриската електроенергетика во земјата.

Врз основа на досегашните резултати од работењето на кандидатот проф. д-р Горан Рафајловски, во наставно-педагошката, научноистражувачката и стручна дејност на Факултетот, и согласно со позитивната оценка од спроведената студентска анкета, како и од соработката со стопанството, неговата ангажираност и постигнатите резултати на полето на енергетиката и дипломатијата, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултететот за електротехника и информациски технологии во Скопје повторно да го избере проф. д-р Горан Рафајловски за редовен професор во наставно-научната област 20302-електрични машини, трансформатори и апарати.

Рецензентска комисија

1. Проф д-р Слободан Мирчевски, претседател, с.р.

2. Проф. д-р Љубомир Николоски, член, с.р.

3. Проф. д-р Крсте Најденкоски, член, с.р.

**АНЕКС**

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Горан Ристо Рафајловски**

(име, татково име и презиме)

**Институција: Факултет за електротехника и информациски технологии - Скопје**

(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: електрични машини, трансформатори и апарати**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| | **Назив на активноста** | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Одржување на настава (прв циклус студии)** | **63** |
| | Машини за еднонасочна струја и трансформатори (3 ч.), летен 2009/10 | 1,8 |
| | Електроенергетски уреди (3 ч.), летен 2009/10 | 1,8 |
| | Нови технологии во електроенергетските уреди (3 ч.), летен 2009/10 | 1,8 |
| | Дигитално управување на електрични машини (3 ч. ) зимски 2010/11 | 1,8 |
| | Енергетски преобразувачи (3 ч.), зимски 2010/11 | 1,8 |
| | Машини за еднонасочна струја и трансформатори (3 ч.), летен 2010/11 | 1,8 |
| | Електроенергетски уреди (3 ч.), летен 2010/11 | 1,8 |
| | Нови технологии во електроенергетските уреди (3 ч.), летен 2010/11 | 1,8 |
| | Технички Стандарди и регулатива, (3 ч.), зимски 2011/12 | 1,8 |
| | Проектирање на системи за ОИЕ, (3ч.), зимски 2011/12 | 1,8 |
| | Електрични Мотори, (3ч.), летен 2011/12 | 1,8 |
| | Електроенергетски Уреди, (3ч.), летен 2011/12 | 1,8 |
| | Дигитално Управување на електрични машини, (3ч.), летен 2011/12 | 1,8 |
| | Технички Стандарди и регулатива, (3 ч.), зимски 2012/13 | 1,8 |
| | Проектирање на системи за ОИЕ, (3ч.), зимски 2012/13 | 1,8 |
| | Електрични Мотори, (3ч.), летен 2012/13 | 1,8 |
| | Електроенергетски Уреди, (3ч.), летен 2012/13 | 1,8 |
| | Дигитално Управување на електрични машини, (3ч.), летен 2012/13 | 1,8 |
| | Технички Стандарди и регулатива, (3 ч.), зимски 2013/14 | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | Проектирање на системи за ОИЕ, (3ч.), зимски 2013/14 | 1,8 |
| | Електрични Мотори, (3ч.), летен 2013/14 | 1,8 |
| | Електроенергетски Уреди, (3ч.), летен 2013/14 | 1,8 |
| | Дигитално Управување на електрични машини, (3ч.), летен 2013/14 | 1,8 |
| | Зимски семестар, учебна 2014/15година (6 ч.) | 3,6 |
| | Летен семестар, учебна 2014/15 година (9 ч.) | 5,4 |
| | Зимски семестар, учебна 2015/16 година (6 ч.) | 3,6 |
| | Летен семестар, учебна 2015/16 година (9 ч.) | 5,4 |
| | Зимски семестар, учебна 2016/17 година (6 ч.) | 3,6 |
| **2** | **Одржување на вежби (прв циклус студии)** | **12,6** |
| | Летен семестар, учебна 2009/10 година | 0,9 |
| | Зимски семестар, учебна 2010/11 година | 0,9 |
| | Летен семестар, учебна 2010/11 година | 0,9 |
| | Зимски семестар, учебна 2011/12 година | 0,9 |
| | Летен семестар, учебна 2011/12 година | 0,9 |
| | Зимски семестар, учебна 2012/13 година | 0,9 |
| | Летен семестар, учебна 2012/13 година | 0,9 |
| | Зимски семестар, учебна 2013/14 година | 0,9 |
| | Летен семестар, учебна 2013/14 година | 0,9 |
| | Зимски семестар, учебна 2014/15 година | 0,9 |
| | Летен семестар, учебна 2014/15 година | 0,9 |
| | Зимски семестар, учебна 2015/16 година | 0,9 |
| | Летен семестар, учебна 2015/16 година | 0,9 |
| | Зимски семестар, учебна 2016/17 година | 0,9 |
| **3** | **Одржување на консултации (прв циклус студии)** | **2,492** |
| | Летен 2009/10 (112 студ,) | 0,224 |
| | Зимски 2010/11 (36 студ,) и летен семестар 2010/11 (122) | 0,316 |
| | Зимски 2011/12 (42 студ,) и летен семестар 2011/12 (98) | 0,280 |

| | | |
|---|---|---|
| | Зимски 2011/12 (38 студ,) и летен семестар 2011/12 (106) | 0,288 |
| | Зимски 2012/13 (48 студ,) и летен семестар 2012/13 (107) | 0,31 |
| | Зимски 2013/14 (52 студ,) и летен семестар 2013/14 (91) | 0,286 |
| | Зимски 2014/15 (54 студ,) и летен семестар 2014/15 (110) | 0,328 |
| | Зимски 2015/16 (56 студ,) и летен семестар 2015/16 (112) | 0,336 |
| | Зимски 2016/17 (62 студ,) | 0.124 |
| **4** | **Одржување на настава (втор циклус студии)** | **2,282** |
| | Векторско управување на МНС зимски семестри 2010-16 | 2,25 |
| | Енергетска политика и безбедност летен семестар 2012- 2106 (консултации) | 0,014 |
| | Квалитет на електрична енергија од ОИЕ летен семестар 2012- 2106 (консултации) | 0,018 |
| **5** | **Настава во летни школи и работилници** | **4** |
| | [1] Летен симпозиум за електроника и процесирање на сигнали - ЛЕОС 2012, во организација на ФЕИТ - Скопје и македонска секција на IEEE.<br><br>[2] Workshop on the influence of energy policy on the security of South eastern Europe, Sofia 2013, Centar for Peace Research and Security Policy Foundation).<br><br>[3] Стручен симпозиум за подобрување на енергетската ефикасност во електромоторните погони во системот за дистрибуција на електрична енергија, Министерството за економија на РМ и ЕВН.<br><br>[4] Работилница: Енергетска безбедност во Балкан – политики и предизвици, Скопје 2014, во организација на Фондацијата „Конрад Аденауер“ и Центарот за истражување аналитика. | 4 |
| **6** | **Интерна скрипта од предавања** | **20** |
| | Интерна скрипта по предметот електрични мотори | 4 |
| | Интерна скрипта по предметот дигитално управување на МНС | 4 |
| | Интерна скрипта по предметот електроенергетски уреди | 4 |
| | Интерна скрипта по предметот технички стандарди и регулатива | 4 |
| | Интерна скрипта по предметот проектирање на системи за ОИЕ | 4 |
| **6** | **Ментор на дипломска работа (9)** | **1,8** |
| 7 | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (29)** | **1,9** |
| **8** | **Член на комисија за оцена или одбрана на докторска дисертација (2x0,5)** | **1** |
| **9** | **Ментор за одбрана на Магистерска работа (1)** | **1** |

| | | |
|---|---|---|
| **1 0** | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистерска дисертација (3x0.3)** | **0,9** |
| **11** | **Научно - популарни книги (3)** | **16** |
| | [1] Goran Rafajlovski, Mihail Digalovski, Induction Motor - Dynamics and Vector Control, Scholar's Press, Saarbrücken, Germany 2015, ISBN 978-3-639-86165-5 | 6 |
| | [2] Goran Rafajlovski, Mihail Digalovski, DC Motor-Dynamics and Control, Scholar's Press, Saarbrücken, Germany 2015, ISBN 978-3-639-86257-7 | 6 |
| | [3] Mihail Digalovski, Goran Rafajlovski, Krste Najdenkoski, Design of Energy Efficiency Power Transformer, Scholar's Press, Saarbrücken, Germany 2015, ISBN 978-3-639-76081-1 | 4 |
| **12** | **Позитивно рецензиран универзитетски учебник**<br><br>Горан Ристо Рафајловски: „Електрични мотори динамика и управување". | **8** |
| | **ВКУПНО** | ***135,97*** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| | **Назив на активноста** | Поени |
|---|---|---|
| **1** | **Учесник во меѓународен научен проект** | **6** |
| | Research & Test of scale prototype on efficient large scale floatable roll-over technology megawatt class wind electrical generator – FLOATROLL, HORIZON 2020 FET open program FETOPEN-01-2016-2017) Project memebers: Prof. Dr. Goran Rafajlovski, Prof. Dr. Krste Najdenkoski, Prof. Dr. Vlatko Stoilkov, Prof. Dr. Goga Cvetkovski, Docent Dr. Mihail Digalovski, M.Sc. Maja Celeska | 6 |
| **2** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание** | **14** |
| | [1] Goran Rafajlovski: Space Vector Modulation Technique for Inverter fed Induction Motor, International Journal on Information Technologies and Security, No.2/2012 ISSN 1313-8251 | 4 |
| | [2] M. Digalovski, K. Najdenkoski, G. Rafajlovski: "Prediction of Core Losses of Three-Phase Distribution Transformer", Journal of Energy and Power Engineering, Vol. 7, Number 12, Decembar 2013,ISSN 1934-8975, CA 91770, USA. | 3,2 |
| | [3] Goran Rafajlovski, Mihail Digalovski: PWM Inverter dead time impact on vector control system, International Journal on Information Technologies and Security, No.4/2015, ISSN 1313-8251 | 3,6 |
| | [4] Mihail Digalovski, Goran Rafajlovski, Krste Najdenkoski: Optimally designed energy efficient transformer using global iterative algorithms, International | 3,2 |

| | | |
|---|---|---|
| | Journal Elektrotechnica & Elektronica E+E/ Vol.50, No 5-6, 2015, ISSN 0861-47-17 | |
| **3** | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** | **24,6** |
| | [5] Mirchevski Slobodan, Arsov ljupco, Iljazi Iljaz, Rafajlovski Goran**:** The influence of reactive power on energy efficiency in household application, WSEAS/NAUN Inter. Conference, Kos Island, Greece, July 14-17,2012 | 2,1 |
| | [6]M. Digalovski, K. Najdenkoski, G. Rafajlovski: "Impact of current high order harmonic to core losses of three-phase distribution transformer", EUROCON 2013, pp.1531-1535, Conference proceedings EUROCON2013 / 2013, Zagreb, Croatia | 2,4 |
| | [7] Goran Rafajlovski, Krste Najdenkoski, ljubomir Nikoloski Herbert Heidvogl: POWER QUALITY MONITORING AND SAMPLE SIZE ANALYSIS,BEYOND EN 50160 AND IEC 61000-4-30, CIRED 22nd International Conference on Electricity Distribution, Stockholm, 10-13 June 2013 | 2,7 |
| | [8] Goran Rafajlovski, Krste Najdenkoski, Mihail Digalovski: Advanced vector control techniques for energy efficiency requirements, Proceedings of the international conference InfoTech-2014, Varna Bulgaria, 17-18 September 2014. Najdenkoski, | 2,7 |
| | [9] Goran Rafajlovski, Krste Najdenkoski, Mihail Digalovski: Voltage Quality Issues and EN 50160 standard (Case study of the distribution grid in Macedonia), Proceedings of the international conference InfoTech-2014, Varna Bulgaria, 17-18 September 2014. | 2,7 |
| | [10] S. Mircevski, D. Vidanovski, M. Digalovski, G. Rafajlovski: Total Power Consumption in constant speed electric drive with Induction Motor – Part I, 18-th International Symposium on Power Electronics - Ee2015, Novi Sad, Serbia | 2,1 |
| | [11] S. Mircevski, D. Vidanovski, M. Digalovski, G. Rafajlovski: Total Power Consumption in Adjustable Speed Drive (ASD) with Induction Motor – Part II, 18-th International Symposium on Power Electronics - Ee2015, Novi Sad, Serbia | 2,1 |
| | [12] Mihail Digalovski, Goran Rafajlovski, Krste Najdenkoski: Dependence of three-phase distribution transformer core losses from current harmonics, Proceedings of the international conference InfoTech-2015, Varna Bulgaria, 17-18 September 2015 | 2,4 |
| | [13] Goran Rafajlovski: Energy Policy of EU the role of western Balkan, Key speaker plenary report, Proceedings of the international conference InfoTech-2015, Varna Bulgaria, 17-18 September 2015. | 3,0 |
| | [14] M. Digalovski, K. Najdenkoski, G. Rafajlovski: "Stator core condition assessment using stator core test for turbogenerator type TGH-120", 19th International Symposium on Electrical Apparatus and Technologies (SIELA), ISBN 978-1-4673-9521-2, 29.05-01.06.2016, Bourgas, Bulgaria | 2,4 |

| | | |
|---|---|---|
| 4 | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир** | **19,2** |
| | [15] Љубомир Николоски, Крсте Најденкоски, Горан Рафајловски, Петар Костевски: „Обработка и приказ на измерените податоци за квалитет на електрична енергија, VII советување на Мако Сигре 2011, Охрид, 2-4 окт. 2011, стр. B5-008R 1-7. | 1,4 |
| | [16] Лиљана Богоевска-Мирчевски, Јове Ѓорѓијовски, Горан Рафајловски: Фреквентно регулирани погони како замена на досегашните класични методи за пуштање во работа на моторите, VII советување Мако Сигре 2011, Охрид, 2-4 окт.2011, стр. A1040P 1/5. | 1,4 |
| | [17]Rafajlovski, K. Najdenkoski, M. Digalovski: Variable speed drives for energy efficiency improvements, Летен симпозиум за електроника и процесирање на сигнали - ЛЕОС 2012 | 1,8 |
| | [18] Марко Делчев, Горан Рафајловски: Векторска регулација на СГПМ со зголемена енергетска ефикасност, ЗЕМАК 2012, Струга окт.2012 | 1,6 |
| | [19] К. Најденкоски, Г,Рафајловски и други: Методологија за определување на индекс на состојба на енергетски трансформатори, VIII советување Мако Сигре, Охрид Македонија 2013, A2032P МК | 1,6 |
| | [20] Г.Рафајловски,Најденкоски, Дигаловски: Еквивалентни шеми за векторска анализа на асинхрони мотори, VIII советување Мако Сигре, Охрид, Македонија 2013, A1117 P МК | 1,8 |
| | [21] Goran Rafajlovski, K. Najdenkoski, M. Digalovski, Lj. Nikoloski, H. Hedvogl: Power quality monitoring and sample size analysis using Cohran's theory and EN 50160 standard, VIII советување на Мако Сигре 2013, Охрид, окт. 2013 | 1,8 |
| | [22]Goran Rafajlovski, Krste Najdenkoski, Mihail Digalovski: Energy Efficiency Improvements and Variable Speed Drives, International Simposium Energetika, ZEMAK 2014, Struga, Oktober 2014 | 1,8 |
| | [23] М.Дигаловски, К.Најденкоски, Г.Рафајловски: “Прецизно определување на загубите во магнетното коло на трансформаторот во фазата на проектирање”, IX советување на Мако Сигре 2015, Охрид, 2-4 окт. 2015 | 1,4 |
| | [24] К. Најденкоски, Г.Рафајловски, М. Дигаловски,Р. Робески, М. Буквиќ: “Управување со работата на енергетските трансформатори од аспект на загубите на моќност”, IX советување на Мако Сигре 2015, Охрид, 2-4 окт. 2015 | 1,6 |
| | [25] М. Буквиќ К. Најденкоски, Г.Рафајловски, Р. Робески, М. Буквиќ: “Набавка Транспорт и монтажа на 300 kVA енергетски трансформатор”, IX советување на Мако Сигре 2015, Охрид, 2-4 окт. 2015 | 1,4 |
| | [26] Atanas Nastev, Goran Rafajlovski: Energy Policy and security od supply in Republic of Macedonia, ZEMAK 2016 | 1,6 |

| | | |
|---|---|---|
| 5 | **Одржани предавања на покана на референтен странски универзитет** | **12** |
| | SRH Hochschule Berlin, : Gastvortrag zum Thema: Erneurbaren Energie und Energie Wirtschaftlichkeit, Deutschland 2014/2015/2016 | 9 |
| | Technical University Sofia, College of Energy and Electronics, Invited lecture as Honorary Professor for Power Systems; Sofia 2011, Bulgaria | 3 |
| 6 | **Учество на научен/стручен собир со реферат (14)** | **14** |
| 7 | **Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество (3)** | **3** |
| | **ВКУПНО** | ***92,8*** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| | **Назив на активноста** | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Студија, физибилити-студија, истражување на пазарот** | **15** |
| | [1] Студија за проценка на состојбата на енергетските трансформатори, Проект со МЕПСО АД Скопје, 2012. Учесници: проф.д-р Крсте Најденкоски проф. д-р Горан Рафајловски, проф.д-р Љубомир Николоски, проф.д-р Влатко Стоилков, доц. д-р Михаил Дигаловски | 1 |
| | [2] К.Најденкоски, Г.Рафајловски, М.Дигаловски, М. Целеска: “Елаборат за состојбата на изолациониот систем на синхрон мотор 5012, 5000 HP, 6000 V во “Бучим“ Радовиш“, 2013, ФЕИТ, Скопје | 1 |
| | [3] К.Најденкоски, Г. Рафајловски, М.Дигаловски, “Анализа на резултатите од испитувањата на статорското магнетно јадро на турбогенераторот TGH120 во АД ЕЛЕМ Подружница РЕК Осломеј - Кичево“, 2013, ФЕИТ Скопје. | 1 |
| | [4] Г. Рафајловски, К. Најденкоски: Анализа на состојбата на енергетските трансформатори инсталирани во ХЕЦ Тиквеш, 2014 | 1 |
| | [5] Г.Рафајловски, К. Најденкоски Михаил Дигаловски: Испитен елаборат за профилактички испитувања на состојбата на енергетските трансформатортола во РЕК Битола, Рудник Суводол, 2014. | 1 |
| | [6] Г.Рафајловски, К. Најденкоски, Михаил Дигаловски: Профилактички испитувања на енергетските трансформатори инсталирани во подружница „ХЕЦ Козјак“,2014. | 1 |
| | [7] Г.Рафајловски, К. Најденкоски: Профилактички испитувања на енергетските трансформатори инсталирани во РЕК Битола, Рудник Брод - Гнеотино, 2014. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | [8] Г.Рафајловски, К. Најденкоски, Михаил Дигаловски: Профилактички испитувања на енергетските трансформатори инсталирани во подружница „ХЕЦ Глобочица“,2014. | 1 |
| | [9] Студија за управување со реактивната моќност во дистрибутивната мрежа на ЕВН Македонија, проект со ЕВН Македонија, Скопје, 2014. Учесници: проф. д-р Горан Рафајловски, раководител, проф.д-р Крсте Најденкоски, вонр.проф. д-р Мирко Тодоровски, доц. д-р Михаил Дигаловски | 1 |
| | [10]Студија за ефикасно управување со работата на енергетските трансформатори со цел заштеда на електрична енергија, АД МЕПСО, Скопје 2014, Учесници: проф.д-р Крсте Најденкоски проф. д-р Горан Рафајловски, асист. д-р Михаил Дигаловски, проф.д-р Љубомир Николоски, проф д-р Антон Чаушевски. | 1 |
| | [11] Г.Рафајловски, К. Најденкоски Михаил Дигаловски: Испитен елаборат за профилактички испитувања на состојбата на енергетските трансформатортола ТР 41 и ТР 2 во ТС Север 110/6 kV во подружница Енергетика 2014 Скопје. | 1 |
| | [12] Г.Рафајловски, С.Мирчевски,М. Дигаловски: Замена на електромоторни погони и нивно управување со фреквентни регулатори за димни вентилатори и напојни пумпи во ПЕ ТЕ„Битола” –I и II дел 10.12.2015 Скопје. | 1 |
| | [13] К. Најденкоски, Г.Рафајловски, М.Дигаловски: Проценка на состојбата на енергетските блок трансформатори 110/10 (kV), 26 MVA Т1 и Т2 во Подружница ХЕЦ Тиквеш, ФЕИТ, Скопје, 7.10.2015. | 1 |
| | [14] С.Мирчевски Г.Рафајловски, М. Дигаловски: Заштеда на електрична енергија со вградување на фреквентен преобразувач за регулација на брзината на димни вентилатори и напојни пумпи во ПЕ ТЕ„Битола” – 29.2.2016 Скопје. | 1 |
| | [15] Мониторинг на параметрите на квалитетот на електричната енергија во карактеристични точки на преносната мрежа на Република Македонија, АД МЕПСО 2016. Учесници: проф. д-р Горан Рафајловски, раководител, доц. д-р Михаил Дигаловски, проф.д-р Крсте Најденкоски. | 1 |
| **3** | **Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание**<br><br>„International Journal on Information technologies and Security“, Technical University Sofia, Bulgaria. | **1** |
| **4** | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен собир** Commitie Member: International conference InfoTech-2015, Varna Bulgaria, 17-18 September 2015. | **1** |
| **5** | **Раководител на внатрешна организациска единица** - раководител на Лабораторија за електрични машини трансформатори и апарати ИЕМТА | **3** |
| **6** | **Претседател на Одборот за соработка и доверба со јавноста** на Факултетот за електротехника и информациски технологии, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. | **3** |
| 7 | **Раководител на Институт** ИЕМТА | **3** |

| | | |
|---|---|---|
| **8** | **Член на комисија за избор во звање (3)** | **1,5** |
| | **ВКУПНО** | ***27,50*** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | ***135,97*** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **92,80** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **27,50** |
| **ВКУПНО** | **256,27** |

Членови на Комисијата

1. Проф д-р Слободан Мирчевски, претседател, с.р.

2. Проф. д-р Љубомир Николоски, член, с.р.

3. Проф. д-р Крсте Најденкоски, член, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ МРЕЖИ И СИСТЕМИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ) во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 21.12.2016 год., со Одлука број 02-2525/5 нè одреди за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник по предметите од наставно-научната област 20300 – електроенергетски мрежи и системи.

На распишаниот конкурс, објавен во весникот „Нова Македонија“ од 3.12.2016 год., се пријави кандидатот д-р Мирко Тодоровски, дипл. ел. инж. вонреден професор на Факултетот за електротехника и информациски технологии. По разгледувањето на доставената документација, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## 1. Биографски податоци

Мирко Тодоровски е роден на 21.1.1972 година во Скопје, каде што завршил основно и средно електротехничко училиште.

Дипломирал на Електротехничкиот факултет во Скопје, на насоката електроенергетика, на 18.5.1995 год. со просечен успех 9,35 и дипломска работа под наслов „Примена на еднонасочниот DC-модел за анализа на високонапонски преносни мрежи” (ментор: проф. д-р Ристо Ачковски).

На истиот Факултет магистрирал на 2.6.1998 год. со магистерска работа под наслов „Методот сумирање адмитанции и неговата примена“ (ментор: проф. д-р Драгослав Рајичиќ) и докторирал на 6.12.2004 год. со докторат под наслов „Иновативен приод во методите за решавање преносни електроенергетски мрежи при оптимирањето на тековите на моќност користејќи генетски алгоритми“ (ментор: проф. д-р Драгослав Рајичиќ).

Во декември 1997 година бил на студиски престој во Argonne National Laboratory, Argonne, Illinois, USA; од октомври до декември 1999 година престојувал во ICTP Trieste, Italy и во септември 2008 престојувал во Faculdade de Engenharia da Universidade do Porto, Portugal.

Од јануари 1997 до декември 2005 година бил вработен во Истражувачкиот центар за енергетика, информатика и материјали при Македонската академија на науките и уметностите.

Од декември 2005 година е вработен како асистент на Факултетот за електротехника и информациски технологии по предметите од наставно-научната област преносни електроенергетски системи. За доцент, во истата област, е избран во септември 2007 година, а за вонреден професор во мај 2012 година.

Покрај учеството во наставниот процес, активно бил вклучен во научноистражувачката и апликативната дејност на Институтот за преносни електроенергетски системи при ФЕИТ.

Од март 2010 година до септември 2012 бил продекан за настава на ФЕИТ.

Во март 2011 година е избран за претседател на студискиот комитет Ц4 на МАКО СИГРЕ.

Во 2015 година добил награда која се доделува на десеттте најдобри научници на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје кои во 2014 година покажале врвни резултати во научноистражувачката дејност.

## 2. Наставна дејност

Од септември 2012 година, по изборот за вонреден професор, Мирко Тодоровски одржувал предавања на следниве предмети од прв циклус на студиската програма електроенергетски системи (ЕЕС): техника на висок напон 1, техника на висок напон 2, режими на работа на ЕЕС и заземјувачи и заземјувачки системи во електроенергетските мрежи.

На студиската програма ЕЕС, на втор циклус студии воведени во 2013 година, ги вовел и ги држел предметите: примена на програмски алатки во ЕЕС и флексибилни регулациони уреди во ЕЕС. При тоа, за два предмета изготвил комплетен материјал во форма на интерна скрипта.

Од октомври 2008 година, Мирко Тодоровски е координатор на студиската програма електроенергетски системи на втор циклус студии.

## 3. Научна и стручна дејност

Од изборот за вонреден професор во мај 2012 година, кандидатот има објавено 25 научни труда (досега има објавено вкупно 88 научни труда). Исто така, учествувал во изработка на 4 стручни студии за стопанството, изработка на нов софтверски пакет, како и во изработката на 1 стратешки документ за Министерството за економија.

## 3.1 Научни трудови

[1] V. Zdraveski, M. Todorovski, D. Trajanov and L. Kocarev, “Dynamic Load Balancing and Reactive Power Compensation Switch embedded in Power Meters”, IEEE Transactions on Circuits and Systems II, 2016.

Прикажан е принципот на работа на прекинувачки уред за балансирање на оптоварувањето по фази во несиметричен трифазен систем, со можност и за компензација на реактивната моќност со примена на кондензатори. Уредот е замислен како додаток на веќе постојните броила за електрична енергија, а целта на неговата примена е да се избалансира оптоварувањето по фази во една дистрибутивна мрежа и да се поправи факторот на моќност со што ќе се постигнат помали загуби на активна моќност и помала превземена реактивна моќност. Во трудот е презентиран и концептот за мрежна комуникација на множество од вакви уреди, а дадени се осцилограми на напонот снимени при промена на оптоварувањето по фази во реални услови.

[2] J. Vuletić and M. Todorovski, “Optimal Capacitor Placement in Distorted Distribution Networks with Different Load Models Using Penalty Free Genetic Algorithm”, International Journal of Electrical Power & Energy Systems, Elsevier, Vol. 78, pp. 174-182, June 2016.

Применет е генетски алгоритам со специјална постапка за уважување на техничките ограничувања при решавање на дискретниот проблем за оптимално поставување на кондензаторски батерии во дистрибутивна мрежа. На таков начин е избегната потребата од избор и нагодување на коефициенти за пенализација кои вообичаено се користат кај другите типови генетски алгоритми. Кодирањето на гените е направено на таков начин што со единствен цел број се добива информација за типот и бројот на кондензаторски батерии на одредена локација. Постапката е тестирана на дистрибутивни мрежи со 18, 69 и 141 јазел и при тоа се добиени подобри резулати од претходно објавените во литературата. Исто така, истражена е зависноста на решението од начинот на моделирање на потрошувачите и се констатирани значителни отстапувања.

[3] J. Vuletic and M. Todorovski, “Reduction of Losses and Harmonic Distortion in Distribution Networks with Different Load Models by Placing Shunt Capacitors using Integer Genetic Algorithm”, Przegląd Elektrotechniczny, R. 91, pp. 84-87, NR 6/2015.

За решавање на нелинеарниот проблем за поставување на кондензатори во дистрибутивни системи, во кои има и извори на виши хармоници, е користен генетски

алгоритам со цели броеви со што директно е земена предвид дискретната природа на проблемот. При тоа, воведен е начин за управување со случајниот процес на генерирање на почетна популација со решенија. Функцијата на цел се состои од годишни трошоци за работа на системот во кои се вклучени трошоците за загуби на електрична енергија и трошоците за поставување кондензатори. Различните модели на потрошувачите, во кои моќностите се зависни од напонот, како и изворите на виши хармоници се формирани со помош на паралелна врска од струјни генератори и адмитанции. Во резултатите е покажано дека дијаграмот на оптоварување и начинот на моделирање на потрошувачите во голема мера влијае на оптималното решение.

[4] V. Zdraveski, M. Todorovski and L. Kocarev, “Dynamic Intelligent Load Balancing in Power Distribution Networks”, International Journal of Electrical Power & Energy Systems, Elsevier, Vol. 73, pp. 157-261, December 2015.

Користејќи хиерархиски концепт базиран на адресирање клиент-сервер и имајќи го предвид проблемот со балансирање на оптоварувањето по фази во трифазна дистрибутивна мрежа, во трудот е предложен едноставен аглоритам за интелигентно динамичко симетрирање на оптоварувањето по фази. На таков начин се намалуваат загубите на моќност во мрежата. Предложениот алгоритам е применлив во која било дистрибутивната мрежа, при што се потребни незначителни промени во приклучоците со кои крајните потрошувачи се поврзуваат на мрежата. Во трудот, покрај алгоритамот, е прикажан и хардверскиот дел со кој се прави префрлање на оптоварувањето по фази и се дадени резултати за 3 несиметрични тест мрежи на IEEE со 34, 37 и 123 јазли. Од симулацијата се добиени очекуваните намалувања на загубите на активна моќност.

[5] D. Rajičić and M. Todorovski, “Two-Component Current Waveform for Lightning Simulation”, IEEE Transactions on Electromagnetic Compatibility, Vol. 57, No. 5, pp. 1062-1069, October, 2015.

Во трудот е предложен модел за обликот на струјата при удар на гром кој поблиску од другите модели се доближува до облиците снимени во реални ситуации. Од снимени облици на струјата при удар на гром е забележано дека таа има 2 различни дела: брз пораст и бавно опаѓање. При тоа во растечкиот дел се забележуваат 3 сегменти: 1) зголемување на стапката на пораст; 2) релативно константна стапка на пораст; 3) намалување на стапката на пораст. Имајќи го ова во предвид, предложени се 2 функции кои подобро од претходно го опишуваат првиот и третиот сегмент. Дадени се 2 верзии на предложениот модел: А) верзија со која се добиваат облици блиски до обликот дефиниран со стандардот IEC 62305-1; В) верзија со која се добиваат облици блиски со измерените облици. И кај двете верзии, параметрите на моделот се пресметуваат со едноставни формули.

[6] J. Angelov, J. Vuletić, R. Ačkovski and M. Todorovski, “An Extension in Cable Modeling for Grounding System”, IEEE Transactions on Industry Applications, Vol. 51, No. 6, pp. 5086-5094, Nov.-Dec., 2015.

[7] J. Angelov, J. Vuletik, M. Todorovski and R. Ackovski, “Equivalent Circuit of Single-Core Cable Line with Ground Return Wire and Variable Earth Resistivity Along its Path”, SAEM 2014 - The 5th International Symposium on Applied Electromagnetics, Paper No. 5-24, Skopje, Macedonia, June 8-11, 2014.

Еквивалетните кола на сложени заземјувачки системи се добиваат со поврзување на $\pi$-еквивалетните шеми на одделните елементи во системот. Фокусот на трудот е на изведување на $\pi$-еквивалетна шема на трифазни кабелски водови изведени со едножилни кабли и заштитно јаже положено во ровот со кабелот. Ваквиот кабел е моделиран како четирифазен вод со распределени параметри со што се земени предвид сите сопствени и меѓусебни импеданции. Во моделот се опфатени и ситуации во кои специфичната отпорното на тлото се менува по должината на кабелот и ситуации во кои заштитното јаже не е поставено по целата должина на кабелот туку само на дело од едниот или од двата краја на кабелот. Добиената $\pi$-еквивалетна шема е несиметрична што е еден чекор понапред од досега користените модели за кабли. Со предложениот метод може да се пресметаат распределбите на напоните и струите на сите 4

спроводници од заземјувачкиот систем на кабелот. Со резултатите е покажано дека е можно да се користи и заштитно јаже кое не е поставено по целата должина на кабелот без притоа да се нарушат критериумите за безопасност во поглед на дозволените напони на допир и чекор.

[8] J. Angelov, J. Vuletik, M. Todorovski and R. Ackovski, "Equivalent circuit of single-core cable line with ground return wire and variable earth resistivity along its path", Przegląd Elektrotechniczny, R. 90, pp. 100-104, NR 12/2014.

Во трудот се правени анализи на заземјувачки системи на кабелски водови составени од 3 едножилни кабли и заштитно јаже поставено паралелно со нив. Разгледувани се ситуации во во кои заштитното јаже има помала должина од должината на кабелот и е поставено само на неговиот почеток, само на неговиот крај или на двата краја од кабелот. За сите ситуации се формирани π-еквивалетни шеми на кабелот и е прикажана постапка за определување на должината на заштитното јаже при која се уште се исполнети критериумите за безопасност.

[9] A. Gajduk, M. Todorovski, J. Kurths and L. Kocarev, "Improving power grid transient stability by plug-in electric vehicles", New Journal of Physics, Vol. 16, November 2014.

Електричните возила во електроенергетскиот систем можат да се однесуваат како потрошувачи кои ги полнат своите батерии, но и како генератори кои од своите наполнети батерии инјектираат моќност во системот. Тоа значи дека тие може да се однесуваат како дистрибуиран извор на енергија кои во некои случаи веќе е користен за билансирање на моќност во системи со обновливи извори на енергија. Во трудот е покажано на кој начин електричните возила може да се користат за подобрување на динамичката стабилност на системот, кога во системот се случуваат куси врски или испади на поголеми генератори и потрошувачи, како и испади на поважни преносни водови. Прикажан е еден начин за управување со батериите на електричните возила кој се базира на мониторинг на моменталната вредност на фреквенцијата. Пристапот е испробан на тест-системот New England со 39 јазли и 10 генератори. Со регулацијата на моќноста која електричните возила ја земаат или враќаат во мрежата се покажува дека се скратува времето кое е потребно фреквенцијата и напоните да се вратат на стационарни вредности. Исто така, во случаи со куси врски времето на исклучување на кусата врска може да се продолжи за 20-40 % без да има опасност од распад на системот.

[10] J. Vuletić and M. Todorovski, "Optimal Capacitor Placement in Radial Distribution Systems Using Clustering Based Optimization", International Journal of Electrical Power & Energy Systems, Elsevier, Vol. 62, pp. 229-236, November 2014.

Оптималното поставување на кондензатори во радијална дистрибутивна мрежа, со цел за намалување на загубите на моќност, е определено со нов алгоритам кој се базира на едноставно пребарување. Принципот на функционирање на алгоритамот се базира на формирање на групи од кондензатори (кластери) на одредени локации во мрежата, при што местото на кое ќе се формираат групите се одредува со испитување со единечна кондензаторска батерија со стандардна големина. Функцијата на цел се состои од трошоци за загубите на моќност и енергија и трошоци за поставување на кондензаторите. Методот е тестиран на дистрибутивни мрежи со 22, 34, 69 и 85 јазли, со што е покажано дека дава подобри резултати од претходно користените хеуристички методи. Освен тоа, методот дава повторливи резултати, што не е случај кај хеуристичките методи и е многу пати побрз од нив.

[11] M. Todorovski, and R. Ačkovski, "Reduction of PTDF Matrix and Its Application in DC Optimal Power Flow", International Transactions on Electrical Energy Systems, John Wiley & Sons, April, 2014.

При решавањето на линеаризирани проблеми во ЕЕС често пати се употребува матрицата на дистрибутивни фактори во која бројот на редици е еднаков со бројот на гранки, а бројот на колони е еднаков со бројот на јазли во системот. Во трудот е покажана постапка со која таа може да се намали во големина по бројот на редици и колони. Бројот на колони може да се редуцира така што во матрицата ќе се остават само

оние колони кои одговараат на јазли со генератори. Бројот на гранки може да се редуцира со едноставна проверка со која се констатира дали некоја гранка може да биде оптоварена со моќност поголема од дозволената во работен режим во кој генераторите работат со своите гранични моќности. Редуцираната матрица на дистрибутивни фактори е применета за решавање на оптимални проблеми со минимизација на трошоци за работа и со максимизација на преносниот капацитет на системот. Констатирано е повеќекратно намалување во потребната меморија за решавање на проблемот и во пресметковното време.

[12] A. Gajduk, M. Todorovski, and Ljupco Kocarev, “Stability of power grids: an overview,” European Physical Journal - Special Topics, Springer Berlin Heidelberg, Vol. 223, pp. 2387-2409, June, 2014.

Во трудот е даден преглед на статичката стабилност во електроенергетски системи. Начинот за проценување на статичката стабилност е илустриран на едноставен систем, при што се користени 3 методи за одредување на регионот на стабилност: симулација во временски домен со примена на фазори, Љапунови функции и оптимизација со користење на методот на најмали квадрати. Потоа, разгледуван е начин за подобрување на статичката стабилност со употреба повратната врска, базирана на вредноста на фреквенцијата, која што се се остварува преку соодветна комуникациска мрежа. Принципот е тестиран на систем со 10 генераторски единици.

[13] M. Todorovski and R. Ačkovski, “Equivalent Circuit of Single-Core Cable Lines Suitable for Grounding Systems Analysis under Line to Ground Faults,” IEEE Transactions on Power Delivery, vol. 29, no. 2, pp. 751-759, April, 2014.

Прикажани се 2 начина со кои може да се добие π-еквивалетна шема на трифазни кабелски водови изведени со еднижилни кабли и заштитно јаже положено паралелно со кабелот. На првиот начин, параметрите на еквивалентата шема се одредени нумерички, при што кабелот е третиран како четирифазен вод кој е претставен со голем број редно поврзани сегменти. На вториот начин четирифазниот вод е решен аналитички со примена на теоријата за простирање на бранови по водови. Направени се повеќе тестови за да се утврди нивото на грешка во двата случаја и е констатирано дека тоа е помало од 1%. Преку нумерички пример е покажано дека од еквивалетното коло на кабелот на едноставен начин може да се пресметаат напоните во сложен заземјувачки систем. Резултатите се поклопуваат со претходно објавени пресметани или измерени вредности. Покрај тоа, со двата начина е можно да се определи распределбата на напони и струи по должината на кабелот.

[14] M. Todorovski, “Transformer Voltage Regulation – Compact Expression Dependent on Tap Position and Primary/Secondary Voltage,” IEEE Transactions on Power Delivery, vol. 29, no. 3, pp. 1516-1517, June, 2014.

Се работи за краток труд во кој е изведена компатна форма на изразот за регулација на напон кај енергетски трансформатор. Во изведениот израз, за разлика од неговите претходни форми, земени се предвид и неноминалниот преносен однос на трансформаторот и отспапувањето на напонот од неговата номинална вредност. Во споредбата со резултати од други автори е укажано дека варијацијата на актуелните напони на двете намотки на трансформаторот има влијание врз резултатите, што претходно не било земано предвид.

[15] J. Vuletic, M. Todorovski, “Optimal Capacitor Placement in Distribution Networks For Energy Loss Reduction Under Distorted Conditions Using Integer Genetic Algorithm”, ISEF 2013 - XVI International Symposium on Electromagnetic Fields in Mechatronics, Electrical and Electronic Engineering, Ohrid, Macedonia, September 12-14, 2013.

Во трудот е применет генетски алгоритам со цели броеви за да се определат оптимални големини и локации на кондензаторски батерии во дистрибутивна мрежа. Во функцијата на цел се земени трошоците за загуби на енергија и трошоците за поставување и одржување на кондензаторските батерии. Од друга страна, поставени се содветните ограничувања за квалитетот на напонот во поглед на неговата варијација и

вкупно хармониско изобличување. Пресметката на напони и распределбата на моќности во мрежата е правена со примена на методот на независни напони, кој во овој случај е решаван итеративно.

За решавање на нелинеарниот проблем за поставување на кондензатори во дистрибутивни системи, во кои има и извори на виши хармоници, е користен генетски алгоритам со цели броеви со што директно е земена предвид дискретната природа на проблемот. При тоа, воведен е начин за управување со случајниот процес на генерирање на почетна популација со решенија. Функцијата на цел се состои од годишни трошоци за работа на системот во кои се вклучени трошоците за загуби на електрична енергија и трошоците за поставување кондензатори. Различните модели на потрошувачите, во кои моќностите се зависни од напонот, како и изворите на виши хармоници се формирани со помош на паралелна врска од струјни генератори и адмитанции. Во резултатите е покажано дека дијаграмот на оптоварување и начинот на моделирање на потрошувачите во голема мерка влијае на оптималното решение. Во резултатите е покажано дека големо значење за оптималното решение има начинот на претставување на потрошувачите и ограничувањата за вкупното хармониско изобличување.

[16] Ј. Вулетиќ, М. Тодоровски. „Намалување на загуби и вкупно хармониско изобличување во дистрибутивни мрежи за различни модели на потрошувачите со поставување кондензатори и примена на генетски алгоритам без пенали“, Труд бр. C4-013R, IX ѕоветување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 27-29 септември 2015.

Во трудот е прикажана постапка за оптимален избор и локација на кондензаторски батерии во дистрибутивни мрежи при несинусоидални услови со примена на генетски алгоритми. Тие спаѓаат во група методи за решавање оптимизациски проблеми преку процес на пребарување. Притоа, за дефинирање на функцијата на цел, досегашната пракса посочува на речиси исклучива примена на методот на пенализација. Иако методот на пенализација е релативно лесен за имплементација, со себе воведува низа недостатоци кои стануваат особено изразени кај оптимизациски проблеми со голем број ограничувања. Наместо тоа, изложен е генетски алгоритам што користи специјална процедура при процесот на селекција на хромозоми, со што целосно се избегнува методот на пенализација. Модифицираниот генетски алгоритам обезбедува дополнително распрегнување од проблемот и на корисникот му овозможува на значително полесен начин да се справи со оптимизациски проблеми кои содржат голем број ограничувања, без притоа да води сметка за нивното нарушување. Предложениот генетски алгоритам е применет за оптимално поставување кондензатори при несинусоидални услови во една тест дистрибутивна мрежа.

[17] Ј. Вулетиќ, М. Тодоровски. „Оптимално поставување на дисперзирани генератори напојувани преку енергетски преобразувачи во дистрибутивни мрежи со примена на кластер метода“, Труд бр. C4-014R, IX Советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 27-29 септември 2015.

Кластер методата, која изворно е користена за оптимално постапување на кондензаторски батерии, е применета за оптимално поставување на дисперзирани генератори спрегнати преку енергетски преобразувачи во дистрибутивни мрежи. Дисперзираното производство го сочинуваат мали извори на електрична енергија кои вообичаено се приклучуваат во дистрибутивната мрежа. Нивното присуство во мрежите воведува низа предности и недостатоци, поради кои постои потреба од повторно анализирање на работните режими на дистрибутивните мрежи. Презентираната метода која е заснована на принцип на пребарување овозможува одредување оптимални локации за дисперзирани генератори, така што ќе се постигнат минимални загуби на моќност, како и одржување на зададен напонски профил и вкупно хармониско изобличување во мрежата.

[18] Б. Тројачанец, Р. Ачковски, М. Тодоровски. „Анализа на несиметрични и неполнофазни режими на работа на четири спроводни системи со примена на

МатЛаб Симулинк“, Труд бр. C4-029R, IX ѕоветување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 27-29 септември 2015.

Во трудот се разработува проблемот на моделирање и анализа на неполнофазните режими на работа во нисконапонските дистрибутивни мрежи. За таа цел е користен Matlab/Simulink. Како еден посебен и карактеристичен случај на појава на несиметрија во мрежите е случајот со прекин на еден или повеќе фазни спроводници, како и најекстремниот случај кога е прекинат нултиот спроводник. Оваа состојба на неполнофазност е честа појава во реалноста и се јавува како резултат на хаварија при невреме (паѓање на дрвја врз воздушната мрежа што посебно е изразено во руралните средини), паѓање на застарени столбови, корозија и лошо изведени приклучни клеми на воздушниот приклучок на потрошувачите и друго. Симулирани се прекините на сите карактеристични места од магистралниот вод од анализираните мрежи, односно од нисконапонските изводи, како и на јазлите во кои се приклучени потрошувачите. Со симулациите се овозможува соодветен избор на местото на заземјување на нултиот спроводник по должината на разгледуван нисконапонски извод, што е посебно важно во услови со прекинат нулти проводник. Од симулациите се добива јасна слика за влијанието на работата на мрежата во споменатите режими, како и последиците од нив. Овозможена е детекција на состојби кога струите и/или напоните во една мрежа добиваат недозволени вредности, коишто можат да доведат до опасност по уредите во остатокот на мрежата, како и по животот на корисниците.

[19] Д. Рајичиќ, М. Тодоровски. „Подобрен модел со две експоненцијални функции за претставување струи на атмосферски ударни празнења“, Труд бр. C4-056R, IX советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 27-29 септември 2015.

Во ова истражување се тргнало од еден модел за претставување струи на атмосферски ударни празнења објавен во 1973 година. Кај тој модел за t = 0 стрмнината на струјата, иако сосема мала, не е еднаква на нула. Тоа е една од причините поради која моделот не добил поширока примена. Меѓутоа, како што е објаснето во овој труд, спомнатиот недостаток на наведениот модел може да се елиминира со соодветни модификации. И не само тоа. Модифицираниот модел има мошне важни одлики кои се однесуваат на обликот на импулсот со кој се претставува струјата. Прво, во почетниот сегмент од растечкиот дел на струјата нејзината стрмнина поспоро се зголемува отколку кај другите модели. Второ, во сегментот на струјата пред постигнување на амплитудната вредност, стрмнината на струјата побрзо опаѓа отколку кај моделот кој е внесен во стандардот IEC 62305-1. Овие одлики на модифицираниот модел се во согласност со особините на карактеристичните облици на струи на регистрираните (со мерења) краткотрајни удари при атмосферски празнења. Како негативна одлика на предложениот модифициран модел може да се наведе дека за определување на неговите параметри е потребно да се реши систем од шест нелинеарни равенки. Но, сличен е случајот и кај речиси сите други модели, вклучувајќи го и моделот од наведениот стандард. Сепак, тоа не треба да се смета за голем проблем бидејќи денес се располага со брзи компјутери и софтверски алатки со кои е значително олеснето решавањето и на така сложени нумерички проблеми.

[20] М. Тодоровски, Р. Ачковски. „Определување на граничната должина на нисконапонски изводи од аспект на квалитетот на електричната енергија“, Труд бр. C4-115R, VIII советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 22-24 септември 2013.

За одредување на максималната должина еден извод во нисконапонска (НН) мрежа во трудот се користат две ограничувања дефинирани со стандардот EN 50160. Неговата должина е одредена на таков начин што едновремено се исполнети следните барања: 1) брзите варијации на напонот (фликерите) во НН-мрежа да бидат со прифаливо ниско ниво, што посредно води кон потреба од ограничување од долната страна на моќноста на трифазна куса врска на крајот на изводот 2) постигнување на определен квалитет на напонот во сите точки од НН-мрежа од аспект на спорите напонски варијации. Анализите се направени со помош на компјутерска програма со примена на методот „Монте Карло“ и тие покажуваат дека во голем број случаи исполнувањето на наведените два услова може лесно да се утврди на брз и едноставен

начин со отчитување од соодветни дијаграми (добиени со симулација) кои ја даваат зависноста на граничната вредност на должината на изводот во зависност од неговиот пресек. Како параметар во анализите е користен степенот на оптовареност на самиот извод, а разгледувани се два гранични случаја коишто се однесуваат на просторната распределба на потрошувачите по должината на изводот: 1) товарот е концентриран на неговиот крај; 2) товарот е рамномерно распределен по сета негова должина.

[21] А. Ласков, М. Тодоровски. „Анализа на комутационите пренапони кај високонапонските надземни долги водови", Труд бр. C4-111R, VIII советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 22-24 септември 2013.

Во трудот се анализирани комутационите пренапони кај долги високонапонски надземни водови. Со помош на софтверската алатка Matlab/Simulink, извршена е анализа на комутационите пренапони кај долг вод во два случаја: со и без одводници на пренапони. При тоа се симулирани вклучувања на прекинувачот на почетокот на водот со различни вредности на времето на растурање на вклучувањете на половите на прекинувачот со помош на методот „Монте Карло". Во резултатите е прикажана зависноста на големината на пренапоните од времето на растурање при вклучувањето на половите на прекинувачот и од карактеристиките на одводниците на пренапони. На таков начин е можно да се провери правилниот извор и нагодување на опремата со цел намалување на можностите за испади на водот, прекини во напојувањето со електрична енергија како и хавариски состојби.

[22] Ј. Ангелов, Ј. Вулетиќ, М. Тодоровски, Р. Ачковски. „Навремено откривање на грешки кај енергетски трансформатор со редовни профилактички испитувања", Труд бр. A2.081R, VIII советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 22-24 септември 2013.

Имајќи ја предвид големината на ивестицијата за поставување на енергетски трансформатор за висок напон, за очекување е дека сопственикот ќе се стреми кон максимизација на времето на искористеност на трансформаторот. За да се постигне оваа цел, е потребно да се обезбеди оптималното водење на трансформаторот, како и следење на состојбата на изолациониот систем со редовни профилактички испитувања. Во овој труд е презентирано едно реално искуство од теренски испитувања на изолационите системи кај енергетските трансформатори и е покажано како истите можат да придонесат кон навремено откривање на физички промени во намотките. Извршено е испитување на изолациониот систем на енергетски трансформатор при што се измерени отпорнос на изолацијата, капацитет на намотките, tgδ, напон на куса врска, струја на магнетизација и преоден отпор на контактите од регулационата преклопка. Врз основа на добиените резултати од мерењата, дадено е толкување на можните причини за настанување на промените кај намотката и препорака за понатамошно експлоатирање на трансформаторот.

[23] Ј. Вулетиќ, Ј. Ангелов, М. Тодоровски. „Примена на FACTS уреди за редна и напречна компензација на реактивна моќност во електроенергетски мрежи", Труд бр. C4-106R, VIII советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 22-24 септември 2013.

Во услови на функционирање на електроенергетските системи (ЕЕС) со пазари на електрична енергија можен е судир на економските цели и природните закони на кои подлежат тековите на електрична енергија. Поради тоа, се појавила потреба од воведување на уреди за регулација на тековите на моќност, од кои најмодерни се FACTS-уредите. Во трудот е даден осврт на принципите на попречна и редна компензација во ЕЕС и на дел од палетата на FACTS-уреди како можност за вршење на таа компензација. Со помош на симулации во Matlab/Simulink, анализирана е работата на дел од реален ЕЕС во којшто на одбрани локации се поставени FACTS-уреди. При тоа, следена е промената на тековите на моќност и напонските прилики во однос на базичното сценарио во кое не постојат такви уреди. Врз основа на добиените резултати е спроведена анализа за соодветноста на големината и локацијата на FACTS-уредите и нивното влијание врз подобрување на преносните карактеристики на разгледуваниот ЕЕС.

[24] Р. Ачковски, М. Тодоровски. „Пресметување на редукциониот фактор во среднонапонските кабелски мрежи “, Труд бр. B1-118R, VIII советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 22-24 септември 2013.

При појава на земјоспоеви во кабелски дистрибутивни мрежи само еден мал дел од струјата на грешката се инјектира на местото на грешката во земја додека поголемиот нејзин дел, како резултат на постоењето на електромагнетската спрега помеѓу фазниот спроводник и металните делови од кабелската конструкција, се враќа по металните делови од кабелот кон напојната трансформаторска станица. Односот помеѓу струјата што се инјектира во заземјувањето на местото на грешката и самата струја на грешката се нарекува „редукционен фактор“ и неговото точно определување е од особена важност. Во трудот е прикажана аналитичка постапка за определување на редукциониот фактор во одделните јазли од дистрибутивни мрежи. Во неа електромагнетската спрега се симулира со соодветна струјна инјекција, која заедно со пасивниот дел од еквивалетното коло се решава со методот на јазлови потенцијали со примена на фазори. Постапката е општа и не зависи ниту од конфигурацијата на среднонапонските дистрибутивни мрежи ниту пак од типот на нејзините водови/кабли.

[25] К. Ачкоски, М. Тодоровски. „Софистицирани методи за оптимизација при проектирањето на надземните водови“, Труд бр. B2-125R, VIII Советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 22-24 септември 2013.

Основната предност на проектирањето на надземните водови со помош на компјутер е неспоредливо поголемата брзина и комоција при работењето која произлегува од скоро целосното инкорпорирање на постојните технички норми, прописи, препораки и искуства што се однесуваат на оваа проблематика. Додавањето на оптимизациски постапки на процесот на проектирање му дава значителна предност. Во трудот накратко се опишани две програми развиени во софтверскиот пакет Matlab. Првата е базирана на примената на генетските алгоритми, додека втората е базирана на примената на симулираното калење како оптимизациска постапка за добивање на технички и економски оптимално решение. Двете програми се применувани за проектирање на дел од 110 kV надземен вод со терен со сложена форма и неколку пресечни објекти. Предностите од користење на ваквите методи при проектирање на надземните водови е во тоа што се добива решение со минимални трошоци, како и множество на повеќе различни решенија кои се блиски до оптимутот. Со тоа се зголемува можноста за креирање, анализа и експериментирање со голем број разновидни варијанти.

## 3.2. Научноистражувачки и стручни проекти

[1] Управување со реактивната моќност во дистрибутивната мрежа на ЕВН Македонија, ЕВН Македонија, 2014.

Студијата е изработена за потребите на ЕВН Македонија и во неа се разгледувани проблемите со реактивните моќности во дистрибутивните мрежи во сложенопериодичен принуден режим. При тоа се истражувани два аспекти: тековна состојба која е добиена со помош на мерење со мрежни анализатори и идна состојба во која е сметано со компензација на реактивната моќност со помош на симулации. Мерења се правени во репрезентатвни дистрибутивни мрежи на ЕВН Македонија со помош на анализатори Omniquant во 2 периода од годината (зима и лето). Со анализа на измерените резулати е констатирано во кои типски мрежи и за кој период од годината има проблеми со вредноста на напонот, големината на превземената реактивна моќност и вкупното хармониско изобличување. Симулацијата е правена со помош на Matlab за проблематичните мрежи при што е сметано дека во мрежата е направена идеална компензација на реактивната моќност. Со споредба на пресметаните и измерените резултати за секоја типска мрежа е утврдено колкави се најголемите можни придобивки во поглед на квалитетот на напонот.

[2] Избор и димензионирање на мрежестиот заземјувач на ТС 110/x kV/kV „Бошков Мост“, Тимелпроект ДОО, Скопје, 2014.

Студијата е изработена за потребите на ЕЛЕМ и во неа детално се определени конфигурацијата на мрежестиот заземјувач во трансформаторската станица во ХЕЦ „Бошков Мост“, начинот на заземјување на 110 kV водови и се проверени сите безбедносни критериуми. Применета е итеративна постапка која се состои од повеќе чекори во кои се извршени следните активности: пресметка на импеданциите на заземјување и редукционите фактори на надземните водови, приближна пресметка на отпорноста на мрежестиот заземјувач, пресметка на струјата на одведување во мрежестиот заземјувач и неговиот напон, детална пресметка на мрежестиот заземјувач со уважување на неговата вистинска конфигурација со помош на компјутерска симулација, пресметка на најголемите потенцијални разлии на допир и чекор, како и на напоните на допир и чекор со уважување на преодната отпорност на стапалата на човекот, проверка на условите за безбедност во поглед на големината на напоните на допир и чекор и проверка на термичките напрегања на елементите од заземјувачот.

[3] Проценка на потенцијалот за ублажување на климатските промени во Град Скопје, 2015.

Студијата е изработена за потребите на градот Скопје со поддршка од Програмата за развој на Обединетите нации (UNDP). Таа е направена како дел од акивностите на градот Скопје при подготовката на Стратегија за климатски промени „Отпорно Скопје” со која треба да се утврдат можностите за ублажување на климатските промени. Во студијата се анализирани 21 мерка од различни сектори за намалување на емисиите на стакленички гасови, при што тие се селектирани од претходни стратешки документи и студии. Карактерот на наведените мерки е таков што со нив се делува во правец на намалување на потрошувачката на енергија добиена од извори со големи емисии на стакленички гасови и нејзина замена со енергија од извори со мали или нулти емисии, со што се добиваат помали вкупни емисии. Врз основа на направените анализи, на крајот од студијата се даваат препораки за понатамошни активности.

[4] Technical support to the Energy Community and its Secretariat to assess the candidate Projects of Energy Community Interest (PECI) and candidate Projects for Mutual Interest (PMI) in electricity, gas and oil infrastructure and in smart grids development, Vienna, 2016.

Со цел да се даде поддршка на Секретаријатот на Енергетската заедница од Виена, при избор на проекти од заднички интерес, направени се анализи на можните проекти од областа на интерконекција на електроенергетските системи од земјите на Југоисточна Европа. Во тој процес беа собрани податоци за преносните мрежи, изворите на електрична енергија и потрошувачите за сите земји од Југоисточна Европа. Одделните модели на системите од секоја земја беа споени во единствен модел за целиот регион и сите анализи беа правенин врз тој модел. При тоа беа анализирани промените во загубите на моќност во преносните мрежи, вкупниот преносен капацитет на мрежите, како и вредноста на неиспорачаната електрична енергија. За секој од анализираните проекти беа определени промените во трите наведени параметри за случај кога во постојната состојба на мрежата се додава разгледуваниот проект, како и за случај кога во мрежата во која се вградени сите предложени проекти се одзема разгледуваниот проект.

[5] Софтверски пакет за пресметување на напони и распределба на моќности во дистрибутивни мрежи, Енерџи менаџмент солушнс ДОО, Скопје, 2014.

Изработениот софтверски пакет е наменет за пресметување на напоните, тековите на моќности и загубите на моќност и енергија во дистрибутивните електроенеретски мрежи. Со него може да се определат и повратните влијанија на потрошувачите и производителите на електрична енергија врз состојбата во мрежата. Тој е изготвен како додаток за Microsfot Visio и озвоможува графички режим на работа при што сите влезни податоци се внесуваат преку соодветни формулари, а резултатите се испишуваат на електричната шема нацртана во Visio, како и во детален извештај во форма на документ во Microsfot Word.

**З А К Л У Ч О К**

Според претходно изложеното во извештајот и врз основа на личното познавање на кандидатот, Комисијата заклучи дека кандидатот вонр. проф. д-р Мирко Тодоровски совесно, одговорно и мошне успешно ги извршува сите обврски од наставната, научно-истражувачката и апликативната дејност, при што остварил богата активност во сите три дејности и постигнал значајни резултати.

Во својата досегашна работа, кандидатот вонр. проф. д-р Мирко Тодоровски успешно и квалитетно ги извршувал наставно-педагошките задачи по повеќе предмети, и секогаш е коректен кон студентите при што настојува максимално да ги пренесе сопствените знаења и искуства. Исто така, тој е коавтор на два учебника и на повеќе научни трудови објавени во реномирани списанија за што ја добил наградата од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ за еден од десетте најдобри научници кои во 2014 година покажале врвни резултати во научноистражувачката дејност.

Врз основа на изложеното, позитивната оценка од анонимно спроведената анкета на студентите од Факултетот за електротехника и информациски технологии, како и врз основа на податоците дадени во Анекс 2 кон овој извештај, Рецензентската комисија констатира дека вонр. проф. д-р Мирко Тодоровски во целост ги исполнува условите за избор во звањето редовен професор, пропишани со Законот за високото образование и Правилникот за критериумите за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на УКИМ во Скопје. Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје да донесе предлог-одлука за избор на д-р Мирко Тодоровски во наставно-научното звање редовен професор по предметите од наставно-научната област 20300 – електроенергетски мрежи и системи, како и да ја проследи до Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методија” на усвојување.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Ристо Ачковски, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Рубин Талески, член, с.р.
3. Проф. д-р Весна Борозан, член, с.р.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Мирко Благоја Тодоровски**

(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Факултет за електротехника и информациски технологии**

(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** **20300 – електроенергетски мрежи и системи**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Одржување настава од прв циклус студии** | |
| | Заземјувачи и заземјувачки системи во електроенергетските мрежи (зимски сем. 12/13, 3 часа) | 1,8 |
| | Режими на работа на ЕЕС (зимски сем. 12/13, 3 часа) | 1,8 |
| | Менаџмент на ЕЕС (летен сем. 12/13, 3 часа) | 1,8 |
| | Техника на висок напон 1 (летен сем. 12/13, 3 часа) | 1,8 |
| | Техника на висок напон (летен сем. 12/13, 3 часа) | 1,8 |
| | Заземјувачи и заземјувачки системи во електроенергетските мрежи (зимски сем. 13/14, 3 часа) | 1,8 |
| | Режими на работа на ЕЕС (зимски сем. 13/14, 3 часа) | 1,8 |
| | Техника на висок напон 2 (зимски сем. 13/14, 3 часа) | 1,8 |
| | Менаџмент на ЕЕС (летен сем. 13/14, 3 часа) | 1,8 |
| | Техника на висок напон 1 (летен сем. 13/14, 3 часа) | 1,8 |
| | Техника на висок напон (летен сем. 13/14, 3 часа) | 1,8 |
| | Заземјувачи и заземјувачки системи во електроенергетските мрежи (зимски сем. 14/15, 3 часа) | 1,8 |
| | Техника на висок напон 1 (зимски сем. 14/15, 3 часа) | 1,8 |
| | Режими на работа на ЕЕС (зимски сем. 14/15, 3 часа) | 1,8 |
| | Техника на висок напон 2 (летен сем. 14/15, 3 часа) | 1,8 |
| | Заземјувачи и заземјувачки системи во електроенергетските мрежи (зимски сем. 15/16, 3 часа) | 1,8 |
| | Техника на висок напон 1 (зимски сем. 15/16, 3 часа) | 1,8 |
| | Режими на работа на ЕЕС (зимски сем. 15/16, 3 часа) | 1,8 |
| | Техника на висок напон 2 (летен сем. 15/16, 3 часа) | 1,8 |
| | Апликативен софтвер во ЕЕС (летен сем. 15/16, 3 часа) | 1,8 |
| | Заземјувачи и заземјувачки системи во електроенергетските мрежи (зимски сем. 16/17, 3 часа) | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | Техника на висок напон 1 (зимски сем. 16/17, 3 часа) | 1,8 |
| | Режими на работа на ЕЕС (зимски сем. 16/17, 3 часа) | 1,8 |
| 2 | **Одржување настава од втор циклус студии** | |
| | Примена на напредни компјутерски програми во ЕЕС (зимски сем. 12/13, 3 часа) | 2,25 |
| | Електроенергетски интерконекции (зимски сем. 12/13, 3 часа) | 2,25 |
| | Електромагнетни преодни процеси во ЕЕС (зимски сем. 12/13, 3 часа) | 2,25 |
| | Режими на работа на ЕЕС (летен сем. 12/13, 3 часа) | 2,25 |
| | Примена на програмски алатки во ЕЕС (зимски сем. 13/14, 3 часа) | 2,25 |
| | Флексибилни регулациони уреди во ЕЕС (зимски сем. 13/14, 3 часа) | 2,25 |
| | Примена на програмски алатки во ЕЕС (зимски сем. 14/15, 3 часа) | 2,25 |
| | Флексибилни регулациони уреди во ЕЕС (зимски сем. 14/15, 3 часа) | 2,25 |
| | Примена на програмски алатки во ЕЕС (зимски сем. 15/16, 3 часа) | 2,25 |
| | Флексибилни регулациони уреди во ЕЕС (зимски сем. 15/16, 3 часа) | 2,25 |
| | Примена на програмски алатки во ЕЕС (зимски сем. 16/17, 3 часа) | 2,25 |
| | Флексибилни регулациони уреди во ЕЕС (зимски сем. 16/17, 3 часа) | 2,25 |
| 3 | **Ментор на дипломска работа** | |
| | Ментор на 28 дипломски работи | 5,6 |
| 4 | **Член на комисија за оцена или одбрана на докторат** | |
| | Член на 1 комисија за оцена на докторат | 0,5 |
| 5 | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура** | |
| | Член на 10 комисии за одбрана на магистратура | 3 |
| 6 | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** | |
| | Член на 5 комисии за одбрана на дипломска работа | 0,5 |
| 7 | **Позитивно рецензиран универзитетски учебник** | |

| | | |
|---|---|---|
| | Р. Ачковски, М. Тодоровски, „Електрични мрежи“, 2013. | 6 |
| | Р. Ачковски, М. Тодоровски, „Заземјувачи и заземјувачки системи во електроенергетските мрежи“, 2014. | 6 |
| | **Вкупно** | 90 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Ментор на докторска дисертација** | |
| | Квалитет на електрична енергија од аспект на хармоници кај активни дистрибутивни мрежи (од кандидатот Јовица Вулетиќ). | 3 |
| 2 | **Ментор на магистерски работи** | |
| | Примена на напредни компјутерски методи за оптимизација при проектирањето на надземните електроенергетски водови (од кандидатот Кирил Ачковски). | 1 |
| | Анализа на напонските прилики во заземјувачките системи на НН дистрибутивните мрежи во услови со изразена несиметрија или прекин на неутралниот спроводник (од кандидатот Марио Миловановиќ). | 1 |
| | Анализа на квалитетот на напонот во дистрибутивни мрежи во услови со дистрибуирано производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија (од кандидатката Габриела Цветковска). | 1 |
| | Примена на динамички регулатори на напон за подобрување на квалитетот на напонот во нисконапонски дистрибутивни мрежи (од кандидатот Абдулкерим Абдулазиз) | 1 |
| | Дијагностицирање на состојбата на квалитетот на напонот во индустриски дистрибутивни мрежи (од кандидатот Сашко Карадаков) | 1 |
| | Можности за работа на трафостаници среден/низок напон со здружено заштитно и работно заземјување (од кандидатот Данчо Костов) | 1 |
| | Проценка на параметрите на доверливост во дистрибутивни системи со големи количини на дисперзирано производство на електрична енергија од обновливи извори (од кандидатот Димитар Цветковски) | 1 |
| | Моделирање и анализа на проблеми од динамичка стабилност на ветерни електрични централи при нивна интеграција во преносни електроенергетски системи (од кандидатот Златко Ацевски) | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Проценка на варијациите на напонот и загубите на моќност во несиметрични дистрибутивни мрежи со примена на симулацијата Монте Карло (од кандидатот Горан Маневски) | 1 |
| | Загуби на моќност во нисконапонски дистрибутивни мрежи и мерки за нивно намалување (од кандидатот Филип Гитов) | 1 |
| | Примена на мешано-целобројно програмирање за ангажирање на агрегати во ЕЕС со уважување на преносната мрежа (од кандидатот Мусах Фејзулов) | 1 |
| **3** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** | |
| | [26] V. Zdraveski, M. Todorovski, D. Trajanov and L. Kocarev, "Dynamic Load Balancing and Reactive Power Compensation Switch embedded in Power Meters", *IEEE Transactions on Circuits and Systems II*, 2016. [0,6*(6+1,234) = 4,340] | 4,340 |
| | [27] J. Vuletić and M. Todorovski, "Optimal Capacitor Placement in Distorted Distribution Networks with Different Load Models Using Penalty Free Genetic Algorithm", *International Journal of Electrical Power & Energy Systems, Elsevier*, Vol. 78, pp. 174-182, June 2016. [0,9*(6+3,432) = 8,489] | 8,489 |
| | [28] J. Vuletic and M. Todorovski, "Reduction of Losses and Harmonic Distortion in Distribution Networks with Different Load Models by Placing Shunt Capacitors using Integer Genetic Algorithm", *Przegląd Elektrotechniczny*, R. 91, pp. 84-87, NR 6/2015. doi:10.15199/48.2015.06.16 [0,6*6 = 3,6] | 3,600 |
| | [29] V. Zdraveski, M. Todorovski and L. Kocarev, "Dynamic Intelligent Load Balancing in Power Distribution Networks", *International Journal of Electrical Power & Energy Systems*, Elsevier, Vol. 73, pp. 157-261, December 2015. [0,8*(6+3,432) = 7,546] | 7,546 |
| | [30] D. Rajičić and M. Todorovski, "Two-Component Current Waveform for Lightning Simulation", *IEEE Transactions on Electromagnetic Compatibility*, Vol. 57, No. 5, pp. 1062-1069, October, 2015. [0,9*(6+1,351) = 4,828] | 6,616 |
| | [31] J. Angelov, J. Vuletić, R. Ačkovski and M. Todorovski, "An Extension in Cable Modeling for Grounding System", *IEEE Transactions on Industry Applications*, Vol. 51, No. 6, pp. 5086-5094, Nov.-Dec., 2015. [0,6*(6+2,046) = 4,828] | 4,828 |
| | [32] J. Angelov, J. Vuletik, M. Todorovski and R. Ackovski, "Equivalent circuit of single-core cable line with ground return wire and variable earth resistivity along its path", *Przegląd Elektrotechniczny*, R. 90, pp. 100-104, NR 12/2014. doi: 10.12915/pe.2014.12.23 [0,6*6 = 3,6] | 3,600 |
| | [33] A. Gajduk, M. Todorovski, J. Kurths and L. Kocarev, "Improving power grid transient stability by plug-in electric vehicles", *New Journal of Physics*, Vol. 16, November 2014. doi:10.1088/1367-2630/16/11/115011 [0,6*(6+3,673) = 5,804] | 5,804 |
| | [34] J. Vuletić and M. Todorovski, "Optimal Capacitor Placement in Radial Distribution Systems Using Clustering Based Optimization", *International Journal of Electrical Power & Energy Systems, Elsevier*, Vol. 62, pp. 229-236, November 2014. [0,9*(6+3,432) = 8,489] | 8,489 |

| | | |
|---|---|---|
| | [35] M. Todorovski, and R. Ačkovski, “Reduction of PTDF Matrix and Its Application in DC Optimal Power Flow”, *International Transactions on Electrical Energy Systems, John Wiley & Sons*, April, 2014. doi: 10.1002/etep.1936 [0,9*(6+0,654) = 5,967] | 5,989 |
| | [36] A. Gajduk, M. Todorovski, and Ljupco Kocarev, “Stability of power grids: an overview,” *European Physical Journal - Special Topics, Springer Berlin Heidelberg,* Vol. 223, pp. 2387-2409, June, 2014. doi: 10.1140/epjst/e2014-02212-1 [0,8*(6+1,796) = 6,237] | 6,237 |
| | [37] M. Todorovski and R. Ačkovski, “Equivalent Circuit of Single-Core Cable Lines Suitable for Grounding Systems Analysis under Line to Ground Faults,” *IEEE Transactions on Power Delivery*, vol. 29, no. 2, pp. 751-759, April, 2014. [0,9*(6+1,519) = 6,767] | 6,767 |
| | [38] M. Todorovski, “Transformer Voltage Regulation – Compact Expression Dependent on Tap Position and Primary/Secondary Voltage,” *IEEE Transactions on Power Delivery*, vol. 29, no. 3, pp. 1516-1517, June, 2014. [6+1,519 = 7,519] | 7,519 |
| 4 | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** | |
| | **[39]** J. Angelov, J. Vuletik, M. Todorovski and R. Ackovski, “Equivalent Circuit of Single-Core Cable Line with Ground Return Wire and Variable Earth Resistivity Along its Path”, *SAEM 2014 - The 5th International Symposium on Applied Electromagnetics*, Paper No. 5-24, Skopje, Macedonia, June 8-11, 2014. | 1,8 |
| | **[40]** J. Vuletic, M. Todorovski, “Optimal Capacitor Placement in Distribution Networks For Energy Loss Reduction Under Distorted Conditions Using Integer Genetic Algorithm”, *ISEF 2013 - XVI International Symposium on Electromagnetic Fields in Mechatronics, Electrical and Electronic Engineering*, Ohrid, Macedonia, September 12-14, 2013. | 2,7 |
| 5 | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир** | |
| | [41] J. Вулетиќ, М. Тодоровски. „Намалување на загуби и вкупно хармониско изобличување во дистрибутивни мрежи за различни модели на потрошувачите со поставување кондензатори и примена на генетски алгоритам без пенали“, Труд бр. C4-013R, *IX советување на МАКО СИГРЕ*, Охрид, 27-29 септември 2015. | 1,8 |
| | [42] J. Вулетиќ, М. Тодоровски. „Оптимално поставување на дисперзирани генератори напојувани преку енергетски преобразувачи во дистрибутивни мрежи со примена на кластер метода“, Труд бр. C4-014R, *IX советување на МАКО СИГРЕ*, Охрид, 27-29 септември 2015. | 1,8 |
| | [43] Б. Тројачанец, Р. Ачковски, М. Тодоровски. „Анализа на несиметрични и неполнофазни режими на работа на четири спроводни системи со примена на МатЛаб Симулинк“, Труд бр. C4-029R, *IX советување на МАКО СИГРЕ*, Охрид, 27-29 септември 2015. | 1,6 |
| | [44] Д. Рајичиќ, М. Тодоровски. „Подобрен модел со две експоненцијални функции за претставување струи на | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | атмосферски ударни празнења“, Труд бр. C4-056R, *IX советување на МАКО СИГРЕ*, Охрид, 27-29 септември 2015. | |
| | [45] М. Тодоровски, Р. Ачковски. „Определување на граничната должина на нисконапонски изводи од аспект на квалитетот на електричната енергија“, Труд бр. C4-115R, *VIII Советување на МАКО СИГРЕ*, Охрид, 22-24 септември 2013. | 1,8 |
| | [46] А. Ласков, М. Тодоровски. „Анализа на комутационите пренапони кај високонапонските надземни долги водови“, Труд бр. C4-111R, *VIII советување на МАКО СИГРЕ*, Охрид, 22-24 септември 2013. | 1,8 |
| | [47] Ј. Ангелов, Ј. Вулетиќ, М. Тодоровски, Р. Ачковски. „Навремено откривање на грешки кај енергетски трансформатор со редовни профилактички испитувања“, Труд бр. A2.081R, *VIII советување на МАКО СИГРЕ*, Охрид, 22-24 септември 2013. | 1,2 |
| | [48] Ј. Вулетиќ, Ј. Ангелов, М. Тодоровски. „Примена на FACTS уреди за редна и напречна компензација на реактивна моќност во електроенергетски мрежи“, Труд бр. C4-106R, *VIII советување на МАКО СИГРЕ*, Охрид, 22-24 септември 2013. | 1,6 |
| | [49] Р. Ачковски, М. Тодоровски. „Пресметување на редукциониот фактор во средонапонските кабелски мрежи “, Труд бр. B1-118R, *VIII советување на МАКО СИГРЕ*, Охрид, 22-24 септември 2013. | 1,8 |
| | [50] К. Ачкоски, М. Тодоровски. „Софистицирани методи за оптимизација при проектирањето на надземните водови“, Труд бр. B2-125R, *VIII советување на МАКО СИГРЕ*, Охрид, 22-24 септември 2013. | 1,8 |
| | **Вкупно** | 115,324 |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Студија** | |
| | Управување со реактивната моќност во дистрибутивната мрежа на ЕВН Македонија, ЕВН Македонија, 2014. | 1 |
| | Избор и димензионирање на мрежестиот заземјувач на ТС 110/x kV/kV „Бошков Мост“, Тимелпроект ДОО, Скопје, 2014. | 1 |
| | Проценка на потенцијалот за ублажување на климатските промени во Град Скопје, 2015. | 1 |
| | Technical support to the Energy Community and its Secretariat to assess the candidate Projects of Energy Community Interest (PECI) and candidate Projects for Mutual Interest (PMI) in electricity, gas and oil infrastructure and in smart grids development, Vienna, 2016. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| **2** | **Координатор во подготовката на елаборат за нова студиска програма** | |
| | Студиска програма на втор циклус на студии на ФЕИТ - Електроенергетски системи (2013) | 1 |
| **3** | **Учество во промотивни активности на Факултетот** | |
| | Отворен ден на ФЕИТ (2013, 2014, 2015, 2016) | 2 |
| **4** | **Изработка на нов софтверски пакет** | |
| | Софтверски пакет за пресметување на напони и распределба на моќности во дистрибутивни мрежи, Енерџи менаџмент солушнс ДОО, Скопје, 2014. | 2 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| **5** | **Член на факултетска комисија** | |
| | Комисија за настава на ФЕИТ (од 2012). | 0,5 |
| | Комисија за евалуација на ФЕИТ (од 2012). | 0,5 |
| | Комисија за упис на студенти на прв циклус на студии на ФЕИТ, 2013. | 0,5 |
| **6** | **Член на комисија за избор во звање** | |
| | Избор на д-р Александра Крколева во наставно-научно звање доцент по предметите од наставно-научната област преносни електроенергетски системи. | 0,2 |
| | Избор на м-р Јовица Вулетиќ соработничко звање асистент по предметите од наставно-научната област преносни електроенергетски системи. | 0,2 |
| | Избор на м-р Јорданчо Ангелов соработничко звање асистент по предметите од наставно-научната област преносни електроенергетски системи. | 0,2 |
| | Избор на м-р Петар Крстевски соработничко звање асистент по предметите од наставно-научната област преносни електроенергетски системи. | 0,2 |
| **7** | **Член на универзитетска комисија** | |
| | Универзитетска комисија за упис на студенти на прв циклус на студии во учебната 2012/2013. | 1 |
| **8** | **Координатор на студиска програма** | |

| | | |
|---|---|---|
| | Студиска програма: електроенергетски системи - од втор циклус студии. | 1 |
| | **Вкупно** | 13,3 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 90 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 115,324 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 13,3 |
| **Вкупно** | 218,624 |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Ристо Ачковски, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Рубин Талески, член, с.р.
3. Проф. д-р Весна Борозан, член, с.р.

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) ЕЛЕКТРИЧНИ МАШИНИ, ТРАНСФОРМАТОРИ И АПАРАТИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје/Факултет за електротехника и информациски технологии, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 24. XII 2016 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) електрични машини, трансформатори и апарати, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-119/6, донесена на 25.1.2017 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Лидија Петковска, претседател на Комисијата, д-р Горан Рафајловски, член на Комисијата и д-р Слободан Мирчевски, член на Комисијата.

На објавениот конкурс, во предвидениот законски рок, се пријавил кандидатот д-р Гога Цветковски, редовен професор на Факултетот за електротехника и информациски, технологии за наставно-научното звање редовен професор. Врз основа на поднесените документи од кандидатот, Рецензентската комисија до Наставно-научниот совет на Факултетот со задоволство го поднесува следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

1. **БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Д-р Гога Цветковски е роден на 27 април 1967 година во Скопје, Р Македонија.

Основното образование го завршил со одличен успех во 1981 год. во Скопје. Првите две години од средното образование ги завршил исто така во Скопје, со одличен успех. Во учебната 1983/1984 година го завршил 11-тиот степен на образование, според американскиот систем, во гимназијата Линколн во Портланд, што е еквивалент на трета година од средното образование, според образовниот систем во земјата.

Постигнал забележителен одличен успех, така што бил прворангиран во генерацијата. Поради високиот успех и одличните резултати, во летото 1984 год. му било дозволено да посетува предавања и лабораториски вежби по предметите физика и теорија на електрични кола, на Електротехничкиот факултет на Портландскиот државен универзитет. Во учебната 1984/1985 се вратил во Скопје, каде што го завршил гимназиското образование со одличен успех и бил ослободен од полагање на матурскиот испит. За време на своето образование покажувал особен интерес за техничките дисциплини и учествувал на бројни национални и регионални натпревари. На XXII смотри на клубовите на млади техничари и природници во областа на електротехниката, одржани во 1981 година, освоил бронзен медал.

Во 1985/86 година се запишал на Електротехничкиот факултет во Скопје и заминал на отслужување на воениот рок (во тогашната ЈНА), така што студиите на насоката ИЕЕА на Електротехничкиот факултет ги започнал во академската 1986/1987 година. Дипломирал во редовниот рок, помеѓу првите во генерацијата. Дипломскиот труд под наслов „Примена на Portable Hybrid Recorder Model 3087 за снимање на преодните електрични и топлински појави во електроенергетските уреди“, по предметот несиметрични режими и преодни процеси во електрични машини и трансформатори, го изработил и го одбранил во март 1992 год., под менторство на проф. д-р Лидија Петковска.

Веднаш по дипломирањето, во април 1992 година се запишал на постдипломските студии на Електротехничкиот факултет во Скопје, на насоката електрични машини, трансформатори и апарати, под менторство на проф. д-р Лидија Петковска. Во 1994 година, во редовниот рок, го одбранил магистерскиот труд под наслов „Оптимирање на еднонасочен колекторски мотор со перманентни магнети со помош на нумеричка анализа на магнетното поле“, со што се стекнал со звањето магистер по електротехника, од областа електрични машини, трансформатори и апарати.

Во февруари 2001, кандидатот д-р Гога Цветковски, на Факултетот за електротехника и информациски технологии успешно ја одбранил докторската дисертација со наслов „Истражување на методите и придонес кон развојот на генетските алгоритми за оптимално проектирање на синхрон дисков мотор со перманентни магнети“, под менторство на проф. д-р Лидија Петковска, и се стекнал со академското звање доктор на технички науки на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје.

За време на своето образование и научноистражувачко усовршување, д-р Гога Цветковски остварил бројни студиски престои на врвни Универзитети во повеќе центри и лаборатории. Во периодот мај–ноември 1996 година реализирал 6-месечен студиски престој, финансиран од Британската влада, на Универзитетот Напиер од Единбург, Шкотска, еден од најдобрите универзитети во Велика Британија во областа на проектирање на електрични машини. Студискиот престој бил реализиран под менторство на проф. д-р Синклер Геир, раководител на Одделот за енергетика и електрични машини при истиот Универзитет, носител на повеќе меѓународни проекти, истакнат научник во областа на проектирањето на електрични машини и член на повеќе меѓународни научни асоцијации, меѓу кои и на истакнатата IEE. Бил ангажиран во изведувањето на лабораториските вежби и консултации по предметот електрични машини за студентите на прв циклус студии и учествувал во истражувањата на проектот „Електрични возила и ефективен транспорт без загадување“, финансиран од

европските научноистражувачки фондови. За време на студискиот престој, д-р Гога Цветковски ги започнал истражувањата на синхрон дисков мотор со перманентни магнети и аксијален флукс, наменет за електрични возила. Соработката со проф. Синклер Геир, кој денес работи на Универзитетот Стратклајд во Глазгов, продолжува и до денес, што може да се види во приложената листа на трудови.

Во 2000 година со грант за индивидуална мобилност од програмата на TEMPUS-PHARE, со цел унапредување на наставно-научните кадри од високото образование на Р. Македонија, повторно престојувал на Универзитетот Напиер во Единбург, каде што ги реализирал експерименталните истражувања од докторската дисертација. Од истиот фонд во 2003 год. користел грант за финансирање на специјални активности на наставно-научните кадри во високото образование на Р Македонија и престојувал на Универзитетот во Ахен.

Како директен учесник во реализацијата на академските активности во рамките на TEMPUS-проектот CD_JEP-17016-2002, во периодот 2003–2007 год., кандидатот д-р Гога Цветковски остварил бројни студиски престои и тренинзи на сите универзитети членки на конзорциумот на проектот, и тоа: Национален технички универзитет (Атина, Грција), Универзитет во Виго (Виго, Шпанија), Хелсиншки универзитет за технологија (Хелсинки, Финска), Универзитет Џон Мурс (Ливерпул, Велика Британија) и Универзитет Париз-Југ 6&11 (Париз, Франција). Едновремено, во рамките на проектот, д-р Гога Цветковски ја извршуваше функцијата секретар на проектот, како и задачите за дизајнирање и администрирање на официјалната веб-страница на проектот. Исто така, учествувал и во подготвување на печатените материјали за студентите, документацијата на проектот, завршните извештаи и бројните презентации пред конзорциумот на проектот и пошироката наставно-научна јавност.

Во текот на изминатиот период, од изборот за вонреден професор на Факултетот за електротехника и информациски технологии, па сѐ до денешен ден целосно е вклучен во сите дејности на Институтот за електрични машини, трансформатори и апарати, и тоа како во наставната, така и во научноистражувачката и апликативната дејност.

Кандидатот д-р Гога Цветковски активно ги владее (зборува, пишува, чита) англискиот и српскиот јазик, а се служи со словенечкиот, рускиот и грчкиот јазик.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**Наставно-образовна дејност**

Својата наставно-образовна дејност кандидатот д-р Гога Цветковски ја започнал на почетокот на 1998 година на Институтот за електрични машини, трансформатори и апарати, откако во декември 1997 година Наставно-научниот совет на Електротехничкиот факултет (ЕТФ) во Скопје го избрал во звањето асистент на групата предмети од обласа електрични машини, трансформатори и апарати (Билтен бр. 696). Во декември 2000 год. бил реизбран во истото знање (Билтен бр.767). Во звањето доцент на групата предмети од истата област бил избран во февруари 2003 година (Билтен бр. 820), а во звањето вонреден професор во септември 2007 година. (Билтен бр. 925). На 14 јуни 2012 година на Сенатот на Универзитетот Св. „Кирил и Методиј“ во Скопје е избран по првпат во звањето редовен професор (Билтен бр. 1030).

Во тек на целиот период, од своето вработување на Факултетот па до денес, д-р Гога Цветковски активно се вклучил и целосно се посветил на наставно-образовната дејност не само во рамките на Институтот за електрични машини, трансформатори и апарати, туку и на Факултетот во целина. Држел вежби скоро по сите предмети, како и настава од голем дел на дисциплините од областите што се негуваат на Институтот. Притоа, кандидатот дал особен придонес при концепирањето, дефинирањето и развивањето на новите предмети на додипломски и постдипломски студии на преструктуираните студии по Индустриска електроенергетика и автоматизација (ИЕЕА), како дел од имплементацијата на проектот TEMPUS-JEP_CD-17016-2002, со кој раководеше проф. д-р Лидија Петковска. Во периодот од 2008 до 2012 година ја вршел функцијата раководител на Лабораторијата за електрични машини, трансформатори и апарати. Исто така, кандидатот дал особен придонес и при концепирањето, дефинирањето и развивањето на новите предмети на додипломски студии на студиската програма електроенергетика, автоматизација и обновливи извори на енергија (ЕАОИЕ).

Во периодот по последниот избор во звањето редовен професор при Институтот за електрични машини, трансформатори и апарати на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје има држено предавања, аудиториски и лабораториски вежби по предметите: енергетски преобразувачи 1 (V-сем. ЕЕУ), енергетски преобразувачи 2 (VI. сем. ЕЕУ), Микромашини (VII-сем. ИЕЕА), динамика и моделирање на електрични машини (VII-сем ЕЕУ), несиметрични режими и преодни процеси во електричните машини и трансформатори (VIII-сем ЕЕУ), енергетски преобразувачи (V-сем. ЕАОИЕ), мрежно интегрирање на обновливи извори на енергија, (VI-сем. ЕАОИЕ), примена на енергетски преобразувачи во обновливи извори на енергија (VII. сем. ЕАОИЕ), мали и специјални електрични машини (VII-сем. ЕАОИЕ), динамика и моделирање на електрични машини (VIII-сем. ЕАОИЕ), електромеханички уреди и системи (VIII-сем КСИАР). За сите предмети по кои држи настава изработил наставни материјали (умножени предавања), материјали за аудиториски вежби (збирки задачи), како и практикуми за лабораториските вежби во печатена форма. Активно учествувал во дефинирањето и опремувањето на современото компјутеризирано лабораториско одделение за испитување на мали и специјални машини, а во соработка со проф. д-р Лидија Петковска изработил упатство и елаборати за лабораториските вежби по предметот микромашини („Мали и специјални електрични машини“). Во 2015 година го има објавено Упатството за лабораториски вежби по предметот енергетски преобразувачи, издадено од страна на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје во 2015 година.

Од учебната 2004/2005 година, д-р Гога Цветковски активно се вклучил во наставата на постдипломските студии, со траење од 4 семестри според старата наставна програма, на насоката електрични машини, трансформатори и апарати, и притоа држел настава по два предмета: компјутерски поддржана анализа на електрични машини и специјални електрични машини. Денес, на втор циклус студии – магистерски студии, согласно со ЕКТС- системот на студирање, кандидатот држи настава по два предмета на студиската програма електрични машини и автоматизација, специјални електрични машини и компјутерско моделирање и анализа на електричните машини за кои ги подготвил предметните содржини. Исто така, на студиската програма компјутерско системско инженерство и автоматизација држи настава по предметот специјални електрични машини, што е посебно приспособен на потребите и интересот на студентите на оваа студиска програма. Од 2014 година држи настава по предметот

енергетски преобразувачи за обновливи извори на енергија, за студиската програма обновливи извори на енергија и предметот заштеда на електрична енергија во домаќинствата и стопанството, на студиската програма енергетска ефикасност, животна средина и одржлив развој.

Наставно-образовната дејност на кандидатот проф. д-р Гога Цветковски се заокружува со неговото учество во наставата со два предмета на третиот циклус студии според ЕКТС – докторски студии при Факултетот за електротехника и информациски технологии, на студиската програма ЕИТ (електротехника и информациски технологии) во рамките на докторската школа на УКИМ. Притоа, во текот на 2009 и 2010 година бил активно вклучен во изработката на предметните содржини за два предмета, и тоа: методи за оптимално проектирање и анализа на електрични машини и напредни изведби на електрични машини и нивно управување. Исто така значајно е да се подвлече дека неговото име се наоѓа на листата ментори од ФЕИТ, и тоа согласно со првите и најстроги критериуми за избор на ментори пропишани со Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и вршење на високообразовна дејност.

Од изборот за редовен професор во јуни 2012 година, земајќи го предвид и периодот од 2010 до 2012 година до денес, кандидатот бил ментор на 45 од вкупно 72 дипломски работи, додека член на комисија за дипломски работи од последниот избор, па до денешен ден бил на вкупно 13 дипломски работи.

Во истиот период, кандидатот бил ментор на 5 одбранети магистерски труда, а истовремено е ментор на 3 кандидати кои се во процедура на изработка на магистерските трудови на магистерските студии на студиската програма електрични машини и автоматизација и обновливи извори на енергија при ФЕИТ. Исто така, кандидатот бил и член на комисија за оценка и одбрана магистерски труд во 5 наврати во изминатиот период.

Во периодот од последните 7 години, проф. д-р Гога Цветковски бил член на две комисии за утврдување на подобност на тема и оспособеност на кандидатот за научна работа за кандидатите м-р Михаил Дигаловски и м-р Ивица Ѓорѓиев, како и претседател на Комисијата за преглед, оценка и одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Михаил Дигаловски во 2014 година.

Исто така, во изминатиот период бил и рецензент на две учебни помагала на Универзитетот во Штип од областа на енергетските преобразувачи.

**<u>Научноистражувачка дејност</u>**

Д-р Гога Цветковски научноистражувачката и публицистичка дејност ги започнал при изработката на својот магистерски труд во 1994, пред да биде избран за асистент на Факултетот за електротехника и информациски технологии. До денес, тој постигнал исклучително високи дострели и во поширока научна јавност успешно се етаблирал како препознатлив истражувач и научник во областа на електричните машини, трансформаторите и апаратите. Во изминатиот период, тој има објавено вкупно 94 труда, од кои 15 се во меѓународни научни списанија со импакт фактор, 10 труда во меѓународни научни списанија, 61 труд во зборници од меѓународни научни собири и 8 труда во зборници од домашни научни собири. Забележителен дел од неговите трудови се многукратно цитирани од врвни автори кои творат во истите

области. Како потврда на овој факт, кандидатот приложил листи со цитираните трудови добиени од базата на податоци Research Gate и од Google Scholar.

Само како еден пример би го истакнале цитирањето на трудот „Performance Improvement of PM synchronous motor by Using Soft Magnetic Composite Material“, објавен во научното списание IEEE Transactions of Magnetics 44 (11), 3812-3815 од 2008 година. Овој труд спорд базата на Google Scholar е цитиран вкупно 41 пат. Спред приложената листа, кандидатот има 11 труда кои според оваа база на податоци се цитирани повеќе од 10 пати.

Во рамките на оваа дејност, како автор, односно коавтор на научни трудови кандидатот објавил значителен број на статии во списанија како што е IEEE Transactions on Magnetics, повеќе едиции на COMPEL и SPRINGER Verlag, IJAEM-International Journal of Applied Electromagnetics and Mechanics Przeglad Electrotechniczny (Electrical Review) и др. Во периодот од последниот избор, учествувал во работата на повеќе меѓународни конференции и симпозиуми на кои ги презентирал своите научни трудови; дел од позначајните конференции и симпозиуми се: ISEF'11-Мадеира, ISEF'13-Охрид, ISEF'15-Валенсија, EPE-PEMC'2010-Охрид, EPE-PEMC'2012-Нови Сад, PEMC'2014-Анталија, PEMC'2016-Варна, INTERMAG'14-Дрезден, SAEM'10-Птуј, SAEM'12-Шопрон, SAEM'14-Скопје, SAEM'16-Вроцлав, и други.

Благодарение на неговиот препознатлив научноистражувачки и издавачки опус, како и продлабочените познавања од одредени научни области во кои твори, д-р Гога Цветковски е ангажиран како рецензент на трудови за неколку еминентни меѓународни списанија (IET, COMPEL, IEEE Transactions on Magnetics (TMag), IEEE Transactions on Industrial Electronics (TIE), PIER & JEMWA, Journal Przeglad Elektrotechniczny, The European Physical Journal of Applied Physics и други), рецензирал трудови за бројни меѓународни и домашни конференции (EPE-PEMC, CHLIE, EPE, ISEF, SAEM, МАКО-СИГРЕ и други), а исто така е член и на повеќе организациски одбори и научни комитети на низа меѓународни и домашни конференции и советувања (ISEF, EPE-PEMC, CHLIE, CHLEE, SAEM, ICREPQ, EUROCON, МАКО-СИГРЕ и други). На голем број конференции претседавал со сесии и како рецензент учествувал во селекцијата на трудови за пост-конференциските изданија.

Во изминатиот период, кандидатот активно учествувал како член на тим во повеќе научноистражувачки и развојноистражувачки проекти финансиски поддржани од Министерството за образование и наука на Р Македонија, Факултетот и Универзитетот. Како главен истражувач го има водено проектот со наслов „Зголемување на енергетската ефикасност на електроенергетските уреди со имплементација на информациски технологии во функција на заштита на животната средина“, финансиран од сопствени средства на Факултетот за електротехника и информациски технологии за периодот од 1.1.2011 до 30.6.2012). Во моментов, исто така е еден од раководителите на проектот „Изведба на електрично возило“, кој е финансиран од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а во изминатиот период бил и член на истражувачкиот тим на проектот „Развој и изведба на еднофазен асинхрон мотор тип FER-41/MMB со зголемена енергетска ефикасност”, едногодишен развојно-истражувачки проект (01.04.2011-31.03.2012), финансиран од Министерството за образование и наука на Р.М.

## Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Кандидатот д-р Гога Цветковски покажува забележителна активност и во стручно-апликативната дејност и дејностите од поширок интерес, со што дава свој значаен придонес во промоцијата на Факултетот за електротехника и информациски технологии, но и на Универзитетот во целина.

Во изминатиот период, кандидатот д-р Гога Цветковски обавил и три платени студиски престои, и тоа: еден на Техничкиот универзитет во Лоѓ (ноември 2011) и два на Универзитетот во Марибор, Факултет за енергетика во Кршко (јануари 2012 и април 2013). За тоа време, тој одржал серија предавања на студентите од трет циклус студии (Полска) и на прв и втор циклус студии (Словенија).

За време на организационите активности на Првиот македонско-полски симпозиум за применета електромагнетика (Symposium on Applied Electromagnetics – SAEM), што се одржа од 8-10 јуни 2006 год. во Охрид, бил член на Меѓународниот студиски комитет и при тоа ја извршувал функцијата научен секретар на симпозиумот и бил одговорен за креирање и одржување на веб-страницата. Истовремено, тој бил член на Организациониот комитет и Издавачкиот одбор на советувањето. Овој симпозиум, со препознатлива и актуелна тематика во организација на Македонија, Словенија и Полска, продолжува да се одржува како биенален научен собир, и тоа: 2008 год. во Замошч, Полска; 2010 год. во Птуј, Словенија; 2012 во Шопрон, Унгарија; 2014 во Скопје, Македонија и 2016 во Вроцлав, Полска. Следната 2018 година, конференцијата ќе се одржи во Словенија. Д-р Гога Цветковски има функција научен секретар од македонската страна.

Во периодот од 2008 до 2010 година бил член на локалниот организациски комитет на меѓународната конференција EPE-PEMC 2010 која се одржа во Охрид од 5 до 8. септември 2010 година. Бил одговорен за подготовка на информативниот материјал за промоција на конференцијата, и целосно го понел товарот за подготовка и реализација на сите печатени материјали за конференцијата: печатена брошура со Програма за конференцијата и други пропратни информации, креирање и издавање DVD со сите трудови од конференцијата и други пропагандни материјали. Тој, исто така, учествувал во едитирање на трудовите објавени во постконференциски изданија и научни списанија.

Во 2011 година, Факултетот за електротехника и информациски технологии ја доби довербата да ја организира престижната 16. Меѓународна конференција, со полн назив International Symposium on Electromagnetic Fields in Mechatronics, Electrical and Electronic Engineering – ISEF'2013, а проф. д-р Гога Цветковски дал свој значаен придонес во подготовките на апликацијата доставена до Научниот комитет на симпозиумот како и во организацијата на Конференцијата во 2013 година. Благодарение на неговиот ангажман во организацијата на Конференцијата, истата година беше примен за член и на Меѓународниот одбор на конференцијата ISEF.

Во моментот ја извршува и функцијата на претседател на Техничкиот програмски комитет на меѓународната конференција IEEE EUROCON 2017 година.

Во 2009 година бил член на Одборот за одбележување на 50 години од формирањето на Факултетот, како и член на Уредувачкиот одбор за подготовка на Монографијата на ФЕИТ, издадена за таа пригода. Исто така, тој во 2010 година бил уредник на брошурата за промоција на ФЕИТ на англиски јазик и ги подготвил и редактирал текстовите.

Кандидатот, исто така, бил и дел од тимот кој го реализирал преводот од англиски јазик на книгата „Електрични машини“ од Фицџералд, Кингсли и Уманс, која излезе од печат во 2014 година, во издание на „Датапонс“ од Скопје. Тој учествувал во преводот на 3 глави од книгата кои се соодветно означени на крајот од книгата.

Д-р Гога Цветковски учествува во бројни активности на Факултетот. Повеќе години е координатор на Центарот за нови студенти (ЦНС), каде што дава свој значаен придонес. Дејноста на Центарот е промоција на Факултетот во средните училишта и регрутирање на идните студенти на ФЕИТ. Тој до 2012 година бил одговорен за подготовка и реализација на информативните материјали (брошури, информатори, постери, флаери и друго) и ги подготвува и реализира презентациите на Факултетот во средните училишта. Организацијата и реализацијата на Отворениот ден на Факултетот кој се изведува секоја година до 2012 година била под целосна одговорност на д-р гога Цветковски, а од таа година па до денес помага во реализацијата на истите активности. Повеќепати тој бил член на Комисијата за уписи при ФЕИТ. Помеѓу другите, тој бил член на Комисијата за режим на студирање, член на Комисијата за јавни набавки и член на Комисијата за самоевалуација на ФЕИТ. Подолг период е член на Комисијата за студентска практична настава при ФЕИТ.

Во претходниот период  бил и член за избор во наставничко звање на еден кандидат на Универзитетот Гоце Делчев во Штип и на три кандидати на Универзитетот во Марибор, за што има приложено соодветна документација.

Во изминатиот период, кандидатот учествувал во изготвување на два меѓународни проекта од FP7-програмата.

Проф. д-р Гога Цветковски членува во повеќе научни и стручни асоцијации и здруженија, како во земјата, така и во странство. Од 1998 год., тој е член е на IEEE секцијата на Република Македонија и ја врши функцијата потпретседател на здружениот оддел на IA/IE/PEL на Македонската секција на IEEE, додека во претходните два мандата од по две години бил и негов претседател. Исто така, членува во Полското друштво за применета електромагнетика (PTZE-PSAE). Во моментот тој е секретар на студискиот комитет на B-4 при МАКО-СИГРЕ и ја извршува функцијата претседател на друштвото МАК-ЗЕЕПУ – Македонско здружение за енергетска електроника, погони и управување.

Како резултат на плодната научноистражувачка работа на кандидатот во 2012 година од страна на ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје му беше доделена наградата „Научник на годината“ за истата година.

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

Кандидатот д-р Гога Цветковски, во 2016 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје.

## 3. Преглед на објавените научни и стручни трудови од последниот избор

Листата на трудови до изборот во звањето доцент објавени се во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр. 820 од 31 јануари 2003 година, со реден број од 1 до 68. Листата на трудови до изборот во звањето вонреден професор се објавени во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр. 925 од 1 август 2007 година, со реден број од 69 до 126. Трудовите изработени по изборот во звањето вонреден професор до изборот во звањето редовен професор година, со реден број од 127 до 204, се објавени во Билтенот на Универзитетот (Билтен бр. 1030 од 2 мај 2012). Трудовите за овој избор согласно со Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор на УКИМ се дадени од 2010 година, односно од реден број 173 и заклучно со реден број 256. Комплетната листа на објавените трудови е дадена во Анексот на овој извештај.

**<u>Осврт кон трудовите</u>**

При конкурирање за повторен избор во звањето редовен професор, д-р Гога Цветковски доставил за рецензирање и оценка 84 научни трудови, објавени во периодот по изборот во звањето редовен професор во 2012 година, броејќи од 2010 година согласно со Законот за високото образование и Правилникот за избор на УКИМ. Притоа, 1 е труд објавен како засебно поглавје во меѓународна монографија, 14 се трудови објавени во меѓународни научни списанија, сите со импакт фактор, 10 труда се објавени во меѓународни научни списанија, 46 труд во зборници од меѓународни научни собири и 8 труда во зборници од домашни научни собири. Како главен истражувач кандидатот успешно реализирал 1 двогодишен научноистражувачки проект финансиран од ФЕИТ, а во 1 домашен развоен проект финансиран од МОН на РМ учествувал како член на истражувачкиот тим. Во моментот раководи со еден проект финансиран од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Кандидатот е автор на едно рецензирано упатство за лабораториски вежби и дел од тимот кој ја преведе книгата „Електрични машини“ од авторите Фицџералд, Кингсли и Уманс

Пријавените научни трудови, според третираната проблематика, можат да се класифицираат во повеќе тематски области. Главна научна преокупација на кандидатот се нумеричките пресметки и анализи на електромагнетните појави, како и симулација и анализа на динамичките и преодни процеси во електрични машини и апарати. Нумеричката пресметка, математичкото моделирање, софтверската поддршка за добивање на сликата на распределбата на магнетното поле во различни електроенергетски уреди се третира во значителен број на трудови. Притоа, како објекти за верификација на резултатите од истражувањата се користат различни типови современи и атрактивни електромотори, како: синхрон дисков мотор со перманентни магнети, еднонасочен колекторски мотор со перманентни магнети, еднофазен асинхрон мотор со засечени полови, електронски управуван синхрон мотор со перманентни магнети, еднофазен синхрон мотор со перманентни магнети, бесчеткичен еднонасочен мотор со перманенти магнети, еднофазен кондензаторски асинхрон мотор, реактивен чекорен мотор и високобрзински синхрон мотор со перманентни магнети.

Во трудот [188] е изложен оригинален пристап на геометриско моделирање на сложената конфигурација на синхрон дисков мотор со перманентни магнети со што е овозможена пресметка на магнетното поле во целиот волумен на моторот (3D) со методот на конечни елементи во дводимензионален домен; овој пристап наоѓа сѐ поголема примена и веќе го добил името „квази“ 3D FEM. Во трудовите се анализира

распределбата на магнетното поле, како и електромагнетните и електромеханичките карактеристики на моторот.

Во одделна група трудови [190], [192], [197], [202], [227], [233], [241], [244], [246] изложена е методологија за моделирање на синхрон мотор со перманентни магнети, пресметка на магнетното поле, и определување на карактеристиките и параметрите на моторот. Посебна методологија на моделирање, пресметка и анализа на параметрите и карактеристиките со помош на методот на конечни елементи е применета кај неколку други објекти на истражување како што се: еднофазен кондензаторски асинхрон мотор ([182], [209]); чекорен реактивен мотор ([208]); трифазен линеарен асинхрон мотор (247]); бесчеткичен DC мотор со перманенти магнети (трудови [184], [185], [186], [187], [190], [194], [205], [214], [216], [217], [219] [228], [231]), како и синхорн мотор со перманентни магнети со два статори [195], [220], [224]. Во трудот [203] е даден исцрпен преглед на нумеричките методи за определување на карактеристиките на електричните мотори. Во група трудови, со помош на MATLAB/Simulink, се истражуваат, симулираат и анализираат преодните и динамички режими на работа на различни видови електрични машини, и тоа: еднофазен кондензаторски асинхрон мотор во трудот [207]; еднофазен асинхрон мотор со засечени полови [221]. Кандидатот има објавено и еден труд [243] од областа на нумеричка анализа на заземјувачите.

Друга значајна научна преокупација на д-р Гога Цветковски, во која тој оставил свој посебен печат, и дал особено значаен научен придонес, е областа на оптимално проектирање на различни видови електро-магнето-механички уреди. Во оваа област кандидатот со голем успех публикувал значителен број трудови. Генетските алгоритми, како современ концепт за оптимално проектирање на електрични машини и апарати, уште во 2000 год. за прв пат ги вовел и применил проф. д-р Гога Цветковски, во својата докторска дисертација. Тој развил оригинална методологија и изработил оригинален универзален компјутерски програм за оптимално проектирање што е успешно применет за оптимизација на различни електромеханички и електромагнетни уреди, со ротационо или транслаторно задвижување, како и на статички електромагнетни уреди. Покрај генетскиот алгоритам, кандидатот во процесот на оптимално проектирање на електроенергетските уреди ги применува и следните нови и иновативни методи: методот на симулација на движење на јато (Particle Swarm Optimization) и методот на симулација на однесување на птицата кукавица (Cuckoo Search Optimization). И за овие методи кандидатот развил соодветни компјутерски програми.

Основната идеја и концепцијата на софтверот за примена на генетски алгоритам при оптимално проектирање на електричните машини се публикувани главно во трудовите приложени при претходните избори на кандидатот во звањето доцент, вонреден и редовен професор. Алгоритмот е применет за оптимизација на разни видови мотори и уреди: еднофазен асинхрон мотор со засечени полови ([183], [198], [210], [211], и [238]); трифазен синхрон мотор со перманентни магнети ([190] и [225]); бесчеткичен DC мотор со перманентни магнети ([212] и [222]) и индуктор применет како филтер кај инвертор [226], и трифазен енергетски трансформатор [230], [239]. Во областа оптимално проектирање со помош на методот на симулација на движење на јато, кандидатот ги објавил трудовите [189], [193], [218], [229], а од областа на симулација на однесување на птицата кукавица трудовите [202] и [245]. Во трудовите [199], [237] и [234] применет е иновативен пристап во оптимизацијата на пригушница и енергетски трансформатор со помош на методот на Тагучи.

Презентацијата на сите овие трудови на врвни научни конференции низ светот и објавените статии во бројни научни списанија со импакт фактор, ја потврдува актуелноста и атрактивноста на оваа нова проблематика. За посебно одбележување е трудот [178], кој на покана од издавачот е објавен како засебно поглавје во монографијата со наслов „Компјутерска интелигенција и компјутерски методи за иновативно проектирање на електрични уреди“ во издание на SPRINGER Verlag (2010). Во овој труд е даден детален опис на алгоритамот, на сите генетските оператори на оптимизацијата, сеопфатен преглед на резултатите и компаративна анализа на прототипот и оптимално проектираниот дисков мотор. За таа цел се користат вредностите за параметрите на двата модела, како и карактеристиките на двата мотора, пресметани со методот на конечни елементи.

Истражувањата во областа на генетските алгоритми и нивните можности во процесот на оптимално проектирање на електроенергетските уреди кандидатот д-р Гога Цветковски ги продлабочува со усложнување на целната функција, при што таа наместо од една се состои од комбинација од повеќе целни функции кои се користат за оптимизација со помош на генетските алгоритми, а со цел подобрување на оптималното решение и забрзување на процесот на конвергенција кон глобалниот оптимум при проектирање на електроенергетските уреди. Резултатите од овие научни истражувања се прикажани во трудот [179], [181], [191], [200], [204], [206], [232], [234], [235], [236], [240], [242], [248].

Следна научна преокупација на д-р Гога Цветковски, која ја развивал во соработка со проф. д-р Синклер Геир, е примената на меките композитни магнетни материјали за изведба на конструктивни елементи во различни видови електроенергетски уреди, со цел да се поедностави нивната изработка и процесот на производство, но и да се подобрат нивните перформанси и карактеристики. Резултатите од истражувањата во оваа област се претходно успешно презентирани на меѓународни конференции и публикувани се во списанија, а во извештајниот период, тоа е трудот [215].

Последната група трудови на кандидатот се објавени во Зборниците со куси содржини во печатена форма, како и полните верзии на трудовите во електронска форма на CD, презентирани на домашното советување МАКО-СИГРЕ во 2009, 2011, 2013 и 2015 година и СКЕОР 2013 и 2016. Во нив се прикажува и анализира практичната примена на: енергетските преобразувачи во уредите за пуштање во работа, напојување и регулација на асинхрони мотори [249], [251], [253], [255]; уреди во склоп на фотонапонски системи [252]; уреди како активни филтри [254]. Во трудот [250] даден е посебен осврт на проектирањето и изведбата на трифазен бак-буст конвертор со подобрен квалитет на излезната моќност, додека во трудот [256] се дава осврт на подобрувањето на енергетската ефикасност на даден синхрон мотор со перманентни магнети преку користење на методот на конечни елементи.

Покрај научните трудови, во изминатиот период проф. д-р Гога Цветковски учествувал во изработка и реализацијата на 2 домашни научноистражувачки проекти [175] и [177] на кои воедно тој бил главен истражувач и раководител на проектот. Исто така учествувал и во реализацијата на еден развојно-истражувачки проект [176] како член на истражувачкиот тим. Исто така тој учествувал и во преведувањето на неколку поглавја од книгата „Електрични машини“ [173] од авторите Фицџералд, Кингсли и Уманс. Цветковски е и автор на рецензирано упатство за лабораториски вежби по предметот енергетски преобразувачи [174] на ФЕИТ. Со тоа кандидатот ја заокружил својата богата и разнообразна научноистражувачка дејност и достигнал највисоки

дострели со што се етаблирал како препознатлив научник во поширокaта научна заедница, промовирајќи ја институцијата во која работи и твори, и земјата од каде што доаѓа. Со тоа, д-р Гога Цветковски несомнено дал значаен научен придонес не само во развојот на научната мисла во земјата, туку и во практичната апликација на резултатите од научните истражувања директно во индустријата во Република Македонија, за потребите на фирмите што произведуваат електрични машини, трансформатори и други видови електроенергетски уреди.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од поднесената документација, изложените податоци во рецензијата, приложените научни и стручни трудови и нивната анализа, како и врз основа на личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија високо ја вреднува и позитивно ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на проф. д-р Гога Цветковски, како и неговата дејност од поширок интерес.

Како наставник успешно држи настава и вежби од голем број предмети од наставно-научната област електрични машини, трансформатори и апарати. За сите дисциплини што ги предава на редовните студии има изготвено умножени предавања, збирки задачи и практикуми за лабораториски вежби, со што на студентите значително им се олеснува учењето и совладувањето на материјалот. Односот со студентите му е на извонредно високо ниво за што сведочат високите оценки од студентите, како и големиот број на изработени и одбранети дипломски работи под негово менторство (45). Исто така, бил член на 13 комисии за одбрана.

Активно е вклучен во наставата на втор циклус студии според ЕКТС. Бил ментор на 5 одбранети магистерски трудови, а во моментот е ментор на 3 магистерски труда кои се во изработка. Држи настава на трет циклус студии, избран е за можен ментор и бил член за 2 комисии за утврдување на подобност на кандидатот и темата за изработка на докторска дисертација и претседател на една комисија за оцена и одбрана на докторска дисертација.

Престојувал по покана на повеќе универзитети во странство, а како посебно признание за неговата успешна научна кариера на два универзитета (Лоѓ и Марибор) држел семинари и предавања за студентите на сите циклуси студии.

|---|---|---|---|---|---|
| | Јасмина Хаџиева | контролирано и насочено ослободување на пробиотици | controlled and targeted release of probiotics | Проф. д-р Кристина Младеновска | 02-702/13 23.12.2016 |

# ПРЕГЛЕД
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАРМАЦЕТСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

1. **Магистерски труд по ЛАБОРАТОРИСКА АНАЛИЗА И ИНЖЕНЕРСТВО ВО ФАРМЦИЈАТА**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќа |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | **ње на темата** |
| 1. | Катерина Ангеловска | Процесни контроли при индустриско производство на таблети како фармацевтски дозирани форми | In proces control of tablets in industrial manufacturing | Проф. д-р Марија Главаш Додов | 02-702/12 23.12.2016 |

# ПРЕГЛЕД
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАРМАЦЕТСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

### 1. Специјалистички труд по КОЗМЕТОЛОГИЈА

| **Ред. бр.** | **Име и презиме на кандидатот** | **Назив на темата** | | **Име и презиме на менторот** | **Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **на македонски јазик** | **на англиски јазик** | | |
| 1. | Далиборка Јованова | Регулаторни барања и формулациски аспекти на хипоалергени козметички производи | Regulatory requirements and formulation aspects of hypoallergenic cosmetics products | Проф. д-р Марија Главаш Додов | 02-702/17 23.12.2016 |

***РЕФЕРАТ***

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК (ВО СИТЕ ЗВАЊА) ЗА НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ): ЛИКОВНА СЕМИОТИКА, СЕМИОТИЧКА АРХЕОЛОГИЈА И МУЗЕОЛОГИЈА И КОНЗЕРВАЦИЈА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен во дневниот весник ,,Нова Македонија" на 26/27 ноември 2016 година, за избор на еден наставник (во сите звања) за научните области (дисциплини): ликовна семиотика, семиотичка археологија и музеологија и конзервација, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје (бр.04-1426/7), донесена на XXXI редовна седница одржана на 19.12.2016 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Анета Серафимова, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје, д-р Иван Микулчиќ, редовен професор (во пензија) на Филозофскиот факултет во Скопје и д-р Валериј Софрониевски, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација на единствениот пријавен кандидат, д-р Никос Чаусидис, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје, имаме чест на Наставно-научниот совет да му го поднесеме следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

Биографски податоци

Никос Чаусидис е роден 1959 година во Ташкент (поранешен СССР), а од 1968 година живее во Скопје. Во 1984 година дипломирал на Филозофскиот факултет во Скопје на ННСГ за историја на уметноста со археологија. Во 1992 година магистрирал на Институтот за историја на уметноста и археологија со трудот под наслов „Паганската религија на Јужните Словени и нејзиниот одраз во нивната материјална култура“, под менторство на проф. д-р Иван Микулчиќ. Во 2002 година на истиот Институт ја одбранил докторската дисертација под наслов „Раносредновековните двоплочести фибули и претхристијанската духовна култура на Словените“, под менторство на д-р Андреј Плетерски, редовен професор на Љубљанскиот универзитет.

Во 1986 година е вработен на ННСГ за историја на уметноста со археологија како помлад асистент. Истата година е избран во звањето асистент по предметот музеологија и конзервација. Во 1995 година е преизбиран во истото звање на Институтот за историја на уметноста и археологија. Покрај на матичниот Институт, во периодот 1995-1998 година бил ангажиран во наставата по предметите етномузеологија и археологија - општ курс на ННСГ за етнологија на Природно-математичкиот факултет во Скопје. Во 1998 година е избран во звањето доцент по предметите музеологија и конзервација и археологија. Во 2007 година е избран во звањето вонреден професор во научните области археологија - општ курс, музеологија и конзервација, ликовна семиотика и историја на културата на

Македонија, а едновремено е реализатор на предметните програми за семиотика на артефакти и ликовна семиотика – родови перспективи (заедно со проф. д-р Анета Серафимова). Во 2012 година е избран во звањето редовен професор во наведените научни области.

Од 1998 година, д-р Никос Чаусидис е постојано вклучен во наставните и менторските ангажмани на вториот студиски циклус. Тој е носител/реализатор на студиската програма во научните области: ликовна семиотика и семиотичка археологија на вториот студиски циклус, кои се вклучени во акредитираната студиска програма (2009/2012) на Институтот за историја на уметноста и археологија. Во споменатиот период бил ментор на повеќе магистерски тези и докторски дисертации.

Својата научна дејност д-р Никос Чаусидис ја насочил кон семиотичкиот истражувачки пристап на полето на археологијата, историјата на уметноста и музеологијата, при што фокусот на неговиот интерес е вцелен кон ликовните и материјалните манифестации на религијата и митот.

Во текот на својата наставно-научна кариера, д-р Никос Чаусидис објавил стотина научноистражувачки студии и стручни трудови во домашни и меѓународни списанија. Тој е автор или коавтор на пет научни и четири научно-популарни монографии, како и самостоен автор на два универзитетски учебника. Учествувал на бројни домашни и меѓународни конгреси, симпозиуми и конференции, а како поканет предавач одржал предавања на универзитетите во Љубљана, Загреб, Задар, Белград и Софија.

Тој бил раководител и учесник во повеќе национални и меѓународни научноистражувачки и други професионални проекти од сферата на археологијата, историјата на културата, заштитата и популаризацијата на културното наследство, при што ги издвојуваме проектните наслови: „Стари градови и тврдини во Средното Повардарие“, „Траги на Перуновиот култ во Р. Македонија“, „Македонски древности“, „Потрага по поетиката на стариот град - ревитализација на Старата чаршија во Скопје“, „Структури на архаичната духовна култура во Словенија и Македонија и нивните релации“, како и “NEENAWA: Network in East European Neolithic and Wetland Archaeology”. Во периодот 2012-2016 година, Н. Чаусидис има голем придонес врз студентската мобилност како координатор на Меѓународниот

проект ARHEOPED во рамките на CEEPUS- програмата за меѓудржавна размена на студенти. Истовремено, тој е активен учесник во професионални (Центар за истражување на предисторијата и „Хаемус“) и граѓански здруженија („Професорски пленум“ и Независен академски синдикат/НаКС).

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Според старата студиска КТС-програма до 2012/2013 година, наставниот ангажман на додипломските студии на д-р Никос Чаусидис се одвива во научните области - археологија и историја на уметноста, реализиран преку пет предмети: ликовна семиотика, музеологија, занаетчиски технологии и конзервација, музеологија, семиотика на артефакти и историја на културата (в. Анекс 2/НО: 1-2). По 2013 година,

тој е реализатор на три задолжителни предмети (ликовна семиотика, занаетчиски технологии и конзервација и музеологија) и на еден изборен предмет (семиотика на артефактите) на Институтот за историја на уметноста и археологија. Едновремено, проф. Никос Чаусидис ја реализира предметната програма по музеологија, занаетчиски технологии и конзервација и ликовна семиотика - родова перспектива на институтите за психологија, филозофија, социологија и родови студии (НО: 3-5). Според тековните акредитирани програми за првиот студиски циклус на Филозофскиот факултет, колегата Чаусидис е носител и реализатор на високообразовни курсеви во наставниот процес во две студиски години (II и III), кои опфаќаат широк содржински дијапазон и обемен наставен материјал (*76,2 поени*).

Од приложените активности во вториот студиски циклус во периодот 2012-2017 година заклучуваме дека д-р Никос Чаусидис бил/е реализатор на пет предмети во рамките на три студиски програми на Институтот за историја на уметноста и археологија, на интеркултурните студии и на Факултетот за ликовни уметности (УКИМ). Во оваа смисла, посебно ја издвојуваме заложбата на Чаусидис за иницирање на програмската насока

по семиотичка археологија на вториот студиски циклус на матичниот Институт во чиишто рамки, преку предметните програми од доменот на семиотика на археолошки наоди и когнитивна археологија, тековно работи на повеќе менторски трудови (НО: 8-9). Тој е вклучен и во студиската програма по интеркултурни студии за втор циклус студии преку предметната програма за курсот по интеркултурна семиотика и музеологија, чиј кореализатор е проф. д-р Анета Серафимова (НО: 14). Во рамките на оваа програма е назначен за ментор на еден кандидат (НИ: 6). Тој е, исто така, ангажиран во наставата на студиите од втор циклус по реставрација и конзервација на практики во маслена техника на Факултетот за ликовни уметности (УКИМ), и тоа преку два наставни предмета (НО: 15-16). Во овој период, тој бил ментор и член на комисија за одбрана на 23 дипломски трудови (НО: 17-39), како и на два магистерски труда (НО: 40-41). Оттука, во периодот што е предмет на наша опсервација, д-р Никос Чаусидис остварил дополнителни 15,3 поени, така што сублимирајќи ги приложените резултати од наставно-образовната дејност на апликантот во текот на последните пет години, Комисијата констатира дека тој остварил вкупно *91,5 поени.*

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Следејќи го членот 3 од Критериумите за избор во звања, а според Анекс 2 приложен од д-р Никос Чаусидис, констатираме дека во периодот од 2012 до 2017 година тој бил ментор на 4 докторски дисертации (*12 поени*) и на 2 магистерски тези (*2 поени*) (в. Анекс 2/НИ: 1-6). Тој учествувал во два национални научни проекта и во два меѓународни со што, врз основа на овие активности, се стекнува со *14 поени* во доменот на научноистражувачката дејност (в. Анекс 2/НИ: 7-10).

Комисијата смета дека треба да се издвои значењето и придонесот на мегапроектот за умрежување на истражувањата на источноевропскиот неолит и неолитот на мочуришни предели (NEENAWA), чии носители се Центарот за истражување на предисторијата (Скопје), Универзитетот во

Берн, Музејот „Ермитаж“ (Петербург) и Универзитетот „Тарас Шевченко“ (Киев), кој ќе се реализира до 2018 година (НИ: 10).

Апликантот, во истата научноистражувачка област, ги приложи следниве две монографски публикации (*16 поени*):

■ *Македонските бронзи и религијата и митологијата на железнодобните заедници од Средниот Балкан.* Скопје: ЦИП – Центар за истражување на предисторијата, 2017;

■ *Религиски нишки низ историјата на Македонија.* Скопје: МАНУ, 2017 (во печат).

Во капиталната монографија за железнодопските бронзени предмети од Македонија, главно користени како накит со култна намена, авторот прави длабински иконографско-семиотички анализи и промисли на нивната „утилитарност“. Во научниот текст елабориран на 550 страници (со обемно резиме на англиски јазик), интегрално поврзан со 350 авторски табли (цртежи и илустрации) и прегледен каталог, авторот ја создава првата, интердисциплинарно осмислена, монографска студија за религијата и митологијата на железнодобските заедници на територијата на Македонија. Во монографијата, пак, за религиските нишки низ историјата на Македонија, авторот го посветува своето истражување на транскултуролошките и трансрелигиските визуелни и опредметени феномени коишто егзистирале на почвата на Македонија: мајка – куќа/град, вода како предок, света планина, крилест бог, црн бог, тапанар – ковач – шаман, божествен сад, жртвуван бог, громовник, светлина и темнина.

Апликантот приложи три самостојни трудови и еден коавторски труд со оригинални научни резултати, сите објавени во референтни научни списанија со меѓународен уредувачки одбор (23,4 *поени*):

■ Предилката со зоо-антропоморфни и демонски обележја во словенските митски традиции, *Studia Mythologica Slavica* 15. Ljubljana, 2012, 91-115;

■ The Axis Mundi as a Mythological Base of Acrobatics Performed on a Pole - Diachronic Analyses, *Histria antiqua* 22. Pula, 2013, 321 - 340;

■ „Свештеничка од Марвинци“ или „впрегната сопруга“? За семиотиката на железнодобните псалии од кругот на „македонските бронзи“, *Poznańskie Studia Slawistyczne*. Poznań, 2016 (во печат);

■ Реставрација или реконструкција – прашања и дилеми околу дистинкцијата на двата термини // коавтор: Д. Пејчев, *ПАТРИМОНИУМ.МК*, 2016 (во печат).

Апликантот приложи три труда со оригинални научни резултати, објавени во зборници на трудови од научни/стручни собири (*6* поени):

■ Устата на кловнот и насмевката на Деметра - Баубо // В. Мартиновски, В. Томовска (ред.), *Сите лица на смешното: од антиката до денес*. Скопје: Друштво на класични филолози „Антика“; Друштво за компаративна книжевност на Македонија, 2013, 55 - 73;

■ Зооантропоморфный мифический персонаж с руками в виде животных // Н. В. Злыднева (ред.), *Проблема гибрида в славанясских культурах*. Москва: Институт славяноведения РАН, 2014, 75 - 93;

■ Неолитските корени на „македонските бронзи“ и на други синхрони бронзени предмети од Средниот Балкан // Љ. Фиданоски, Г. Наумов (ред.), *Неолитот во Македонија: нови сознанија и перспективи*. Скопје: Центар за истражување на предисторијата, 2016, 203 – 229.

Во приложените показатели за петгодишните научноистражувачки активности на д-р Чаусидис кои се предмет на нашата евалуација, посебно се вреднувани двете пленарни предавања на меѓународни научни собири (*6 поени*) и четири на републички научни собири (*8 поени*), како и по едно секциско предавање на домашен (*1 поен*) и на меѓународен научен собир (*2 поена*). Сакаме посебно да потенцираме дека колегата Никос Чаусидис бил поканет предавач на Семинарот за музеологија и херитологија на Филозофскиот факултет на референтниот Белградски универзитет (*3 поени*). Во нашиот рецензентски осврт ги вклучуваме и трите апстракти објавени во зборници на меѓународни конференции (*3 поени*).

Поставувајќи си себеси високи научни стандарди и легитимирајќи се, особено, со своите опсежни монографски студии како научник со широк истражувачки капацитет и амбициозен пристап, д-р Никос Чаусидис има создадено свој препознатлив, учен и мисловен наратив кој го следиме и во овој петгодишен пресек на неговата научноистражувачка и творечка активност. Длабинските анализи на неговите истражувања, поставени во трансисториски и антрополошки контекст, се фокусирани на комплексни теми кои се вцелени кон потрага по древните обредно-митолошки корени на дистинктивни појави кои авторот ги расчленува/разградува од архетип преку прототип до тип(ологија). Комисијата смета дек се маркантно речовити неговите анализи на хиерогамијата, на полиформичноста на словенската божица Мокош, на демонско-есхатолошките аспекти на кловнот (vagina dentata), на акробатите алузивни за искачувањето по оската на Космосот и многу други примери/мотиви/теми кои авторот ги класифицира и толкува преку примена на семиотичко-компаративни методи.

Оттука, резимирајќи ги резултатите од петгодишниот пресек на научноистражувачката дејност на д-р Никос Чаусидис, Комисијата констатира дека тој остварил вкупно *98,4 поени*.

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

И ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Материјалите кои ја „мапираат“ стручно-апликативната дејност и дејностите од пошрок интерес на д-р Никос Чаусидис недвојбено ги отсликуваат неговите многунасочни ангажмани и мисионерска посветеност, достојна на уважуван универзитетски професор, во ширење на научното слово на стручен, а приемчив начин, што му дава посебно општествено значење/тежина. Тој земал учество во промотивни активности на Факултетот (на зборник и монографија), учествувал на бројни трибини и јавни дебати, одржал десетина предавања, меѓу кои и на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура (Охрид, 2013) и имал исто толку бележити интервјуа (в. Анекс 2/СА: 5-29). Исто така, тој е член на Уредувачкиот одбор на списанието со меѓународна етаблираност Studia

Mythologia slavica, а членувал во организациски одбори на два меѓународни научни собира оджрани во Ниш и во Скопје (СА: 31-33). Од активностите со поширок интерес го издвојуваме неговиот иницијативен ангажман во основањето и членувањето во Центарот за истражување на предисторијата (ЦИП) и во Независниот академски синдикат (НаКС) (СА: 26, 30).

Во рамките на стручно-апликативната дејност сметаме дека треба посебно да се издвои стручната монографија „Скопје 2014 - скици за едно наредно истражување“, објавена во електронска форма на глобалната академска мрежа academia.edu (СА: 1). Студијата предизвика голем интерес во стручната и интелектуалната јавност и надвор од границите на нашата држава, што резултираше со интервјуа на авторот дадени за неколку европски медиуми, како и тематски консултации со релевантни имиња, докторанди и магистранди од европските универзитети (Болоња, Виена, Загреб, Брисел). Комисијата го квалификува овој монографски труд како единствена студија која, преку стручен и критички пристап, ги поставува основните културно-историски, социолошки, архитектонски, уметнички и семиотички насоки на идните истражувања на проектот „Скопје 2014“.

Врз основа на приложените материјали, Комисијата заклучи дека преку активностите во стручно-апликативната дејност во која се вклучени и дејности од поширок интерес, д-р Никос Чаусидис остварил вкупно *36 поени*.

## ОЦЕНКА ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

Кандидатот Никос Чаусидис, во 2015 година, доби позитивна оценка 9.71 од анонимно спроведената анкета на студентите на Филозофскиот факултет.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија констатира дека во изминатиот петгодишен период д-р Никос Чаусидис покажал богата активност, реализирани проекти и видливи резултати поврзани со наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност. Во согласност со член 13 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, апликантот остварил вкупно *223 поени*. Оттука, професионалните референци на д-р Никос Чаусидис изразени во поени се повеќекратно поголеми од минималните поени предвидени со Правилникот за избор во највисокото универзитетско звање.

Во заклучокот на нашата евалуација сакаме уште еднаш издвоено да го нагласиме научноистражувачкиот придонес на д-р Никос Чаусидис. Во текот на својата триесетгодишна универзитетска кариера, тој се себеизгради во етаблирано научно име и референтен автор, чиишто квалитети - темелност, професионалност, колегијалност и посветеност, се високо респектирани и меѓународно вреднувани. Неговите интердисциплинарни истражувања на полето на археологијата, историјата на уметноста и етнологијата се резултат на неоспорниот научнички и интелектуален капацитет на авторот.

Поради сето изнесено, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му препорача на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, д-р Никос Чаусидис да биде **реизбран во звањето редовен професор** во научните области (дисциплини): ликовна семиотика, семиотичка археологија и музеологија и конзервација.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Д-р Анета Серафимова, редовен професор с.р.

Д-р Иван Микулчиќ, редовен професор с.р.

Д-р Валериј Софрониевски, редовен професор с.р.

***Анекс 2***

ОБРАЗЕЦ

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:**
Никос Филипас Чаусидис
**Институција:**
Филозофски факултет/ Институт за историја на уметноста и археологија
**Научна област:** 60620 и 60210

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста (наставно-образовна):** | **Поени** |
|---|---|---|
| | **Одржување настава од прв циклус студии** | |
| 1 | 2012 г.<br><br>- Ликовна семиотика (ист. на ум.) (задолжителен, 4+2)<br><br>- Музеологија занает. технологии и конзервација (ист. на ум.) (задолжителен, 4+2)<br><br>- Музеологија занает. технологии и конзервација (археол.) (задолжителен, 3+2)<br><br>**зим. семестар: 17 часа x 15 седмици = 255 x 0,04 = 10,2**<br><br>- Семиотика на артефакти (археол.) (изборен, 3+2)<br><br>- Ликовна семиотика (психол.) (изборен, 3+2) | 19,2 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| | - Историја на културата (социол.) (изборен, 3+2)<br><br>**лет. семестар: 15 часа x 15 седмици = 225 x 0,04 = 9,0** | |
| 2 | 2013 г.<br><br>- Ликовна семиотика 1 – 2 (ист. на ум.) (задолжителен, 4+2)<br><br>- Музеологија занает. технологии и конзервација (ист. на ум.) (задолжителен, 4+2)<br><br>**зим. семестар: 12 часа x 15 седмици = 180 x 0,04 = 7,2**<br><br>- Ликовна семиотика (ист. на ум.) (задолжителен, 4+2)<br><br>**лет. семестар: 6 часа x 15 седмици = 90 x 0,04 = 3,6** | 10,8 |
| 3 | 2014 г.<br><br>- Ликовна семиотика (ист. на ум.) (задолжителен, 4+2)<br><br>- Музеологија занает. технологии и конзервација (ист. на ум.) (задолжителен, 4+2)<br><br>**зим. семестар: 12 часа x 15 седмици = 180 x 0,04 = 7,2**<br><br>- Ликовна семиотика (ист. на ум.) (задолжителен, 4+2)<br><br>- Семиотика на артефакти (археол.) (изборен, 3+2)<br><br>- Ликовна семиотика (филоз.) (изборен, 2+1)<br><br>**лет. семестар: 14 часа x 15 седмици = 210 x 0,04 = 8,4** | 15,6 |
| 4 | 2015 г.<br><br>- Музеологија (ист. на ум.) (задолжителен, 4+2)<br><br>- Музеологија занает. технологии и конзервација (ист. на ум.) (задолжителен, 4+2)<br><br>- Ликовна семиотика: родова перспектива (род. студ.; психол.) (изборен, 2+2)<br><br>**зим. семестар: 16 часа x 15 седмици = 240 x 0,04 = 9,6**<br><br>- Ликовна семиотика (ист. на ум.) (задолжителен, 4+2)<br><br>- Семиотика на артефакти (археол.) (изборен, 2+2)<br><br>- Ликовна семиотика (филоз.) (изборен, 2+1)<br><br>**лет. семестар: 13 часа x 15 седмици = 195 x 0,04 = 7,8** | 17,4 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 5 | 2016 г.<br>- Музеологија (ист. на ум.) (задолжителен, 4+2)<br>- Занает. технологии и конзервација (ист. на ум.) (задолжителен, 4+2)<br>**зим. семестар: 12 часа x 15 седмици = 180 x 0,04 = 7,2**<br>- Ликовна семиотика (ист. на ум.) (задолжителен, 4+2)<br>- Семиотика на артефакти (археол.) (изборен, 2+2)<br>**лет. семестар: 10 часа x 15 седмици = 150 x 0,04 = 6,0** | 13,2 |
| | **Одржување настава од втор циклус студии** | |
| | **Наставна програма по археологија** | |
| 6 | Теории и методи на археолошките истражувања<br>5 часа x 0,05 = 0,25 x 5 години = 1, 25 | 1,25 |
| 7 | Археологија во Македонија<br>5 часа x 0,05 = 0,25 x 3 години = 0,75 | 0,75 |
| 8 | Семиотика на археолошки наоди<br>5 часа x 0,05 = 0,25 x 4 години = 1 | 1,00 |
| 9 | Когнитивна археологија<br>5 часа x 0,05 = 0,25 x 4 години = 1 | 1,00 |
| 10 | Средновековни пагански религии<br>5 часа x 0,05 = 0,25 x 4 години = 1 | 1,00 |
| | **Наставна програма по историја на уметноста** | |
| 11 | Ликовна и визуелна семиотика<br>5 часа x 0,05 = 0,25 x 4 години = 1 | 1,00 |
| 12 | Симболот и митот во визулените медиуми<br>5 часа x 0,05 = 0,25 x 4 години = 1 | 1,00 |
| 13 | Архетипски аспекти на христијанската симболика<br>5 часа x 0,05 = 0,25 x 4 години = 1 | 1,00 |
| | **Интеркултурни студии (Филозофски факултет)** | |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 14 | Интеркултурна семиотика и музеологија (со проф. д-р А. Серафимова)<br>5 часа x 0,05 | 0,25 |
| | **Наставна програма по реставрација и конзервација на практики во маслена техника (Факултет за ликовни уметности)** | |
| 15 | Конзервација - општи принципи (1)<br>30 часа x 0,05 | 1,50 |
| 16 | Конзервација – општи принципи (2)<br>30 часа x 0,05 | 1,50 |
| | **Ментор на дипломска работа** | |
| 17 | И. Каракамчева, *Мозаик – технологија и конзервација* (2012) | 0,2 |
| 18 | С. Трајкова, *Карневалот како феномен на традицијата и неговата семиотика, видена низ призмата на македонските примери* (април 2012) | 0,2 |
| 19 | И. Анѓеловска, *Организирање и менаџирање на музеите* (октомври 2012) | 0,2 |
| 20 | Н. Стефановски, *Мечот како симбол* (септември 2013) | 0,2 |
| 21 | М. Минов, *Божја храна: улогата на психотропните супстанции во развојот на уметноста и културата од праисторијата до 21 век* (септември 2013) | 0,2 |
| 22 | М. Чапкуноска, *Фрески од Помпеа – технологија на изработка, конзервација и реставрација* (јуни 2013) | 0,2 |
| 23 | Н. Атанасова, *Златарски техники* (јуни 2014) | 0,2 |
| 24 | А. Јовановски, *Двојната секира како култен и симболички објект на територијата на Република Македонија* (јануари 2014) | 0,2 |
| 25 | В. Димитриев, *Болести кај археолошките предмети од метал со посебен акцент на конзервацијата на железните предмети* (ноември 2015) | 0,2 |
| 26 | Д. Анастасовски, *Теоријата како задолжителен елемент на археологијата* (декември 2015) | 0,2 |
| 27 | А. Мачковски, *Техники и орудија за добивање оган. Семиотика и митолошки интерпретации* (декември 2015 ) | 0,2 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 28 | Ѓ. Милевски, *Проценка на видливоста од Маркови Кули, Водно со ГИС софтвер* (септември 2016) | 0,2 |
| | **Член на комисија за одбрана на дипломска работа** | |
| 29 | А. Миличинска, *Симболот мандала и процесот на индивидуација* (2012) | 0,1 |
| 30 | В. Димеска, *Карактеристиките на византискиот комненски стил од 13 век* (јуни 2013) | 0,1 |
| 31 | П. Панески, *Неолитски архитектонски објекти на територијата на Република Македонија* (2013) | 0,1 |
| 32 | Х. Бежановска, *Живописот на црквата Успение на Богородица - Каменско во Охрид* (септември 2014) | 0,1 |
| 33 | Д. Амповски, *Ајга - првата македонска престоклнина* (јуни 2014) | 0,1 |
| 34 | Д. Димитров, *Винички теракотни икони* (јуни 2014) | 0,1 |
| 35 | О. Давчев, *Ориентални култови* (јуни 2014) | 0,1 |
| 36 | С. Исљами, *Археолошки локалитети од античко време во кумановскиот регион* (јуни 2014) | 0,1 |
| 37 | Г. Павловски, *Јавни бањи на територијата на Република Македонија* (јуни 2014) | 0,1 |
| 38 | Б. Ристова, *Бигорски манастир Свети Јован Крстител* (2016) | 0,1 |
| 39 | С. Наве, Ѕидното сликарство во Богородичината црква на Слимничкиот манастир (2016) | 0.1 |
| | **Член на комисија за оценка или одбрана на магистратура** | |
| 40 | А. Василески, Поствизантиски претстави на Страшниот суд на територијата на Република Македонија (октомври 2014) | 0,3 |
| 41 | М. Величковски, *Ликовните претстави на античките геми и камеи од Република Македонија*, Филозофски факултет - Скопје (октомври 2014) | 0,3 |
| | **Вкупно** | **91,5** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста (научноистражувачка):** | **Поени** |
|---|---|---|
| | **Ментор на докторска дисертација** | |
| 1 | Ј. Ристовска Пиличкова, *„Македонската традиционална текстилна орнаментика – класификација, типологија и семиотика на ликовните елементи“* (Институт за фолклор „М. Цепенков“ - Скопје, одбранета 2012 г.) | 3 |
| 2 | Г. Наумов, *Неолитски антропоморфизам и хибридност (третман на телото на Балканот од VII - V милениум пред н.е.)*, (Филозофски факултет – Скопје, одбранета 2015 г.) | 3 |
| 3 | М. Ѓаќина, *Организациска структура и раководење во институциите од областа на културата - студија на случај - МСУ Скопје*, (Факултет за драмски уметности – Скопје, во процедура за одбрана во јануари 2017 г.) | 3 |
| 4 | М. Велчовски, *Конзервација и реставрација на археолошки откриени градежни објекти од римскиот период во Р. Македонија (третирани од 4. деценија на XX век до 1. деценија на XXI век)*, (Историја на уметноста и археологија, Филозофски факултет - Скопје) | 3 |
| | **Ментор на магистерски работи** | |
| 5 | Н. Стефановски, *Симболички аспекти на мечот и шлемот, во Централниот Балкан, меѓу крајот на II и крајот на I милениум пред н.е.* (Археологија, Филозофски факултет) | 1 |
| 6 | В. Диздаревиќ, *Културно – историска анализа на проектот „Скопје 2014“* (Интеркултурни студии, Филозофски факултет) | 1 |
| | **Учесник во национален научен проект** | |
| 7 | Историја на културата на Македонија, МАНУ, (2012 – 2013) | 3 |
| 8 | Неолит во Македонија, Центар за истражување на предисторијата, Скопје (2016) | 3 |
| | **Учесник во меѓународни научени проекти** | |
| 9 | *Settlements, Culture and Population Dynamics in Balkan Prehistory*, HAEMUS - Center for scientific research and promotion of culture, Skopje (2014 – 2015) | 5 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| 10 | NEENAWA: Network in East European Neolithic and Wetland Archaeology (ЦИП; Универзитет во Берн, Музеј „Ермитаж“-Петерсбург; Универзитет „Тарас Шевченко“ - Киев) (2015 – 2018) | 5 |
| | **Монографија** | |
| 11 | *Релиīиски нишки низ исшоријаша на Македонија*. Скопје: МАНУ, 2017. (во печат) | 8 |
| 12 | *Македонскише бронзи и релиīијаша и мишолоīијаша на железнодобнише заедници од Средниош Балкан*. Скопје: ЦИП, 2017. (електронски формат) | 8 |
| | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** | |
| 13 | Предилката со зоо-антропоморфни и демонски обележја во словенските митски традиции, *Studia Mythologica Slavica* 15. Ljubljana, 2012, 91-115. (Summary: The Spinner with Zoo-Anthropomorphic and Demonic Features in the Slavic Mythic Traditions) | 6 |
| 14 | The Axis Mundi as a Mythological Base of Acrobatics Performed on a Pole - Diachronic Analyses, *Histria antiqua* 22. Pula, 2013, 321 - 340. | 6 |
| 15 | „Свештеничка од Марвинци“ или „впрегната сопруга“? За семиотиката на железнодобните псалии од кругот на „македонските бронзи“, *Poznańskie Studia Slawistyczne*. Poznań, 2016. (во печат) | 6 |
| 16 | Д. Пејчев, Н. Чаусидис, Реставрација или реконструкција – прашања и дилеми околу дистинкцијата на двата термини, *ПАТРИМОНИУМ.МК*. 2016. (во печат) | 5,4 |
| | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир** | |
| 17 | Устата на кловнот и насмевката на Деметра - Баубо // В. Мартиновски, В. Томовска (ред.), *Сише лица на смешноūо: од аншикаша до денес*. Скопје: Друштво на класични филолози Антика; Друштво за компаративна книжевност на Македонија, 2013, 55 - 73. | 2 |
| 18 | Зооантропоморфный мифический персонаж с руками в виде животных // Н. В. Злыднева (ред.), *Проблема īибрида в славанясkих кульшурах*. Москва: Институт славяноведения РАН, 2014, 75 - 93. | 2 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| 19 | Неолитските корени на „македонските бронзи“ и на други синхрони бронзени предмети од Средниот Балкан (Abstract: Neolithic roots of "Macedonian bronzes" and other synchronous bronze objects from the Middle Balkans) // Љ. Фиданоски, Г. Наумов (ред.), *Неолитот во Македонија: нови сознанија и перспективи*. Скопје: Центар за истражување на предисторијата, 2016, 203 – 229. | 2 |
| | **Пленарни предавања на научен/стручен собир** | |
| 20 | Пиксиди или афионови чушки – нови сознанија околу генезата и значењето на железнодобните минијатурни сатчиња со птичји протоми, *XXIII симпозиум на МАНД* (Виница, 5-7.12. 2014) | 2 |
| 21 | Шестокраки тродимензионални крст као идеограм основних праваца простора, *Научни симпозиум „Традиционална естетска култура IX: Простор“, Универзитет у Нишу, Центар за научно-истраживачки рад САНУ и Универзитета у Нишу (одсек друштвених наука)*, Ниш, 07.11. 2014 | 2 |
| 22 | Неолитските корени на „македонските бронзи“ и на други сихрони бронзени предметиод Средниот Балкан, *научна конференција „Неолитот во Македонија: нови сознанија и перспективи“*. Скопје: Центар за истражување на предисторијата, 23.12.2015. | 2 |
| 23 | Намената на објектите од лепеж лоцирани покрај печките, во неолитските куќи од Македонија, *научна конференција „Неолитот во Македонија“*, Скопје: Центар за истражување на предисторијата, 25.11. 2016. | 2 |
| | **Секциско предавање на научен/стручен собир** | |
| 24 | Дионис Таурос – Тауресион – Тауријана. Прилог кон култот на античките водни божества во Р Македонија, *XXII симпозиум на МАНД* (Дојран, 12 – 20.10.2012) | 1 |
| | **Пленарни предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество** | |
| 25 | The Iconography, Symbolism and Religious Use of Iron Age Cluster Pendants as Part of the Group of “Macedonian Bronzes” *Settlements, Culture and Population Dynamics in Balkan Prehistory*, International conference, HAEMUS - Center for scientific research and promotion of culture (Skopje 13-14.03.2015) | 3 |
| 26 | Were the Prehistoric House Models on Trestles Representation of Actual Pile Dwellings?, *NEENAWA Scientific Meeting ‘Prehistoric Wetlands and Lakes: bringing forward dendrochronology in archaeology’ (11-17.05.2016, Ohrid, Republic of Macedonia)*, Skopje: Center for Prehistoric research. | 3 |
| | **Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество** | |
| 27 | The Cosmogonic Iconography of the Luristan Standards (Космогоническая иконография луристанских штандартов), *Seventh International Conference “The Actual Problems of History and Theory of Art”, (Saint Petersburg 10-15 october 2016)*, Saint | 2 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | Petersburg State University, Lomonosov Moscow State University and The State Hermitage Museum. | |
| | **Одржано предавање по покана на референтен странски универзитет** | |
| 28 | Godišnja radionica doktorskih studija muzeologije i heritologije (Muzej „Staro Selo" – Sirogojno), Seminar za muzeologiju i heritologiju, Odeljenje za istoriju umetnosti, Filozofski fakultet, Univerzitet u Beogradu (12 -14.6.2015). | 3 |
| | **Апстракти објавени во зборник на конференција (меѓународна)** | |
| 29 | The Iconography, Symbolism and Religious Use of Iron Age Cluster Pendants as Part of the Group of "Macedonian Bronzes" // V. Dimitrova (ed.), *International conference Settlements, Culture and Population Dynamics in Balkan Prehistory*. Skopje, Macedonia: Center for scientific research and promotion of culture – HAEMUS, 2015, 44. | 1 |
| 30 | Were the Prehistoric House Models on Trestles Representation of Actual Pile Dwellings? // G. Naumov (ed.), *NEENAWA Scientific Meeting 'Prehistoric Wetlands and Lakes: bringing forward dendrochronology in archaeology' (11-17.05.2016, Ohrid, Republic of Macedonia)*. Skopje: Center for Prehistoric research, 2016, 37 – 38. | 1 |
| 31 | The Cosmogonic Iconography of the Luristan Standards (Космогоническая иконография луристанских штандартов), *Seventh International Conference "The Actual Problems of History and Theory of Art", (Saint Petersburg 10-15 october 2016)*. Saint Petersburg State University, Lomonosov Moscow State University and The State Hermitage Museum. St. Petersburg: St. Petersburg University Press, 2016, 281-282. | 1 |
| | **Вкупно** | **98,4** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| | **Стручна монографија** | |
| 1 | *Скопје 2014 – скици за едно наредно истражување*. Скопје: Н. Чаусидис, 2013, - 110. | 8 |
| | **Авторство на одредница во речник или енциклопедија** | |

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| 2 | Н. Чаусидис, Македония (Исторический очерк; Территория Македонии в древности, Македония с 7 до начала 19 вв.) // *Большая российская энциклопедия, Том 18*. Москва: „Большая российская энциклопедия“, 2011, 521 – 522. Во фаза на публикување е електронска т.е. интернет верзија (2017 г.)<br><0,05/1875 знаци со празни места><br><околу 7000 знаци (4 x 0.05)> | 2 |
| | **Поглавје од книга** | |
| 3 | Передмова // К. Рахно, *Свиmоnляска і Ренкавка*, Академічна серія „Українські керамологічні студії“. Випуск 9, Полтава: ТОВ „Асмі“ 2013, 10 – 16. | 2 |
| 4 | Macedonia – The history and culture // *Guide Book Macedonia*. Skopje: “Љубовта е Петтиот Елемент”, 15 – 19, 22 – 27, 163. | 2 |
| | **Учество во промотивни активности на Факултетот/институтот** | |
| 5 | Промоција на зборник на трудови: А. Светиева (ред.) *Еmноīрафија и анmроūолошка mоūоīрафија на Скоūско во 20 век*. Скопје: Музеј на град Скопје, 2011 (Саем на книгата Скопје, 25.4.2012)<br><http://daily.mk/names/aneta-svetieva?skip=45> | 0,5 |
| 6 | Промоција на монографија: В. Димитровска, *Камена индусmрија са неолиmскоī локалиmеmа Руī Баир – Реūублика Македонија*. Скопје: Хаемус, 2013 (Библиотека Браќа Миладиновци, (16.05.2013)<br><br><http://www.2015.gbsk.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=263%3A2013-5-14-10-14-03&catid=3%3A2011-03-29-16-56-35&lang=mk> | 0,5 |
| 7 | Промоција на зборник на трудов: Љ. С. Ристески (ред.) *За еmнолоīијаmа... Безброј ūраīови сме ūреминале*. Скопје: Институт за етнологија и антропологија, Скопје, 2014 (НУБ, 25.12, 2014)<br><http://daily.mk/names/aneta-svetieva> | 0,5 |
| 8 | Координатор на меѓународниот проект ARHEOPED во рамките на CEEPUS програмата за меѓудржавна размена на студенти (2012 – 2016 год.). | 0.5 |
| | Предавање на институции од јавен интерес, културно-информативни центри | |
| 9 | Интервју: *Скоūје 2014: Симбол на слабосm и нерешиmелносm*, NOVATV MK (23.3.2013)<br><https://www.youtube.com/watch?v=0IftO5-1Xs0> | 0,5 |
| 10 | Реферат: *Скоūскоmо Кале меѓу музеолоīијаmа, релиīијаmа и ūолиmикаmа*, Музеите (меморија+креативност) = општествена промена, ИКОМ – Македонски национален комитет, Крива Паланка (17.5.2013) | 0,5 |

| **Ред. број** | **Назив на активноста (стручно-апликативна):** | **Поени** |
|---|---|---|
| 11 | *XLVI летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура*, Охрид, јуни 2013 | 0,5 |
| 12 | Трибина: *Театарот – митска матрица на Македонија*, Интерпретативна работилница, Театарски фестивал „Војдан Чернодрински“ – Прилеп (10.6.2013) <http://daily.mk/vesti/teatarot-ima-silno-vlijanie-od-najrani-vreminja> | 0,5 |
| 13 | Јавна дебата: *Јавен простор. Урбанистичка експанзија, Јавниот простор наспроти урбанистичката екснзија*. „CIVICA“, Совет на општина Струга (06.8.2013) <https://www.youtube.com/watch?v=bwNKuRSZoLQ> | 0,5 |
| 14 | *VIII АКТО, фестивал за современа уметност*, Битола (9-11.8.2013) *<https://zivibiblioteki.wordpress.com/2014/03/16/%D0%B0%D0%BA%D1%82%D0%BE-8-%D1%84%D0%B5%D1%81%D1%82%D0%B8%D0%B2%D0%B0%D0%BB-%D0%B7%D0%B0-%D1%81%D0%BE%D0%B2%D1%80%D0%B5%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D0%B8-%D1%83%D0%BC%D0%B5%D1%82%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%B8/>* | 0,5 |
| 15 | Интервју: „Скопје 1963 - 2014". „Окно“ (24.12, 2013) <https://www.youtube.com/watch?v=ysEDAFbfETE> | 0,5 |
| 16 | Предавање: *Градот се јаде себе си*, Автономен културно социјален центар, Скопје (26.12.2013) <http://a1on.mk/wordpress/archives/258968> | 0,5 |
| 17 | Предавање: *Религиски континуитети на територијата на Македонија – од неолитот до 21 век*. Скопје, УНЕСКО-клуб ХАЕМУС, Алијансата за ООР (20.2.2014) <https://www.youtube.com/watch?v=lpsehYOcwFE> | 0,5 |
| 18 | *I Меѓународна студентска антрополошка работилница*, Институт за етнологија и антропологија, ПМФ – Скопје (4–10.3.2014) <http://makedonskoetnoloskodrustvo.org/mk/creating-your-site/ostanati-nastani/45-i.html> | 0,5 |
| 19 | Предавање: *Македонските бронзи и религијата на железнодобните култури*, Меѓународен ден на археологијата, Хаемус, 23.12.2014 <https://www.youtube.com/watch?v=oX-XviZwVX8> | 0,5 |
| 20 | Реферат: *Археолошки, историски и етнолошки стереотипи* // Научна дебата „Фолклорни теории и современи пракси“, Институт за фолкор Марко Цепенсков – Скопје (26.3.2015) | 0,5 |
| 21 | Предавање: *Семиотичка анализа на проектот Скопје 2014*, Технички факултети на УКИМ (14.2.2015) | 0,5 |
| 22 | Предавање: *Магискатa и симболичката база на индустриското производство*, Технички факултет - Битола (24.02.2015) <https://www.facebook.com/events/860058887366575/> | 0,5 |

| **Ред. број** | **Назив на активноста (стручно-апликативна):** | **Поени** |
|---|---|---|
| 23 | Предавање: *Семиотика на гротескното тело*, Факултет за драмски уметности, УКИМ (23.3.2015) <https://www.google.com/search?q=%D0%A1%D0%B5%D0%BC%D0%B8%D0%BE%D1%82%D0%B8%D0%BA%D0%B0+%D0%BD%D0%B0+%D0%B3%D1%80%D0%BE%D1%82%D0%B5%D1%81%D0%BA%D0%BD%D0%BE%D1%82%D0%BE+%D1%82%D0%B5%D0%BB%D0%BE&ie=utf-8&oe=utf-8&client=firefox-b> | 0,5 |
| 24 | Cancer Macedonicum // *Призма (02.1.2015)* <http://prizma.birn.eu.com/%D0%BC%D0%BA/%D0%B1%D0%BB%D0%BE%D0%B3/cancer-macedonicum> | 0,5 |
| 25 | *Научна трибина „Култ кон култот: редефинирање на термините во хуманистичките науки“, Музеј на Македонија, Скопје (15.10.2015)* <http://plusinfo.mk/vest/43552/tribina-za-kultot-utre-vo-muzej-na-makedonija?m=0> | 0,5 |
| 26 | Еден од основачите и активен член на ЦИП – Центар за истражување на предисторијата - Скопје <http://www.cip-cpr.org/> | 0,5 |
| 27 | *Креативен центар Карпош*, програма за активирање на секции за културно наследство во основните и средни училишта од општината, Општина Карпош (2015-2016) <https://www.google.com/search?q=%D0%9A%D1%80%D0%B5%D0%B0%D1%82%D0%B8%D0%B2%D0%B5%D0%BD+%D1%86%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B0%D1%80+%D0%9A%D0%B0%D1%80%D0%BF%D0%BE%D1%88+%D0%A7%D0%B0%D1%83%D1%81%D0%B8%D0%B4%D0%B8%D1%81&ie=utf-8&oe=utf-8&client=firefox-b> | 0,5 |
| 28 | Предавање: *Жената во визуелните уметности* // Make it happen – виолетувај Vol. II, Психеско (12.03.2016) <http://allevents.in/skopje/%E2%80%9E%D0%9Cake-it-happen-%D0%92%D0%B8%D0%BE%D0%BB%D0%B5%D1%82%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%98%E2%80%9C-vol-2/1149845791722027#> | 0,5 |
| 29 | Интервју: *Emisioni i pesëmbëdhjetë "Arkeologjia, identiteti dhe Ballkani,* PikëPamje TV SHENJA (30.5.2016) <https://www.youtube.com/watch?v=8NIGLa01q5w> | 0,5 |
| 30 | Член на советот на Независниот академски синдикат и делегат на Прregister конгрес на синдикатот (октомври, 2016) | 0,5 |
| | **Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание** | |
| 31 | Studia Mythologia slavica, Ljubljana: бр. 14 (2011), бр. 15 (2012), бр. 16 (2013), бр. 17 (2014), бр. 18 (2015), бр. 19 (2016) | 6 |
| | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/ стручен собир** | |
| 32 | *Традицонална естетска култура – Ерос,* Универзитет у Нишу, Центар за научноистраживачки рад САНУ и Универзитета у Нишу, (Ниш 22.10. 2010) | 1 |

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| 33 | *International conference Settlements, Culture and Population Dynamics in Balkan Prehistory*, International conference, Skopje, Macedonia: Center for scientific research and promotion of culture – HAEMUS, 2015, 44. (scientific Committee) | 1 |
| | **Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект:**<br><br>**- соработник** | |
| 34 | *Culture and religion in the Neolithic*, Research Project by Jacinto Chosa, University of Seville, Spain, 2013 | 1 |
| | **Вкупно** | **36,0** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 91 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 98 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 36 |
| **Вкупно** | **225** |

**ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА**

Д-р Анета Серафимова, ред. професор с.р

Д-р Иван Микулчиќ, ред. професор с.р.

Д-р Валериј Софрониевски, ред. професор с.р.

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН- ПРОФЕСОР ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ: ПЛАНИРАЊЕ НА СЕМЕЈСТВОТО НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Во врска со конкурсот објавен во весникот Нова Македонија на 11 ноември 2016 година, за избор на наставник во насловно звање- вонреден професор за научната област: планирање на семејството, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 04-883/9, донесена на 1.12.2016 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Димитар Трајковски, редовен професор во пензија, проф. д-р Сузана Симоновска, редовен професор проф. д-р Сунчица Димитријоска, редовнеn професор на Филозофскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во насловно звање- вонреден професор за научната област: планирање на семејството, во предвидениот рок се пријави единствено кандидатката д-р Мирјана Ќаева Пејковска, раководителка на ЈЗУ Завод за ментално здравје на деца и младинци „Младост“ во Скопје и насловен вонреден професор на Европскиот универзитет во Република Македонија.

### 4. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Мирјана Ќаева-Пејковска е родена на 5.10.1955 година. Основно и средно образование завршила во Скопје со одличен успех. Во 1980 година дипломирала на Медицинскиот факултет во Скопје со највисок просек во својата генерација, 9,53. За време на студиите била прогласена за најдобар студент во генерациите 1975/1976 и во 1976/1977 година. Воедно, во 1978 година остварила едномесечна студентска лекарска практика во Мадрид, Шпанија.

Во 1980 година е вработена во Здравствениот дом во Скопје во примарната здравствена заштита, а потоа работи во превентивната дејност во Домот.

Во периодот од 1990 до 1994 година специјализирала на Клиниката за детски болести при Медицинскиот факултет во Скопје и се стекнала со звањето лекар специјалист од обласга на педијатријата.

Во 1994 година е вработена во Заводот за ментално здравје на деца и младинци „Младост" при Здравствениот дом на Скопје, на работното место лекар-педијатар генетичар.

Од 1998 година е началник на Медикогенетското советувалиште со Цитогенетската лабораторија во Заводот за ментално здравје. Врз основа на наодите од Лабораторијата се даваат упатства и совети на испитаните лица и на членовите на нивните семејства во доменот на менталното здравје во развојниот период и за планирање на семејството.

Од 2000 година е управник на Заводот за ментално здравје на деца и младинци „Младост" во Скопје. На оваа раководна функција презема бројни и одговорни задачи во областа на медицината - едукација на кадри (предавања и вежби за студенти на повеќе факултети: медицински, стоматолошки, на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет итн.); планирање на здраво потомство; креирање и имплементација на мерки за организација и унапредување на здравствената заштита. Со нејзината работа во рамките на Заводот ги едуцира и им помага на семејствата за стручен и ефикасен тимски третман на пациентите со ментални проблеми.

Во 2001 година се стекнала со звањето примариус од областа на педијатријата. Таа е лекар специјалист по педијатрија и генетика.

Во 2001 година била претседател на Управниот одбор на Здравствениот дом на Скопје.

Во 2003 година на Медицинскиот факултет во Скопје успешно ја одбранила докторската дисертација на тема: „Епидемиолошките аспекти на менталната субнормалност во Република Македонија“.

Во 2007 година била избрана во наставно- научното звање доцент по предметот родови студии на Универзитетот „Американ колеџ“ во Скопје (Одлука бр.01-1801/3 од 19.11.2007 година).

Исто така е избрана за професор на Високата медицинска школа во Битола по предметот педијатрија со неонатологија и нега (Одлука бр.07-360/8 од 20.9.2011 година).

На Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, била избрана за вонреден професор по предметот: медицинска генетика (рефератот е објавен во Билтенот на УГД бр.16 од 16.2.2009). Во 2010 е избрана за насловен вонреден професор по предметите медицинска генетика и хистологија со ембриологија 1 и 2 (рефератот е објавен во Билтенот на УГД бр.35 од 15.2.2010). Во периодот од 6 години едуцирала бројни генерации студенти на овој Универзитет.

На Стоматолошкиот факултет во Скопје при Европскиот универзитет - Република Македонија, од 2012 година го предава предмет општа и орална хистологија со ембриологија, по кој предмет е избрана за насловен вонреден професор со Одлука на Наставно-научниот совет бр.02-1190/1 од 27.10.2014 година.

Со Одлука на Ректорската управа на УКИМ бр.02-831/26 од 20.11.2012 година, д-р Мирјана Ќаева Пејковска е ангажирана на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет во Скопје, во учебната 2012/2013 година, за вршење на високообразовна дејност како истакнат стручњак од практиката по предметите: рана интервенција на деца со ИП, невропсихологија и реедукација на психомоториката.

Кандидатката активно се служи со англискиот, српскиот и хрватскиот јазик и поседува солидни информатички знаења.

Вршела повеќе наставни, едукативни и здравствено- воспитни активности како генетски консалтинг - предвидување на идно здраво потомство, планирање на семејството, следење на постапка за амниоцентеза, едукација на студенти – од држување предавања и вежби од областа на генетиката и педијатријата и др.

## 5. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност, кандидатката д-р Мирјана Ќаева Пејковска изведувала настава и вежби на прв циклус студии, како и на специјалистички студии од повеќе области. На Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип изведувала настава во периодот од 2011 до 2014 година. На Високата здравствена школа во Битола одржувала настава во периодот од 2011 до 2013 година, а на Европскиот универзитет во Република Македонија одржува настава почнувајќи од 2012 до 2016 година. Во учебната 2012/2013 година, д-р Мирјана Ќаева Пејковска реализирала настава и на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет во Скопје.

Под нејзино раководство како ментор и едукатор се подготвувани повеќе магистерски, специјалистички, дипломски и постдипломски трудови и докторати од областа на педијатријата и генетиката.

Д-р Мирјана Ќаева Пејковска има реализирано едукативни турнуси во рамките на Заводот за ментално здравје на деца и младинци „Младост" во Скопје за специјализанти по педијатрија, школска медицина, хигиена, социјална медицина и клиничка психологија. Во рамките на наставно-образовната дејност, д-р Мирјана Ќаева Пејковска има подготвено пакет материјали за настава за прв циклус студии за предметот: општа и орална хистологија со ембриологија 1 со Практикум за вежби 1, како и скрипта за вежби по предметот хистологија, наменета за студентите на ЕУРМ. Покрај тоа, подготвува предавања и вежби за воведување нови предмети по: педијатрија, хистологија 1, хистологија 2, медицинска генетика, педијатрија со неонатологија и нега и орална и општа хистологија со ембриологија.

Согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, д-р Мирјана Ќаева Пејковска остварила вкупно 95,86 поени од наставно-образовната дејност.

### Научноистражувачка дејност

Д-р Мирјана Ќаева Пејковска има објавено над 125 научни и стручни трудови од областа на медицината, а во најголем дел од педијатријата и генетиката. Трудовите се објавени во домашни и во странски стручни списанија. Исто така, учествувала на бројни конгреси, симпозиуми и семинари во земјата и во странство.

Таа е коавтор на книгата: „Менталното здравје и училишниот успех" (2002) и автор на книгата „Ментална субнормалност" (2004). Во 2008 има издадено учебно помагало (рецензирана скрипта) по предметот Педијатрија, како и „Практикум за вежби по Педијатрија", кои се користат во наставата на Високата медицинска школа во

Битола. На Универзитетот „Американ колеџ“ во Скопје има издадено рецензиран учебник по предметот родови студии (2008). Факултетот за медицински науки во Штип е издавач на нејзините учебници: „Медицинска генетика“ (2010) и „Педијатрија" (2010), наменет за Високата здравствена школа во Штип.

Д-р Мирјана Ќаева Пејковска престојувала во Римини, Болоња, Италија (2003 годна), за размена на искуства за едукацијата и вклучувањето на децата со посебни потреби во образовниот процес; во Милано, Италија (2001 година), се едуцирала за работата на одделни институции од областа на менталното здравје; во март 2001 година остварила едномесечен студиски престој во Универзитетската болница во Грац, Австрија; во 1998 година остварила двомесечен престој во Чикаго, Илиноис и во Милвоки, Висконсин, САД, за едукацијаа на деца со специјални потреби и нивно интегрирање во социјалната заедница; во 1997 година остварила тримесечен студиски престој во болницата „Алегени“ во Питсбург, Пенсилванија, САД, каде што се усовршувала од областа на генетиката и педијатријата; во 1996 година престојувала во Салцбург, Австрија, во рамките на светски афирмираниот Салцбург-семинар за лекари од областа на детската психијатрија.

Како соработник-истражувач, д-р Мирјана Ќаева Пејковска учествувала и во реализација на повеќе проекти: „Клиничко неврофизиолошки истражувања кај хередо-дегенеративните заболувања" (спроведен на Невролошката клиника при Медицинскиот факултет во Скопје); „Изучување на молекуларните основи на фрагилниот X ментално ретардирачки хромозом“, и "Изучување на молекуларните основи на & таласемија - ментално ретардирачкиот синдром (АТР-Х синдром)“, (реализирани во Македонската академија на науките и уметностите во периодот од 1995 до 1999 година); „Рано откривање и развој на Стратегијата за психосоцијална интервенција кај училишни деца со ризик“, (во организација на УНИЦЕФ во периодоот од 1999 до 2001 година) и „Можеме заедно" (во организација на Институтот Отворено општество и Заводот за ментално здравје на деца и младинци "Младост" Скопје во 2002 година). Како проект администратор активно учествувала во проектот „Психосоцијална поддршка на привремено раселените лица" (од 2001 до 2002 година). Била член на координативното тело на проектот „Унапредување на згрижувањето и третманот на децата со пречки во развојот" кој е остварен во периодот 2002 до 2004 година во рамките на Германското друштво за техничка соработка и Министерството за труд и социјална политика.

Во изминатите пет години, кандидатката д-р Мирјана Ќаева Пејковска учествувала во реализирањето на три проекти: националниот научен проект организиран од Министерството за здравство за формирање на Центар за едукација на кадри по методологија АББА и АДДОС, 2014 година; националниот научен проект организиран од Министерството за здравство за положбата на Ромите во училиштата за деца со посебни потреби, 2015 година; националниот проект „Ало докторе“, организиран од страна на ЈЗУ Здравствен дом во Скопје од 2015.

Во периодот 2011-2016 година, д-р Мирјана Ќаева Пејковска има објавено три труда во зборници од научни собири со меѓународен уредувачки одбор: „Значењето на тимската работа во превенцијата, дијагностиката и третманот на пациентите од областа на менталното здравје со посебен осврт на Заводот за ментално здравје „Младост“ Скопје“ (2011), „Откривањето на аутистичниот спектар и рана интервенција“ (2014) и „Aggressiveness and Hyperactivity in Children with Autism“ (2015). Посебно ќе ги истакнеме двата труда посветени на семјното планирање – едниот под наслов „Family planning and genetic counseling in Macedonia“ објавен во *International Journal of Current Research*, 8, (09), 2016, (со импакт- фактор 6,226), и вториот под наслов „Interauterine diagnosed congenital diaphragmatic hernia – our experiences in family planning“, труд

којшто е прифатен за печат во истото меѓународно списание со импакт- фактор - *International Journal of Current Research*.

Кандидатката д-р Мирјана Ќаева Пејковска зема и активно учество на повеќе научни собири и конгреси: на научниот симпозиум со меѓународно учество *Рана интервенција и развојни нарушувања*, одржан во Охрид, 2011 година, одржала секциско предавање на тема „Значењето на тимската работа во превенцијата, дијагностиката и третманот на пациентите од областа на менталното здравје со посебен осврт на Заводот за ментално здравје „Младост“ Скопје“; на 24 ECNP- конгрес во Париз, 2011 година, одржала секциско предавање на тема „Psychoeducation for schizofhrenic patients in maintaining medication compliance“; на V конгрес на педијатрите на Македонија со меѓународно учество одржан во Охрид, 2011 година, настапила со секциско предавање на тема „Причинители за хиперактивноста и агресивноста кај децата”; на Првиот сипмозиум за первазивни развојни нарушувања со меѓународно учество, одржан во Струга 2014, настапила со секциско предавње на тема „Откривањето на аутистичниот спектар и рана интервенција“; на Првата македонска конференција за детска и адолесцентна психопатологија со меѓународно учество *Развојна психопатологија: предизвици и можности,* одржана во Охрид, 2014 година, се пројавува со две секциски предавања: „„The assessment of the persons with mental subnormality by applying psychometric research“ и „„Хиперактивност и агресивност кај деца со аутизам“; на Шестиот конгрес на педијатрите на Македонија со меѓународно учество, одржан во Струга, 2015 година, настапила со секциско предавње на тема „Aggressiveness and Hyperactivity in Children with Autism“.

Согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, д-р Мирјана Ќаева Пејковска остварила вкупно 44 бода од научноистражувачката дејност.

## Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Проф. д-р Мирјана Ќаева-Пејковска од 1998 година е надворешен соработник на Истражувачкиот центар за генетско инженерство и биотехнологија при Македонската академија на науките и уметностите. Таа соработува со Медицинскиот, Филозофскиот и Педагошкиот факултет во Скопје, како и со Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Согласно со Правилникот на Министерството за здравство од 1994 до денес е член на Комисијата за психички развој на детето во семејството, како и на комисија за деца со аутистичен спектар во истото Министерство; исто така член е на комисиите за распоредување, односно категоризациите за лицата со посебни потреби, за ортооптичко-плеоптичкиот наод. Исто така, ги координира активностите за цитогенетски испитувања, психосоцијална, емоционална и интелектуална зрелост или незрелост.

Во изминатите пет години како експерт-педијатар генетичар вршела евалуација и вештачење на наоди за лица од областа на педијатријата и семејните проблеми, од областа на генетиката, како и евалувација на наоди по барање на јавен обвинител и судија за малолетни лица. Исто така, вршела евалуација на ортооптички и плеоптички

наоди за малолетни лица според програма на Владата, како и рекатегоризација на 800 Роми, исто така според проект на Владата на Република Македонија.

Согласно со новите прописи и според решение на министерот за правда, д-р Мирјана Ќаева Пејковска поседува лиценца (бр. 23-487/1. од 28.1.2016 година) како вешто лице за вештачење во областа на педијатријата.

Во рамките на Заводот за ментално здравје на деца и младинци „Младост“ во Скопје, во 2014 година воведува нова лабораториска, односно јавно здравствена метода во областа на медицинските науки и здравството, која е прв пат воведена во институцијата или т.н. Фиш метода.

Д-р Мирјана Ќаева Пејковска е член на Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија. Исто така, таа е член на Управниот одбор на Асоцијацијата на родители на Република Македонија во образованието и на Асоцијацијата "Стремеж", од нејзиното основање до денес, како и на повеќе струкови здруженија на лекари од областа на педијатријата, психијатријата и генетиката: Здружение на педијатрите на Македонија, Здружение на неонатолози во Македонија, Организација на Црвениот крст на Македонија, Здружение на антрополозите од Македонија, Здружение за детска психијатрија на Македонија и Невролошка асоцијација на Македонија.

Член е на тимот за основање на Центар за аутизам во Република Македонија во рамките на Министерството за здравство во 2014 година. Таа е и член на Здружението на генетичарите на Република Македонија и член на Надзорниот одбор на ова Здружение. За активноста во овие здруженија е пофалувана и наградувана со бројни признанија и дипломи.

Согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, д-р Мирјана Ќаева Пејковска остварила вкупно 66 бода од стручно апликативната дејност.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката д-р Мирјана Ќаева Пејковска добила позитивна оценка од анонимно спроведените анкети со студентите од Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и од ЕУРМ во Скопје.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на анализата на документацијата за наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативна дејност, како и на дејностите од поширок интерес, Комисијата е на мислење дека кандидатката д-р Мирјана Ќаева Пејковска ги исполнува условите наведени во конкурсот и ги задоволува критериумите предвидени во Правилникот за критериумите и постапката за избор на наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

Имајќи ги предвид научните, педагошките и истражувачките квалитети, како и целокупниот опус на публикации, нејзината интензивна ангажираност во афирмирањето на

хуманата димензија во работењето, членовите на Рецензентската комисија имаат чест да му предложат на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, д-р Мирјана Ќаева Пејковска да биде избрана за наставник во насловно звање вонреден професор за научната област: планирање на семејството.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. **Проф. д-р Димитар Трајковски с.р.**
2. **Проф. д-р Сузана Симоновска с.р.**
3. **Проф. д-р Сунчица Димитријоска с.р.**

***Анекс 2***

## ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**
(име, татково име и презиме) **проф. д-р Мирјана Алеко Ќаева Пејковска**

**Институција:** **Филозофски факултет Скопје**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** ***ПЛАНИРАЊЕ НА СЕМЕЈСТВОТО***

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста (наставно-образовна):** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | **Одржување на настава од прв циклус на Факултетот за медицински науки при УГД Штип**<br><br>**-2010/2011 летен семстар**<br><br>Хистологија со ембриологија1- 3часа | **19,8** |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| | Хистологија со ембриологија- 3 (стоматологија);<br><br>6 часа неделно *15 недели во семестар*0,04 =**3,6**<br><br><br>**-2011/2012 зимски семстар**<br><br>Медицинска генетика 3 часа<br><br>Хистологија со ембриологија2 - 2 часа<br><br>Педијатрија со нега 2 часа; или<br><br>7 часа неделно *15 недели во семестар*0,04 =**4,2**<br><br><br>**-2011/2012 летен семестар**<br><br>Хистологија со ембриологија 1- 3 часа (општа медицина) Хистологија со ембриологија 3 часа (стоматологија);<br><br>6 часа неделно *15 недели во семестар*0,04 =**3,6**<br><br><br>**-2012/2013 зимски семстар**<br><br>Хистологија со ембриологија 2- 3 часа(општа медицина)<br><br>Хистологија со ембриологија - 2 часа (медицинска сестра и др.); или<br><br>5 часа неделно *15 недели во семестар*0,04 =**3**<br><br><br>**2012/2013 летен семестар**<br><br>Хистологија со ембриологија 1- 3 часа (општа медицина)<br><br>Општа и орална хистологија со ембриологија - 2 часа (стоматологија) или<br><br>5 часа неделно *15 недели во семестар*0,04 =**3**<br><br><br>**-2013/2014 зимски семстар**<br><br>Хистологија со ембриологија 2- 2 часа(општа медицина) | |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| | Хистологија со ембриологија - 2часа (медицинска сестра и др.); или<br><br>4 часа неделно *15 недели во семестар*0,04 =**2,4** | |
| 2. | **Одржување настава на Филозофскиот факултет во Скопје, УКИМ**<br><br>**2012/2013 летен семестар**<br><br>Редукција на психомоториката 2часа неделно*15 недели во семестар*0,04 = **1,2** | **1,2** |
| 3. | **Одржување настава на прв циклус на Европски универзитет Република Македонија**<br><br>**2012/2013 летен семестар**<br><br>Орална и општа хистологија со ембриологија 4 часа*15 недели во семестар*0,04 = **2,4**<br><br>**2013/2014 летен семестар**<br><br>Орална и општа хистологија со ембриологија 4 часа за македонска и по 4 часа за турска група;<br><br>8 часа неделно*15 недели во семестар*0,04 = **4,8**<br><br>**2014/2015 летен семестар**<br><br>Орална и општа хистологија со ембриологија 4 часа за македонска и по 4 часа за турска група;<br><br>8 часа неделно*15 недели во семестар*0,04 = **4,8**<br><br>**2015/2016 летен семестар**<br><br>Орална и општа хистологија со ембриологија 4 часа за македонска и по 4 часа за турска група;<br><br>8 часа неделно*15 недели во семестар*0,04 = **4,8** | **16,8** |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 4. | **Одржување настава во Високата здравствена школа во Битола**<br><br>**2011/2012 зимски семестар**<br>Педијатрија со неонатологија и нега 2 часа неделно<br>*15 недели во семестар*0,04 = **1,2**<br><br>**2012/2013 зимски семестар**<br>Педијатрија со неонатологија и нега 2 часа неделно<br>*15 недели во семестар*0,04 = **1,2** | **2,4** |
| 5. | **Одржување вежби на прв циклус на Факултетот за медицински науки при УГД Штип**<br><br>**-2010/2011 летен семстар**<br>Хистологија со ембриологија1- 2часа<br>Хистологија со ембриологија1- 2 (стоматологија);<br>4 часа неделно *15 недели во семестар*0,03 = **1,8**<br><br>**-2011/2012 зимски семстар**<br>Медицинска генетика 2 часа<br>Хистологија со ембриологија2 – 2 часа<br>Педијатрија со нега 3 часа; или<br>7 часа неделно *15 недели во семестар*0,03 =**3,15**<br><br>**-2011/2012 летен семестар**<br>Хистологија со ембриологија 1- 2 часа (општа медицина) Хистологија со ембриологија 2 часа (стоматологија);<br>4 часа неделно *15 недели во семестар*0,03 = **1,8** | **15,75** |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| | **-2012/2013 зимски семстар**<br><br>Хистологија со ембриологија 2- 2 час(општа медицина)<br><br>Хистологија со ембриологија 4 час (медицинска сестра и др.)<br><br>6 часа неделно *15 недели во семестар*0,03 = **2,7**<br><br>**2012/2013 летен семестар**<br><br>Хистологија со ембриологија 1- 4 час (општа медицина)<br><br>Општа и орална хистологија со ембриологија 4 часа (стоматологија)<br><br>8 часа неделно *15 недели во семестар*0,03 = **3,6**<br><br>**-2013/2014 зимски семстар**<br><br>Хистологија со ембриологија 2- 2 час(општа медицина)<br><br>Хистологија со ембриологија 4 час (медицинска сестра и др.)<br><br>6 часа неделно *15 недели во семестар*0,03 = **2,7** | |
| 6. | **Одржување вежби на Филозофскиот факултет во Скопје, УКИМ**<br><br>**2012/2013 летен семестар**<br><br>Редукција на психомоториката 3часа неделно *15 недели во семестар*0,03 = **1,35** | **1,35** |
| 7. | **Одржување вежби на прв циклус на Европскиот универзитет- Република Македонија**<br><br>**2012/2013 летен семестар**<br><br>Орална и општа хистологија со ембриологија 2 часа*15 недели во семестар*0,03 = **0,9** | **12,6** |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| | **2013/2014 летен семестар**<br><br>Орална и општа хистологија со ембриологија 2 часа за македонска и по 12 часа за турска група;<br><br>14 часа неделно*15 недели во семестар*0,03 = **6,3**<br><br>**2014/2015 летен семестар**<br><br>Орална и општа хистологија со ембриологија 2 часа за македонска и по 8 часа за турска група;<br><br>10 часа неделно*15 недели во семестар*0,03 = **4,5**<br><br>**2015/2016 летен семестар**<br><br>Орална и општа хистологија со ембриологија 2 часа за македонска група;<br><br>2 часа неделно*15 недели во семестар*0,03 = **0,9** | |
| 8. | **Одржување вежби на Високата здравствена школа во Битола**<br><br>**2011/2012 зимски семестар**<br><br>Педијатрија со неонатологија и нега 2 часа<br><br>*15 недели во семестар*0,04 = **0,9**<br><br>**2012/2013 зимски семестар**<br><br>Педијатрија со неонатологија и нега 2 часа неделно<br><br>*15 недели во семестар*0,04 = **0,9** | **1,8** |
| 9. | **Подготовка на нов предмет (предавања и вежби)**<br><br>Педијатрија, 2011/2012 = 1,5 поени | **9** |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| | Хистологија 1. 2011/2012 = 1,5 поени<br>Хистологија 2. 2011/2012 = 1,5 поени<br>Медицинска генетика, 2011/2012 = 1,5 поени<br>Педијатрија со неонатологија и нега 2011/2012 = 1,5 поени<br>Орална и општа хистологија со ембриологија 2012/2013 = 1,5 поени | |
| 10. | **Консултации со студенти**<br>2011/2012 900 (зимски) и 380 (летен) =1280*0.002 = 2,56<br>2012/2013 380 (зимски) и 360 (летен) = 740*0.002 = 1,48<br>2013/2014 650 (зимски)и 225 (летен) = 875*0,002 = 1,75<br>2014/2015 125 (летен) = 125*0.002 = 0,25<br>2015/2016 60 (летен) = 60*0.002 = 0,12 | **6,16** |
| 11. | Интерна скрипта од предавања по Општа и орална хистологија со ембриологија 2014 год. | **4** |
| 12. | Интерна скрипта од вежби Ќаева-Пејковска М. Стаменковска М. (2016): „Практикум за настава по предметот општа и орална хистологија со ембриологија“, стр:62, изд. Факултет за стоматологија при Европскиот универзитет на Република Македонија Скопје 2016. | **3** |
| 13. | Пакет материјали по предметот Општа и орална хистологија со ембриологија 2014 | **1** |
| 14. | Пакет материјали по предметот Општа и орална хистологија со ембриологија 2014 - препарати за практичен дел на испитот | **1** |
| | **ВКУПНО НО** | **95,86** |
| | | |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Ментор на одбранет докторат (д-р Невенка Величковска УГД Штип на 9.10.2011 година) | **3** |
| | **Учество во научни проекти** | |
| 2. | Учесник во национален научен проект организиран од Министерството за здравство за формирање на Центар за едукација на кадри по методологија АББА и АДДОС, 2014 година. | **3** |
| 3. | Учесник во национален научен проект организиран од Министерството за здравство за положбата на Ромите во училиштата за деца со посебни потреби 2015 година. | **3** |
| 4. | Учесник во национален проект „Ало докторе" организиран од страна на ЈЗУ Здравствен дом во Скопје, од 2015. | **3** |
| | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир со меѓународен уредувачки одбор:** | |
| 5. | Мирјана Ќаева-Пејковска (2011): „Значењето на тимската работа во превенцијата, дијагностиката и третманот на пациентите од обласа на менталното здравје со посебен осврт на Заводот за ментално здравје „Младост"- Скопје, Зборник на трудови од Симпозиум со меѓународно учество „Рана интервенција и развојни пореметувања„ ИСБН 987-608-4508-64-9, стр 441-451, изд. Филозофски факултет и Медицински факултет Скопје. | **3** |
| 6. | Ќаева-Пејковска М. (2014) „Откривањето на аутистичниот спектар и рана интервенција", во Зборник на трудови од Прв симпозиум за первазивни развојни нарушувања со меѓународно учество, Струга, 15-17 мај 2014, стр.61 до 70. | **3** |
| 7. | Kaeva-Pejkovska, M., (2015), „Aggressiveness and Hyperactivity in Children with Autism", Sixth Congress of Paediatricians of the Republic of Macedonia with international participation, Struga 8-11 October 2015. | **3** |
| 8. | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор**<br>Mirjana Kjaeva Pejkovska, 2016. "Family planning and genetic counselling in Macedonia", *International Journal of Current Research*, 8, (09), pp.38962-38968, September, 2016, ISSN: 0975-833X. | **6**<br><br>+Импакт фактор 6,226 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | **Учество на научно/стручни собири** | |
| 9. | Секциско предавње на тема „Значењето на тимската работа во превенцијата, дијагностиката и третманот на пациентите од областа на менталното здравје со посебен осврт на Заводот за ментално здравје „Младост“ Скопје“, на Симпозиум со меѓународно учество *Рана интервенција и развојни пореметувања*, 19-21мај 2011, Охрид. | **2** |
| 10. | Секциско предавње на тема „Psychoeducation for schizofhrenic patients in maintaining medication compliance“, на 24 ECNP Congress 3-7 September 2011, Paris, France. | **2** |
| 11. | Секциско предавње на тема „Причинители за хиперактивноста и агресивноста кај децата”, на V конгрес на педијатрите на Македонија со меѓународно учество, 5-9 октомври 2011 год., Охрид. | **2** |
| 12. | Секциско предавње на тема „Откривањето на аутистичниот спектар и рана интервенција“, на Прв сипмозиум за первазивни развојни нарушувања со меѓународно учество, 15-17 мај 2014, Струга. | **2** |
| 13. | Секциско предавње на тема „The assessment of the persons with mental subnormality by applying psychometric research“, на Прва Македонска конференција за детска и адолесцентна психопатологија со меѓународно учество *Развојна психопатологија: предизвици и можности,* 16-18 октомври 2014, Охрид. | **2** |
| 14. | Секциско предавње на тема „Хиперактивност и агресивност кај деца со аутизам“, на Прва македонска конференција за детска и адолесцентна психопатологија со меѓународно учество *Развојна психопатологија: предизвици и можности,* 16-18 октомври 2014, Охрид. | **2** |
| 15. | Секциско предавње на тема „Aggressiveness and Hyperactivity in Children with Autism“, на Sixth Congress of Paediatricians of the Republic of Macedonia with international participation, 8-11 October 2015, Struga. | **2** |
| | **Апстракти во зборници на конференција** | |
| 16. | Абстракт од меѓународна конференција Ќаева-Пејковска М. (2011). „Причинители за хиперактивноста и агресивноста кај децата,” V конгрес на педијатрите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, 5-9 октомври 2011 година. | **1** |
| 17. | Абстракт од меѓународна конференција: Kaeva-Pejkovska, M. (2014) „The assessment of the persons with mental subnormality by | **1** |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | applying psychometric research„ Прва Македонска конференција за детска и адолесцентна психопатологија со меѓународно учество, Охрид, 16-18 октомври 2014 година. | |
| 18. | Абстракт од меѓународна конференција: Ќаева-Пејковска М. (2014), „Хиперактивност и агресивност кај деца со аутизам", Прва македонска конференција за детска и адолесцентна психопатологија со меѓународно учество, Охрид, 16-18 октомври 2014 година. | **1** |
| | **ВКУПНО НИ** | **44** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Експертски активности**<br><br>Експерт-педијатар-генетичар за евалуација и вештачење на наоди за лица од областа на педијатријата и семејните проблеми 57 предмети *1= 57 | **57** |
| 2. | Раководител на Цитогенетската лабораторија при Факултетот за медицински науки во Штип, Универзитет „Гоце Делчев (2011-2012) | **1** |
| 3. | Воведување нова лабораториска/клиничка или јавно-здравствена метода во областа на медицинските науки и здравството – прв пат Фиш метода, во рамките на Цитогенетската лабараторија при ЗМЗ „Младост", 2014 година | **1** |
| 4. | Раководител на организациона единица:<br><br>Раководител на РЕ Завод за ментално здравје на деца и младинци „Младост"- Скопје, од 2009 година | **3** |
| 5 | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/ стручен собир, Струга, 2014 | **1** |
| 6. | **Учество во комисии и тела на државни и други органи**<br><br>-Комисија за психички развој на детето во семејството во МЗ= 1 поен<br><br>-Комисија за деца во аутистичниот спектар МЗ=1 поен | **3** |

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| | -Ортооптичко и плеоптичка комисија за одредување на слабовидоста и слепоста кај децата во семеството = 1 поен | |
| | **Вкупно САОР** | **66** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **95,86** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **44** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **66** |
| **ВКУПНО** | **205,86** |

**ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА**

**Проф. д-р Димитар Трајковски с.р.**

**Проф. д-р Сузана Симоновска с.р.**

**Проф. д-р Сунчица Димитријоска с.р.**

ЗА ОЦЕНКА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „МОНЕТИТЕ И НИВНАТА УПОТРЕБА ВО ГОРНА МАКЕДОНИЈА ОД 6 ДО 3 ВЕК ПРЕД ХРИСТА“ ОД М-Р

ЕФТИМИЈА ПАВЛОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

На XXIX редовна седница на Наставно- научниот совет на Философскиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје одржана на 31.10.2016 год., формирана е Комисија за изработка на ИЗВЕШТАЈ и давање на ОЦЕНКА за докторската дисертација од кандидатката м-р Ефтимија Павловска со наслов МОНЕТИТЕ И НИВНАТА УПОТРЕБА ВО ГОРНА МАКЕДОНИЈА ОД 6 ДО 3 ВЕК ПРЕД ХРИСТА во следниов состав: проф Вера Битракова Грозданова, проф. Елица Манева, вон.проф. Марјан Јованов, проф. Валериј Софрониевски, и насл. вонр.проф. Дафина Герасимова.

**И З В Е Ш Т А Ј**

Овај труд произлегува од подолготрајните опсервирања на кандидатката м-р Ефтимија Павловска и проучување на циркулацијата на монетите во Античка Македонија, откриени и регистрирани главно на територијата која денес ја опфаќа Република Македонија.Тоа е времето на појавата на најстарите монети кои се внесени во платежниот систем кај популациите кои живееле на споменатиот простор. Терминот Горна Македонија е во употрба кај античките автори кој се однесува на планинскиот дел на Античка Македонија, што значи дека голем дел ја покрива територијата на Република Македонија и опфаќа еден помал дел којшто денес и припаѓа на Република Грција. Поради сложеноста на темата кандидатката презентира содржина преку која обработува повеќе аспекти. Таа ги вклучува во своите проучувања бројните наоди кои се наоѓаат во депоата на нашите музеи а се дел познати преку обелоденетата литература и еден голем фонд кој е згрижен во Нумизматичката колекција на Народната банка на Македонија. Целиот тој фундус откриен во Македонија деава слика за паричната размена, за трговијата на посочената територија, но и на пошироките јужнобалкански области кои комуницирале со Долна и Горна Македонија.

Изборот на темата произлегува од потребата да се согледаат досега откриените примери на монети, од ова најрано време на монетоковањето кај племенски организираните популации, од страна на владетелите кај Македонците , кај Панонците, како и продорот на монетите ковани од помоќните градови од крајбрежниот егејски регион.

Трудот содржи 318 страници, 9 табели со илустрации од оставите-депоа, и обемна релевантна литература која се користи во светската нумизматика.

Во воведот кандидатката образложено ја објаснува целта и предметот на студијата. Тука детално ја посочува територијата, но со можности и за нејзино проширување надвор од зацртаните граници на Горна Македонија. Во изборот на хронолошките рамки ја објаснува

својата цел на заокружување на еден многу значаен сегмент на античката историја на Македонија.

Во воведот, еден голем дел е посветен на историјата на истражувања на овој сегмент од античката нумизматика, почнувајќи од истражувачите од 19 век наваму, од странците и особено од истражувачите кои работеле во нашата земја и странци и научници од Р Македонија.

ГОРНА МАКЕДОНИЈА ОД 6 ДО 3 ВЕК е поглавје на краток историски преглед, база на случувањата во соодветното време, каде што се дообјаснуваат границите од каде произлегува нумизматичкиот материјал. Случувањата на јужнобалканскиот простор се поврзуваат со позицијата на пајонските племиња и нивното кралство, а особено се задржува и на македонското кралство на Аргеадите.

Во следното поглавје, МОНЕТОКОВАЊЕТО ВО ГОРНА МАКЕДОНИЈА И ВО НЕПОСРЕДНОТО СОСЕДСТВО, е изведено хронолошко претставување на монетоковањето кај племињата, во кралството на Пајонија, кај пајонските соседи, во Дамастион и на крај кај Аргеадите,Со хронолошкото излагање на спецификите на монетоковањето кај Аргеадите Павловска ги обработува сите емисии на владетелите почнувајќи од Александар I Филхелен до Пердика III, како една хронолошка целина. Другиот дел на ковањето на монети од Аргеадите е групиран во периодот од Филип Македонски до Касандар.

МОНЕТИТЕ И НИВНАТА УПОТРЕБА ВО ГОРНА МАКЕДОНИЈА се однесува на исцрпен преглед на наодите од територијата на Република Македонија. Регистритани се сите остави од кои некои се објавени и од самата кандидатка а еден дел се претставени за прв пат, сите заедно 15 на број. Сите примери се каталошки обработени, проследенисо референтна литература.

За поединечните наоди од целиот посочен хронолошки период, изведен е каталог од 884 монети пратени со изворни референци и со библиографски единици. Изведени се одлични статистички прегледи преку графикони за да може да се донесат што попрецизни статистички согледувања на циркулацијата на монетите.

Во ЗАВРШНИТЕ РАЗГЛЕДУВАЊА е направен обид за рекапитулација на резултатите, но, за жал, не се исцрпени сите релевантни податоци со кои располагала Павловска, што може да се резимира од големиот број на елементи кои ги дава Каталогот.

Во поглавјето КАТАЛОГ е направен огромен напор да се презентира базичната граѓа на најстручен можен начин, со сите елементи присутни и задолжителни со кои се следени научните публикации од овој вид.

Студијата е проследена со попис на античките извори користени во текстот, како и обемната релевантна БИБЛИОГРАФИЈА. И, на крај, претставени се во 9 табли монетите од позначајните остави.

Сметаме дека кандидатката м-р Ефтимија Павловска вложила многу голем труд во собирањето на материјалите релевантни за добивање на краен научен резултат, кој се однесува

на еден значаен сегмент од античката историја, не само на нашата земја, туку и пошироко. Трудот содржи многу значајни новини за согледување на економскиот и политичкиот живот во антиката на тлото на Република Македонија. Но огромната граѓа истрачувачот не успеал комплетно да ја согледа. Сметаме дека кандидатката е потребно да се уште еднаш обиде да ја согледа оваа огромна материја која успеала да ја регистрира и да извлече уште нови заклучоци со кои ќе ја дооформи и комплетира сликата за монетарната политика во Горна Македонија. Би било добро кога тезата ќе биде пополнета со една географска карта на Горна Македонија, со назначени локалитети и табли со илустрација на поединечни монети, особено оние штопоретко се среќаваат во ископувањата во Македонија.

Комисија:

Акад. Вера Битракова Грозданова с.р.

Проф.Елица Манева с.р.

Проф. Марјан Јованов с.р.

Насл.вон проф Дафина Герасимова с.р.

Проф. Валериј Софрониевски с.р.

# ПРЕГЛЕД
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

### 2. Магистерски трудови

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Билјана Василевска Трајковска | „Улогата на младинската работа во подобрувањето на пристапот на младите со помалку можности до социјалните права" | „The Role of the Youth Work for Improvement of the Access to Social Right for Young People | проф. д-р Наташа Богоевска | 2. II 2017 година<br>Бр. 10-2367/16 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | with Fewer Opportunities“ | | |
| 2. | Марија Попова | „Креирање на инклузивната култура и пракса во ООУ „Тоде Хаџи-Тефов“ во Кавадарци“ | „Creating an Inclusive Culture and Practice in Elementary School „Tode Hadzi-Tefov “ Kavadarci“ | проф. д-р Зора Јачова | 2. II 2017 година Бр. 10-2373/16 |
| 3. | Ребека Синофцик | „Геополитичкото и безбедносно значење на балканската бегалска и мигрантска рута“ | „Geopolitical and Security Significance of the Balkan Refugee and Migrant Route“ | проф. д-р Тони Милески | 2. II 2017 година Бр. 10-2393/16 |
| 4. | Марко Јованов | „Предизвиците за кризниот менаџмент во Република Македонија низ призма на бегалската криза“ | „The Challenges of Crisis Management in Macedonia of Republic thought the Prism of the Refugee Crisis“ | проф. д-р Марина Митревска | 2. II 2017 година Бр. 10-113/17 |
| 5. | Сами Зеќири | „Обединувањето на современите разузнавачки служби како главен фактор во борбата против глобалниот тероризам “ | „Unification of Modern Intelligence Agencies as a Major Factor in the Fight Against Global Terrorism“ | проф. д-р Митко Котовчевски | 2. II 2017 година Бр. 10-2525/16 |

***ПРЕГЛЕД***

***НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ ВО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ***

| *Ред. бр.* | *Име на кандидатот* | *Наслов на темата* | *Ментор* | *Одлука од Научен совет* |
|---|---|---|---|---|
| *1.* | Блаже Веселинов | „Јавниот долг во Република Македонија, земјите од регионот и земјите од Европската Унија - компаративна анализа“<br><br>„Public debt of Republic of Macedonia, countries | д-р Владимир Петковски | Бр. 02-97/2 од 31.1.2017 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | form the region and EU countries - comparative analysis“ | | |
| 2. | Тони Ливрински | „Фактори за формирање и одржување на малите претпријатија (студија на случај)“<br><br>„Factors for start up and functioning of small enterprises (case study)“ | д-р Неда Петроска-Ангеловска | Бр. 02-100/2 од 31.1.2016 година |
| 3. | Владимир Кроневски | „Улогата на мултинационалните компании во глобалната економија, со осврт на банкарството“<br><br>„The role of the multinational companies in the global economy, with the point of the banking“ | д-р Снежана Костадиноска -Милошеска | Бр. 02-111/2 од 31.1.2017 година |

# РЕЦЕНЗИЈА

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

## „УЛОГАТА И ВЛИЈАНИЈАТА НА ДАДАИСТИЧКИТЕ КУЛТУРНИ И УМЕТНИЧКИ ПРЕМОСТУВАЊА ВО МОДЕРНАТА И НИВНОТО НАТАМОШНО ЗНАЧЕЊЕ“ ОД

## М-Р РАДОМИР ПОПОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА

## ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА ВО СКОПЈЕ

Советот на Институтот за македонска литература во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата 6. редовна седница одржана на 28.9.2016 година, по предлог на Советот за студиската програма по културолошки студии, формираше Комисија за оцена и за одбрана на докторската дисертација под наслов

„Улогата и влијанијата на дадаистичките културни и уметнички премостувања во Модерната и нивното натамошно значење“, изработена од кандидатот м-р Радомир Поповски. Комисијата е во состав: проф. д-р Наташа Аврамовска, претседател, УКИМ, Институт за македонска литература – Скопје, проф. д-р Александар Прокопиев, ментор, УКИМ, Институт за македонска литература – Скопје, проф. д-р Јасмина Мојсиева-Гушева, УКИМ, Институт за македонска литература – Скопје, проф. д-р Лидија Капушевска-Дракулевска, УКИМ, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје и проф. д-р Радомир Виденовиќ, Универзитет во Ниш, Филозофски факултет.

Заблагодарувајќи се за укажаната доверба, Комисијата во наведениот состав ја прегледа и ја оцени подготвената докторска дисертација и на Советот на Институтот за македонска литература во Скопје му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Анализа на докторската дисертација

Докторската дисертација под наслов „Улогата и влијанијата на дадаистичките културни и уметнички премостувања во Модерната и нивното натамошно значење“, содржи 270 страници компјутерски изработен текст во А4 формат. Од нив на 242 страници се изнесуваат аргументите на тезата, а на 28 страници дадена е библиографија. Текстот е систематизиран во 3 (три) глави, со вовед и заклучок и со вкупно користени 290 библиографски единици (книги, зборници, списанија, манифести, научни проекти), коректно цитирани на македонски, а преведени од англиски, германски, француски, руски и српски јазик.

Општите и специфичните методи на научноистражувачката работа се поставени во воведот. Во првиот дел е проблематизирана „Позицијата на дадаизмот во генерички авангарди“ од почетокот на минатото столетие, но и самиот поим на авангардата/авангардноста и нејзините спецификации. Во вториот дел се пристапува кон „Улогата и влијанијата на културниот и уметничкиот профил на Дада и нејзините карактеристики“, додека во последната, трета глава насловена „Постперспективи на дадаистичките визии и нивното значење“, се обработени рефлексиите на дадаизмот во поствоените авангарди и Постмодерната.

### 1.1 Предмет на истражување

Истражувањето на дадаистичките културни и уметнички премостувања во Модерната својот предмет го добива преку определувањето на улогатата на Дада во Европа и САД, како и диференцијација на нејзините рефлексии/влијанија во современеното општество и постмодерните настојби и практики. Предмет на истражувањето претставува дадаистичкиот транслогичен поетски јазик, дадаистичките антипозиции во кои телесната поетика и телесноста на поетиката на Дада се појавуваат како антирепрезентација, и практиките на визуелизација кои се конститутивни за

неоавангардните културни и уметнички манифестации, но и постмодерните критички позиции.

## 1.2 Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Докторската дисертација „Улогата и влијанијата на дадаистичките културни и уметнички премостувања во Модерната и нивното натамошно значење“ од кандидатот м-р Радомир Поповски е од областа на теоријата на авангардата, филозофијата на културата и филозофијата на уметноста.

Авангардата на дадаизмот долго време се третира фрагментарно и маргинално во споредба со другите „–изми“, а впечаток е (особено од позиција на денешните, контемпорални стојалишта) дека станува збор за исклучително значајно авангардно движење. Во таа смисла постои недоволна литература кај нас – а состојбите не беа ништо подобри ниту пошироко: за дадаизмот интересот се зголеми особено после т.н. „втор настап на Дада“ – неодадаизмот, за да експандира во третиот период, во кој дадаизмот се пројавува како постдадаизам. Значи, накусо кажано, дадаизмот бил (и сè уште е) на некој начин занемарен, односно не бил сериозно истражуван сè до последните децении од минатиот (XX, век) и почетокот на овој, XXI век.

## 1.3. Краток опис на применетите методи

Методолошкиот пристап при дисертациското истражување се операционализира со помош на исцрпен, детален, научно функционален и ефикасен истражувачки инструментариум, со примена на аналитичкиот, компаративниот и метакритичкиот метод. Понатаму, истражувањето ги заокружува интерпретативните цели, односно ги опфаќа – како структуралните проблеми со кои се профилирани актите и артефактите на Дадаизмот, така и повеќето прашања што ги проникнуваат и околностите во кои што ова движење настапува или пак остварува влијанија, а и претпоставките кои што ги тематизираат содржините на критичкиот пристап спрема самата Дада. Истражувачката методологија практично се фокусира врз еден мултилатерален профил – културално, филозофски, антрополошки, социјално, полит-идеолошки, етички и секако, естетски аспектуиран, односно се реализира преку идентификација на општествените и културалните процеси што повлијаеле врз појавата на Дада и ги детектира реализациите, влијанијата и перспективата на дадаистичките практики. Во таа смисла, научно релевантното проникнување и разбирање на дадаистичките практики е комплементарно со постапката на компарација, интерпретација и толкување, односно се темели врз употребата на анализа, креативна абдукција и вреднување. Методолошката обработка на сложените културни феномени и на обличјата, значењата, врските и (меѓу)влијанијата во уметноста се изведува така што, со помош на класификацијата се реализираат специјализирања на општите поими, додека практикувајќи ја дедукцијата, кандидатот обезбедува специјализации на општиот став – во специјализацијата. На крајот, операционализирајќи ги методолошките постапки, кандидатот ја финализира

методолошката парадигма потцртувајќи го објаснувањето и претпоставувајќи ги натамошните можности и реализации на дадаистичката авангарда.

## 1.4. Краток опис на резултатите од истражувањето

Првата глава од дисертацијата, насловена како „Позицијата на дадаизмот во генеричките авангарди“, како содржинска целина е конципирана преку три поглавја: 1. Поимот и спецификациите на генеричките авангарди; 2. Политичките влијанија во авангардите; 3. Поврзаноста помеѓу дадаизмот и постимпресионизмот. М-р Поповски ги објаснува условите во кои авангардната критика го образува значењето на поимот на авангардата/авангардноста и местото и позицијата на Дада помеѓу генеричките авангарди од првата половина на дваесеттиот век. Прашањата на прогресивните уметнички сили, естетиката на формата, стилските изразни средства во авангардите, естетичката и институционалната автономија, масовната култура и естетичката чистота – го конституираат проблемскиот пристап преку кој се наговестува и осмислува, за понатаму да постане и концептуално организиран – просторот на теоретската разработка во соодветните единици. Идеолошкото влјаније на институцијата на уметноста, препознаено и искористено од страната на политичките фактори и формации, е образложено преку конкретни историски ситуации и е предзначено со методолошки издржлива аргументација. М-р Поповски, потенцирајќи го радикалниот авангарден профил на дадаизмот, елоквентно и со научни квалификативи и толкувања на уметноста ја опфаќа дадаистичката реакција кон постојните конвенции, проширувајќи го досегашниот хоризонт на научни сознајби за дадаизмот и обезбедувајќи нови важења за радикалната Дада културна и уметничка критика.

Втората глава – „Улогата и влијанијата на културниот и уметничкиот профил на Дада и нејзините карактеристики“ – е сочинета од единаесет поглавја: 1. Генезата на дадаизмот и неговите манифестации; 2. Ситуирањето и конципирањето на реалноста во дадаизмот; 3. Уметноста како медиум – во името на Анти-Уметноста!; 4. Дадаистичките анти-позици: анторпотетичната фундираност на дадаистичките методолошки претпоставки и практики како точки на превозмогнување на Модерната; 5. Дадаистичката творечка методологија и деструктивна методика; 6. Заумниот јазик на Дада: транслогичен поетски јазик над симплифицикацијата на јазичната субверзија; 7. Нихилизмот и дадаизмот; 8. Дадаистичката монтажа; 9. Дадаистичкиот перформанс и корпоралната поетика; 10. Дадаизмот и редимејдот (10.1 Марсел Дишан и редимејдот: основни претпоставки за превреднувањето на уметничкото дело; 10. 2 Анализа на редимијсот: два типа на значенски функции; и 10. 3 Теоретските рефлексии на редимејдот кај Артур Данто); 11. Од дадаизам кон надреализам.

Докторантот аналитички проникнува кон прецизни и вопотполнети дистинкции пред сè помеѓу Берлинската, Париската и Њујоршката Дада, со прецизни визуирања на секоја од нив, со темелно подвлекување на елементите на нивното различје – обезбедувајќи при тоа и методолошки издржани и аргументирани елаборации на нивните исходишта, улоги и перспективи. Истражувачко-аналитичката постапка има богата научна поткрепа во својот содржински и наративен аспект, што конкретно и длабоко кореспондира со историската слика на епохата, предочувајќи аргументирани и актуелни ре-креаци и на уметничкото, но и на човечкото и егзистенцијалното, како негови нераздвојни сочинки.

Комплексниот израз е воден од јасен и научно прочистен јазик, така што кандидатот го детектира и го актуализира, на пример, мислењето за кризата од страна на авангардата – и преку кризата на мислењето, и преку нејзините (авангардните) репродуктивни, практични акти(вности) на полето на општествено апострофираните вплетени дејствија на уметничкото, социо-политичкото и идео-политичкото. Со мултидисциплинарното концептуирање на своите ставови, кандидатот започнува уште во „Генезата на дадаизмот...", за да продолжи со „Ситуирањето и конципирањето на реалноста..." прикажувајќи ја „Уметноста како медиум – во името на анти-Уметноста!", образложувајќи ја илустративно и аргументирано хипотезата за „Антропотетичната фундираност на дадаистичките методолошки претпоставки и практики како точки на превозмогнување на Модерната", и уште понатаму, подвлекувајќи ги своите ставови за „Дадаистичката творечка методологија и деструктивна методика" и за „ (...) заумниот јазик на Дада како транслогичен поетски јазик над симплификацијата на јазичната субверзија", конструктивно проникнувајќи во „Дадаистичкиот перформанс и корпоралната поетика" и аналитички резимирајќи во „Дадаизмот и редимејдот" или „Дадаистичката монтажа" и збогатувајќи ѝ ги компетенциите на Дада преку идејниот флуид на нихилизмот на Ниче, иницијациите на Марсел Дишан, критиката на Артур Данто... конечно, заокружувајќи ја втората целина со дадаистичкиот вовед во надреализмот.

Во вториот дел од дисертацијата, кандидатот суптилно и научно доследно ги заокружува клучните прашања со кои е загатната темата и аргуметирано ги отсликува повеќекратните нишки на дадаизмот и влијанија врз општествената динамика, потенцирајќи ги оние значења на Дада, што – пред сѐ на културно-уметнички и социо-политички фон – придонеле во превозмогнувањето на Модерната и биле во позначајна комуникација со другите авангарди и движења, или, едноставно, оставиле незаобиколливи траги на полето на културата. Во таа смисла, образложувајќи ги дадаистичките акти како критика на традиционалните норми на културата и на нејзините конвенции и колективни значења – кандидатот го подвлекува пежоративното и контра-продуктивно значење на културата чиј императив е забрзување на производството, на гладта по капитал, на воените девастации... Презентирајќи ја, научно аргументирано и методолошки доследно, својата истражувачка иницијатива, авторот го преиспитува и теориското и практичното појавување на Дада (најмногу како противставување и критика на рационалното и научното, но и на императивното и агресивното, контролираното и не–слободното) и аналитички ги експлицира различните психички активности, побуди и претпоставки на дадаизмот (темелени врз неочекувана комбинаторика на просторот и амбиентот, предметноста и колоритот, сценското, содржинското и формалното). При тоа, м-р Поповски не ја заобиколува ниту сугерираната телесност на Дада–авангардата, неретко поставувана како нивелирачки хоризонт на индивидуалните креативни заложби („Дадаистичката монтажа", „Дадаизмот и редимејдот"). М-р Поповски се зафаќа и со јазичните испитувања и претраги („Заумниот јазик на Дада: транслогичен поетски јазик..."), исчитувајќи го тука и потенцијалот на игровитото и играта („Дадаистичкиот перформанс и корпоралната поетика") – како естетски императиви и стремеж на авангардата – што го претпоставува оптималниот простор за човековиот немир и бунтување, во името на слободата и креативноста („Од дадаизам кон надреализам").

Во третиот дел од докторатот насловен „Пост-перспективи на дадаистичките визии и нивното значење", м-р Поповски ги концептуализира дадаистичките влијанија врз повоените (нео)авангарди – „(Нео)авангардите и дадаизмот во повоениот период",

